14 960
24. 11. 15

# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

## ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

## ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ И РАКОВОДЕЊЕТО ВО КОНТЕКСТ НА ОБУКИТЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**Кандидат:**
**М-р Лулзим Мехмеди**

**Ментор:**
**Проф. д-р Зоран Велковски**

**Скопје, 2014**

# СОДРЖИНА


**СОДРЖИНА** ........ i

**ВОВЕД** ........ 1

**ПРВ ДЕЛ: ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП** ........ 4

**1. ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ И РАКОВОДЕЊЕТО ВО СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 4

1.1 Образовен систем ........ 4

1.2 Училиштето како организациски систем ........ 10

1.3 Функции на училишниот директор ........ 13

1.4 Директорот како лидер на училиштето ........ 14

1.5 Училишна структура ........ 17

1.6 Училишна култура ........ 20

1.7 Училишна клима ........ 25

1.8 Мисија на училиштето ........ 28

1.9 Организација и реализација на наставата и работата на училиштето ........ 31

1.10 Училиштето – основна детерминанта за обезбедување на квалитетно образование ........ 35

**2 ШТО Е ПРЕТПРИЕМНИШТВО?** ........ 37

2.1 Дефинирање на претприемништвото ........ 37

2.2 Компетенцијата за претприемништво во рамките на Лисабонската стратегија за развој на Европа ........ 49

2.3 Што е образованието за претприемништво и зошто претприемништво? ........ 52

2.4 Претприемништвото и средното стручно образование и обука (СОО) ........ 54

**3. ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА НА ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА** ........ 59

3.1 Општ преглед на тековната состојба ........ 59

3.2 Краток преглед на случувањата во некои Европски земји ........ 61

3.3 Програми и активности за развој на претприемачките вештини кај младите – некои искуства од Европските земји ........ 69

3.4 Наставнички компетенции за претприемништво ........ 73

3.5 Соработка помеѓу училиштата и претпријатијата ........ 76

3.6 Некои примери на добра практика ........ 79

3.7 Како да се напредува: СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО ........ 87

3.7.1 Кохерентна рамка за образованието за претприемништво ........ 87

3.7.2 Поддршка за училиштата и наставниците за образование за претприемништво ........ 90

3.7.3 Соработка со претпријатијата и други чинители за поддршка за образование за претприемништво ........ 93

3.8 Влијание на претприемништвото врз училиштата и наставниците ........ 94

**4. ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 100**

4.1 Почетоци на претприемничко образование во Р.Македонија - улогата на социјалните партнери во образовниот систем ........ 100

4.2 Реформи во образовниот систем на Република Македонија во децентрализирани услови ........ 103

**5 ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 107**

5.1 Претприемништвото како содржина и како пристап во наставата и работат на училиштата ........ 107

5.2 Претприемништвото во основното образование во Република Македонија ........ 110

5.3 Претприемништвото во средното образование на Република Македонија ........ 120

**6 ПРИМЕРИ ЗА ИСТРАЖУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОКУСИРАНИ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКИТЕ АСПЕКТИ ........ 130**

6.1 Некои искуства од истражувања во Република Македонија фокусирани на практичните аспекти на претприемништвото во образованието ........ 130

6.2 Изготвување на стратегија за претприемачко учење за Република Македонија ........ 147

**7 МОДЕЛ НА ДОЖИВОТНО ПРЕТПРИЕМНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 152**

7.1 Важноста и потребата за претприемничко образование ........ 152

7.2 Претприемничко образование – модел на доживотно учење ........ 153

7.3 Стандарди за претприемничко образование во моделот на доживотно учење ..... 157

7.4 Индикатори за стандардите на Моделот на доживотно претприемничко учење ..... 159

**ВТОР ДЕЛ–МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 173**

**1. ОПШТО ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 173**

**2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 173**

**3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 174**

**4. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 176**

**5. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 176**

**6 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 178**

6.1 Независни варијабли ..... 178

6.2 Зависни варијабли ..... 178

**7. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 178**

7.1 Методи на истражување ..... 178

7.2 Техники на истражување ..... 179

7.3 Инструменти на истражување ..... 179

**8. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 180**

8.1 Популација на истражување ..... 180

8.2 Примерок на истражување ..... 180

**9. НАЧИН НА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 181**

**ТРЕТ ДЕЛ– АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 182**

**1. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 182**

1.1 Структура на примерокот ученици ..... 182

1.2 Структура на примерокот наставници ..... 186

1.3 Структура на примерокот претприемачи ..... 187

**2. ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА ВРЗ ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО ..... 192**

**3. ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА ВРЗ ОДЛУКИТЕ НА УЧЕНИКОТ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО ДЕЛУВАЊЕ ........ 207**

**4. ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА И ПРЕТПРИЕМАЧКОТО ДЕЛУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ........ 220**

**5. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОДНОС НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ, ВОДСТВЕН СТИЛ И НАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ........ 229**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 277**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 285**

**ПРИЛОЗИ ........ 299**

Прилог А: АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ ........ 300

Прилог Б: АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ ........ 308

Прилог В: ПРОТОКОЛ ЗА НАСОЧЕНО ИНТЕРВЈУ ЗА НАСТАВНИЦИ ........ 315

# ВОВЕД

Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање претприемничко општество, како во развиените земји, така и во земјите во транзиција. Основата на секое претприемничко општество е создавање на претприемничка свест и култура, кај секој поединец и општеството во целина. Претприемничката култура во прв ред, се развива во малите и средни претпријатија, но таа успешно се имплементира и при структурирањето на големите фирми. Таму се јавува во една повисока форма, како претприемнички менаџмент. Претприемништвото, претприемничката култура и претприемничкиот менаџмент се одлика на современите пазарни економии.

Мошне актуелно прашање што денес се наметнува е тоа дали претприемачот се раѓа или пак се создава преку воспитно-образовниот процес, во семејството и институционалните образовни организации на сите нивоа. Факт е дека успешните претприемачи можат како предиспозиција да носат со своето раѓање некои потребни карактеристики, но јасно е дека во голем дел некои особини и форми на однесување можат да се моделираат преку воспотно-образовниот процес. Ваквите сознанија резултираат со нагласени промени во начинот на работа и содржините за работа на постојните училишта и другите образовни институции. Исто така започнува процес на формирање на образовно-научна инфраструктура за поддршка на менаџментот.

Евидентно е дека во земјите во транзиции, особено во нашата држава, постои слабо приспособен систем на образование и обука, како еден од аспектите на човечките потенцијали. Образовните институции имаат проблем во справувањето со растечките потреби, но и бројот и разновидноста на целните групи. Една од причините за ова е големиот недостаток на флексибилност и адаптибилност во структурите на овие институции и нивниот пристап кон промените. Нивната ригидност ги спречува дури и во приспособувањето на курикулумите. Образовните системи се уште се стремат да стават прекумерен нагласок на академското знаење.

Со ова истражувањето немаме претензии целосно и сеопфатно да го разрешиме овој проблем, туку да стекнуваме сознанија за придонесот на организациската поставеност и стилот на работа во средните училишта врз развојот на претприемачките карактеристики кај учениците, да помогнеме во изнаоѓање на конкретни мерки за успешна реализација на оваа улога, како и тоа да оваа истражување биде поттик и основа за други понатамошни и продлабочени истражувања.

Анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето се состои од пет дела. Во *првиот дел* се дадени општите податоци за учениците, наставниците и претприемачите кои се опфатени во истражувањето.

Примерокот на ученици во истражувањето е структуриран по повеќе основи: според вклученоста на училиштето во претприемачки проектни активности, според местото на живеење, според националната припадност, според видот на училиште во кое ученикот учи, според годината во која учат и според полот. Во примерокот ученици доминираат оние од четврти клас, односно од вкупно 500, 497 или 99,4%, а само 3 или 0,6% се од трета година. Во истражувањето се испитани приближно ист број, односно процент, на ученици според полот.

Од добиените резултати може да се констатира дека постојат значителни разлики во перцепцијата на учениците од средни училишта за потребните способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис. Кај учениците од проекните училишта постојат повоочлива и поизразена потреба од секоја од наведените способности. Од искажаното се гледа дека постојат разлики во перцепцијата на учениците во поглед на потребата од курсеви за претпреимништво. Значително поголем е интересот и потребата кај учениците од проектните училишта за курсевите за претприемништво, додека одговорите на учениците од непроектните училишта покажуваат извесна неинформираност, но и неподготвеност за клучни претприемнички прашања.

Во нашето истражување значаен извор на информации се наставниците, односно професорите во средните училишта. За оваа пригода, избрани се наставници во средни училишта кои можеме да ги структурираме по следниве основи: наставници според населеното место во кое работат и според вклученоста во проектни активности на училиштето во кое работат. Наставниците преку интервју пак беа прашани за

влијанието на семејството врз перцепцијата на учениците за занимавање со некаков бизнис и влијанието на карактерот или нивóата на емоционална интелегенција врз разликите кај учениците во перцептирање на претприемништвото.

Посебно значаен примерок во истражувањето е примерокот претприемачи. Изборот на примерокот на претприемачи требаше да ни претставува надворешен извор за внатрешните состојби. Овој примерок е структуриран според неколку стратуми: примерокот претприемачи според искуството со училиштата, примерокот претприемачи според степенот на образование, според националната припадност, според местото на живеење, според областа на приватен бизнис на членови на семејства на претприемачите и примерокот претприемачи во однос на почетниот влог за започнување со бизнис.

Од анализата на резултатите се гледа дека вкупно 55,667% од менаџерите убедени се дека во секој од наведените искази постои претприемачката поставеност во училиштата. Вредноста на аритметичката средина (2,500) на збирната обработка покажува дека Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности и вредноста на исказот Имаат програма за подготовка за вработување и работа 2,433, покажуваат дека во тие сектори е најразвиена претприемачката поставеност на училиштата со кои соработуваат. Разгледувано по училишта, резултатите покажуваат дека според менаџерите, поголема развиеност на проектните училишта во однос на претприемничката поставеност има во првите две категории: се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности и Имаат програма за учење преку работа. Според менаџерите, помала развиеност на проектните училишта во однос на претприемничката поставеност има во категоријата Лесно се промовираат во средината.

# ПРВ ДЕЛ: ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП

# 1. ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ И РАКОВОДЕЊЕТО ВО СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*„Образованието е двигател на развојот на општеството. Вложувањето во образованието е вложување во иднината...“* [1]

## 1.1 Образовен систем

Секоја национална економија и нејзиниот долгорочен развој во голема мера зависат од квалитетот на нејзините човечки ресурси. Користењето на тие ресурси и вложувањето во нивниот квалитет и едукација претставуваат примарни фактори за развој. Знаењето е најважниот човечки ресурс и капитал, а поради неопходната потреба „да се има информација (знаење)“ за да се опстане во променливото окружување, денешното општество го нарекуваме „општество на знаење“, во чиј центар на внимание е образованиот човек. **Знаењето** според поновите дефиниции се карактеризира како појава на индивидалецот насочена кон акција, заснована на правилни и постојани промени. Поради комплексноста на терминот, „знаењето на знаењето“ често се изразува и како **компетентност.**

Образованието, како голем предизвик на современата цивилизација, како иницијатор и носител на општествените промени, како начин на информирање за промените и прифаќањето на новите ставови и вредности и како пат кон стекнување на нови знаења – во различни литератури различно се определува и во пракса различно се дефинираат неговите цели. Традиционалното определување на образованието поаѓа од сфаќањето на образованието како систематско стекнување на научни знаења за

[1] *Анализа на капацитетите за добро управување во образованието - Извештај* – Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје, декември 2007, стр.6, преземено на 03.01.2012, достапно на http://www.gg.org.mk/pdf/analiza_obrazovanie.pdf

природата, општетсвото и човековата мисла и совладување на работни вештини и навики со кои се развиваат и обликуваат одредени црти на личноста и се усвојува одреден поглед на светот. Современите сфаќања за образованието поаѓаат од тоа дека образованието е систем на институционално стекнување на знаења и оспособување на луѓето да стекнуваат знаења, вештини и навики кои им се потребни.[2]

**Образованието** *подразбира организирана и постојана комуникација обезбедена со цел да се овозможи учење.*[3] Елементот на „учење" е присутен во секој образовен процес, но има многу форми на учење кои не претставуваат образование во смисла на оваа дефиниција. Во рамките на Меѓународната стандардна класификација на образованието - ISCED 2011, терминот *образование* ги содржи „сите одредени и систематски осмислени активности во еден кохерентен систем, направени за потребите на учењето во насока на стекнување на знаење, вештини и способности (компетенции). Образованието вклучува организирана и одржлива комуникација создадена за да се стекне учење"[4].

Основна претпоставка за постигнување на раст и развој на една земја преку обезбедување на „општетство на знаење" е нејзиниот **систем за образование**.

**Образовен систем** *е системот на формализиран пренос на знаење и вредности кои работат во рамките на дадено општество.*[5]

Главни императиви на еден образовен систем се:

- подигање на образовното ниво́ на граѓаните,
- унапредување на квалитетот на образовни услуги и
- создавање вработливи и конкурентни кадри.

Процесот на образование се одвива во рамките на институционалниот систем на образование, кој ги опфаќа сите образовни институции кои се поврзани и организирани во една единствена мрежа. Иако голем број образовни системи имаат некои општи и заеднички обележја кои се однесуваат на организацијата, нивоата на образование и

---

[2] *Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 97*, Државен завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2002

[3] *Ibid.*

[4] *Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 2011*, Државен завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2014

[5] Преземено на 24.02.2012 год., достапно на http://sociology.socialsciencedictionary.com/Sociology-Dictionary/

времетраењето на школувањето, а понекогаш и на курикулумите и наставните содржини, сепак во пракса секоја земја има свој специфичен систем на образование.

Еден од клучните фактори кои влијаат на функционирањето и квалитетот на некој системот на образование е начинот на негово управување. Тоа е еден сложен процес, бидејќи по правило образовните системи се многу сложени, ако се има во вид нивната големина, структурната сложеност, препокривање на различните интереси, бројноста на целите на кои им служат. Во време на големи и брзи глобални и локални промени во сите сфери на животот, кога од образованието се очекува да понуди клучен придонес кон подготовката на поединецот за предизвиците на современиот свет и на развојот на ново општество засновано на знаење, промените во образованието се неизбежни, а управувањето со тие промени никогаш не било потешко.

Искуствата и истражувањата[6] покажуваат дека традиционалните училишта, како и традиционалните образовни системи, се прилично неефикасни и неприлагодливи, тие едуцираат просечни поединци, па така на поединците не им овозможуваат да напредуваат во склад со своите индивидуални способности. Во извештаите на UNESCO е посебно укажано на улогата и значењето на образованието кое го има во процесот на надминување на спротивностите во 21-от век. Затоа, процесот на глобализацијата има силно влијание врз образовните текови. Земјите кои подготвени влегоа во оваа беспоштедна конкуренција навремено го приспособија својот образовен систем, што подразбираше либерализација, флексибилност и обезбедување квалитет на образовните услуги. Секако, тие користеа различни пристапи на менаџмент за обезбедување на овие зголемени очекувања (сл.1).

[6] Mulford, B. (2003). *School Leaders: Changing Roles and Impact on Teacher and School Effectiveness*, A paper commissioned by the Education and Training Policy Division, OECD, for the Activity Attracting, Developing and Retaining Effective Teachers, стр. 7




*Сл. 1.* Различните пристапи на менаџмент кои се користат за да се постигне зголемено очекување на училиштата и нивните лидери

***Извор:*** Mulford, Bill (2003). *School Leaders: Changing Roles and Impact on Teacher and School Effectiveness*, A paper commissioned by the Education and Training Policy Division, OECD, for the Activity Attracting, Developing and Retaining Effective Teachers.pg.7

Следејќи ги светските трендови, Република Македонија по осамостојувањето започна да го напушта поставениот централизиран образовен систем управуван од едно место, подложен на политички влијанија и без доволна комуникација со другите сектори, кој едноставно не можеше да одговори на предизвиците на промените во општеството. Уште повеќе, активното учество на Република Македонија во глобалните интеграциски процеси подразбира и превземање на имплементација на глобалните политики во сферата на образованието. За постигнување на овие цели, во 2006 година, во рамките на 129-та седница на Собранието на Република Македонија беа усвоени *Националната програма за развој на образованието 2005-2015* и соодветни придружни програмски документи.

„Националната програма за развој на образованието ги предвидува долгорочните потреби на државата на планот на образованието и покажува спремност која гарантира дека визијата, идеите и вредностите што се содржани кои ќе бидат реализирани. Стратешката вредност на овој документ за секој граѓанин и учесник во образовнието е можноста неговите цели и определби да бидат реализирани. Програмата како стратешки документ на Р.Македонија ги предвидува идните промени во локалната сфера, промените во Министерството за образование и наука, промените во општеството и промените во меѓународното окружување, продуцирајќи релевантни цели кои треба да се остварат. Програмата, исто така, е фокусирана на управувањето и водството со развојот. Тоа е неопходно за да се утврдат доминантните развојни трендови во потесното и поширокото окружување и нивното влијание врз развојот и организацијата на мониторингот на излезните решенија. Карактеристиките и ефективноста на организацијата се клучни за напорите кои се преземаат за постигнување на очекуваните цели“[7].

Поаѓајќи од овој стратешки документ и следејќи ги значајните промени во окружувањето и во глобалното општество настанати со развојот на науката и технологијата, образованието, како и целокупниот образовен систем во Р.Македонија, се реформираат. На тој начин општествените промени влијаат на реформите во образованието, која ги опфаќа промените на структурата на образованието,

---

[7] Преземено од *Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, Министерство за образование и наука на Република Македонија

функционирањето и ефикасноста на образованието, потоа мрежата на образовни институции (особено средното и во високото образование), образовните програми, форми и содржини на образование, како и целите и методите на образованието. На сите нивоа, од предшколско воспитување до универзитетско образование, се случуваат системски и структурни промени во наставниот процес, организацијата на работата на училиштата, се развиваат стандарди за применливи знаења, компетенции и вештини и постепено се воведуваат инструменти за објективно евалуирање на целокупниот квалитет на образованието.

Согледувајќи ја сегашната состојба, може да се заклучи дека на Р.Македонија, како мала земја, и треба образовен систем кој е компактен, а флексибилен. Компактен значи дека ќе биде потполно во склад со својата развојна стратегија, а флексибилен – да е лесно прилагодлив на пазарот на трудот. Процесот на реформите треба да биде континуиран, конзистентен, јасен, прецизен и ориентиран кон потребите и интересите на македонските граѓани. Во центарот на ваковиот концепт на сфаќање на образованието како дел од процесот на развој на човечките ресурси на една држава би се наоѓа поединецот – неговата иднина, вработување, личен и професионален живот. Но за да биде добар еден образовен систем неопходно е тој треба да биде компактибилен со одбраната развојна стратегија и да е во состојба брзо да одговори на барањата на пазарот на труд.[8]

Во промовирање на споменатите цели, улогата на училиштето како основна образовна клетка на образовниот систем и улогата на училишниот директорот како нејзин менаџер и лидер, се наметнуваат како една од клучните претпоставки за успешна, сеопфатна и квалитетна реализација на поставените цели на образованието.

---

[8] *Анализа на капацитетите за добро управување во образованието - Извештај* – Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје, декември 2007, превземено на 03.01.2012 год., достапно на http://www.gg.org.mk/pdf/analiza_obrazovanie.pdf

## 1.2 Училиштето како организациски систем

*Училиштето како воспитно-образовна организација претставува сложен, комплексен, динамичен, отворен и целосообразен организациски систем.*[9] Тоа има за цел да продуцира активности кои ќе придонесат високи постигања и резултати на учениците, што на училиштето како организациски систем му дава посебна специфичност. Како и секоја организација, така и училиштето ги вклучува следниве ресурси:

1. *материјално-технички ресурси*: простор, опрема, наставни средства и помагала и слично,
2. *финансиски ресурси*: финансиски средства од Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, сопствени приходи, спонзорства и слично, и
3. *кардовски ресурси*: наставниот кадар, раководен кадар, стручни соработници, административно-технички кадар.

Според К. Петковски[10], како специфичен организациски систем, училиштето мора да воспостави и своја функционална организација со соодветно дизајнирана структура, која ќе има за цел продуцирање на такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците. Нивóто на овие резултати на учениците, наведува тој, е детерминирано од средината во која работи училиштето, односно од верувањата, вредностите и од очекувањата на општествената средина.

Познато е дека секоја образовна организација се карактеризира со три важни димензии кои ја определуваат: нејзините активности, култура и структура. Активностите го опфаќаат наставниот курикулум (наставните планови и програми) и сите придружни активности за негово спроведување. Културата на училиштето ја чинат споделените заеднички вредности и цели на училишната заедница и нејзиното окружување.

Училиштето како активен отворен организациски систем врши размена и со своето окружување. Всушност, од окружувањето на системот добива влезни елементи, а во окружувањето ги враќа своите излезни елементи (сл.2).

[9] Петковски, К. (1998). *Менаџмент во училиште*, стр. 9
[10] Петковски, К. (1998). *Менаџмент во училиште*, стр. 12




*Сл. 2. Повратна врска меѓу училиштето и неговото окружување*

Бидејќи окружувањето на училиштето брзо се менува, границите на училиштето како систем и неговото окружување стануваат се послаби и се рушат високите бедеми со кои се уште се опкружени образовните институции. Навистина, тоа оди многу споро, но сигурно и неизбежно. Проблемот е во тоа што училиштата слабо го познаваат своето окружување и ретко го следат, а уште поретко го проучуваат. Според тоа, целосното „отварање“ може успешно да го направат само оние училишта кои ќе бидат способни селективно да ги примаат променливите влезни елементи од надворешниот свет, но и со своите излезни елементи ќе влијаат на промените на окружувањето. Тоа е всушност организација со висок степен на функционалност.

Менувањето на училиштата не значи да се импровизира. Менувањето на училиштата бара голем степен на внатрешна организираност, одлична технологија и методика на работа, добра техничка опременост, а пред се, многу способни и прилагодливи човечки ресурси. Значи, се бара одговор на прашањето како

организационо да се поставаt училиштата за да бидат способни за трајни интеракции, за да станат динамички и потполно отворен систем поврзан со науката, технологијата, културата, стопанството, со другите образовни организации, заедницата, родителите и другите граѓани, накратко – со окружувањето (сл.2). Отворањето на училиштето кон својата средина може понекогаш да има и негативни последици, првенствено ако врските се лабави и не се засновани на вистински и обострани интереси.

Со реформската парола „училиште по мерка на детето" мора конечно да се разбие сфаќањето „училиште по мерка на државата" и да се докаже дека образованието во себе треба да содржи и карактеристики за иднината, дека е добро само тогаш кога е истовремено израз на општеството, но и негова критика, ако меѓу своите воспитаници внесува визионерство и творечки дух. Значи, преку интеракција со своето окружување треба да се изгради могу флексибилно училиште, способно за активно и трајно менување, но секогаш чувствително и отпорно кон намалувањето на неговите воспитни и образовни критериуми.

Училиштето, како локус на дефинирањето, развојот и контролата на квалитет, а неговите наставници како професионалци, имаат клучна улога во обликувањето на училишната клима и затоа општиот педагошки пристап и нивната креативност високо се вреднува. Сепак, и покрај сé поприсутната тенденција за училишно развојно планирање и самоевалуација (Eurydice, 2007) и развојот на училишно лидерство[11], развојот на училиштето заснован на организациско учење денес во пракса останува на периферијата на дефинирањето на главните стратешки регулативни рамки дадени со *Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија 2005-2015*, можеби и поради дискутабилното уверување дека за негово оживување е потребно да се исполнат тешко остварливите политички, економски и општествени услови во Р. Македонија.

Сложеноста на училишната заедница како воспитно-образовна организација налага и соодветни менаџерски структури за да се подобри и да се поддржи ефективен и ефикасен развој во спроведувањето на училишниот курикулум, како и да се одржува сакана организациска култура.

---

[11] Pont, B., Nusche, D., Moorman, H.: *Improving School Leadership, Volume 1: Policy and Practice,* OECD, DIRECTORATE FOR EDUCATION, Education and Training Policy Division, преземено на 29.12.2011 год., достапно на http://www.oecd.org/dataoecd/6/52/40545479.pdf

## 1.3 Функции на училишниот директор

„Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето."[12] Формалното водство во училиштата и училишното окружување е комплексна, повеќестрана задача. Директорот е личност која е одговорна за функционирањето на целокупната воспитно-образовна работа на училиштето. По функција тој активно учествува во развојно-педагошката дејност. Во својата работа, согласно законските обврски, директорот на училиштето остварува повеќе функции:

- Планско-програмерска функција,
- Организаторска функција,
- Фунција на водење,
- Евалваторска и истражувачка функција и
- Педагошко-инструктивна функција.

Улогата планер директорот ја реализира преку планирање на развојот на училиштето во целина - тој е носител на планот за развој на училиштето како долгорочно планирање, иницира и учествува во изготвување на краткорочни планови (годишна програма за работа на училиштето, програма за развој на човечки ресурси, финансиски план и сл.). Како организатор, училишниот директор го организира и реализира спроведувањето на наставниот курикулум и целокупната работа на училиштето. Директорот врши и евалуација и мониторинг на целокупната работа на училиштето (ја следи и контролира на работата на наставниците и стручните соработници, врши увид на часови, иницира и спроведува самоевалуација на училиштето) со што ги истражува можните потреби за подобрување и развој, а со своите знаења како инструкциски лидер врши и евалваторско-инструктивна функција. Но една од клучните улоги на директорот на училиште е училишното водство кое ќе биде подетално елаборирано.

[12] Согласно чл.102 од Законот за средно образование („Сл.весник" 52/2002) и чл.42 од Законот за измени и дополнувања на законот за средно образование („Сл.весник" 67/2004)

## 1.4 Директорот како лидер на училиштето

Често може да се слушне изјавата: *„Зад секое успешно училиште стои успешен директор"*. Директорот на училиштето дава тон, поставува визија и очекувања за учениците и персоналот и ги води кон достигање на таа визија. *Водството е комплексен процес со кој некој поединец* (директорот на училиштето) *влијае врз другите* (вработените и учениците) *за да ја реализира мисијата, целите и задачите на таа организација* (училиштето), *на начин којшто го прави тоа кохезивно и кохерентно, односно поврзано и цврсто.*[13]

Според К. Петковски (1998), формалното водство во училиштата и училишното окружување е комплексна, повеќестрана задача. Но со самото наименување на функцијата *директор на училиште* не значи дека тој / таа истовремено станува и *водач на училиштето*. Водачот е секогаш пред очите на следбеникот. Тој не може да се декларира и прогласува себеси за водач само затоа што е на некоја позиција. Елементи на водство можат да се јават и кај поединци кои не се на такви високи позиции и - доколку директорот не може да ги исполни очекувањата на своите следбеници - поединците стануваат *неформални водачи* на училиштето.

Предизвикот на водството на директорот е да убедува различни индивидуи и групи да се приклучат кон заедничките цели, а потоа да ги мотивира да работат заедно како тим за постигање на тие цели. Водството применува една стратегија која има нагласено *„следи ме..."*. Целта на водството е да развива чувство на припадност кон организацијата и голема посветеност кон заедничките, споделени вредности и идеи кои стануваат извор на негово овластување за сето она што другите мора да го прават.[14]

Директорот на училиштето како лидер на училиштето е тој што иницира, мотивира, инспирира, организира и екипира. Неговата способност е да им даде на вработените енергија и волја да го направат нивното место за работење и нивната работа поефективни и поефикасни. Улогите на ефективниот директор и областите на негово делување во училишната заедница шематски се претставени на сл. 3.

---

[13] Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В. (2004) *Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање*, стр.46

[14] Петковски, К. (1998) *Менаџмент во училиште*, стр. 63




*Сл. 3. Области на дејствување на ефективен училишен директор*

***Извор:*** *Samovrednovanje škola - Prva iskustva u osnovnim školama,* Agencija za odgoj i obrazovanje / Institut za društvena istraživanja u Zagrebu, Zagreb, 2010.str .69

Динамиката на училиштето, во кое директорот е лидер кој постојано ја преиспитува и вреднува својата работа со цел подобрување и унапредување, се карактеризира со организациска структура која може да ги постигнува постојаните променливи потреби на корисниците преку самоевалуација и развој на училиштето. Затоа треба да се охрабруваат промените и да се подржува самоевалуацијата на училиштето. Директорот на училиштето е одговорен за трансферот на знаење и обезбедувањето квалитет на колективното споделено мислење во својата

организација.[15] Тој е одговорен да го води своето училиште, своите вработени и своите ученици кон достигнување на споделената визија и кон одличност.

Директорите може да имаат различни нивóа на искуство и образовна позадина и различни стилови на водство. Но овие се некои заеднички квалитети кои ги карактеризираат големите, успешни директори:[16]

- **Успешните директори се инструкциски водачи.** Тие треба да ги знаат законските прописи и прописите на училиштето, курикулумот и државните стандарди и да имаат јасни цели за училиштето. Тие се тим-лидери кои би требало да го вклучат персоналот во реализација на курикулумот.
- **Успешните директори поттикнуваат соработка меѓу членовите на персоналот и училишната заедница.** „Не можеш да водиш ако никој не те следи! Ти си тим-лидер, но истовремено ти си член на тимот."
- **Успешните директори имаат визија и јасни цели за нивните училишта и ги мерат достигањата преку тие цели.** Персоналот и учениците знаат каде е насочено училиштето и што треба да прават за достигање на целите. „Секој може да има добри идеи, но успешниот директор ги остварува."
- **Успешните директори поставуваат јасни очекувања за работната дисциплина.** Тие им даваат на знаење на наставниците и учениците што се очекува од нив и по потреба превземаат дејствија за запазување на дисциплината.
- **Успешните директори се добри комуникатори.** Тие имаат редовни комуникации со перосналот и родителите. Тие гостуваат на родителски средби и се достапни за индивидуални средби со родители и со вработените.
- **Успешните директори го поддржуваат и евалуираат наставниот кадар.** Уште при вработувањето, тие бараат наставници што одговараат на филозофијата и карактерот на училишните цели. Големите директори обезбедуваат соодветна насока и помош за новите наставници и често ги набљудуваат, посебно на почетокот на училишната година. Тие поставуваат јасни очекувања и обезбедуваат повратен

[15] Education World ® School Administrators: *'Formative Leadership' Theory Views Principal as Leader of Leaders*.htm, преземено на 23.04.2005 год., достапно на www.educationworld.com/ a_issues/ chat/chat025.shtml

[16] Rosenthal, L. *What Makes a Great Principal*, California, преземено 24.07.2006 од www.GreatSchools_net.htm

одговор за перформансите на наставниците. Помагаат да се развијат наставници - водачи во училиштето за споделување на одлуките и да обезбедат ресурси и можности за персоналот да учи и да напредува низ осмислени обуки за наставниците.

- **Успешните директори - водачи се видливи.** „Неговата врата е секогаш отворена, но тој е ретко во канцеларијата; тој изгледа е насекаде одеднаш: во училниците, игралиштата, наставничката канцеларија, низ ходниците." Тие се обидуваат да ги запознаат учениците по име и разговараат со нив.
- **Успешните директори воспоставуваат атмосфера на праведност и доверба.** Тие имаат репутација дека се праведни кон сите. Големите директори се обидуваат да обезбедат еднаквост во областа на одговорностите и распределбата на ресурсите.

## 1.5 Училишна структура

Секоја организација, па и училиштето како организациски систем, има свое посебно работно окружување, коешто до определен прифатлив степен е диктирано од однесувањето на нејзините водачи – училишните директори, односно од начинот на кој тие одговараат на проблемите и можностите. Директорите, од своја страна вршат влијание на окружувањето преку три начини или типови на преземени акции:

1. Преку ***целите*** и ***стандардите на перформансите*** што тие ги поставуваат:
   „Успешните училишта имаат добри водачи кои поставуваат високи стандарди и цели."
2. Преку ***системот на вредности*** на организацијата што тие ги поставуваат:
   „Вредностите ја одразуваат грижата на училиштето за своите вработени, учениците и нивните родители, локалната и централната власт како негови финансиери и инвеститори, стопанството, и заедницата во целина."
3. Преку ***концептите*** на вработените и работењето што тие ги поставуваат:
   „Концептите определуваат кои и какви производи или услуги нуди организацијата, односно какви образовни услуги и резултати нуди училиштето."

Како што е наведено, секоја образовна организација се карактеризира со три димензии или елементи што неа ја определуваат, а тие се:[17]

- Активности,
- култура и
- структура

Сите училишта, имаат многу слични образовни цели и задачи. Поединечните образовни активности или реализацијата на курикулумот (наставниот план и програма) кои се усвоени ќе зависат од интерпретацијата на овие цели и задачи внатре во секое училиште. **Активностите** го опфаќаат и вклучуваат официјалниот наставен план и програм (курикулум) што училиштата го имаат прифатено и треба да го спроведат заедно со другите широки подрачја на активности кои интегрирано го определуваат целиот курикулум на училиштето. Од интерпретацијата на овој цел курикулум ќе зависи и неговата рефлексија врз заедничките вредности, верувања и приоритети, а кои всушност се краткорочни цели и задачи или долгорочни цели на училишната заедница и нејзината околина. Овие споделени вредности ја конституираат **културата на училиштето**. Избраните активности ќе рефлектираат едно приспособување помеѓу вредностите и верувањата, односно културата на луѓето во институцијата и крајните цели на оние во пошироката околина кои ја помагаат организацијата. Колективното прифаќање на припадност кон ова работење на училиштето, со цел да се изведат овие активности, треба да се насочи и одрази во соодветна **управувачка структура** за поддршка на договорената политика и придружните процедури. Сложеноста на образовните организации бара соодветни менаџерски структури за да се подобри и поддржи ефективниот и ефикасен развој во спроведување на целиот курикулум.[18]

Битно е да се напомене дека сите овие три димензии или елементи (структура, култура, активности) се меѓусебно зависни, бидејќи секоја промена во било која од нив влијае на другите две.

Истражувањата и праксата покажуваат дека училиштата со добра организација на работата се карактеризираат со добро дизајнирана организациска структура, добар амбиент или клима за работа и со соодветна училишна култура. Исто така, оваа

[17] Bush, T., West-Burnham, J. (1994) *The Principles of Educational Management*, стр. 10
[18] Петковски, К., Алексовска, М. (2009) *Водење на динамично училиште*, стр. 19

организација на работа е пропратена и со добра организација на работа на директорот на училиштето. Постои добро распределен персонал, постои добро изготвен распоред на времето (вклучувајќи го и распоредот на наставата), постои добро осмислен распоред на просториите во кои се реализира наставата и максимално користење на сите расположиви ресурси.

Според Everard и Morris[19], *успешното управување со образовните организации вклучува воспоставување и одржување на една прифатлива рамнотежа помеѓу овие различни структурни и културни елементи.*

Многу успешен обид за комплексен пристап во поставеноста на училиштето како организациски систем дале Абен *(Ubben)* и Хјуџис *(Hughes)*. Според овој пристап училиштето во основа го карактеризираат три компоненти:[20]

1. надворешна структура на училиштето,
2. однесување на директорот на училиштето и
3. внатрешна структура на училиштето.

***Надворешната структура*** на училиштето ја сочинуваат:

- институционална рамка на училиштето,
- верувања, вредности и очекувања на општествената заедница и
- верувања, вредности и очекувања на директорот на училиштето.

***Внатрешната структура*** на училиштето ја сочинуваат три елементи:

- организација и реализација на наставата,
- училишна клима и
- култура на училиштето.

За да може училиштето да ја оствари својата мисија, тоа треба да ги следи промените во општеството, но и самото да ги креира потребните промени. Во неговото функционирање, училиштето секојдневно е изложено на критички согледувања и анализи, од аспект на тоа во колкав степен се задоволени различните очекувања, интереси, верувања. Тоа доведува до постојани притисоци од надвор и од внатре, чија крајна цел е да се обезбеди квалитет во образованието.

[19] Bush, T., West-Burnham, J. (1994) *The Principles of Educational Management*, стр. 103
[20] Ubben, G., Hughes, L. (1991) *The Principal*, Creative Leadership for Effective Schools, стр. 7-8

## 1.6 Училишна култура

Секое училиште има своја препознатлива култура. Кога станува збор за **организациската култура**, треба да се има во вид фактот дека таа е мошне сложен и комплексен феномен, којшто може да се тертира од повеќе аспекти. Организациската култура, всушност, го отсликува начинот на којшто се одвива животот и работата во една организација, во случајот училиштето. Според Торингтон (Torrington) и Веитман (Weightman)[21], ***„организациската култура е карактеристичен дух и верување на една организација, кој се демонстрира, на пример, во норми и вредности до кои луѓето вообичаено се држат во таа организација, како треба да се однесуваат еден кон друг, природата на работните односи што треба да се развиваат и како ставовите да се менуваат“***. За авторите Рејнолдс (Reynolds) и Реид (Reid)[22], ***„културата се прифаќа како основна детерминанта за нивото на организациската ефективност“.***

Организациската култура претставува систем на заеднички вредности, норми, верувања, односно начин на размислување и однесување, којшто е заеднички за луѓето во една организација и него. Според организациската култура, организациите се разликуваат една од друга. Организациската култура ги определува и уредува меѓучовечките односи во организацијата.

Под поимот организациска култура се подразабираат:

- доминантните вредности коишто ги усвоиле членовите на некоја организација (училиште);
- начинот на работење и реализирање на менаџерските функции;
- филозофијата на односите меѓу менаџментот и наставниците со учениците;
- начинот на решавање на конфликтите;
- елементите на стилот на поучување во пооделните образовни институции
- начинот на комуницирање во организацијата.

[21] Bush, T., West-Burnham, J. (1994) *The Principles of Educational Management*, стр. 103
[22] *Ibid*, стр. 103

Организациската култура во училиштето се манифестира на повеќе начини:

- ***Визуелно***, преку однесувањето на учениците, наставниците, менаџментот на училиштето;
- ***Вербално***, преку жаргонот, сленгот, стручната теерминологија, кои што се користат во училишната средина и
- ***Начинот на однесување*** – на менаџментот кон наставниците, учениците, нивните родители (на пример: човечно, импулсивно, агресивно).

Училишните директори често имаат потреба од аналитичка рамка со цел да ги идентификуваат непишаните, неофицијалните и недопирливите елементи кои влијаат на начинот на кој функционира училиштето. Спознавањето и разбирањето на влијанието од заедничките вредности и ставови се есенцијални за целосно проценување на можностите за успешно спроведување на образовните промени и подобрување на работата на училиштето.[23] Невидливоста, недопирливоста и неформалноста на културата, претставува разбирлива тешкотија за барањата на менаџерите да го променат влијанието на постојната култура, бидејќи вообичаено и типично е таа да се опишува со користење на терминологија и во рамки кои се сами за себе непровидни и натопени со таинственост.

Повеќето од нас луѓето, без разлика дали станува збор за ученици, студенти, вработени, директори, научници или советници, живееме во заедници, групи, организации и мораме да соработуваме со сите членови во нив. Но, ние со текот на времето откриваме дека зачудувачки е тешко да се разбере и најде оправдување за многу од она што се забележува и искусува во тој наш „организациски живот". Голем дел од работите ни изгледаат дека се „бирократски", „политички" или едноставно „ирационални". Луѓето на определени позиции, или како што велиме со власт, особено нашите непосредно претпоставени, често пати нé фрустрираат или дејствуваат несфатливо, па дури и оние кои ги сметаме за наши водачи нé разочаруваат и не успеваат да ги задоволат нашите потреби и желби. Областите од организациската технологија и социологија открија повеќе корисни концепти за разбирање на индивидуалното однесување во организациите и начините на кои тие организации се

[23] Bush, T., West-Burnham, J. (1994) *The Principles of Educational Management*, стр. 103

структуирани. Но сепак, одговорите на прашањата: *Зошто организациите растат и се менуваат?* и *Како организациите растат и се менуваат?* или некогаш пропаѓаат или прават работи за кои сметаме дека се бесмислени, и понатаму нас нé заобиколуваат.[24]

Отсуството на функционална организациска култура или „организациската некултура" води кон намалено почитување на вработените во училиштето, појава на конфликти, не почитување на училишниот ред од страна на учениците, оштетување на опремата и училишната зграда, отсуство на грижа и одговорност кај наставниците и слаб успех на учениците.[25]

Најодговорен за воспоставување и одржување на училишната култура е неговиот менаџмент или поточно директорот на училиштето. Суштината на училишната култура е во односите меѓу менаџментот и вработените, од една страна, како и учениците и нивните родители, од друга страна. Основни проблеми во тие односи се:

- начинот на комуницирање;
- начинот на решавање на конфликтите;
- учеството на наставниците, учениците, нивните родители и претставниците на заедницата, при одлучувањето;
- начинот на користењето на власта и моќта во рамките на училиштето и
- начинот на оценување на квалитетот и успешноста.

Составен дел на училишната култура е и стилот на поучување, односно начинот на реализирање на наставата.

Концептот на организациската култура ја одржува надежта за расветлување на оваа комплексна и сложена област. Како што смета Шејн[26], „потребни се подлабоки разбирања на културните цели во организациите, не само за да се открие што се случува во нив туку, што е уште поважно, да се открие кои се можните приоритетни цели на водачите на организациите и начинот на кој тие го реализираат водството". Со други зборови кажано, организациските култури ги креираат водачите на организациите, и според тоа една од најважните функции на училишните директори, покрај

[24] Schein, E. (1985) *Organizational Culture and Leadership*, стр.63
[25] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште*, стр.30
[26] Schein, E. (1985) *Organizational Culture and Leadership*, стр.64

управувањето со училиштето, е креирање, воспоставување, па дури ако е потребно и уништување на културата на организацијата.

Може да се заклучи дека културата ја потпомага и ја чува организациската ефективност, а водството е фундаментален процес со кој организациските култури (на пример, културата на училиштето) се формираат и менуваат.

Училишната култура најчесто се поврзува со училишната ефективност. Поаѓајќи од ваквиот пристап, во рамките на првиот Меѓународен конгрес на училишната ефективност и унапредување на работата на училиштата, одржан во Лондон во 1988 година и другиот во Ротердам 1989 година, различни експерти направија прикази за состојбите на овој план. На импресивен начин овие професори сугерираа слични фактори кои се важни во креирањето на ефективна училишна организација. Според нив Рејнолдс *(Reynolds)*, Ширенс *(Scheerens)* и Кримерс *(Creemers)*[27], овие значајни фактори се:

- *силно водство во образованието,*
- *високи очекувања за достигнувањата на учениците,*
- *нагласување на базичните вештини,*
- *безбедна клима со ред и дисциплина и*
- *често проверување на напредокот на учениците.*

Парадигмата за училишната култура оди заедно со парадигмата на нееднаквост и можноста за поголема автономност на училиштата. Според Андерсон *(Anderson)*[28], „училиштата не треба да бидат присилувани да продуцираат брзи резултати, само за корист на политичарите и за задоволство на јавноста". Тоа значи дека за образовните резултати треба да бидат одговорни директорите на училиштата, а не министрите. Ова практично значи проникнување во управувањето и тоа од бавни промени на контролирани системи (промени одгоре надолу), во системи за поддршка на училиштата (промени оддолу кон горе).

Битно е да се напомене дека секое училиште си има своја препознатлива култура. Културата на училиштето може да се зголемува на различни начини. Во основа

[27] Mahicu, P. *Organizational Culture of Schools, Between Internal Management and External Pressure*, стр. 63
[28] *Ibid.* стр. 65

таа е содржина од споделени вредности. Споделените вредности исто така можат да се доживеат во форма на ритуали и церемонии кои се повторуваат.

На културата на училиштето влијаат некои ***видливи правила (норми) во однесувањето*** (на пример, редовно доаѓање на работа); ***доминантни вредности*** *што се воспоставени во училиштето;* ***филозофијата на училиштето*** (како на пример, „секое дете може да научи“ или „во нашето училиште сите учат“); *воспоставени* ***правила на игра*** (награда за добро извршена работа, награда за првенец на генерација и сл.); ***чувство за клима*** (воспоставена клима на соработка); *изграден пристап во* ***работата на наставниците*** *во училиштето* (планирање на активностите, планирање на наставата или пак, користење на современа образовна технологија); *утврден* ***распоред на времето***; *воспоставена* ***атмосфера на ред и дисциплина***; ***начин на комуницирање*** *на персоналот; изграден консензус кај персоналот за целите и задачите од* ***дефинираната мисија*** *на училиштето; воспоставена* ***визија за развој на училиштето;*** *изградени* ***ставови на персоналот; високи очекувања*** *од секој поединец и на секое место во училиштето.*

Описот на функционална култура на училиштето вклучува:

- акцентирање на потребата за перманентно образование и усовршување на персоналот (longlife learning);
- високи очекувања од учениците и наставниците;
- грижа за внатрешните и надворешните ресурси и
- развој и грижа на традицијата на училиштето.

Во изградувањето на функционална култура на училиштето големо влијание има и подготвеноста за експериментирање или храброст на наставниците да се обидат со нови идеи, форми и методи и богатството, кое се темели на знаење.

Во својот докторат Стизенс (*Staessens*)[29] идентификува три главни области во културата на училиштето:

1. Директорот како создавач и чувар на културата;
2. Степенот на единство на целите и
3. Професионалните односи меѓу наставниците.

[29] Mahicu, P. *Organizational Culture of Schools, Between Internal Management and External Pressure*, стр. 69

Културата на училиштето е онаа по кое се препознава секое училиште и онаа што му дава белег на секој негов наставник и ученик како поединец или член на таа голема заедница. Не постои единствена дефиниција за тоа што е култура на училиштето. Но едно е сигурно. Концептот за култура на училиштето е многу моќен концепт. Само училиште со своја сопствена култура може да има перспектива. Културата на училиштето се создава и таа со тек на време еволуира и збогатува. Тоа значи дека културата на училиштето во исто време е и појдовна основа, но и цел во воспоставувањето на мисијата и визијата на едно училиште.[30]

Градењето култура на училиштето значи институционализација на позитивните ставови на учениците, наставниците и заедницата во процесот на создавање на современо или добро училиште. Позитивната училишна култура е креирана, се развива и е поткрепена од квалитетно водство.

Денес, посебен проблем е тоа што практично сеуште постојат училишта кои според начинот на работењето и однесувањето се како оние од крајот на XIX век, а велиме дека подготвуваме кадри за XXI век. Имено, како што вели д-р *Дејл Мен,* во повеќето од денешните училишта се третира култура од минатото - ***авторитарна*** култура на училиштето, наспороти барањата на XXI век - ***експериментална*** култура, ***либерална*** култура или ***култура на иднината***.[31]

## 1.7 Училишна клима

***Организациската клима*** е чувството за организацијата, односно индивидуалните и споделените перцепции и ставови на членовите на организацијата. Додека организациската култура има длабоки корени во природата на организацијата коишто се резултат на долгорочното постоење и опстојување на формалните и неформалните системи, правилата, традициите и обичаите, организациската клима е краткорочен феномен создаден од постојното водство. Климата ги одразува верувањата за чувството, што за организацијата (училиштето) го имаат нејзините членови. Оваа

[30] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр.33
[31] *Ibid.*

индивидуална перцепција во поглед на она што го чувствуваат за своето училиште произлегува од тоа што луѓето мислат и веруваат за активностите коишто се преземаат во него. Овие активности влијаат како на индивидуалната мотивираност и задоволството од работата, така и на заедничката и тимската работа. Таквите активности вклучуваат:[32]

- Колку добро водачот (училишниот директор) ги определува приоритетите и целите на организацијата?
- Што очекува од вработените?
- Каков е системот на признанија, награди и казни во училиштето?
- Колку е компетентно водството?
- Дали водачите имаат слобода во одлучувањето?

Организациската клима е тесно поврзана со водствениот и менаџерскиот стил на директорите, заснован на вредностите, карактеристиките, квалитетите, вештините и акциите, како и на приоритетите што ги воспоставуваат водачите. Етичката клима го определува чувството за организацијата. Тогаш кога активностите имаат етички карактер, а во работењето се сретнува етичко однесување, однесувањето или карактерот на водачот е најважниот фактор којшто влијае на организациската клима.

Организациската култура е долгорочен, комплексен феномен. Таа ги одразува споделените очекувања и сопствената претстава за организацијата. Во неа се содржани клучните вредности коишто ја создаваат или креираат традицијата или начинот на којшто се извршуваат работите во таа организација. Во секоја организација работите се извршуваат на различен начин, својствен и препознатлив за неа. Колективната визија и заедничкиот фолклор коишто ја дефинираат институцијата се одраз на организациската култура. Водачите не можат лесно да ја создадат или променат организациската култура, бидејќи таа е дел од организацијата. Таа влијае врз карактеристиките на организациската клима преку нејзиното влијание врз акциите, процесите на размислување на водачот. Но, сето она што ќе го прави водачот ќе влијае на климата или амбиентот во организацијата.

[32] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр.38

Организациската, односно училишната клима всушност претставува создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, кој покрај материјално-техничките предуслови ги опфаќа и меѓусебните односи на сите директни и индиректни учесници во реализацијата на овој процес. Битно е да се напомене дека, организациската клима се однесува или се грижи за субјективните реакции на членовите на организацијата и таа е донекаде функција од или реакција на организациската култура. Некои чувства или емоционални реакции за една организација веројатно се афектирани од степенот на кој индивидуата ги споделува постигнатите вредности, верувања и основи на членовите на организацијата. Ако личноста не ги споделува истите вредности или верувања што се на поголемиот дел од членовите, тогаш е многу веројатно дека оваа личност ќе има прилично негативна реакција на целата клима во организацијата. Затоа, организациската клима се однесува на тоа колку добро членовите на организацијата комуницираат или се одбегнуваат меѓусебно. Исто така е важно да се забележи дека организациската клима е ограничена во простор, но многу е поврзана со задоволството од работата. Општо, организациската клима треба што повеќе да дејствува со перцепциите што не се поврзани со работните задачи какви што се чувствата за политиката на соработниците или организацијата (на пример училиштето), додека задоволството од работата вообичаено истотака вклучува перцепции од работниот делокруг и природата на извршените задачи.[33]

Училишната клима е една од компонентите на внатрешната структура на училиштата. Како поим, училишната клима е многу потешко да се дефинира отколку организациската структура. Еден многу интересен приказ за тоа што е училишна клима имаат Парки (Purkey) и Смит (Smith). Тие училишната клима ја опишуваат како ***„структура, процес и клима од вредности и норми коишто ги канализираат наставниците и учениците во насока на успешно предавање и учење .зголемувајќи ја ефективноста на организациската поставеност на училишната зграда“***. [34]

Училишната клима практично претставува воспоставен *амбиент* во некое училиште, којшто е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат вработените, учениците и другиот персонал.

---

[33] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште*, стр. 40

[34] Ubben, G., Hughes, L. (1991) *The Principal*, Creative Leadership for Effective Schools, стр. 24

За да се изгради позитивна клима во некоја организација, потребно е нејзиниот директор да ги поседува сите потребни карактеристики на однесување. Но покрај влијанието на директорот, во формирањето на климата многу силно учествуваат и наставниците и учениците со своите ставови и однесувања како во училиштето така и надвор од него.

Развивањето на позитивна клима во училиштето бара воспоставување на добра организациска структура која ја карактеризираат определен број на ***фактори*** меѓу кои поизразени и актуелни се, ***перманентната контрола и евалвација на учениците во нивните училишта*** и ***поголемо учество на родителите во работата и животот на училиштето***. Од посебна важност за создавање на добра клима е нагласеното верување дека секое дете може да биде добар ученик и развивањето на таква организациска структура која ќе овозможува добри услови за работа како на учениците така и на персоналот.

Училиштата со здрава клима се карактеризираат со:[35]

- воспоставена уредна и пријатна средина за работа;
- воспоставен систем на вредности и систем на наградувања;
- воспоставена атмосфера на ред и дисциплина;
- воспоставена добра соработка со родителите;
- воспоставен систем за развивање на позитивни ставови кај персоналот;
- воспоставен систем за донесување и спроведување на одлуки и
- вопоставен систем на отворени и чесни комуникации.

## 1.8 Мисија на училиштето

Мисијата претставува еден вид договор или документ во којшто е дефинирана основната дејност (бизнисот, работата) што организацијата ја обавува, видовите на производи што ги произведува или услугите што ги извршува, пазарите што ги опслужува, и можеби начинот на којшто организацијата ги извршува своите работи во процесот на задоволување на потребите на клиентите. Всушност, **мисијата ја претставува целта на постоење на организацијата (училиштето)**.

[35] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште*, стр. 41

Таа цел треба јасно и концизно да биде искажана во ***Изјавата за мисијата***. Според тоа, секоја организација треба да има своја препознатлива Изјава за мисијата, во која треба да бидат нагласени целите и приоритетите во нејзината работа. Мисијата всушност ја отсликува сегашноста - каде сме, за разлика од визијата, која што се однесува на иднината - каде сакаме да бидеме.

Иако на прв поглед изгледа релативно едноставно, сепак определувањето на мисијата на една организација, на пример училиште, не е така лесно. Во неа треба да се содржани вредностите, верувањата, очекувањата, потребите, интересите, како на клиентите и пошироката општествена средина, така и оние на вработените. Освен тоа таа треба да ја одразува реалната и фокусирана цел на своето сопствено постоење, односно зошто е формирана и како делува.[36]

Дефинирањето на мисијата не треба да биде право и привилегија само на некои поединци во организацијата (училиштето), туку на еден хетероген тим кој сериозно треба да му пристапи на оваа одговорна задача. За таа цел, потребно е да се изврши анализа на многу податоци и содржини, а ако е потребно да се спроведи и некое истражување. Тоа треба да се направи со цел да се добијат некои сознанија и да се обезбеди партиципирање во овој процес на поголем број заинтересирани субјекти.

Мисијата, во основа треба да содржи конкретни цели за акција. Затоа, од дефинираната мисија треба да произлезе и соодветна **изјава за мисијата** како особено значаен документ за работата на институцијата. Содржината на оваа изјава треба да е добро осмислена, средена и целосна. Изјавата за мисијата треба да биде едноставна, јасна и директивна, да носи силна порака и да биде промотивна. Формулирањето на Изјавата за мисијата е многу сериозна и макотрпна работа. Бара многу умеење и желба. Во неа треба да се вградени вредностите и верувањата на институцијата, а коишто ќе ги задоволат потребите, очекувањата и интересите на клиентите.

Кога станува збор за училишта, тогаш треба да се има во вид, дека процесот на воспоставување на мисијата и утврдувањето на **изјавата за мисијата**, има свои специфики. Но, партиципативниот пристап во овој процес, тука има особено големо значење. Добро е во тимот кој што ќе работи на воспоставување на мисијата, покрај директорот на училиштето и дел од наставниците и стручните соработници, да бидат

---

[36] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр. 54

вклучени и претставници од локалната заедница, социјалните партнери, родителите на учениците. Во средните училишта, можат да се вклучат и учениците.[37]

Во поглед на училиштата, постојат одредени фактори кои мора да се земат во предвид кога станува збор за мисијата на училиштето. Такви се:[38]

- Еднакви можности за учење и напредување;
- Проширување на пристапите и можностите;
- Достигнување на перфекција во реализација на училишниот курикулум;
- Поврзаност и содејство со други воспитно - образовни институции;
- Поврзаност со индустријата и другите економски гранки;
- Придобивки од рекреативни активности;
- Придобивки од курсевите;
- Флексибилност за учениците;
- Современи услови за работа и
- Здрава училишна клима.

Од **изјавата** за мисијата треба да произлезат и накои слогани кои треба да бидат поставени на видни места во училиштето. На тој начин постојано ќе се потсетуваат и вработените и учениците за нивната улога во спроведувањето на мисијата. Многу е важно да се обезбеди прифатеност на мисијата и посветеност кон нејзино реализирање од сите заинтересирани субјекти во училиштето. Тоа најдобро се обезбедува преку нивното партиципирање во работата на тимот за воспоставување на мисијата. Изјавата за мисијата на училиштето со својата провокативност треба најмногу да придонеси за нејзино имплементирање, но истовремено да биде и маркетинг порака за промовирање на училиштето.

Мисијата е основата на која се гради визијата за развој на училиштето. Таа е почетна точка, но и крајна цел на визијата. Оној момент кога визијата ќе биде достигната од страна на училиштето, таа всушност ќе стане нејзина нова мисија. Според тоа мисијата не е статична категорија, туку една динамичка алатка која го овозможува континуираниот развој на училиштето.

---

[37] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр. 54
[38] *Ibid.*

## 1.9 Организација и реализација на наставата и работата на училиштето

Основната функција на работењето на секое училиште е организацијата и реализацијата на наставниот курикулум, односно наставата, но и целокупната работа на училиштето. Преку неа се исполнуваат основните функции на менаџментот на образовната организација (планирање и програмирање, организирање и екипирање, водење, евалвирање и контролирање, одлучување, мотивирање). Без минимално задоволување на овие функции не може да работи и не може да опстои ниту едно училиште.

Овој дел од внатрешната структура на училиштето во себе вклучува:[39]

- организација и реализација на наставните планови и програми (курикулумот);
- екипирање, организирање, координирање и комуницирање на персоналот;
- поделба и групирање на учениците во паралелки и групи;
- распределба на часови за предметни извршители и класни раководства;
- изготвување на распоред за учениците и наставниците;
- избор, применување и стратегија за развој на соодветна и современа образовна технологија;
- избор на книги, списанија и друг вид стручна и педагошка литература за училишната библиотека;
- програма за работа на наставничкиот совет, стручните активи и други стручни лица, органи и тела и
- програма за работа со родителите на учениците и др.

Неопходно потребни вештини на директорот за дизајнирање и развој на овој сегмент од внатрешната структура од училиштето, воглавно се стручната и едукативната способност. Основната функција на секое училиште е реализација на курикулумот и наставата. Наставата претставува процес во кој се реализираат содржините од курикулумот. Курикулумот, во себе ги содржи потребите на државата, потребите за лично усовршување на индивидуата и потребите за стручно оспособување

[39] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр. 24

на индивидуата. Во центарот на курикулумот треба да се учениците. Со курикулумот, покрај потребните знаења се даваат и неопходните вештини со кои треба да се стекнат учениците, исто како и ставовите што тие треба да ги прифатат. Во тој контекст ќе наведам некои од елементите во смисол на претходното што се содржани во курикулумот:[40]

- подготвување на учениците за живот во мултикултурен и мултилингвистички свет;
- развивање кај учениците вештини за комуникација, за решавање проблеми, за лично и општествено однесување;
- подготвување на учениците да ги сфатат економските и индустриските процеси;
- поттикнување и развој на претприемничка свест и култура кај учениците;
- оспособување на учениците да се грижат за своето здравје и
- учениците да се подготвуваат за живот и работа.

Училиштата треба да се грижат нивните ученици да се стекнат со знаење и да се развиваат како граѓани, да се учат на тимска работа, да се подготвуваат за живот, да го осознаат светот на работата, да се подготвуваат како идни родители, да се грижат за околината, да го сфатат значењето на животот и системот на вредности, да развиваат позитивни ставови и да се подготвени за самопроценување.

Една од најважните менаџерски задачи на директорот е управувањето со курикулумот. Курикулумот може да се разгледува од три гледни точки и тоа:[41]

- од гледна точка на ученикот,
- од гледна точка на содржината на курикулумот и
- од гледна точка на општеството.

Овие точки различно се изразени во различно време, и акцентот се поместува од ученикот на содржината и на општеството. Најважно од сé е дека во срцето на образовниот процес треба да биде ученикот. Добриот наставник го третира ученикот исто како што се грижи за цвеќето, додека тоа не порасти и се развие што е можно подобро. Кога се гради курикулумот од страна на општеството, тоа се однесува на тоа

[40] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште*, стр. 24
[41] Dean, J. (1995) *Managing the Primary School*, стр. 54

како возрасните ја користат науката и колку тој свет на наука е потребен. Со помош на курикулумот, учениците се стекнуваат со мисловни вештини и вештини што поучуваат како да се научи, за да можат своите стекнати знаења, вештини и ставови да ги користат ефикасно во иднина, во животот и работата. Наставниците сами одлучуваат за пристапите на учење, колку нивното предавање ќе се заснива на курикулумот и колку надвор од него. Современиот наставник курикулумот го третира како рамка, а не како стега.

При планирањето на секој дел од курикулумот, важно е да се идентификуваат целите на учењето, односно да се утврди точно што учениците ќе добијат на крајот од тој дел. Во курикулумот посебен акцент се става на развојот на вештини на комуникација, решавање на проблеми и донесување на одлуки, но и на развивање на претприемничките вештини. Со вештините на учење, ученикот не се оспособува само да учи, туку и да поставува прашања, да истражува, бара информации, да врши анализа и синтеза. Во процесот на решавање на проблеми, прв и основен чекор е дефинирање на проблемот, контролирање и генерирање на идеи, донесување на одлуки и оценување на истите. Со развивањето на претприемничките вештини ученикот се оспособува за работа и придонес во стопанството и општетсвото во целост.

Задача, на директорот е да изнаоѓа начини за развој на курикулумот и да дискутира со наставниот кадар што сé е потребно за да им се помогне на учениците во усвојувањето на вештините, знаењето и концептите.

За да може едно училиште, како организациски систем да функционира и да ја спроведува својата мисија, неопходно е потребно да се воспостави добра организација на целокупното работење, со цел да се создадат предуслови за нормално реализирање на курикулумот и наставниот процес. Примарни менаџерски задачи на училиштето се:[42]

- ефективна организација за предавање и учење во училиштето;
- развој на ефективна менаџерска структура;
- перманентен развој на персоналот и
- ефективно користење на време, простор и ресурси.

[42] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр. 26

За ефективната организација за предавање и учење во училиштето најодговорен е директорот на училиштето. Тој треба да процени, и соодветно на тоа, да изгради и да одржува организација која дава оптимални можности за учење на учениците, но и професионален развој и усовршување на персоналот. Во добра организација спаѓаат следниве принципи:[43]

- целокупната организација овозможува спроведување на целите;
- сите ученици имаат подеднакви права за користење на ресурсите и
- вештините и способностите на персоналот треба комплетно да се користат.

Постојат докази дека училиштето е многу поефективно доколку во него се работи тимски и одлуките се донесуваат заеднички, а помалку успешно е она училиште во кое директорот ги донесува одлуките сам. Одлуките за организацијата во училиштето се важни за секој член од колективот и затоа потребно е тие да се донесуваат тимски.

Предностите на тимската работа во училиштата се повеќекратни. Така на пример, преку развојот на тимската работа, јакне чувството за демократичност во работењето, а вработените партиципираат во донесувањето на одлуките. Доаѓа до синергија при решавањето на организациските, процедуралните, педагошките, наставно-содржинските прашања и проблеми. Таа овозможува заемно пренесување и разменување на стручното и педагошкото знаење меѓу наставниците. Вработените добиваат чувство на поголема самостојност во работењето, што од своја страна заедно со чувството за вклученост и можност за докажување на сопствените вредности, мотивира. Тимската работа овозможува делегирање на овластувања и одговорности, со што го растеретува менаџментот во училиштето. Од особена важност за училиштата е тоа што преку тимската работа се овозможува корелација меѓу наставните содржини по различните предмети. Затоа, типичен облик на организирана група во училиштата се стручните активи.

[43] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште,* стр. 27

## 1.10 Училиштето – основна детерминанта за обезбедување на квалитетно образование

Секоја држава се стреми кон квалитетно или добро образование. Но, многу е полесно тоа декларативно да се наведе отколку да се конкретизира. Што всушност значи квалитетно образование?

Постои концензус околу тоа дека обезбедувањето на квалитетот е можен пристап што овозможува подобрување на образованието и ефективно постигнување на образовните цели. Процесот на обезбедување на квалитет во образованието се развива на различни начини низ државите во Европа, во зависност од принципите и приоритетите на различните образовни системи. Станува збор за имплементирањето на принципите какви што се на пример: споделена одговорност, транспарентност и пресметливост, поттикнување на промени, децентрализација во донесувањето одлуки.

Денес, кога се зборува за квалитетот во образованието, не може да се избегнат две нешта кои се од огромно значење, а тоа се: **образованието за граѓанска демократија** и **образованието за претприемништво**. Тоа вклучува, покрај другото, активно граѓанство, општествено образование, образование за работа, политичко образование, граѓанско образование, образование за човекови права. Современото образование е такво образование кое значи да се учи како да се биде граѓанин и како да се живее и работи во демократско и претприемничко општество. Овој пристап во третирањето на образованието ги вклучува следните негови особености:[44]

- тоа е стекнато искуство за учењето за цел живот;
- тоа вклучува почитување на права и прифаќање на одговорности (словото на законот);
- тоа ги вреднува културните и социјалните разлики и почитувањето на различностите, правата и одговорностите, овластувањето, партиципирањето и припадноста;
- тоа придонесува за кохезија на општеството, социјалната правда и доброто на сите и

---

[44] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009) *Предизвиците на современото лидерство во образованието*, стр. 17

- тоа го зајакнува граѓанското општество со тоа што им помага на граѓаните да бидат информирани и им дава потребни знаења и животни вештини

Ова образование се добива преку формалното образование во образовните организации, но ништо помал придонес немаат и формите на неформалното и информалното образование. Од особено големо значење за една образовна организација е менаџментот во истата да е посветен и да работи на обезбедување и контрола на квалитетот на образовниот процес и образовните исходи (резултати, постигања и придобивки).

Во натамошниот дел од трудот подетално ќе биде анализирано образованието за претприемништвото.

# 2 ШТО Е ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

## 2.1 Дефинирање на претприемништвото

Денес, еден од многу употребуваните термини во секојдневниот живот се претприемач и претприемништво. Претприемништвото е прв и основен начин на размислување. Тоа опфаќа мотивација на поединецот и капацитет, самостојно или во рамките на една организација, да се идентификуваат можности и да ја извршуваат со цел да се произведе нова вредност или економски успех. Треба креативноста или иновацијата да влезат и се натпреваруваат во постојните пазари, да се промени, па дури и да се создаде нов пазар. За да се претвори бизнис идејата во успех се бара способност креативноста или иновацијата да се усогласат со соодветен менаџмент и да се прилагодат на бизнисот, со цел да го максимизираат својот развој во текот на сите фази од својот животен циклус. Ова оди натаму во дневното управување: се однесува на бизнис амбиции и стратегии.

Но, погрешно е претприемништвото да се третира само како економска категорија, односно дека првата асоцијација на тој поим е само бизнис. Тоа е еднострано гледање на работите. Имено, постојат многу бизнисмени кои не се претприемачи, како што постојат и многу претприемчиви луѓе кои не се занимаваат или не се сопственици на бизнис. Претприемништвото, всушност, е начин на кој што луѓето работаат или го водат својот живот. Претприемништвото им припаѓа на сите сфери на општественото живеење и работење. Затоа денес во теоријата и праксата се среќаваат поимите: лично претприемништво (*entrepreneurship*), корпорациско или организациско претприемништво (*intrapreneurship*), општествено или социјално претприемништво (*social entrepreneurship*), младинско претприемништво (*youth entrepreneurship*) и др.

Претприемништвото претставува еден континуиран процес на промени, во чии рамки во себе, за разлика од иновации компонента, исто така, ризикот и желбата да се постигне успех. Суштината на претприемништвото е универзална и се однесува

подеднакво на секое општество, без оглед на историскиот период на развој. Најважни карактеристики на претприемништвото се: желбата за успех, преземање ризик, иновации, борба да се стигне на врвот, стремеж за самопотврдување, самодоверба, мотивација и знаење. На претприемништвото треба да се гледа како на инструмент за трансформирање на личните и организациските визии во планови, а плановите во реалност. Така, на претприемништвото треба да се гледа како на идеја за унапредување на производот или услугата, но и како на потенцијален дизајн на организациската поставеност во функција на нејзиниот натамошен раст и просперитет.

Зборот *entrepreneurship* (претприемништво) на англиски е позајмен од францускиот јазик. Во францускиот јазик, глаголот *entreprender* значи *да преземеш некаква активност*, со делот *entre*, кој доаѓа од латинскиот јазик и значи *меѓу или помеѓу*, и делот *prender*, со значење *зема*. Во францускиот јазик, лицето што го врши дејството се изразува преку додавање на наставката *-eur* кон глаголот. Зборот претпријатие, или *enterprise* на англиски е многу сличен со францускиот збор *enterpris*, кој е всушност глаголска придавка на глаголот *enterprendre* од француски.[45]

Претприемништвото, како концепт, е сложен за опишување и објаснување. Во последниве триесетина години се појавиле повеќе теории со различни пристапи и придонеси за концептот и улогата на преприемништвото и претприемачите.

Претприемништвото се анализира од различни аспекти и тоа: економски, психолошки, филозофски, менаџерски и други. Како што може да се заклучи, не е лесно да се одговори на прашањето *што е претприемништво?* Да наведеме некои од постоечките дефиниции и теории за претприемништвото:

Drucker[46] (1985), преку примерот на однесување на јапонските фирми во 1980-тите и 1990-тите, укажува дека иновирањето и претприемништвото се дисциплини со свои специфични правила.

Основоположник на претприемништвото се смета францускиот економист Ришар Кантилион (Richard Cantillon, 1680-1734).[47] Кантилион е првиот кој го употребил терминот *претприемач.* Тој ја препознал значајната улога на претприемачот за економската теорија. Според Кантилион, фармерот кој на земјопоседникот му плаќа

---

[45] htpp:// www.wikipedia.com
[46] Draker, P. (1991) *Inovacije i preduzimaštvo (praksa i principi)*, Stopanski pregled – Beograd.
[47] Коев, J. (1996) *Претприемачество*, ИК „Тедина", Варна. стр. 13

фиксна наемнина за фармата или земјата - и тоа без разлика дали ќе оствари профит од она што ќе го произведе - е претприемач. Претприемачот е мотивиран да преземе активности заради остварување на веројатен приход и тоа во иднината. Претприемачот треба да се справува со несигурноста која е природен елемент на пазарот затоа што тој купува производ по позната цена, а го продава производот по несигурна цена и затоа ризикува да загуби пари. „Затоа, Кантилион, ги опиша земјопоседниците како лидери кои врз основа на своето богатство и социјален статус востановуваат модел на пазар, а претприемачот е централениот економски актер. Со тоа Кантилион ја потенцира функцијата на претприемачот, а не неговиот персоналитет."[48] Значи, според Кантилион, „преземањето ризик" од страна на претприемачот за што тој и добива профит од посредувањето, е најважната негова карактеристика.

Адам Смит (Adam Smith, 1723-1790) постави класична шема на економскиот процес. Во неа се третираше постоењето на три основни фактори: земја, труд и капитал. На таков начин се дефинирани и три клучни личности: земјопоседници, работници и капиталисти. Смит сметал дека капиталистот акумулира капитал и најмува работници за да организира производство, но притоа го превзема и ризикот од загуба на средствата за производство. На овој начин, обичниот капиталист бил поистоветуван со претприемач. Но, Смит бил страствен поборник на слободната конкуренција и верувал во силата на пазарот кој со својата невидлива рака ги води поединечните капиталисти кон максимизирање на профитот. „Во таа смисла, Смит даде значаен придонес во опишувањето на она што денес го нарекуваме претприемнички амбиент. Денес, неговото учење за спонтаност на пазарот и за невидливата рака, колку тоа да изгледа чудно и несватливо, пред претставниците на неолибералната економска школа, доживува полна афирмација (значи, повеќе од 200 години подоцна)" [49].

Крупен чекор за развојот на економската мисла за претприемништво направи францускиот економист Жан Батист Сеј (Jean Bapttiste Say, 1767-1832), со тоа што го разграничи претприемачот од обичниот капиталист. Тој, претприемачот го дефинира како личност која ги преместува економските ресурси од област со пониска продуктивност кон област со повисока продуктивност и приходи. Иако претприемачот

[48] Philips, C. (2005) Discussion paper, Southern Denmark Business School.

[49] Фити, Т., Хаџи-Василева Марковска, В., Беитмен, М. (1999) *Претприемништво*, Економски факултет-Скопје, стр.10

го сваќал како четвртиот елемент на класичната шема на економскиот процес, сепак Сеј не успеал докрај да го согледа значењето на претприемачот и да го лоцира неговото вистинското место во капиталистичката стварност, односно дека претприемачот е оска околу која се врти целокупниот економски процес.[50]

Френк Најт (Frank Knigt, 1885-1972) како основа за дефинирање на претприемништвото ги користи несигурноста и ризикот. Според Најт, основното прашање, односно функција на претприемачот е прашањето *што тој треба да произведе и како тоа да го произведе*. Во тој контекст Најт вели: „Задачите на предвидување, технолошкото насочување и контролата на производството и понатаму се концентрирани во една тесна класа на производители, а ние пак, се среќаваме со ново функционирање на економијата“ [51].

Но, економски целосно засновано истражување за улогата на претприемачот направи австрискиот научник Јозеф Шумпетер (Joseph Alois Schumpeter, 1883-1950). Тој е првиот којшто кај претприемачот ја спомнува функцијата „носител на развојот”, покрај „носител на ризикот”. За Јозеф Шумпетер, претприемачот е центар околу кој се вртат сите случувања. Шумпетер прави разлика помеѓу два различни системи на економски активности и тоа: статички и променливи активности. Статичкиот систем, го нарекува „економско кружно движење“. Но, претприемачот кој пред се́ е иноватор, со воведување на свои иновации, го исфрла системот од рамнотежа.

Овој економист од Хардварскиот универзитет ценел дека капитализмот е еволутивен процес во кој застарената економија постојано се заменува со нови процеси преку брзи пресврти, кои тој ги нарекува создавачка деструкција.[52] „Охрабрени од добрите резултати на претприемачите кои први започнале да ги апплицираат иновациите и другите претприемачи ќе тргнат кон инвестициски активности. Стопанството ќе заживее, а зголемената маса пари во оптек ќе предизвика инфлаторни тенденции. Но, во еден момент, висината на цените ќе ги апсорбира расположивите парични средства и заживеаната стопанска активност ќе започне да малаксува. Претприемачите што порано мобилизирале кредити за да ги реализираат иновациите ќе мора истите да ги враќаат.

[50] Kaplan, A. (2014) „European management and European business schools: Insights from the history of business schools“, *European Management Journal*, Volume 32, Issue 4, August 2014, Pages 529–534, преземено на 27.08.2014, достапно на http://dx.doi.org/10.1016/j.emj.2014.03.006.

[51] Philips, C. (2005) Discussion paper, Southern Denmark Business School, p. 66.

[52] Schumpeter J. (1975) *Povjest ekonomse analize I*, Informator, Zagreb, str.534

Така, стопанството ќе премине во фаза стагнација. Профитот ќе исчезне, а таквата ситуација ќе се одржи сé дотогаш додека нова група претприемачи не тргне во повторна реализација на иновациите кои во меѓувреме уследиле.“ [53] На овој начин, економијата се развива во циклуси кои се во директна зависност од научно-технолошкиот развој.

Шумпетер предвидува дека со раздвојување на функцијата на сопственоста од функцијата на управување, менаџерите нема да покажат доволно тенденција кон превземање ризици. На тој начин ќе се намали или сосема ќе исчезне иницијативата за иновирање и тоа ќе биде еден од битните фактори за неуспех на капитализмот како систем.[54] Но, овој автор ја превидел можноста за реанимација на индивидуалното претприемништво како и развојот на таканаречено корпоративно претприемништво или интраприемништво.

Кирцнер (Izrael Kirzner, 1930) го поврзува претприемништвото со несовршена дистрибуција на информацијата. Овој автор не се согласува со постоење на еквилибриум во економијата, бидејќи не верува во претпоставката за целосна информација. Економијата е опишана како процес на истражување, откривање на можност и учење. Претприемачот ја прифаќа предноста на неперфектната дистрибуција на информации и се обидува да профитира врз основа на супериорна информација како и врз основа на знаењата кои ги поседува.[55]

Иако интересот за претприемништвото во почетокот на 1980-тите години од минатиот век значајно се зголемува, сеуште е мал бројот на автори кои се обидуваат да презентираат економска теорија за претприемништвото.

Марк Касон (Mark Casson) дава значаен придонес за дефинирањето на претприемништвото. Касон, врз основа на синтетизирање на селектирани придонеси кон економската теорија, се обидува да развие економска теорија за претприемништвото во склоп или блиску до етаблираната економска теорија. Касон го дефинира претприемачот како личност која специјализира правење на просудувачки

[53] Цитирано кај Фити, Т., Хаџи-Василева Марковска, В., Беитмен, М. (1999) *Претприемништво*, Економски факултет-Скопје, стр.15

[54] *Ibid.*

[55] Gunning, J. P. (2004) *Israel Kirzner's Entrepreneurship*, преземено на 28.07.2014 год., достапно на http://www.constitution.org/pd/gunning/subjecti/workpape/kirz_ent.pdf

одлуки за координирање на ограничени ресурси.[56] Оваа дефиниција ја поткрепува со следниве пет аргументи:[57]

- Претприемништвото се јавува како личен квалитет кој на одредени личности им овозможува да носат одлуки со далекусежни последици;
- Претприемачот има подобра или порелевантна информација во однос на другите луѓе;
- Претприемачите се мотивирани од самоинтерес, односно се трудат да го максимизираат профитот за количината на вложениот труд;
- Претприемачот верува дека тој е во право, додека сите други веруваат дека тој греши. Оттука, есенцијално за претпиемништвото е да се биде различен, односно претприемачот е личност која има различна перцепција за ситуацијата;
- Претпиемачот, често пати мора да креира институција со цел да направи пазари помеѓу себе и други трансакционери.

Може да се заклучи дека претприемачите во бизнисот се сметаат за значаен темел во капиталистичкото општество. Во одредени кругови се прави разлика меѓу бизнис претприемачите во смисла на „пазарни" или „политички" претприемачи, додека основните принципи на социјалните претприемачи вклучуваат креирање на социјален, односно општествен и / или бенефит на околината.

Во голема мера, претприемачите имаат слични карактерни црти со лидерите. Меѓутоа, теориите за претприемништвото што се базираат на карактерните црти се почесто се третираат како дискутабилни. Претприемачите, многу често, контрастивно се анализираат во однос на менаџерите и администраторите, за кои постои мислење дека се пометодични, а помалку подготвени на ризикување. Дискутабилната вредност на овој модел во чиј фокус е личноста на претприемачот се должи на тоа што претприемачите во реалниот живот се почесто настапуваат во тимови, а се поретко како индивидуалци. Сепак, еден огромен дел од стручната литература која веќе се смета за застарена, а се занимава со проучување на личноста на претприемачот, открива дека врз претприемничкиот потфат влијае социјалниот контекст, како и карактеристиките на личноста, односно психолошкиот профил на личноста.

[56] Philips, C. (2005) *Discussion paper*, Southern Denmark Business School, p. 68.
[57] *Ibid.*

Според Секстон[58], претприемништвото во теоријата се дефинира како процес на идентификување на можностите на пазарот, наоѓање ресурси кои ќе овозможат експлоатирање на тие можности и неопходно активирање заради искористување на мож-ностите, се со цел да се постигне долгорочна лична добивка.

Стивенсон (H. H. Stevenson) и Салман (W. A. Sahlman) прават разлика помеѓу оние кои претприемништвото го идентификуваат како економска функција, оние кои претприемништвото го идентификуваат во личноста и оние кои претприемништвото го идентификуваат во форми на однесување. Стивенсон и Салман ја презентираат следната дефиниција за претприемништвото: „Претприемништво е начин на управање, односно менаџирање, кое вклучува гонење на можност со страст без оглед на расположивите ресурси. Претприемачите ја препознаваат можноста, ги обезбедуваат потребните ресурси, спроведуваат практичен акционен план, и ги собираат плодовите на успехот"[59].

Овие автори наведуват дека претприемништвото е мошне значајно за креирање на нови работни места во САД. Иако Стивенсон и Салман го опишаа претприемачот како економска функција, тие укажуваат дека претприемачот е во областа на менаџментот. Притоа, како крајни екстреми во спектарот на менаџерското однесувањето, прават разлика помеѓу претприемнички менаџмент и административен менаџмент.

Претприемништвото не е врзано само за поединецот туку тоа е присутно и во големите компании и тоа во форма на интраприемништво. Претприемништвото е присутно и во јавната администрација.

Стивенсон и Салман идентификуваа неколку димензии на дистинкција помеѓу двете екстреми, односно помеѓу промотерскиот менаџмент (претприемнички менаџмент) и довереничкиот менаџмент (класичен менаџмент).

Дефиницијата за претприемништвото, лансирана пред дваесетина години во Бабсон Колеџот при Харвардскиот факултет за бизнис вели дека претприемништво е начин на размислување, градење на филозофија и делување. Претприемништвото со страст е насочено кон можноста, претприемништвото има целовит пристап и лидерски е

---

[58] Секстон, Д. (1991) *Претприемаштво*. Детра, Скопје. стр.4-9

[59] Sahlman, W.A., Stevenson, H.H.(1992) *The entrepreneurial venture*, Harvard business school publications, p.1

балансирано. Но, постојат повеќе обиди за обединување на дефинициите и теориите за претприемништво. Денешниот свет бара нова дефиниција на претприемништвото.[60]

Може да се види дека не постои универзална дефиниција на поимите претприемништво и претприемач. Различни автори даваат различни видувања и објаснувања во определувањето на поимот претприемништво, како и во определувањето на местото и улогата на претприемачот.[61]

| | |
|---|---|
| ***Жан Баптис Сеј:*** | Претприемачот ги пренесува економските ресурси од подрачје со помала, во подрачје со поголема продуктивност и се разбира, поголем доход. |
| ***Израел Кицнер:*** | Претприемачот е оној кој ја согледува можноста за остварување на профит. |
| ***Џек Хај:*** | Претприемачот има способност за: творење, создавање и проценка на ситуацијата. |
| ***Питер Дракер:*** | Претприемачите ја бараат промената, не ја создаваат, таа постои објективно и независно од нив. Претприемачите реагираат на промената и ја експлоатираат како можност за остварување на профит. |
| ***Роберт Хисич:*** | Претприемништвото е процес за создавање на различни важни, вносни и ценети добра, што бара соодветни напори и време. Претприемачот презема: финансиски, физички и морален ризик, а како компензација за тоа е неговото финансиско и морално издигнување. |

Постои силна врска помеѓу претприемачот и шансата (можноста). „Резултатите од истражувањата покажаа дека претприемничкиот процес е сочинет од можноста, ресурсите и претприемничкиот тим (три компоненти). Иако за новиот ризичен бизнис потфат се критични сите три компоненти, шансата е она суштинското. Препознавањето и проценката на шансата е јадро на секое претприемништво и тоа без разлика дали се планира започнување на бизнис или се планира проширување на веќе постоен бизнис. Претприемачите треба да имаат желба и способност да бидат опседнати од шансата, но и да поседуваат вештини да се справуваат со таа шанса. Претприемачите, шансите за бизнис ги бараат во промените. Доколку ја препознаат можноста и позитивно ја проценат, успешните се способни - во динамично променливиот амбиент - да креираат

[60] *Define entrepreneurship*, преземено на 02.09.2014год., достапно на http://define.babson.edu/?tn=9. Pristapeno 02.09.2014

[61] Коев Ј. (1996) *Претприемачество*, ИК „Тедина", Варна. стр. 13-14

ресурси. Неуспешните, често се потпираат на потенцијал и експлоатација на една шанса и по оопределено време престануваат да гонат нови шанси.“ [62]

Според К. Петковски, претприемачите го сакаат нивното патување, не нивната дестинација. Тие се „трагачи“ по возбуди. Претприемачот поседува ентузијастичка визија која претставува движечка сила на потфатот. Визијата на претприемачот обично е поткрепена со сплет на специфични идеи кои не се достапни на пазарот. Целокупниот план за реализација на визијата е јасен, иако може да се најдат детали кои се нецелосни, непостојани или променливи. Претприемачот ја промовира визијата со ентузијастичка страст. Претприемачот развива стратегии за промена на визијата во реалност, со изразена истрајност и одлучност. Претприемачот ја презема првичната одговорност за претворање на визијата во успех.[63]

Претприемачите преземаат претпазлив или пресметан ризик. Ги пресметуваат трошоците, ги предвидуваат потребите на пазарот / клиентите и ги убедуваат останатите да се приклучат и да помогнат. Претприемачот, вообичаено, позитивно размислува и донесува одлуки. Секој успешен претприемач придонесува не само за себе туку и за општеството, регионот и за државата во целост.

Затоа, со право може да се каже дека претприемништвото е мултидимензионално и тоа може да се случи во различни контексти, економски, социјални или други, и во сите видови организации но најчесто се фокусира на контекстот на бизнисот. Претприемништвото претставува креативен или иновативен влез со цел да конкурира на постојниот пазар или дури и да креира нов пазар. Претприемништво е умствена активност и процес на креирање и развој на економска активност со микс на преземање на ризик, креативност и/или иновативност со специфичен менаџмент, и тоа во нова или постојна организација. Тоа е значајно за креирањето на работни места и за економски раст. Претприемништвото има суштинско значење за конкурентноста, го ослободува личниот потенцијал и овозможува реализација на општествените интереси. Претприемништвото се случува на индивидуално нивó, на нивó на фирма, на нивó на локален економски развој, како и на ниво на национална економија.

---

[62] Пандев, Д. (2000) *Водич за претприемништво и мал бизнис*, Економски институт – Скопје, стр.7

[63] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009) *Предизвиците на современото лидерство во образованието*, Херакли Комерц, Битола, стр. 68

Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање претприемничко општество, како во развиените земји, така и во земјите во развој. Основата на секое претприемничко општество е создавање на претприемачката свест и култура, кај секој поединец и општеството во целина. Претприемништвото, претприемничката култура и претприемничкиот менаџмент се одлика на современите пазарни економии.

Препознавајќи ја потребата за драстична трансформација на економијата, Советот на Европа на Лисабонската програма и ја додаде димензијата за одржлив економски развој. Во Лисабонската програма особено значење се посветува на претприемништвото, иновациите и малите и средни претпријатија како двигатели на новата економија.

Европскиот совет претприемништвото го дефинира на следниот начин:[64] Претприемништво се однесува на способност на личноста да ги претвара идеите во акција. Тоа вклучува креативност, иновативност и превземање на ризик, како и способност за планирање и менаџирање на проекти за да се постигнат цели. Тоа секому се случува во секојдневниот живот и тоа дома, во општеството, понатаму стануваат свесни за контекстот на својата работа и стануваат способни да ги пригрaбат можностите, а тоа е основа за повеќе специфични вештини и знаење што се потребни за претприемачи и тоа за востановување на општествена или комерцијална активност.

Неопходните суштински знаења кои се однесуваат на ова компетенција вклучуваат расположливи ресурси за лични, професионални и бизнис активности.

Претприемништвото е сложен и динамичен процес кој постојано трага по нови решенија, прави оптимална комбинација на расположливите ресурси, презема ризик и сл., се со цел успешноста на работата на компанијата да биде поголема. Со ваквиот однос претприемништвото и претприемачите придонесуваат и за развојот на националната економија во целина. Оттука, во економската теорија и практиката на претприемништвото му се посветува особено внимание, бидејќи во крајна линија, од неговата динамичност и успешност, зависи и стапката на стопански раст и развојот на земјата.[65]

---

[64] Commission Communication. *Fostering entrepreneurial mindsets through education and learning*. COM (2006) 33 final.

[65] Гоцевски, Т. (2003) *Образовен менаџмент*, Македонска ризница, Куманово. стр.230.

Претприемништвото претставува еден континуиран процес на промени кој во себе, покрај иновативната компонента, го вклучува ризикот и желбата да се постигне успех. Суштината на претприемништвото е универзална и важи за сите општества и историски епохи од неговиот развој, а се однесува на: успех, ризик, неизвесност, фантазија, иновативност, борбеност, желба за самопотврдување, интуиција, самоувереност, мотивираност, знаење.[66]

Од горенаведените дефиниции може да заклучиме дека претприемништвото не е само перманентен процес на реалокација на развојните ресурси во потрага по подобри резултати, ниту пак, само континуиран процес на комбинација и субституција на развојните фактори за постигнување на одредени цели. Тоа е секогаш сврзано со иновациите кои секогаш креираат и промовираат нешто ново, нешто различно од постојното кое не само на микросубјектите, туку и на целата национална економија и дава нова развојна енергија. Затоа, претприемништвото, како непрекинат процес на промени, во себе го инкорпорира и ризикот кој е негова иманентна особеност.

Претприемништвото им припаѓа на луѓето, нивниот избор и акции во започнувањето, преземањето или водењето на бизнис, или нивно вклучување во стратешкото донесување на одлуки. Претприемачите се хетерогена група и доаѓаат од сите сфери на животот. Сепак, постојат одредени заеднички карактеристики на претприемачкото однесување, вклучувајќи и подготвеност да превземе ризик и осет за независнот и самореализација.

Денес, областа за претприемништвото е неделива од контекстот на глобализацијата. Претприемништвото мора да се инкорпорира во стратегиите за економски развој, како и во стратегиите за локален економски развој. Претприемачите и претприемничкиот процес се поврзани со областите за можности, мрежи, креативност и иновации, со индивидуалното битие, новите начини на здружување, процесите на одлучување, неизвесноста и ризикот, со општествениот капитал, новите форми на финасирање, ризичниот потфат и слични нови општествено економски феномени.

[66] Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004) *Водење на динамично училиште - организација, приоритети, предизвици и достигнувања*, Биро за развој на образованието на Р.Македонија. стр. 68

Препознавајќи ја потребата за драстична трансформација на економијата, Советот на Европа на Лисабонската програма и ја додаде димензијата за одржлив економски развој. Во Лисабонската програма се посветува особено значење на претприемништвото, иновациите и малите и средни претпријатија како двигатели на новата економија. Ако сака да ја направи успешна Лисабонската стратегија за раст и вработување, Европа треба да ги стимулира претприемачките умови на младите, да поттикнува иновативни бизнис проектот, и да придонесе за култура која е поповолна за претприемништво и за растот на малите и средни бизниси. Важната улога на образованието во промовирањето повеќе претприемачки ставови и однесувања, почнувајќи уште во основно училиште, сега е широко призната.

Според *Зелената книга за претприемништво* (*Green Paper on Entrepreneurship in Europe*) на Европската комисија, претприемништвото е креативен капацитет на поединецот, самостојно или во рамките на една организација, да се идентификуваат можностите и да ги остварат, со цел да се произведе нова вредност или економски успех.[67]

Зелената книга[68] треба да се гледа во контекст на Европскиот совет во Лисабон што се одржа во 2000 година. Целта што тогаш е дефинирана беше да се направи Европската унија (ЕУ), до 2010 година „најконкурентна и најдинамична економија заснована на знаење во светот, способна за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија“[69].

Со оглед на важноста на претприемништвото и духот на бизнисот за поконкурентна и подинамична Европа, Комисијата сакаше „да се запали фитилот“ на дебати за улогата на духот на компаниите и како тие може да се зајакнат.

Зелената книга, пред сé, дава кратка дефиницијата претприемништвото и неговото значење. Таа потоа ги проучува условите потребни за да се поттикне start-up бизнис, и нуди водич на претпријатијата кон раст, пред да отпочне да ги истражува можните активности во оваа област.

[67] *Commission Green Paper of 21 January 2003 on Entrepreneurship in Europe [COM (2003) 27 final* - Not published in the Official Journal] dostapni na *Green Paper - Entrepreneurship in Europe*, преземено на 26.08.2014год., достапно на http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52003DC0027.

[68] European Commission (2003), *GREEN PAPER: Entrepreneurship in Europe*, Brussels.

[69] Lisbon European Council (2000), *Presidency Conclusions*, преземено на 12.06.2014 год., достапно на http://www.europarl.europa.eu/summits/lis1_en.htm

Во духот на нов отворен метод на координација, Зелената книга дава бројни примери врз основа на најдобрите практики во земјите-членки за тоа како да се зајакне претприемништвото.

Европскиот совет од март 2006 година ја нагласи потребата од позитивна претприемачка клима и основни услови за олеснување и поттикнување на претприемништвото и ги покани земјите-членки да воведат поголеми мерки, вклучувајќи го и образованието за претприемништво.[70]

По Европската конференција во Осло, во октомври 2006 година, на која беше претставено богатството од примери на добра практика, Комисијата ја објави „Осло Агендата за претприемничко образование во Европа“[71]. Идејата беше да се обезбеди мени од кое сите чинители ќе можат да изберат соодветни елементи.

## 2.2 Компетенцијата за претприемништво во рамките на Лисабонската стратегија за развој на Европа

Значењето за развојот на компетенцијата за претприемништво е двојно, од една страна е усвојувањето на знаења, вештини и ставови, додека од друга страна е нивната практична примена. Ова е нагласено и во Заклучоците[72] на претседателството на Советот на Европа во 2000 година, која е позната под името Лисабонска стратегија. Наведениот извештај ја нагласува потребата за развој и зајакнување на тие знаења и вештини кои можат да ја пронајдат својата продуктивна функција во општеството. Од друга страна, многу е сложена задача да се concipира во склоп на основното и средното образование, како и да се развиваат решенија кои се насочени кон развојот на претприемништвото кај учениците од основно и средно образование.

[70] Commission of the European communities (2006), *Implementing the Community Lisbon Programme: Fostering entrepreneurial mindsets through education and learning*, Brussels, COM(2006) 33 final, преземено на 26.08.2014год., доспатно на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2006:0033:FIN:EN:PDF

[71] *Oslo Agenda for Entrepreneurship Education*, преземено на 26.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/ policies/sme/files/support_measures/training_education/doc/oslo_agenda_final_en.pdf

[72] Lisbon European Council (2000), *Presidency Conclusions*, преземено на 12.06.2014год., доспатно на http://www.europarl.europa.eu/ summits/lis1_en.htm. Pristapeno na 12.06.2014

Зошто претприемништвото е нагласено како важно за развој на Европската унија и е вклучена во нејзините стратешки цели? Лисабонската стратегија го дефинираше знаењето како клучна компаративна предност на Европа во склоп на глобалната економија. Според неа, потребен е развој на тие активности кои низ креирањето на знаењата, иновацијата и динамичното производство ќе придонесува за економски развој. За таков развој на Европа потребни се повеќе претприеначки активности кои ќе му служат на зајакнувањето на економијата. Освен ова, се мисли дека претприемништвото му служи на развојот и реализацијата на личниот индивидуален потенцијал, преку поттикнување на креативноста, самореализацијата и самостојноста. Неведените причини кои зборуваат во прилог на развојот на претприемачките компетенции ја сочинуваат основата за да се донесе одлука да претприемачката компетенција се зацврсти во рамките на Европските компетенции.

Во последните неколку години Европската комисија, и нејзините стручни тела, објавија голем број специфични извештаи на тема концептуализација на претприемничката компетенција во образованието.[73] Исто така се собрани искуствата на земјите членки, односно примери од позитивната практика во нивните образовни системи. Но, може да се каже дека концептуализацијата на компетенциите, како и упатствата за нејзина имплементација во образовниот процес на основното и средното образование, во моментот е на експериментална фаза. Потребно е време пред постојните препораки и примери на денешната пракса во училиштата, да покажува вистински резултати, односно пред да се обработат квалитетни анализи на нивното влијание.

Предлогот на Европската комисија за претприемништво (2003) го дефинира претприемништвото како став и процес на создавање и развивање на економските активности преку превземање на ризик, креативност и иновација, со квалитетен внатрешен менаџмент на новата или постоечката организација. Претприемачите се важни за иднината на Европската унија за да претставуваат иницијатори на промените и развојот во пазарот на трудот, и со тоа го забрзуваат создавањето, проширувањето и

[73] Commission of the European Communities, *Education and training for entrepreneurship - reference documents*, преземено на 26.08.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/ documents/education-training-entrepreneurship/ index_en.htm

примената на новите идеи. Според извештајот на OECD[74] (1998) претприемачите не само што изнаоѓаат и идентификуваат потенцијални профитабилни можности, него су и подготвени да превземаат ризик со што би провериле дали се во право или не.

Концептот на претприемништво, според тоа како е дефиниран во рамките на клучните компетенции се состои од неколку елементи: карактеристики на личноста, вештини, знаења и ставови. Се смета дека следниве карактеристики на личноста ја сочинуваат основата на претприемачката личност: иницијативност, проактивност, самостојност, мотивација и одлучност, водство, како и склоност за преземање ризик. Меѓу важните вештини се следниве менаџерски вештини: планирање, организација, распоредување на задачите и анализа. Натаму, важна е способноста за тимска работа, како и способноста за квалитетна проценка на сопствените предности и недостатоци. Специфичните знаења поврзани со претприемништвото се основа на економската писменост, како и на општото разбирањето на механизмите на функционирање на пазарната економија.

Земјите членки на Европската Унија се согласија за важноста на претприемачките компетенции и се согласија да пристапата кон спроведување на сопствени мерки кои ќе го зајакнат нивниот развој. Во склоп со ова, Стручните групи на Европската комисија дефинираа акциски чекори кои се потребни за реализација на оваа цел. Според Акцискиот план[75] на Комисијата (2004) образованието за претприемништво треба да се интегрира во состав на образованието со поддршка на локалните и националните тела. Како што наведува Европската комисија (2003) [76], бидејќи карактеристиките на личноста и разните вештини за управување се клучни елементи за успех, и едната и другата треба да се развиваат преку образованието уште од раниот детски развој, па се до високото образование. За да се постигне наведената цел потребно е да се ревидираат постоечките национални курикулуми со цел да се вклучи претприемачката компетенција. На возраст на децата во основно образование потребно е да се внесуваат активности кои го подигнуваат свеста на децата за

[74] OECD (1998), *Fostering Entrepreneurship*, Paris: OECD

[75] Commission of the European communities (2006) *Action Plan: The European agenda for Entrepreneurship*, Brussels, COM (2004) 70 final, преземено на 26.08.2014, достапно на ftp://ftp.cordis.europa.eu/pub/incubators/docs/action_plan_on_ entrepreneurship.pdf

[76] European Commission. (2003). *Green Paper Entrepreneurship in Europe*, преземено на 26.08.2014 год., достапно на http://europa.eu.int/comm/enterprise/entrepreneurship/green_paper/

позитивните аспекти на претприемништвото, ги зајакнуваат карактеристиките и ги поттикнуваат ставовите и вештините потребни за претприемништво. Понатаму, со влегувањето на образованието за претприемништво во училиштата, потребно е на наставниците да им се даде адекватна поддршка преку ресурси и програми за професионален развој. На крај, Комисијата смета како секој треба да даде придонес во создавање на општетсво кое ќе го цени претприемништвото, што бара менување на постоечките ставови во Европа по однос на претприемништвото.

## 2.3 Што е образованието за претприемништво и зошто претприемништво?

*На Европа ѝ требаат повеќе претприемачи, повеќе иновации и повисок раст на малите и средни претпријатија. Ова е причината зошто е неопходно да се стимулира претприемачкиот ум на младите луѓе. Важната улога на образованието во промовирањето на повеќе претприемачки ставови и однесувања е сега широко призната.*[77]

Претприемништво се однесува на способноста на поединецот да ги претвори идеите во акција. Тоа опфаќа креативност, иноватривност и преземање ризик, како и способност да се планираат и да се управува со проекти, со цел да се постигнат одредени цели. Тоа ги поддржува сите во секојдневниот живот дома и во општеството, ги прави вработените се повеќе свесни за контекстот на својата работа и за подобро искористување на можностите, и обезбедува основа за поставување на претприемнички општествени или комерцијални активности.[78]

Образованието за претприемништво не треба да се меша со студиите за бизнис и економија, бидејќи неговата цел е да промовира креативност, иновации и самовработување. Затоа, договорено е постоечките активности и програми да се

[77] *Education & Training for Entrepreneurship, European Commission*, преземено на 24.08.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/education-training-entrepreneurship/index_en.htm

[78] Commission Communication. *Fostering entrepreneurial mindsets through education and learning*. COM (2006) 33 final. преземено на 21.08.2014, достапно на http://www.eesc.europa.eu/?i=portal.en.soc-opinions.18027

квалификуваат како образование за претприемништво, ако вклучуваат најмалку два од следниве елементи:

а) развој на личните атрибути и генерално применливи (хоризонтални) вештини кои ја создаваат основата на претприемачки начин на размислување и однесување;

б) подигнување на свеста на учениците за самовработување и претприемништво како можни кариерни опции;

в) работа на практични проекти и активности со претрпијатија, на пример управување со мини компании и

г) обезбедување специфични бизнис вештини и знаења за тоа како да се започне и успешно да се води компанија.

Претприемничките програми и модули им нудат на учениците алатки за да размислуваат креативно, ефективно да ги решаваат проблемите, објективно да ги анализираат бизнис идеите и да комуницираат, да се здружуваат, да предводат и да оценуваат даден проект. Учениците се чувствуваат посигурни за поставување сопствени бизниси доколку тие можат да ги тестираат своите идеи во образовна, поттикнувачка средина. Сепак, придобивките на образованието за претприемништво не се ограничени само на зголемување на почетни компании, иновативни вложувања и нови работни места.

Претприемништвото е компетенција за секого, помагајќи им на младите луѓе да бидат покреативни и самоуверени во она што го преземаат.

Препораката на Европскиот парламент од 18 декември 2006 за клучните компетенции за доживотно учење[79] го идентификува чувството на иницијатива и претприемништво „како едно од осумте клучни компетенции кои треба да се вметнат во сите фази на образованието".

---

[79] *RECOMMENDATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 18 December 2006 on key competences for lifelong learning*, „OFFICIAL JOURNAL OF THE EUROPEAN UNION" 30.12.2006, 2006/962/EC, OJ L 394/10, Brussels, 18 December 2006, преземено на 17.06.2014, достапно на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2006:394:0010:0018:en:PDF

Заедничка анализа од страна на Комисијата[80] и националните власти покажува дека иако во тек се голем број иницијативи за образование за претприемништво на сите нивóа во ЕУ, најголем дел од нив не се ниту интегрирани во наставните програми, ниту се дел од кохерентна рамка и како резултат на тоа повеќето студенти сè уште не можат да учествуваат во курсеви и програми за претприемништво.

Образованието за претприемништво може да биде особено ефективно во почетокот на насоченото (стручно) образование, бидејќи тогаш учениците се блиску до почетокот на нивниот работен век и самовработувањето може да биде многу важна опција за нив. Но, сепак, недостасува вистинска фокусираност на претприемништвото во повеќето случаи, бидејќи за главна цел се смета произведувањето квалификувани работници.[81]

## 2.4 Претприемништвото и средното стручно образование и обука (СОО)

Стручно образование и обука е било какво формално, пост-задолжителното образование, со кое се развиваат знаења, вештини и атрибути поврзани со одредени форми на вработување, иако во некои толкувања се исклучува професионалното образование.[82] Тоа вклучува почетна обука и професионален развој и е тесно поврзано со доживотно учење.

Стручното образование и обука (vocation education and training – VET) може да се дефинира и како обука за посебна професија во земјоделството, трговијата, индустријата или преку комбинација на теоретска настава и практични искуства од страна на многу средните училишта во нивните комерцијални и технички поделби и од

[80] *The Best Practice Project*. Финалните извештаи, преземени на 26.08.2014 год., достапни на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-enterpreneurship/education-training-enterpreneurship/index_en.htm

[81] *The Best Practice Project: Education & Training for Entrepreneurship – Final Raport*, Финален извештај на експертската група, (2002), преземено на 26.08.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-enterpreneurship/education-training-enterpreneurship/index_en.htm

[82] *Vocational education and training (VET)*, преземено на 28.08.2014., достапно на http://www.qualityresearchinternational.com/glossary/vet.htm

специјализирани образовни институции поставени како колеџи (како колеџи за земјоделство, факултети за инженерство, или технички институти).[83]

Австралиското национално тело за обука (2004) го опишува СОО (VET) како: Стручното образование и обука (СОО) обезбедува вештини и знаења за работа, ги подобрува можностите за вработување и помага за доживотно учење. Во денешниот Австралија, VET се нуди не само во јавниот TAFE - систем, но, исто така, преку приватни услуги за обука и во средните училишта. Тие може да водат до можности за универзитетски студии, и овозможува до шест нивоа на национално признати квалификации во повеќето индустрии, вклучувајќи висок раст, како и нови економски индустрии.[84]

Дефинирањето и обезбедувањето на стручно образование значително варира меѓу земјите на OECD. Системите за стручно образование и обука се движат од високо регулирани структури во земјите со дуален систем до ситуации како во Велика Британија, каде што стручно образование е високо фрагментирано и учењето во стопанството нема законски дефинирана идентитет (Steedman, 2001).[85]

Според терминологијата на легислативата на Европското образование и обука тручно образование и обука[86], и адаптирано[87] од Европската фондација за обука во 1997 година, стручното образование и обука - СОО (vocation education and training – VET) има за цел да им овозможат на луѓето знаење, знае-како (know-how), вештини и / или компетенции потребни во посебни професии или пошироко на пазарот на трудот.

Стручните програми се разликуваат од академските во нивната наставна програма и во нивната цел на општа подготовка на учениците за одредени видови на професии и, во некои случаи, за директен влез на пазарот на трудот. Стручното образование и обука (СОО) има различни форми во различни земји, но, исто така, и во

---

[83] Преземено на 28.08.2014, достапни на www.merriam-webster.com/dictionary/vocational%20education

[84] Australian National Training Authority (ANTA), 2004, *VET - What is it?* преземено на 28.08.2014год., достапни на http://www.anta.gov.au/vetWhat.asp

[85] Hoeckel, Kathrin (2008) *Costs and Benefits in Vocational Education and Training*, преземено на 04.07.2014год., достапни на http://www.oecd.org/education/innovation-education/41538706.pdf

[86] Terminology of European education and training policy-a selection of 100 key terms. CEDEFOP, Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008, преземено на 07.08.2014год., достапни на http://www.cedefop.europa.eu/EN/publications/13125.aspx

[87] Mansfield, B., Schmidt, H. (2001) *Linking Vocational Education and Training Standards and Employment Requirements - An International Manual*, Prepared for the European Training Foundation, преземено на 02.07.2014год., достапни на http://www.etf.europa.eu/pubmgmt.nsf/(getAttachment)/1B0D23E77876 D6F7C12571FE00473D6B/$File/ NOT E6UAEET.pdf

рамките на една земја. Почетното стручно образование нормално води до потврда (сертификат) на средно ниво на образование. Земајќи ги предвид разликите помеѓу европските земји, дефиницијата на стручното образование е опширна, и ги вклучува сите стручни, технички и комерцијални училишта и колеџи, и сите можни полиња на специјализирана обука.

Британскиот совет (2011) истакна дека Конвенцијата на УНЕСКО го опишува стручното образование и обука, како: „сите форми и нивóа на образовниот процес кој ги вклучува, во прилог на општо познавање, студиите на технологии и сродни науки, стекнување на практични вештини, знаења, ставови и разбирање во врска со занимања во различни сектори на економскиот и социјалниот живот“[88].

Британскиот совет (2011) додава дека: „Во Велика Британија, стручното образование и обука вклучува комерцијален, технички и професионален развој како и преносливи лични вештини. И во нашиот систем, ништо не останува долго. Тоа е затоа што вештините потребни во економијата постојано се развиваат, во согласност со глобалните трендови и технолошки достигнувања. Така, системот обезбедува да може да се одговори на овие потреби преку рамка за квалитет која гарантира дека се обезбедуваат постојано високи стандарди“ [89].

West (1999) идентификува три типа на средното стручно образование. Според него, областа на стручното образование и обука (СОО) има висок профил во рамките на ЕУ. Сепак, важно е да се нагласи дека не постои меѓународно прифатените група на дефиниции на типови на средно стручно образование. И покрај овој недостаток на меѓународен консензус, може да се разликуваат три главни типови на средното стручно образование (Descy and Westphalen, 1998): [90]

- иницијалното стручно образование и обука (initial vocational education and training - IVT);
- продолжување на стручното образование и обука (continuing vocational education and training - CVT) и

[88] Преземено на 28.08.2014год., достапно на http://www.qualityresearchinternational.com/glossary/vet.htm
[89] British Council (2011) *What Do We Mean By Vocational Education& Training?* преземено на 23.08.2014, достапни на http://www.britishcouncil.org/china-education-vocational-vetinuk-definition.htm
[90] West, A., (1999) *Vocational education and training indicators project EU priorities and objectives related to VET*, November (European Commission, European Centre for the Development of Vocational Training (Cedefop))

- стручно образование и обука за невработените (vocational education and training for the unemployed - UVT).

IVT е предвидено за младите луѓе на возраст од 15/16 години по задолжителното образование, но пред да влезат работа. Ваквиот вид на стручно образование и обука генерално се предвидува во средното училиште или во комбинација училишни програми и програми базирани на работа (старжирање, наставна пракса). Тоа се финансира воглавно преку јавни фондови и во помала мера од страна на претпријатијата, на задолжителна или доброволна основа. Ако високото образование е класифицирано во рамките на целокупната рамка на IVT, тогаш поединецот, исто така, придонесува за финансирање.

CVT е наменето за сите видови на образование и обука кои се предвидени за возрасни на пазарот на трудот за стекнување и надградување на личните, флексибилни и / или стручни компетенции. Тоа не е нужно поврзано со работата, но е со скратено работно време. МВТ е финансиран од ЕУ, од страна на јавните власти, со социјалните партнери, од страна на претпријатијата и поединците. Финансирањето зависи од одреден тип на обука, политики на национално и / или регионално ниво, политики и практики на претпријатијата и поединците и нивната желба и можнпсти да го платат ваквиод вид образование и обука.

UVT се предвидува за обука за лицата кои се а) без работа, б) во моментов на располагање за работа и в) кои бараат работа (МОТ, 1990). Таа е финансирана главно од страна на владите и, во помала мера од страна на ЕУ, во зависност од земјата (преку, на пример, Европскиот социјален фонд). Може да има средства од региони / претпријатија, но ова ќе се разликуваат помеѓу земјите-членки. Поединци ретко ќе биде во позиција да го финансира овој тип на обука за себе.

Придонесот од националните експерти ја истакнаа големата разновидност на системите за стручно образување во Европските земји, како и големиот избор на стручни училишта и насоки, дури и во рамките на истата земја. Почетното стручно образование и обука може да биде реализирано во училиштето, или пак може да биде реализирано делумно во училиште, а делумно во некоја компанија (како во дуален систем). Возрасната група може да варира значително, во зависност од различните насоки и точките на влез и излез на учениците во и од тоа стручно образование. Во

многу случаи, на надворешните организации (како НВО) им се дава одговорноста за водење на претприемнички програми врз основа на практичното искуство, на пример, преку употреба на симулации или креирање мини-компании.

Вообичаено се идентификувани следниве клучни прашања кои заслужуваат посебно внимание:

- соработка на ниво училиште - претпријатие и отворање на образовните институции кон надворешниот свет;
- обука на наставници;
- употреба на проектна работа, симулации и основање компании од страна на учениците;
- кои се најефикасните методи и
- истражување и проценка на влијанието на претприемничките програми.

# 3. ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА НА ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

## 3.1 Општ преглед на тековната состојба

Претприемништвото е вклучено во националната наставна програма за стручно образование во повеќето европски земји, барем до одреден степен. Во некои од тие земји (како во Естонија, Шпанија и Полска) учеството е задолжително, но во повеќето случаи претприемништвото е изборен предмет или е задолжителен само во некои делови на системот на стручно образование, а не во другите.

Сепак, интересно е да се напомене дека дури и во оние земји каде што претприемништвото е вклучено во националната наставна програма, во повеќето случаи постои перцепција дека ситуацијата сè уште не е задоволителна, и дека сè уште постои празнина која треба да се пополни. Ова може да биде поврзано со степенот на учество на училиштата и учениците, или на ефикасноста на применети методи.

Некои од главните причини за идентификуваната празнина се:[91]

- наставните методи се неефективни;
- претприемништвото не е вклучено во сите делови на системот за стручното образование и обука;
- учеството на ученикот е ограничено;
- наставниците не се сосема компетентни;
- деловните луѓе не се вклучени;
- практичниот елемент недостасува и
- претприемништвото не е поврзано со конкретни предмети или професии.

[91] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

Најмалку девет земји (Австрија, Кипар, Естонија, Унгарија, Луксембург, Полска, Романија, Шпанија и Обединетото Кралство) исто така известуваат дека помеѓу 90% и 100% од учениците во стручното образование учествуваат во претприемнички програми во одреден момент во текот на стручното образование. Сепак, овие бројки се само индикативни, додека програмите и активностите вклучени во горенаведените податоци може да се разликуваат во голема мера во интензитетот и ефективноста.[92]

Во секој случај, дури и во некои од горенаведените земји постои видлива празнина во претприемничките обуки. Затоа, и покрај некои охрабрувачки податоци, се чини дека навлегувањето и ефективноста на образованието за претприемништво во Европските стручни училишта се уште се далеку од целосно задоволителни.

Околу половина од земјите кои учествува известуваат дека специјална обука за самовработување е целосно интегрирана во сите курсеви за претприемништво. Во други случаи целта на образованието за претприемништво е поширока, насочена кон развивање на фини претприемнички вештини и вклучување на обука за самовработување само во некои специфични области на проучување.

Делумен недостаток на компетентност на наставниците кои предаваат претприемништвото во многу случаи се смета за проблем, барем во однос на нивните практични искуства со претприемништвото, ако не и нивните теоретски знаења од областа.

Подобрувањето во оваа област е особено потребно. Повеќето земји известуваат дека на наставниците им се нудат некои курсеви за обука за претприемништво, но само неколку од нив нудат систематски пристап.

Се чини дека нема големи административни пречки за соработка помеѓу училиштата и претпријатијата и овој тип на соработка е генерално добро воспоставен. Исто така, најголемиот дел земји велат дека не е премногу тешко за училиштата да најдат претприемачи и бизнис луѓе кои ќе дојдат во училница. Позитивниот исход ќе зависи нормално од проактивната иницијатива на училиштето или наставникот. Според

[92] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING“.* Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

тоа, ова не се смета за голем проблем во повеќето случаи. Но сепак, може да биде тешко да се обезбеди учество на малите и микро претпријатија.

Непрофитните организации (НВО) играат важна улога во организирањето на претприемничкото образование во средните стручни училишта, особено со нудење на програми врз основа на практично искуство и работа на проекти. Тие вообичаено имаат блиски врски со светот на бизнисот, и често добиваат одреден вид на поддршка од јавните власти. Европските мрежи како Junior Achievement-Young Enterprise (JA-YE)[93] и Европска Пен[94] промовираат програми за мини-комании или пракса во претпријатија во кои учениците ќе можат да работат за нивната вистинска или виртуелна фирма. Овие програми се широко распространети и се присутни во сите европски земји (на пример, JA-YE изјавува дека 80% од средните стручни училишта во Данска и 66% од средните стручни училишта во Норвешка им нудат на студентите можност да креираат сопствени мини-компании).

## 3.2 Краток преглед на случувањата во некои Европски земји

Ова е една од серијата на ревизија на политиките на стручното образование и обука (СОО) во земјите на ОЕЦД, како и имплементацијата на претприемничкото образование во рамките на ова образование и обука. Во својот Финален извештај од 2009 година Директоратот за претприемништво и индустрија при Европската комисија, дава краток преглед за состојбите со претприемничкото образование во стручното образование и обука во некои земји, кои се цитирани во продолжение:[95]

Во овој документ по однос на **Австрија** се вели дека образованието за претприемништво е дел од наставната програма на училиштата и колеџите во кои се предаваат техничките предмети и бизнис администрацијата, училиштата за обука на помошници, на училиштата и колеџите за туризам и на колеџите за земјоделство и шумарство. Според тоа, сите стручни училишта и колеџи вклучуваат некои компоненти

[93] Преземено на 23.08.2014 год., достапно на www.ja-ye.org
[94] Преземено на 23.08.2014 год., достапно на www.europen.info
[95] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

на претприемништвото во наставната програма. Во некои колеџ програми, претприемништвото и менаџментот е специјална предметна област.[96]

За **Белгија** се вели дека претприемништвото не е интегрирано во наставните програми, па учеството на ученикот е само задолжително во некои области на проучување. За поголемиот дел од учениците, учеството не е задолжително. Во пракса, наставникот или директорот на училиштето е најчесто оној кој одлучува дали учениците ќе учествуваат или не. Повеќето активности или проекти се отворени за сите типови на училишта. Само неколку се фокусираат на средните стручни училишта.[97]
За подобрување на одбирањето на 'изборните' активностите во училиштата, владата на Валонија промовира координирана програма од околу 15 потврдени активности (од основно образование се до универзитет) кои им се препорачуваат на наставниците. Програмата, наречена „Сите ние имаме шампион во себе“'[98] е предводена од страна на „Агенцијата за економска стимулација“.

Истото искуство го има и **Булгарија** каде за професиите кои бараат трето ниво на стручно оспособување, претприемништвото е задолжителен предмет за сите студенти. За професиите кои бараат прво или второ ниво на стручно оспособување, со исклучок на стручното поле „Бизнис менаџмент и администрација“, претприемништво е изборен предмет. Мини-компаниите на ученици се вклучени во наставата за претприемништво како факултативен предмет во стручните економски и неекономски средни училишта во 10-то и 11-то одделение. Сесиите се одржуваат или двапати седмично (72 часа) или четири пати седмично (144 часа).[99]

Претприемништвото во Кипар е вклучено во националната наставна програма за сите училишта за техничко и стручно образование. Не се нудат посебни програми или

[96] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING".* Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[97] *Ibid.*

[98] Превземено на 23.06.2014 год., достапно на www.tousdesas.be.

[99] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING".* Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

активности за претприемништво, но сите теми вклучуваат претприемачки компоненти според потреба. Националната стратегија за претприемништвото во образованието до 2010 година има за цел да им обезбеди обука за претприемништво на сите наставници во техничките и стручните училишта.[100]

Во **Република Чешка** има две главни програми, и двете базирани на практично искуство: Фирми за пракса и Junior Achievement програма за мини-компании на ученици. Фирмите за пракса фигурираат во рамките на наставната програма не како задолжителен предмет, туку како алатка која се користи за да се олесни работно искуство. Сепак, образованието за претприемништво, зависи во голема мера од волјата на училиштата да учествуваат во овие програми.[101]

Во продолжение на документот за **Данска** се вели дека курсевите за стручна обука обично комбинираат настава (1/3) со работно искуство (2/3). Претприемништвото е задолжително да се предава во сите програми за стручно образование со закон и затоа треба секогаш да им се нуди на учениците. Сепак, нивното учество не е задолжително. Позицијата е малку поинаква во средното техничко образование, каде програмите за претприемништво се исто така изборни за студентите, но еден од задолжителните предмети, „Комуникација и информатичка технологија", ги учи на комуникација и иновативно размислување во однос на претприемништвото и отпочнувањето на бизнис или генерирање на идеи за бизнис.

Еден клуч за капацитетот на данскиот систем за насочено образование „постојано да се обновува" е Програмата за иновација и развој, која ги интегрира иновациите и развојот во секојдневната практика на стручните колеџи.[102]

Програмите и активностите за претприемништво се предвидени и во сите стручни образовни институции во **Естонија**. Од 2006 година програмите за претприемништво се вклучени во сите национални програми за стручно образование. Минимумот е 40 академски часа (1 работна седмица) во секоја програма. Просекот е двапати подолг - 80 академски часови (2 работни седмици). Голем број наставни

[100] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[101] *Ibid.*

[102] *Ibid.*

програми нудат програми за претприемништво од 120 академски часа (3 работни седмици) или повеќе. Тие вклучуваат земјоделство и хортикултура, туризам, угостителство и други услуги, трговија, применета уметност и ракотворби.

Предизвиците за претприемничките програми во стручното образование се претежно поврзани со наставните методи. Треба да има поширок спектар на техники за да се дополнат предавањата, како и најосновни наставни алатки.[103]

Документот исто така нагласува дека образованието за претприемништво во **Франција** е поврзано со „професионално откривање" и кариерно ориентирање. Сепак, овој вид на образование не е наведен во националната наставна програма. Тоа вообичаено се прави по иницијатива на локалните власти, поединечни училишта, или специјални организации, преку доброволни активности. Како резултат на тоа, и покрај неодамнешниот напредок, претприемништвото сеуште не е широко признато во францускиот образовен систем.[104]

Во истиот документ за **Германија** се вели дека сите наставни програми за стручно образование и обука во рамките на *Kultusministerkonferenz* (Министерството за образование) укажуваат на тоа дека стручните училишта мора да обезбедат увид во различни форми на вработување, вклучувајќи го и претприемништвото, за да поддржат кариерно и животно палнирање кое вклучува самовработување. Сите стручни училишта треба да работат во овој контекст, па претприемачкиот начин на размислување и делување е дел од воспоставената програма. Сепак, претприемништвото сеуште не е вклучено во сите признати стручно образовни институции; училишните програми се уште содржат премалку информации за започнување бизнис и за претприемништво. Иако првичните чекори се веќе направени, идната модернизација на стручното образование треба систематски да го вклучува претприемништвото.[105]

По однос на **Унгарија** во документот се нагласува дека претприемништвото е основна компетенција во унгарската национална наставна програма, но наставните содржини имаат различна тежина во 21 стручни трговски групи во унгарскиот

[103] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[104] *Ibid.*

[105] *Ibid.*

национален регистар за квалификација. Во моментов, унгарскиот модуларен систем за стручна обука базиран на компетенции нуди 422 квалификации. Неколку модули содржат програми за претприемништво, па претприемништвото се појавува во поголемиот дел од квалификациите. Онаму каде стручните квалификации не го покриваат претприемништвото, училиштата можат да го предаваат надвор од задолжителната наставна програма, а мнозинството од нив и го прават тоа.[106]

Во **Италија** претприемништвото не е вклучено во утврдената национална наставна програма за стручно образование. Сепак законодавството ги поканува училишта да воспостават врска со пазарот на трудот. Учеството на студентите не е задолжително. Постојат многу програми за претприемништво со „локален / регионален" фокус, поддржани од приватниот сектор и јавните институции кои досегаат до мал број на ученици. Меѓутоа постојат три главни програми за претприемништво кои се нудат на национално ниво, вклучувајќи ја и можноста за студентите да работат на фирми и мини-компании.[107]

По однос на **Луксембург** во документот се наведува дека образованието за претприемништво е во некои случаи внесено во наставниот план (на пример во наставниот план за земјоделство и хотели / ресторани, за кои се користат ученички мини-компании); тоа може да се нуди во изборни курсеви организирани самостојно од страна на училиштата, или како воннаставна активност (т.е. надвор од вообичаената настава во училиштето). Мини-компаниите и фирмите за обука се користат како средство за учење, а владата, заедно со приватниот сектор, има создадено непрофитна организација за промовирање на претприемништвото помеѓу училиштата. Сепак, овој вид на образование се уште не е достапен за сите ученици, и недостасува интер-дисциплинарен пристап: наставата за претприемништво сеуште е најчесто ограничена на курсевите за економија.[108]

---

[106] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[107] *Ibid.*

[108] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009,

Во **Литванија** во национална рамка за стручно образование стои дека претприемништвото треба да биде интегрирано во сите програми, но не постојат практични насоки за спроведување на истото. Како резултат на тоа, претприемништвото не се споменува во програмите за обука понудени од страна на стручните училишта. Така, додека некои училишта го поттикнуваат развојот на претприемничките вештини, студенти кои дипломираат од некое стручно училиште вообичаено не поседуваат никаква специфична претприемачка компетенција, додека во **Малта** не постои национална програма за стручното образование и претприемништвото не е формално вклучено во училишните програми како засебен предмет, со исклучок на задолжителниот модул за претприемништво кој се реализира во одреден курс по информатичка технологија на Колеџот за уметности, наука и технологија на Малта. Од друга страна, во поголемиот дел од курсеви, има други активности и иницијативи насочени кон поттикнување на претприемништвото. Тие вклучуваат учество во мини-компании, работни и вонннаставни активности, како прибирање финансиски средства во добротворни цели.[109]

Документот посочува дека по однос на **Норвешка** претприемништвото се споменува во националната наставна програма во општа смисла, и има простор за претприемнички програми во средното стручно образование во најмалку 7 од 9 предмети. Сепак, претприемничкото образование не е задолжително. Подрачното училиште треба да одлучи за методите кои сака да ги користи, и за тоа дали и како да се воведе претприемништвото. Учеството на ученикот во програмите за претприемништво не е задолжително, ако менаџментот на училиштето дава приоритет на овие видови на програми на локално ниво. Ако тоа е приоритет за училиштето, тогаш учеството е задолжително за студентите само ако наставниците и даваат приоритет на програмата.[110]

---

преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational /entr_voca_en.pdf.

[109] *Ibid.*

[110] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational /entr_voca_en.pdf.

Главен провајдер е *JA-YE Норвешка (Ungt Entreprenørskap).*[111] Владиниот стратешки план за претприемништвото во образованието 2004-2008 поставува цели и визија, и JA-YE е дел од стратегијата. Активностите опфаќаат 300 од околу 450 стручни училишта. Главната активност е Програмата за компании (ученички мини-компании), со просек од 4-5 часа секоја седмици за време од 30 седмици. Околу 1400 од овие компании работат во стручното образование секоја година, вклучувајќи околу 8 000 студенти. Во 2009 година, Владата започна Акциониот план кој беше следбеник на стратешкиот план.

За **Полска** документот нагласува дека наставните програми за сите видови на средно и вишо, но не високо образование, го вклучуваат предметот „Основи на претприемништвото". Учество на ученикот е задолжително. Покрај тоа, сите стандарди за испитување за стручни квалификации вклучуваат аспекти на претприемништвото. Сепак, пристапот кој се користи за да се предава тој предмет е прилично теоретски. Како резултат на тоа, учениците во стручните училишта стекнуваат професионални вештини - кога се обучени на работното место како чираци - но не и претприемачки компетенции. Министерството за образование во моментов подготвува реформа на стручното образование, која може да го направи учењето за претприемништво поориентирано кон праксата.[112]

Од друга страна документот нагласува дека во **Романија** претприемништвото е вклучено во средните технички и стручни образовни институции на следниот начин:

- во комерцијалните, бизнис училиштата и училиштата за туризам, изучувањето на претприемништвото преку фирми за обука е задолжително во средното образование;
- економијата и применетата економија се задолжителни предмети во сите области на обука и

---

[111] Norway - JA-YE, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ja-ye.eu/pls/apex31mb/f?p=17000:1002:2236835032008865:::1002:P1002_HID_ID:7028

[112] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING".* Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

- компетенции: тимска работа; решавање на проблеми и ИКТ, заедно со воведот во бизнис, се задолжителни за сите програми за обука во средното стручно образование.

Програмите обезбедени од училиштата за трговија, бизнис и туризам вклучуваат задолжителни модули за обука фокусирани на отпочнувањето на бизнис и самовработување, со користење на методот на училишни компании.[113]

За разлика од Романија по однос на **Словенија**, во документот се нагласува дека претприемништвото е задолжителен модул во националната наставна програма и во средното стручно образование и средното техничко образование. Главните цели се да се развиваат претприемачките ставови и вештини кај младите луѓе, како и да им се даде повеќе специфична обука за тоа како да основаат и да отпочнат бизнис.[114]

По однос на **Шпанија** во Финалниот извештај на Директоратот за претприемништво и индустрија при Европската комисија се вели дека образованието за претприемништво, е вклучено во националната рамка на наставната програма и е задолжително за сите области во средното стручно образование (технички, индустриски, комерцијални, итн.), додека во истиот извештај за **Словачка** се вели дека претприемништвото е вклучено во националната наставна програма или како задолжителен или како изборен предмет. Ученичките компании се користат во сите видови на средно стручно образование и средните занаетчиски училишта, со вкупно 170 училишта кои учествуваат во различни области на стручното образование и обука.[115]

Истото искуство го има и **Шведска** за која во Извештајот се нагласува дека постои изборен национален курс наречен „Проекти и Претприемништво", кој е дизајниран да ја олесни задолжителната работа на проекти како компонента на програмите за средно образование. Постојат два други изборни курсеви за „мали претпријатија" на средно образовно ниво́. Сите овие курсеви може или не може да бидат достапни за студентите зависно од програмата на која што се запишани, и во зависност од тоа каде се школуваат. Општините раководат со средното образование во

[113] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[114] *Ibid.*

[115] *Ibid.*

Шведска, и постојат регионални разлики во начинот на кој тие ги спроведуваат националните програми. Особено потребни се повеќе наставници и обучувачи кои можат да помогнат во поттикнувањетп на претприемачките ставови и однесувања.[116]

На крај од документот се објаснува состојбата во **Велика Британија** каде се нагласува дека нема конкретни стручни училишта во Англија, Шкотска и Велс: сите средни училишта треба да обезбедат можности за стручна обука. Во Англија законски услов е сите училишта да им обезбедат на учениците учење поврзано со работа. Необврзувачка рамка го поставува предложеното минимум искуство за сите млади луѓе. Образованието за претприемништво е клучен елемент, кој има цел да ги охрабри младите луѓе да бидат повеќе претприемнички насочени. Образованието за претприемништво не е задолжително, но задолжително е учењето поврзано со работата. Стратегијата на шкотската влада „Претприемништвото во образованието - Одлучност за успех" ги обврзува локалните власти за обезбедување на претприемачки искуства за учење за сите ученици. Тие вклучуваат можности за учениците на возраст од 14 + да следат настава базирана на работа поврзана со релевантни квалификации и да добијат соодветно кариерно образование. Сепак, претприемништвото се уште не е експлицитно во повеќето училишни програми за стручно образование. Во Велс, претприемништвото не е вклучено во сите стручно образовни институции, иако се прават многу активности. Сите шест колеџи за понатамошно образование во **Северна Ирска** нудат диплома за Бизнис претприемништво, кое не е задолжително.[117]

## 3.3 Програми и активности за развој на претприемачките вештини кај младите – некои искуства од Европските земји

Во наставата за претприемништво особено е важно да фокусот да се стави на личноста на младите луѓе. Овој тип на образование треба да поттикне креативност, чувство на иницијатива, преземање ризик и други општо применливи вештини и

[116] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[117] *Ibid.*

техники кои се темел на претприемништвото. Во однос на оперативните способности, потребно е да се направи разлика помеѓу општите претприемачки компетенции кои секој треба да ги стекне и оние потребни специјално за општествено или комерцијално претприемништво (на пример, за започнување на бизнис).

Во програмите кои следствено водат кон поставување и управување со мал бизнис (пр. фризер, слаткар, автомобилски механичар, електричар) соодветно и суштинско е обезбедувањето на специфична обука за тоа како да го направите тоа. Сепак, важно е претприемништвото да биде вткаено во текот на целото стручно образование и претприемачките ставови да се негуваат преку целиот образовен систем. Ова има дури и посуштинско значење од обезбедувањето на претприемничка обука во конкретни, но изолирани курсеви.

Заеднички цели кои се однесуваат на сите ученици се, на пример: [118]

- да ги искористуваат можностите;
- да развиваат идеи понатаму во еден производ или услуга;
- да се осмелат да се справат со проблемите и да ги решат;
- да создадат мрежи со други студенти и возрасни;
- да ги прифатат импликациите на сопствениот избор;
- да го сфатат само-вработувањето како вреден кариерен избор;
- да управуваат со ресурси и пари на одговорен начин и
- да разберат како организациите работат во општеството.

Учениците кои ќе започнат своја активност во одреден временски период по нивните студии, ќе имаат потреба од поконкретни вештини, како што се: [119]

- да можат да изработат бизнис план;
- да ги познаваат административните процедури за отпочнување на компанијата;
- да ги разбираат принципите на сметководството, трговското право и даночните закони;

[118] Van den Berghe, W. (2007) *Ondernemend leren en leren ondernemen*, преземено на 15.06.2014, достапно на http://www.kbs-frb.be/uploadedfiles/kbs-frb/files/verslag/2007_accent_op_talent_lea_nl.pdf

[119] Van den Berghe, W. (2007) *Ondernemend leren en leren ondernemen*, преземено на 15.06.2014 год., достапно на http://www.kbs-frb.be/uploadedfiles/kbs-frb/files/verslag/2007_accent_op_talent_lea_nl.pdf

- да бидат свесни за деловната етика и општествената одговорност;
- да имаат јасно разбирање на пазарните механизми и
- да се запознаени со техниките на продажба.

Без оглед на областа на стручната обука, најефикасен начин да се постигнат овие цели е да се вклучат учениците во практични проекти и активности, во кои се нагласува учењето преку практична работа и се стекнува реално искуство со претприемништвото. Образованието кое е се заснова на решавање проблеми и е насочено кон стекнување искуство е од суштинско значење за поттикнување на претприемачките способности.

Особено добри резултати можат да се постигнат со работа во мали групи.

Во **Кипар**, Техничкото училиште „Макариос III" во Никозија се приклучи на општината во ***проектот за реконструирање и уредување на речниот брег***. Учениците ја истражија областа, просторно го уредија брегот и сите детали (клупи, осветлување итн), и изградија модели за да ги покажат своите идеи. На крајот, проектот беше успешно презентиран во градското собрание.[120]

***Проект на Бизнис колеџот***[121] ***во Роскилде,*** **Данска** вклучуваше поставување и водење на Божиќен пазар на кој локалните претпријатија донираа (или продаваа поевтино) Божиќни производи. Студентите беа одговорни за целата организација, и мораше да бидат многу иновативни, бидејќи нивниот буџет беше ограничен. Пазарот беше многу успешен, а профитот од него учениците го донирани во добротворни цели. Проектот вклучуваше теми и наставници од маркетинг, сметководство, дански јазик и математика, и ги научи студентите многу работи за самовработувањето и за потребата од иновативен пристап. Најчесто користените методи на настава наведени од страна на експертите се следниве: предавања; компјутерски симулации и бизнис игри; студентски компании; работа на проекти и работа во групи; посети на компании; практична работа и др. Поретко се спомнуваат и: обука и менторство; играње улоги; дискусии и бура на идеи и студии на случај.

[120] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING"*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

[121] Преземено на 23.06.2014, достапно на http://www.ruc.dk/en/cooperation/

Практичните методи, вклучувајќи ги и поставување и управување со фирми за обука и ученички компании (и виртуелни и реални) се доволно широко распространети, особено во трговските, но исто така и во техничките училишта за средно стручно образование. Во некои случаи активностите се интегрирани во задолжителната наставна програма, додека во други, тие се дел од изборни или воннаставни активности реализирани во училиштата за средно стручно образование.

Во **Германија**, ***проектот JUNIOR***[122] ***(„Младите претприемачи иницираат, организираат и постигнуваат")*** под покровителство на Сојузното министерство за економија и технологија е наменет за ученици од деветта година во општите и стручните колеџи. Десет до петнаесет ученици формираат ученичка мини-компанија, и креативно развиваат една бизнис идеја и ја изнесуваат на пазарот во текот на една академска година. Бизнис идеите се движат од производи до услуги, како што се управување со настани, обуки за мобилни телефон за постарите луѓе и компјутерски и интернет услуги. Иновативниот потенцијал на проектот лежи во подобрувањето на разбирањето кај младите луѓе на процесите кои се вклучени во водењето на компанија. Во изминатите 13 години околу 40 000 студенти основале ученички компании и го искусиле бизнисот во реалниот живот.

Во **Италија**, како дел од ***програмата SIMULIMPRESA***[123] (член на Еуропен - Пен Интернационал), околу 400 училишта нудат ***образование за претприемништво преку фирми за пракса***. Фирмите за пракса се симулирани претпријатија кои го отсликуваат работењето на реални бизнис компании кои дејствуваат како спонзори. Во автентичен канцелариски амбиент, студентите се вклучат во симулирани комерцијални трансакции со други фирми низ целиот свет во затворена мрежа, каде што сите активности и рутини на нормалната бизнис администрација и трговијата може да бидат симулирани. Секоја таква фирма купува, произведува и продава еден специфичен опсег на стока на фиктивниот пазар. Во Италија постојат различни видови на такви фирми кои работат во три области: администрација, менаџмент и финансии; туризам и индустрија.

[122] Презмено на 28.06.2014, достапно на www.juniorprojekt.de.
[123] Презмено на 28.06.2014, достапно на http://www.simulimpresa.com/go/

Сепак, се чини дека постои раздор меѓу наставните методи кои се сметаат за најефикасни за поттикнување на претприемништвото во стручното образование и оние кои се користат во моментов.

Едно објаснување може да биде дека не сите наставници бираат, или можат да ги користат методите на активната настава. Наставниците треба да дејствуваат повеќе како тренери или олеснувачи за студентите отколку како наставници, кои само предаваат.

Друг проблем е поврзано со недостатокот на интердисциплинарен начин на работа на конкретни проекти. Можностите се пропуштаат кога наставниците претпочитаат да се фокусираат на нивните предмети, отколку да се консултираат со другите наставници и да предложат поширока интеграција на различни предмети.

## 3.4 Наставнички компетенции за претприемништво

Обезбедувањето на наставници со соодветни компетенции да го предаваат претприемништвото е голем предизвик. Се чини дека постои дефицит на специфични вештини меѓу наставниците.

Сегашната ситуација е дека повеќето наставниците не се обучени во претприемништвото. Како резултат на тоа, тие не можат да бидат свесни за вистинскиот пристап во наставата за претприемништво. Наставниците треба да имаат подобро разбирање на образованието за претприемништво и опсегот на целите, методите и содржината. Постои потреба за повеќе обука на наставниците, семинари и работилници, како и за ширење на разбирањето на различните начини и методи за поддршка на претприемачкиот начин на размислување.

Почетната и понатамошната обука на наставници е од најголемо значење, но образованието за претприемништво се уште не е вклучено систематски во програмите за обука на едукатори, и може да биде проблематично да се вклучат наставничките факултети.

Наставникот со претприемачки карактеристики треба да биде наставник кој внимателно слуша, собира нови идеи и истите ги користи, како и да биде способен тие идеи да им ги пренесе на учениците.[124]

Важно е наставниците да се вклучат низ истиот процес на учење што тие ќе го користат со своите ученици, на пример, создавање идеја и нејзино реализирање, дебрифинг на учење, оценување на вештини и знаења, и евалуација на целиот процес.

Обуката на наставници треба да развива специфични вештини потребни за да се развиват претприемничките вештини, како што се:

*а) Вештини за менаџирање со проекти*

Срцето на образованието за претприемништво е во тоа учениците да поставуваат и водат проекти. Наставниците имаат потреба од вештини за поддршка на учениците во текот на овој процес, кој вклучува: планирање и подготовка на проектот (поставување на цели и идентификување на што точно се бара и како тоа може да се врши, итн); предвидување на потребите на учениците во секоја фаза на проектот; поставување на лични цели во текот на проектот, и правење на конечната евалуација.

*б) Педагошки вештини*

Акцентот е на педагогии кои поттикнуваат учење: преку правење; преку размена; преку експериментирање; преку преземање ризик и правење 'позитивни' грешки; преку креативно решавање на проблеми; со повратни информации преку социјална интеракција; преку драматизација и играње на улоги; преку истражување на претставници и преку интеракција со надворешниот свет на возрасните.

Тоа вклучува сугерирање и насочување од страна на наставникот наместо давање инструкции, барање на „отворени“ прашања кои не мора нужно да доведат до еден точен одговор, учење заедно со учениците, помагање за решавање на конфликтите и тешкотиите кои можат да произлезат и убедување на учениците да се соочат со работите што првично може да ги избегнуваат.

---

[124] Преземено на 14.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/teacher_education_for_entrepreneurship_final_report_en.pdf

*в) Лични вештини*

Голем дел од успехот на процесот на олеснување зависи од спектар на комуникациски вештини, вклучувајќи ја и онаа на активно слушање, способност за преговарање и работа во тимови со други колеги и способноста да се создаде средина за учење во која учениците ќе можат да бидат отворени и искрени, и ќе се чувствуваат сигурни и безбедни.

Најефективен начин да се обезбеди дека компетентноста на наставникот во оваа област е соодветна, е да се направи претприемништвото задолжителен дел од образованието на наставниците. Исто така, важно е да се понуди понатамошно образование на оние наставници кои веќе го имаат завршено нивното првично образование.[125]

Во **Кипар**, почетната обука за наставниците за тоа како да го предаваат претприемништво во стручното образование е задолжителна. Покрај тоа, сите наставници во стручното образование мора да присуствуваат на семинари на оваа тема организирани од страна на Кипарскиот Педагошки институт.[126]

Во **Австрија**, создаден е летен универзитет за претприемничко образование („Работилница за идеи“) во Кицбухел. Преку практични вежби, наставници се запознаваат со алатките и методологијата на образованието за претприемништво, како во економски така и во општи теми. Оваа иницијатива е поддржана од голем број на чинители во јавниот и приватниот сектор, вклучувајќи го и Сојузното министерство за образование, уметност и култура.[127]

Во Норвешка во септември 2009 година донесен е Акционен план под наслов Претприемништвото во образованието и обуките-од задолжителното образование па се до високото образование 2009-1014. Главна цел на овој Акционен план е дасе зајакне квалитетот и обемот на препприемничкото образование и обука, опфаќајќи ги сите нивоа од образовниот систем.[128]

[125]Преземено на 14.06.2014год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/teacher_education_for_entrepreneurship_final_report_en.pdf

[126] Преземено на 14.06.2014 год., достапно на http://www.schoolleadership.eu/portal/partner/cyprus-pedagogical-institute-pedagogiko-institouto-kyprou

[127] Преземено на 13.05.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/archives/sme-week-2009/events/osterreich/20090713-17_en.htm

[128] Преземено на 17.06.2014, достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135en.pdf

Во **Романија**, Министерството за истражување и иновација во образованието и Австриското Сојузно Министерство за образование, уметност и култура соработуваа за обуката на 500 наставници во користење на методот фирми за пракса со своите ученици. Почнувајќи од 2008 година, а со поддршка на Европскиот социјален фонд, уште 600 наставници од 280 училишта за средно стручно образование беа обучени за користење на иновативни методи на учење и развој на наставни материјали и помагала за претприемничко образование.[129]

## 3.5 Соработка помеѓу училиштата и претпријатијата

Може да биде тешко за професионален наставник да им даде на учениците вкус за претприемништво. Отворањето на училиштата кон надворешниот свет го овозможува решавањето на овој проблем, со поканување на надворешни експерти - како што се деловни луѓе и претприемачи - да учествуваат во наставата. Во оваа смисла, препорачливо е младите претприемачи да дојдат во училница особено оние кои во минатото учеле во истото училиште, така што учениците лесно може да се идентификуваат со нив: „ако тој / таа може да го направи тоа, и јас можам".

Соработката меѓу стручните училишта и претпријатијата се чини дека генерално е добро воспоставена, иако добрите резултати многу често зависат од индивидуалната иницијатива на училиштата и наставниците.

Во **Велика Британија**, практично секоја област на Англија има партнерска организација на образование и бизнис за да им помогнат на училиштата да работат со работодавците. Се проценува дека организациите работат со над 300 000 работодавци секоја година. Постојат околу 550 000 работни места за стекнување искуство за 14-16 годишни деца во Англија годишно, како дел од учењето поврзано со работа.[130]

Еден од главните проблеми пријавени од страна на експертите е вклучување na мали и микро претпријатија во училишните активности. Малите компании немаат

---

[129] Преземено на 17.06.2014, достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135en.pdf

[130] Преземено на 17.06.2014, достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135en.pdf

доволно време да се посветат на работните пласмани за учениците во компанијата, или не гледаат никаква корист во соработката со училиштата.

Затоа, и покрај интересот и добрата волја на многу наставници и претприемачи за ангажирање во активности за соработка, сè уште има голем број на пречки да се надминат, како што се:

- голем број различни задачи кои треба да се извршат од страна на персоналот на многу мали компании, оставајќи малку време за вмешаност во училиштата;
- недостаток на заемно познавање и разбирање на меѓусебните приоритети и секојдневната работа и на двете страни;
- можен недостаток на доверба како резултат на погоренаведените причини;
- разлики во работното време и
- отсуство на главна точка за контакт во училиштето.[131]

Во некои случаи уште една пречка е тоа што на наставниците не им е дозволено да работат во други домени надвор од училиштето. На наставниците треба да им бидат дозволени флексибилни периоди на обука во компании.

Соработката со претпријатијата е нормално добро воспоставена во оние земји каде што е присутен „двоен (дуален) систем“ на обука и во училиштето и во претпријатието. Во двојниот систем (на пример, во Австрија, Германија и Данска), претпријатијата се директно вклучени во обуката на учениците преку обезбедување работни места за пракса, кои во многу случаи може да имаат иновативна и претприемачка димензија.

Во **Австрија**, наставните програми за стручно училишта и колеџи како и за стручните училишта со скратено работно време се тесно поврзани со професионалните профили и описот на соодветните вештини. Експерти од различни органи (Министерството, училиштата, и социјалните партнери) заедно дискутираат и ја креираат програмата. Нацрт програмата потоа се праќа до сите заинтересирани страни за да се добијат нивните мислења. На крајот од овој процес, Министерот за образование, уметност и култура ја издава наставната програма.

[131] Преземено на 17.06.2014, достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135en.pdf

Обучувањето на чираци може да се гледа како добар модел за соработка на различни нивоа: обучувачите од компаниите се сретнуваат со наставниците за да разговараат за специфичната ситуација за обука на чираци, и компаниите преговараат со училиштата за да се обезбеди кохерентност помеѓу обуката во компанијата и наставната програма во училиштето.

Во прилог на редовните периоди на стажирање во една компанија, формализираното партнерство помеѓу стручното училиште и компанијата се чини дека е ефикасен начин на соработка за развивање на претприемачкиот начин на размислување кај учениците, во корист на сите страни. Партнерствата може да содржат многу различни елементи, сите со цел олеснување и зголемување на соработката која може да има придонес - не само индиректно туку директно - на развојот на претприемачките компетенции кај учениците. Ваквите партнерства може, на пример, да го вклучуваат следново:

- претпријатието обезбедува наставници гости во стручното училиште - во соработка со наставничкиот тим.
- претпријатието обезбедува реални, секојдневни проблеми од вистинскиот живот кои ќе се употребуваат во ученичките задачи и проекти и
- претпријатието му овозможува на ученикот да добие увид во секторот и во операциите со посета на компанијата, следење на менаџер, учествува во изложби, итн.[132]

Конкретен пример за блиско партнерство може да се види во **Коге Бизнис Колеџот[133] (Данска)**. На овој колеџ студентите го завршуваат своето образование со спроведување на практичен проект во претпријатието со кое соработува училиштето. Земајќи вистински проблем како појдовна точка, ученикот може да ги покаже неговите / нејзините претприемнички вештини и креативното размислување со изнајдување на решение или производ кој ги задоволува потребите на претпријатието. Пред да започне, студентот изготвува опис на проектот кој мора да биде одобрен заеднички од страна на претпријатието и училиштето. Овој вид завршен испит кој се базира на одреден проблем може да се полага поединечно или во групи.

[132] Преземено на 20.06.2014, достапно на www.unternehmerfuehrerschein.at/Content.Node/index.en.html
[133] Преземено на 20.06.2014, достапно на www.kogebusinesscollege.com.

Во градот **Каљари (Италија), La Città dell'Impresa** (Градот на претприемништвото) е место за средба кое има за цел да стимулира креативност и да ја шири претприемничката култура. Тој има три дела: *Изложба, Фабрика и Академија. Изложбата* е интерактивна мултимедија насока каде младите можат да научат за новите локални пазари, да ги тестираат своите претприемачки вештини и да добијат практични совети. По виртуелниот дел таму е вистинската област, фабриката, каде што експерти од областа даваат консултации и практични совети, помагаат во испитувањето на изводливоста на идеите кои се изнесени од страна на потенцијалните претприемачи и предлагаат најдобри начини за остварување на истите.[134]

## 3.6 Некои примери на добра практика

Овие примери откриваат разновидност на цели, методи и решенија. Тие се предложени не како најдобри во Европа (целосната листа на примери на добра практика би била многу подолга), но како значаен избор на различни случаи.

**1) Сертификат за претприемнички вештини (Австрија)**[135]

Сертификатот за претприемнички вештини е дополнителна квалификација која ги зајакнува економските и бизнис вештини. Покрај предавањето на солидни економски знаења, оваа програма исто така делува и на личните карактеристики. Таа има за цел да промовира позитивен став кон економијата и да поттикне претприемачки ставови меѓу младите квалификувани луѓе. Таа, исто така има за цел да развие вештини за отпочнување со бизнис на модерен и практичен начин. Целта е да се види почнувањето на бизнис како атрактивна опција во еден професионална кариера. Бидејќи доведува до сертификат, оваа програма обезбедува дополнителни атрибути за квалификуваните работници.

Првично наменета за учениците во средните академски училишта, оваа програма сега се шири на стручни училишта каде што слушателите ги завршуваат нивните теоретски обуки паралелно со обуката во компаниите. Во 2008 година, бројот на доделени сертификати беше 12 055.

---

[134] Преземено на 21.06.2014, достапно на http://www.cittadellimpresa.it/home.htm
[135] Преземено на 20.06.2014, достапно на www.unternehmerfuehrerschein.at/Content.Node/index.en.html

Сертификатот за претприемнички вештини беше формиран од страна на Австриската сојузна стопанска комора, која исто така ја разви програмата и содржината. Содржината е редовно ревидирана и оценувана. Австриската сојузна стопанска комора нуди обука на наставници во соработка со регионалната обука на факултетите за наставници. Оваа дополнителна квалификација гарантира постојан квалитет и одржливост.

**2) Ресурсен Центар „Competento“ (Белгија)[136]**

Оваа широка иницијатива, развиена во Фландрија, вклучува две главни насоки на работење:

Виртуелен ресурсен центар со голема база на податоци за материјали (документи за политика и истражувачки извештаи; модели, методи и наставни материјали и скрининг инструменти за претприемачки компетенции), иницијативи, информации, настани и натпревари.

Виртуелниот ресурсен центар е уникатна платформа за ширење на сите видови на материјали за образованието за претприемништво на наставниците. Таа претставува платформа за размена меѓу педагошките супервизори, наставниците и едукаторите, тренерите во специфични курсеви и претставниците на бизниси, кои се навистина идеални посредници.

„Неделата на претприемништвото“ има за цел да ги нагласи активностите за претприемништво во училиштата и центрите за обука во текот на една недела. Има леток за да ги инспирира учесници. Темата за 2009 е креативност и иновативност.

Сите креативни и иновативни идеи и иницијативи имаат подеднакви шанси да бидат познати од страна на целната јавност. Се контактира со сите партнери во образованието и обуката така што постои доволно поддршка за трансфер на нови информации и размена на знаења и искуства во врска со претприемачките компетенции и претприемништвото.

Пред да се формира веб-страната Competento, широкиот спектар на методи и иницијативи беше фрагментиран и збунувачки за корисникот. Базата на податоци Competento дава преглед на опции за промовирање на претприемачкиот дух и

[136] Преземено на 20.06.2014, достапно на http://www. competento.be.

компетенциите во Фландрија, и многу меѓународни иницијативи. Добри практики се пренесуваат преку веб-страната Competento. Секој кој бара примери ги наоѓа сите на едно место. Наставниците, обучувачите и другите во образованието може да се претплатат на нашиот електронски информатор за да бидат информирани за новите активности.

### 3) Заеднички проект на Министерството за економија и енергетика и Junior Achievement (Бугарија)[137]

Развојот на центри за претприемништво во средните стручни училишта - и унапредување на претприемачкиот дух и вештини кај учениците од овие училишта - е заеднички проект на Министерството за економија и енергетика и Junior Achievement во Бугарија. Четири вакви центри се поставени во четири различни сектори на индустријата (архитектура и градежништво, храна и прехрамбени технологии; текстил и облека, и шумарството и дрвна индустрија). Како дел од проектот учениците формираат мини-компанија (три на нивó на училиште) и работат со нив во период од една година; курсот е понуден како изборен за сите ученици од 11 одделение (има одобрение од Министерството за образование и наука). Се формира Бизнис клуб со претставници од локалната бизнис заедница и експерти од релевантните индустрии за поддршка и обезбедување на практично искуство. Учениците, училиштата и локалната заедница соработуваат за да организираат и да промовираат настани како што се трговски саеми, натпревари, и заеднички проекти.

Овој модел е примен многу добро, како одржливо јавно-приватно партнерство кое активно ја вклучува бизнис заедницата и е иновативно на повеќе начини. Прво, вклученоста на учениците ја подигнува свеста и поддршката за поттикнување на претприемништвото во локалните заедници. Второ, моделот ги поврзува вистинските работни места со образованието и го прави образованието многу повеќе пазарно-ориентирано, т.е. насочено кон развивање на нови вештини потребни за глобализираната економија. Трето, наставникот дејствува како консултант (ментор), и со тоа се употребуваат нетрадиционални методи на учење.

---

[137] Преземено на 23.06.2014, достапно на http://green.jabulgaria.org/

**4) ЕСФ проектот „Развивање на обуки за претприемништво“ (Естонија)[138]**

Овој проект беше спроведен - со финансиска поддршка од Европскиот социјален фонд (ЕСФ) - со Фондацијата "Innove" и други партнери (шест стручни училишта и естонската комора за трговија и индустрија) помеѓу септември 2005 и август 2008 година.

Тоа резултираше со развој на три нови модули за претприемништво кои можат да бидат прилагодени на различни програми за средсно стручно образование:

- 40-часовен Основен модул, насочен кон учениците во стручните училишта кои следат основно образование;
- 40-часовен Модул за претприемништво за студентите во вишо стручно образование;
- 80-часовен Факултативен модул: Евалвација на бизнис ефикасноста и справувањето со предизвиците во претприемништвото за учениците во средното стручно образование.

*Основниот модул* е дизајниран да го развива разбирањето кај учениците на пазарната економија и на работниот свет, да воведе кариерно истражување, да ја поттикне логиката за тоа како функционираат бизнисите и да ги пренесе основите на основање и водење на бизнис.

*Модулот за претприемништво* се фокусира на деловното опкружување во Естонија, отпочнувањето на бизнис и активностите во рамките на едно претпријатие. Активностите во претпријатие им нудат на учениците можност да ги применат во пракса знаењата и вештините што ги научиле - учениците треба да планираат, да основаат и да управуваат со сопствени бизнис активности и да ги направат извештај за претпријатието врз основа на оваа активност.

*Изборниот модул* се фокусира на евалвација на бизнис ефикасноста и справувањето со предизвиците во претприемништвото. Ова исто така вклучува активности во претпријатија. Препорачани наставни методи се бура на идеи, тимска работа, метод базиран на конкретен случај, учење преку проекти и индивидуални задачи. Релевантни наставни материјали, прирачници за наставникот и кориснички

[138] European Social Fund (ESF) Estonia, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/esf/main.jsp?catId=377

упатства за учење преку проекти беа развиени и предадени на пилот-училиштата во текот на проектот. Употребата на симулации и видеа е исто така важна компонента на проектот. Тука спаѓа и симулацијата „Pizzeria“[139] (управување на „пица ресторан“) и видео интервју со претприемачи.

**5) Диплома за професионални фризери (Франција)**

Во Франција, програмите кои се нудат од јавниот образовен систем вклучуваат компоненти на претприемачки начин на размислување и отпочнување на сопствени компании, особено во оние специфични области каде носителите на диплома може да се очекува дека ќе управуваат со компанија или ќе бидат менаџери.

Стручното образование во „фризер“ има за цел да развие сет на компетенции потребни за креирање, купување или експлоатирање на фризерски салон. Тука спаѓа и како да се управува со претпријатието, како да се води администрација и сметководство, и како да се управува со персоналот. Наставата има за цел да развие аналитички, оперативни и бихејвиорални вештини.

Вештините кои треба да се стекнат се однесуваат на: [140]

- анализа на економската средина и фризерскиот пазар;
- избор на форма на трговија и правна форма;
- стекнување и финансирање на бизнисот;
- изработка на бизнис план;
- одлучување за инвестициони политики;
- избор на добавувачи;
- совладување на бизнис комуникација;
- анализа на трошоци и цени;
- сметководство;
- раководење со работата;
- регрутирање персонал и
- мотивирање на вработените.

[139] Преземено на 25.06.2014, достапно на www.pizzeria.ee.
[140] Преземено на 25.06.2014 год., достапно на http://business-school.minedu.gov.gr/node/193

**6) Фирми за обука во училиштата (Словенија)**

Фирмите за обука им обезбедуваат на учениците увид во комплексната структура и бизнис процесот на реалните компании. Постојат два главни исходи од учењето: учениците добиваат увид во тоа како една компанија работи, и ги развиваат претприемачките вештини и ставови.

Фирмите за обука се поставуваат во бизнис училиштата како дел од наставната програма. Како и реалните компании, и фирмите за обука се организирани во различни сектори како персонал, администрација, маркетинг, сметководство, логистика и др. Учениците работат во различни сектори. Обуката е практична, интердисциплинарна и насочена кон решавање на проблемите. Така студентите се здобиваат со способност да работат во тимови и да донесуваат одлуки, и развиваат одговорност за нивната работа. Покрај тоа, тие се здобиваат со други претприемнички вештини, како што се: способноста за преговарање, прифаќање на ризик, и способноста за планирање и организирање на нивната работа. Преку Европска-Пен мрежа (Европска мрежа на фирми за обука) учениците воспоставуваат меѓународни партнерства фирми за обука во други земји.

Фирмите за обука се формирани во секое бизнис училиште во систем за средно стручно образование во Словенија. Во 2007/2008 имало 235 такви фирми со 3470 ученици.[141]

**7) Ученички мини-компании и даночната администрација (Норвешка)**

JA-YE Норвешка имаше 12500 ученици во 2500 мини-компании во средни училишта во 2008 година, што значи дека JA-YE достигнува околу 20% од сите ученици кои го завршуваат вишото образование. Околу 60-70% од учениците кои учествуваат се од стручните училишта. Исто така се номинираат и Наставник на годината и менаџмент на училиштето на годината.

Постои многу добра соработка меѓу Норвешката даночна администрација и JA-YE Норвешка за Програмата за ученички мини комании. Во одреден момент учениците и наставниците мора да се запознати со оданочувањето, ДДВ итн. Оваа информација е дадена од страна на локалните даночни администрации по потреба на училиштата. Во

[141] Преземено на 27.06.2014 год., достапно на http://centres-eu.org/knowledge-bank/best-practice/slovene-centre-for-training-companies/

прилог на тоа, персоналот за оданочување дава информации за црната економија и ризиците при работа во сивата економија. Исто така постои и награда за најдобриот финансиски извештај подготвен од страна на мини-компанија. Наградата се доделува од страна на даночната администрација. Конечно, во прирачниците за ученичките компании за сметководство, како и во националните правила, постои поглавје за мини-компании. Оваа соработка со даночните власти реши многу потенцијални проблеми, бидејќи тоа доведе до воспоставување на рамка во која ќе работат мини-компаниите.

Резултатите од голем број студии покажале дека образованието за претприемништво, како методот со мини компании придонесува за поголема претприемничка култура, и учениците кои имале образование за претприемништво имаат барем двапати поголеми шанси да станат претприемачи во подоцнежниот живот. Покрај тоа, тие ученици имаат повисоки резултати на прашањата во врска со самодоверба, вештини за соработка и мотивација во училиште.[142]

**8) Клубови „Остави свој печат“ (Велика Британија)**

Владата финансира национална кампања за подигање на свеста на бизнис и претприемништво. Кампањата координира активности за поддршка на училишта и колеџи во однос на претприемништвото, вклучувајќи и поддршка за вон-наставни програми и активности преку овие клубови.

Овие клубови се национална мрежа на ученички предводени групи, кои се состануваат надвор од наставата на училиште или предавањата на колеџ и се фокусираат на управување со активни претприемнички проекти. Клубовите им обезбедуваат на учениците мрежа на претприемнички врсници на возраст од 14-19 години. Целта е да им помогнат на училиштата и колеџите да им овозможат на младите луѓе развивање на претприемачкото размислување, преземање ризици, градење на личната самодоверба, примена на своите знаења од целата наставна програма, и остварување на идеите. По периодот на интензивна регрутација во летото 2008 година, мрежата во моментов има 484 членови (368 училишта и 116 колеџи).

[142] Norway - JA-YE, преземено на 27.06.2014, достапно на http://ja-ye.eu/pls/apex31mb/f?p=17000:1002 :2236835032008865 :::1002:P1002_HID_ID:7028

Главните придобивки на учесниците се следниве:

- пристап до бесплатни, едноставни материјали, на пр. почетен водич;
- безбеден веб-сајт за членовите, каде што студентите и наставниците можат да разменуваат идеи;
- натпревари со парични награди за да им се помогне на учениците да развиваат своите идеи (кои се одржуваат секој семестар);
- редовни билтени;
- годишен сертификат за секој член;
- покана за националниот настан за мврежување на клубовите и
- можност да се добие поддршка од амбасадорите на кампањата.

Клубот „Оставете свој печат“ е можност да се изгради интересот на младите луѓе за голем број различни наставни области, вклучувајќи математика, англиски јазик, граѓанско образование, дизајн и технологија, и бизнис студии. Тоа е исто така одличен начин за негување на претприемничкиот талент и поттикнување на тинејџерите да ги остварат своите идеи.

Клубовите се покажале ефикасни во воведување на училиштата кон пошироките аспекти на претприемништвото - особено околу пристапот до инспиративни (млади) бизнис луѓе / амбасадори, вмрежување со други истомисленици и обезбедување на механизам за младите луѓе да ги развијат идеи надвор од училницата (со сопствено темпо).[143]

---

[143] EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING“*. Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

## 3.7 Како да се напредува: СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 3.7.1 Кохерентна рамка за образованието за претприемништво

Како прв чекор во еден кохерентен пристап неопходно е да се формира управен или координативен Комитет за образование за претприемништво, на национално или регионално ниво, со претставници и од Министерството за образование и Министерството за економија и со учество на други релевантни институции и организации (вклучувајќи ги и бизнис асоцијациите и невладините организации). Во Република Македонија постои соработка помеѓу овие засегнати страни, но истата не е зајакната и развиена како што е случај во другите европски држави.

Во **Норвешка**, три министерства учествуваат во управна група и соработуваат на развојот на националниот акционен план за претприемништвото во образованието. Министерството за образование е водечки партнер. Во септември 2009 година беше претставен Акцискиот план Претприемништво во образованието и обуката – од задолжително до високо образование 2009-2014. Главната цел на акцискиот план е да го зајакне квалитетот и опфатот на претприемничкото образование и обука на сите нивоа и во сите полиња на образовниот систем. Генерално, образовниот систем се смета за суштинско важен за развој на културата на претприемништво и креативното општество. Обуката по претприемништво може да им помогне на учениците да се запознаат со локалниот работен и деловен живот, и преку стремежот кон подобра соработка меѓу образовниот систем и работниот живот, локалните работни места можат да се искористат како контекст за учење.[144]

Во **Белгија**, Фламанскиот претприемачки образовен акционен план е раководен од страна на управен комитет во кој учествуваат претставници на Владата и Министерството за образование, Министерот и Министерството за економија и SYNTRA Фландрија (која е во надлежност на министерот за труд). Регионот Валонија и

[144] European Commission/EACEA/Eurydice (2012) *Развивање на клучните компетенции во училиштата во Европа: Предизвици и можности за политики.* Извештај Евридика. Luxembourg: Publications Office of the European Union. стр.17, преземено на 26.07.2014 од http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic _reports/145MK.pdf

заедницата со германско говорно подрачје имаат слични иницијативи.[145] Како резултат на тесната соработка помеѓу сите засегнати страни, развивањето на претприемачките ставови треба да стане една од основните цели на образованието, и таа цел да биде дефинира и прифатена во образовната политика како целина, како и посебно во наставната програма на стручните средни училишта и во развојните планови за обука на наставници.

Решенијата се наоѓаат во поставувањето на јасна национална стратегија за претприемачко учење, со договорени резултати и мерки за успех, и осигурување дека сите одговорни за имплементирање на стратегијата јасно ја разбираат нивната улога и она што треба да постигнат. Мрежите и телата за имплементација се од суштинско значење за реализација на Стратегијата, но индивидуалните институции мора да продолжат да имаат автономија и флексибилност да го имплементираат претприемничкото учење во најсоодветен начин. Воведувањето на претприемништвото како експлицитна цел во наставната програма ќе биде јасен сигнал дека претприемништвото е важно за секој ученик. Покрај тоа, така ќе се олесни посветувањето на повеќе часови на таа тема од страна на наставниците. Онаму каде што претприемништвото не е експлицитно вклучено во наставните програми, често се случува наставници кои сакаат да учествуваат со свои ученици во претприемачки активности да треба да се подготвуваат вон училишните часови. Овој тип на учење мора да се внесе во наставната програма со што ќе биде достапно за сите ученици, а не зависно од индивидуалната волја и иницијатива на еден наставник или училиште. Некои експерти истакнуваат дека само ако претприемништвото е воведено како задолжителен предмет во наставната програма ќе може да стигне до сите ученици.

Во **Данска** учењето на претприемништвото беше воведено во системот за стручно образование во 2007 година. Се потенцира дека и практична и теоретска обука треба да тежнеат кон обезбедување на учениците општи и посебни квалификации насочени кон претприемништвото, иновациите и отпочнувањето на компанија. Оттука, претприемништвото е услов во сите програми на стручното образование и обука и

[145] Eurydice (2012) *Entrepreneurship Education at School in Europe: National Strategies, Curricula and Learning Outcomes*.p.8, преземено на 14.08.2014 год., достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice.

секогаш треба да се понуди на учениците. Овој развој претставува голема промена и важен поттик за предавање на претприемништвото.

Стратегијата за образование и обука по претприемништво (2009) во Данска беше развиена како резултат на партнерство меѓу четири министерства: Министерството за природни науки, иновации и високо образование, Министерството за култура, Министерството за деца и образование и Министерството за бизнис и развој. Стратегијата опишува активно инвестирање во обука за претприемништво во образовните институции. Во иднина, законите, извршните наредби и договорите за извршување/развој ќе се применуваат на полето на претприемничко образование и обука секаде каде што тоа е релевантно, вклучувајќи ги сите образовни нивоа, одделувајќи наменски средства и вклучувајќи претприемништво во управувањето на образовните институции.[146]

Во **Полска**, наставните програми за сите видови на средно и вишо, но не високо образование го вклучуваат предметот „Основно претприемништво". Учеството на часовите по овој предмет е задолжително. Покрај тоа, сите стручни стандарди вклучуваат аспекти на претприемништвото.

Во **Шпанија** образованието за претприемништво е вклучено во националната наставна програма и е задолжително за сите стручни области (технички, индустриски, комерцијални, итн), со специфичен модул вклучен во програмата за секоја диплома.

Сега може да се забележи општ тренд во промената на националните програми од содржина кон компетенции. Овој процес треба да продолжи: зајакнувањето на наставата која се базира на компетенции го олеснува вклучувањето на претприемништвото во училишните програми. Вклучувањето на претприемништвото во стандардите на националниот систем за средно стручно образование го фаворизира овој процес, бидејќи стандардите треба да бидат сметани за конкретни резултати од учењето. Во секој случај, наставната програма не смее да биде премногу крута, со цел да се остави простор за наставниците да преземат интердисциплинарни иницијативи и да организираат практични активности.

---

[146] European Commission/EACEA/Eurydice (2012) *Развивање на клучните компетенции во училиштата во Европа: Предизвици и можности за политики.* Извештај Евридика. Luxembourg: Publications Office of the European Union. стр.17, превземено 26.06.2014 год., достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/ documents/ thematic _reports/145MK.pdf

### 3.7.2 Поддршка за училиштата и наставниците за образование за претприемништво

На училиштата треба да им се даде поголема поддршка за воведување на претприемништвото во програмите за стручното образование, на пример со: организирање и развој на програми и алатки за учење; подигање на свеста кај училишниот менаџмент; советување за училиштата и наставниците; обезбедување на почетна и континуирана обука на наставниците; и олеснување на врските и соработката помеѓу училиштата и локалната заедница.

За да се подобри прифаќањето на изборните активности во училиштата, во Белгија, владата на Валонија промовираше координирана програма од околу 15 активности (од основно образование се до универзитет), препорачана и промовирана меѓу наставниците од страна на посебен тим од „Поттикнувачи за развивање на свеста за претприемничкиот дух“. Тимот е составен од наставници кои не предаваат економски предмети (поддржани од нивните училишта за период од две години) со задача да ги убедат училиштата да воведат претприемачки активности во нивната програма или да изградат сопствена активност со мал јавен грант. Иницијативата е раководена од „Агенцијата за економска стимулација“[147].

Што се однесува на наставните методи, се чини дека еден пристап кој е базиран на проект е значително најефикасен метод. Проектите нудат можност да се покрие голем број на различни предмети во претприемачки контекст. Затоа, претприемачкиот пристап треба да преовладува низ целото образование. Се повеќе и повеќе училишта стануваат свесни за важноста на внесување на образованието за претприемништво низ наставната програма преку работа на проекти. Иницијативата и координацијата зад овие проекти би можело да биде учител одговорен за образованието за претприемништво во училиштето, со поддршка на менаџментот на училиштето. Работата базирана на проекти треба да стане континуиран настан во училиштата.

[147] Овој проект - под името „Тим на работници за подигање на свеста за претприемништво“ беше номиниран за Европските награди за претприемачи во 2009 година, во категоријата на поддршка на претприемништвото, преземено на 16.07.2014 год., достапно на: http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/best-practices/european-enterprise-awards/index_en.htm.

На Колеџот за уметности, наука и технологија во Малта, мини-компаниите се управувани од учениците кои изучуваат *фризерски услуги* и *терапии за убавина*. Со помош на своите наставници, учениците нудат услуги за заедницата три пати неделно. Под раководство и надзор на нивните воспитувачи, тие закажуваат термини, им служат на клиентите, се справуваат со пари и со барањата на клиентите. Тоа се покажа како успешна иницијатива и е бизнис во подем.

Наставниците треба да ги имаат вистинските компетенции и искуства за настава за претприемништво. Најдобар начин да се обезбеди ова на долгорочен план е да се вклучи наставата за претприемништво во програмите за задолжителна почетна обука на наставници. Креативното размислување и иновацијата треба да бидат главниот столб на ваквата обука: средината за учење треба да ја задоволува желбата на ученикот за експериментирање. Наставниците треба да имаат знаење, разбирање и вештини во однос на претприемништвото.

Наставниците треба да бидат способни да учествуваат во тековен континуиран професионален развој на тоа поле, на тој начин осигурувајќи се дека способностите кои ги стекнале нема да застарат. Овој професионален развој може да се случува во стручното училиште или надвор преку обуки од страна на експерти за наставата за претприемништво. Вистинските претприемачи и деловни луѓе, исто така, треба да придонесат за обука на наставниците.

Квалификациските барања за наставници во средните стручни училишта треба да одговараат на вистинските потреби, а наставниците за претприемништвото треба да добијат доволно практична обука. Во моментов, барањата премногу се фокусираат на педагошка и академска подготовка. Идеално, наставниците треба да го доживеат претприемништвото за себе. На наставниците за претприемништво треба да им се даде шанса да бидат практиканти во претпријатија.

Во Франција, нов пристап кон обуката на наставниците беше воведен во 2007 година. Од секој наставник сега се бара да знае за светот на претпријатијата, и треба да го докаже тоа знаење пред да биде вработен. За време на подготовка за конкурентност на наставниците, секој иден наставник мора да стажира најмалку три недели во една компанија. Во оваа фаза на подготовка, секој иден наставник на техничка или професионална дисциплина треба да стекне тримесечно искуство во професијата која

тој / таа ќе ја предава. По назначувањето, секој наставник, без оглед на неговата / нејзината дисциплина, ќе има уште едно стажирање од три недели во една компанија во текот на првата година на специјализација. Оваа пракса се фокусира на врските помеѓу училиштето и претпријатието, а завршува со креирање на педагошки алатки.

Се разбира, важно е да се има голем број на квалитетни наставни материјали и алатки на располагање. Наставниците може да се информираат за ресурсите кои постојат на неколку начини: пазари на информации, веб сајтови, и мрежи за учење. Базата на податоци на описи на наставниците од нивните искуства со претприемничките образовни програми / активности и идеи за креативни проекти и иницијативи, исто така, може да биде добар извор на поддршка. Во прилог на информациите, наставниците, исто така, може да имаат потреба од насочување во однос на тоа која програма или активност е најдобра за нив и за нивниот клас. Овој тип на поддршка може да биде овозможен од страна на советници - специјалисти. Конечно, нудејќи награди за наставниците кои се особено посветени на претприемничкото образование, исто така, ќе придонесе за одржување на нивната мотивација.

Во Белгија, SYNTRA Фландрија - фламанската агенција за претприемнички обуки - и други партнери одржуваат "Infomarket" (пазар на информации) на секои две години, каде што наставниците и обучувачите може да откријат методи и материјали за поттикнување на претприемачките компетенции во нивната училница. Наставниците можат да учествуваат во работилници наменети за сите нивоа на образование.

Во Шведска, национални стручно советодавни комитети учествуваат во развојот на стручното образование и програмите за обука. Секое средно училиште за стручно образование и програми за обука има советодавен комитет кој учествува во планирање, реализирање и евалуација на образованието на локално и регионално ниво.

Во Франција, националниот натпревар „Иницијатива на младите“ организиран од Министерството за образование ги наградува најдобрите претприемнички проекти секоја година. Оваа награда има за цел да ги поттикне креативноста и претприемничкиот дух преку избирање на најдобрите проекти за почнување бизнис (виртуелни или реални) разработени во стручните, техничките и општите средни училишта или занаетчиските училишта, на секое поле на студии.

### 3.7.3 Соработка со претпријатијата и други чинители за поддршка за образование за претприемништво

Светот на бизнисот и локалната заедница треба да бидат активно вклучени во изготвување на стандарди и програми, како и во обезбедување на образование и практична обука (Интегрирање на работа и учење).

Во Естонија, Ентерпрајз Естонија и естонската комора за трговија и индустрија стартуваа Тркалезна маса за претприемништво во 2008 година. Сите институции (јавни и приватни), кои досега работеле независно се собраа заедно за прв пат. Како резултат на тркалезната маса, треба да се изготви Стратегија за промовирање на претприемничкото образование врз основа на договорот за соработка меѓу Министерството за економија и врски и Министерството за образование и истражување потпишан во 2007 година.

Менаџерите на училиштата треба да преземат иницијатива да се работи со приватниот сектор и другите агенции во заедницата, како и да ги поддржуваат наставниците во развојот на партнерски договори. Најдобрите примери се од училишта кои имаат блиски врски со локалните бизниси не само за потрадиционалното „работно искуство", но повеќе за да им помогне на наставниците да го стимулираат претприемачкото учење. Координатор за претприемништво во училиштето овде може да одигра клучна улога.

Непрофитните организации со искуство во обезбедување на програми и активности за претприемништво во училиштата, исто така, играат важна улога, која треба да биде подобро призната. Овие организации придонесуваат за развој на програми, обука на наставници, ефективна вклученост на приватниот сектор, како и организирање на воннаставни активности како што се натпревари и други настани. Во некои случаи може да биде поефективно за министерствата за образование да потврдат и одобрат партнер, отколку да инвестираат во поставување на самите програми. Исто така, може да биде подобро за бизнисите да се вклучат со училиштата преку реномиран партнер отколку да се обидат да влезат во системот сами. Така, Владата на Луксембург работела со бизнис секторот за да постави непрофитна организација со мисија за промоција на образованието за претприемништво во училиштата. Оваа НВО (Asbl Jonk Entrepreneuren), која е член на Европската мрежа JA-YE Европа, работи различни програми во стручното образование, од кои главната е програмата за ученички компании.

## 3.8 Влијание на претприемништвото врз училиштата и наставниците

Во секое општество, како и во секое претпријатие, има клучни поединци, или претприемачи, кои имаат способност за идентификација на можностите и кои знаат како да одговорат на новите и како подобро да ги задоволат постоечките барања. Клучното прашање што во овој контекст се наметнува е: **Дали програмата за претприемништво е во можност да развие основни психолошки ставови за претприемничка акција?**

Самата формулација на прашањето, ја наметнува тезат дека не постои неопходна поврзаност меѓу тоа да се биде претприемач, или да се биде самовработен, односно да се води независен бизнис. Претприемништвото е пристап, однос, став, степен на мотивираност и самодоверба, а воедно и комплет од практични способности. Во овој контекст, претприемачите во една организација би се идентификувале според способноста да и овозможат на организацијат да опстане, но и да се развива и расте. Претприамачкат организација, во принцип претставува средина во која сите заинтересирани страни имааат голема корист. Јасно е дека, претприемничтвото не се учи теоретски, туку преку образовниот процес, треба да се создав претприемачка свест и гради таква култура.

Како што вели Gibb, **светот на личностите од малиот бизнис, како и тој на претприемачот најдобро е окарактеризиран како начин на живот, а не само свет на чисти бизнис активности.** Едноставно кажано, оние коишто креираат претприемачка атмосфера мора да ја разберат и да ја споделуват претприемачката култура.

Постојат бројни примери кои покажуваат дека иновативноста, како основа на претприемничкиот дух, има практичен одраз врз курикулумот. Според тоа потребно е да се посвети големо внимание на обезбедувањето услови за училиштата да имаат автономија во прилагодувањето кон променливите средини и контексти во оваа област. Потербно е училиштата да се сообразат на новите услови, а тоа значи да се трансформираат не само по структура туку и по начинот на работа.

Првиот чекор во таа насока е **да се идентификуваат потенцијалните влезни моменти на сите нивоа на курикулумот**. Корисно би било оваа област да се разгледува како тема, која има пресечни точки со програмата на учење и поучување. На пример, содржините од географија може да вклучуваат теренски студии кои се однесуваат на промените во (не)вработеноста и на влијанието врз распоредот на населбите и протокот на сообраќајот.

Второ, **неопходно е да се организираат врски меѓу училиштата и претпријатијата** со што ќе им се овозможи на учениците и на наставниците да се запознаат со реалноста на бизнис-живеењето. Ова вклучува посети и проучување на организациите, но исто така и инволвирање на луѓе, надвор од образованието, во животот и работата на училиштата. На пример, би било сосем во ред да се ангажи-раат поранешни ученици кои се успешни во развивањето на нови претпријатија да го претстават сопствениот модел. Исто така, треба да се воспоставуваат и коопреантски врски меѓу училиштата и фирмите, како на пример, користење на училишните работилници за практична настава и училишните задруги.

Трето, **развојот на претприемнички вредности и ставови во училиштето е мошне значајно прашање**. Доколку, во улога на воспитувачи, наставниците бараат начини за развивање на претприемнички однос и приод кај своите ученици, а притоа и самите се однесуваат претприемнички, тогаш целиот процес би бил поефективен. Ова е сложено прашање и треба да се разгледува во контекст на тоа како училиштата се справуваат со процесите на организационен развој и обнова. Крајно, училиштата треба да развиваат култура на учење. На прв поглед, ова може да изгледа како очигледна изјава. Меѓутоа, поентата е дека доколку претприемачите учат од своите неуспеси подеднакво добро како и од своите успеси, тогаш наставниците треба да ги разгледуваат импликациите како врз педагошката така и врз практиката надвор од училницата.

Во пракса, воведувањето на едукација за претприемништво во курикулумот значи изнаоѓање одговори на неколку прашања.[148]

[148] Konrad, John: 3rd Workshop on curriculum innovation, REPORT: *Teacher and Trainer Training - Entrepreneurship in education and training*. Working papers

1. **Какви вештини и какво искуство им требаат на наставниците за тие да ги споделат со своите ученици?**

Ова навлегува во прашањето до каде можат и треба да бидат инволвирани наставниците во процесот. Ако ова поле се смета за доволно значајно, тогаш следи дека самите наставници мора да развиваат неопходни знаења и вештини преку усовршување и оспособување на работно место. Во спротивно, вакви ресурси ќе треба да се донесат во училиштата на друг начин. Ниту една од овие стратегии не може да се спроведе брзо и ниту една не е евтина. Можеби еден вид комбинација од двете стратегии е најефективниот начин за решавање на ова прашање.

2. **Дали развојот се однесува исклучно на содржината или бара и организирање на училиштето заедно со персоналот во развој на претприемничка култура каде што системот на наградување се дефинира според резултатите а не според формалниот статус?**

Ова е можеби најтешкиот проблем за училиштата. Во основа, сите наставници се или услужни службеници или имаат некој сличен статус кој повеќе се базира врз остварување а не врз начинот на извршување. Воведувањето на систем на наградување кој е поврзан со изведбата, без оглед дали вклучува бонуси за поединците или повеќе ресурси за училиштата, првенствено значи воведување на промена во културата. Водството во училиштата, како и локалните авторитети, се клучни фактори во оваа работа.

3. **Дали можат училиштата да развиваат партнерство со претпријатијата, при што развивањето на претприемничките способности, главно, способноста за учење од искуство, би можеле постепено да се развиваат?**

Во овој контекст, партнерството меѓу училиштата, претпријатијата и останатите фактори во локалната економија, вклучува препознавање на заедничките цели и на начините за нивно остварување. Овој аспект на интеракција меѓу училиштата и средината во која се наоѓаат, бара внимателно развивање во тек на подолг временски период, како и ефективно водство и координација. Не е многу веројатно дека влијанијата на овој процес можат да се видат за брзо време.

**4. Дали ова треба да води кон модел во кој учениците во голема мера стануваат претприемачи, прво преку симулации на претпријатија или мали претпријатија во рамките на училиштето, а подоцна со соодветна менторска поддршка да станат претприемачи во ,вистинскиот' живот?**

Овој аспект завлегува во можеби најдалекусежните промени и можеби би требало да вклучува проблематика надвор од опсегот на училиштата. На пример, до каде се вредностите на бизнисот компатибилни со вредностите на образованието?.

Да се научи како да се учи се повеќе добива во значење, и на личен и на професионален план. Организациското учење денес станува тренд во работата на сите оорганизации со претприемнички дух, а особено образовните институции. Станува збор за вклучување на промени во оспособувањето за учење, од пренесување на знаења и вештини, интегрирање на обуката во главните текови на менаџментот на човековите ресурси и друго. Ова не е само когнитивна и педагошка задача, туку и прашање на мотивација и самодоверба. Доколку луѓето, и тоа не само младите луѓе, имаат доверба во своите способности за добивање нови знаења и вештини, тогаш тие си ја обезбедуваат сопствената иднина во турбулентните услови на современото економско живеење, а истовремено ја зајакнуваат културата на своето општество. Поттикнувањето на учење кое е насочено кон себеси претставува централна цел на европското образование.

Визијата за проширена и продлабочена Европа мора да се гради врз јасна претстава за тоа што значи едно претприемничко општество и какви конкретни средства може да се користат за негово остварување. Историски, колективистичката идеја ја истакнуваше улогата на државата како генератор на солидарност и еднаквост, наспроти конзервативистичката идеологија на либералниот пазар која ја нагласува улогата на поединецот истакнува Giddens. Меѓутоа, тој расправа дека основно мото за новата политика е „нема права без одговорности".[149] Еден важен аспект на оваа промена е развојот на граѓанското општество во кое сите членови признаваат индивидуални права и заеднички обврски. Преземањето ризик вклучува

[149] Giddens, A. (1994). *Beyond Left and Right: the future of radical politics*, in Havemann, Paul (2001) *No Rights without Responsibilities - Third Way and Global Human Rights Perspectives on Citizenship*; Waikato L. Rev.75, преземено на 16.08.2014 год., достапно на http://heinonline.org/HOL/LandingPage?handle= hein.journals /waik9 &div= 7&id=&page=

претприемнички активности на работа и откажување од бенефициите од работата со малку или воопшто без економски да се исплати.

Во овој процес на создавање на амбиент на претприемничко општество, промената од пасивни бенефиции за социјално невклопените кон вистинското учење и вистински квалификации поврзани со работата, е дел од есенцијалната улога на образованието, а посебно на стручното образование и оспособување, во иста мерка како и изградувањето работна сила која ќе привлече вложување на капитал. Денес, во сите транзициони држави постои еден парадокс, а тоа е во услови на голема стапка на невработеност, од една страна, постои недостаток од компетентна работна сила, од друга страна. Учењето е општествена активност. Стручното образование и оспособување ја рефлектира доминантната идеологија и во исто време претставува пренесувач на вредностите и на самата претприемничка идеологија. Се јавува и потреба од продлабочено разбирање на културната улога на стручното образование и оспособување, посебно во транснационален контекст.

Природата на знаењето и неговата поврзаност со целите на стручното образование и оспособување во едно општество, претставуваат клучни прашања кои треба да се истражуваат во новиот век. За традиционалните наставни планови и програми на стручното образование и оспособување и за традиционалните процеси на учење се смета дека се недоволни за задоволување на потребите при развивање на знаења и вештини потребни за новите економии. Наставните планови и програми за стручното образование и оспособување, традиционално се базираат врз соопштување фиксни сетови на знаења и вештини кои се бараат за одредени задачи во даденото занимање. Кога станува збор за развивање знаења во пошироката смисла на зборот, корисно е да се направи разлика меѓу различните типови знаења. Авторите Lundvall и Johnson, идентификувале четири различни типови знаења:

- **да се знае што (*knowing what*),**
- **да се знае зошто (*knowing why*),**
- **да се знае како (*knowing how*) и**
- **да се знае кој (*knowing who*).**[150]

[150] Преземено на 17.08.2014 год., доспатно на http://www.globelicsacademy.org/2007/papers/From%20the%20Economics%20of%20Knowledge%20to%20the%20Learning%20Economy.pdf

Со брзите промени во современото индустриско општество, традиционалните улоги и задачи не се повеќе фиксни и не можат лесно да се предвидуваат. Затоа, стручното образование и оспособување добива нова улога во пренесувањето на вештините и вредностите неопходни за развивање на нови знаења. Овие знаења се во тесна врска со работата, или **знаења - како**, кои комбинираат „вештини на мануелна работа" со „интелектуална работа" што ќе водат кон иновации во производите и во процесите, и на овој начин, кон создавање работни места и социјална сигурност. Истовремено, знаењето има општествена улога во оспособување на работниците да учествуваат во заедничко обликување на идната работа, а со тоа и на општеството.

Новите пристапи во осовременување и акредитирање на професионалците во стручното образование и оспособување - наставници, обучувачи и планери - се критични во професионализирањето на стручното образование и оспособување. Истражувањата покажуваат дека наставниците и обучувачите во стручното образование и оспособување ќе продолжат да имаат централна, но улога која се менува, и во дизајнирањето и во обликувањето на можностите за учење, како и во поддршката што ја пружаат на обучуваните.

Претприемништвото вклучува примена на еден вид комбинација на функционални и лични компетенции. Значаен напредок се постигна во дефинирањето и проценувањето на функционалните компетенции, но се уште постојат нејасности и позабавен развој во однос на личните компетенции.

# 4. ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 4.1 Почетоци на претприемничко образование во Р.Македонија - улогата на социјалните партнери во образовниот систем

Сите искуства во светот покажуваат дека образованието е клучниот фактор за развој на секоја држава. Оние држави коишто постигнале економски раст и подем се истакнуваат, меѓу другото, и со добро поставен образовен систем особено во стручното образование. Во контекст на стручното образование, како комплексна категорија, круцијален фактор е социјалното партнерство. Стручното образование и социјалното партнерство се како две страин на една иста монета. Тоа значи, дека развојот на социјалното партнерство води кон развој на стручното образование, и обратно, Тоа особено дојде до израз во процесот на транзиција во сите држави. Колку е подобро развиено стручното образование, толку е поизразена неговата поврзаност со социјалните партнери. Република Македонија е типичен пример за тоа. Имено, државата, по распадот на поранешна Југославија и во постсоцијалистичкиот период минуваше низ различни фази.

Треба да се напомене дека во фазата пред 1990 година на просторите на поранешна Југославија беше воспоставен конзистентен систем на стручно образование и оспособување со широко распространети форми и степени на образување. Специфично за стручното образование во тој период, согласно на општествено - економскиот и политичкиот систем беше тоа што постоеа голем број на струки со тесно насочени занимања, што во целост одговараше на структурата на стопанството која фокусот го ставаше на индустријализацијата и развојот на големите компании. Во тој

период социјалното партнерство имаше свое место во стручното образование од неколку аспекти.[151]

1. Помеѓу училишта за стручно образование и претпријатијата постоеше тесна соработка на планот на реализација на практичната настава во претпријатијата. Карактеристично во тој поглед е и фактот што многу вакви училишта беа формирани во рамките на големи претпријатија и продуцираа кадар за нивни потреби (типично за помалите градови);
2. Многу често претпријатијата доставуваа барања до училиштата за донесување на курикулуми за нови занимања и профили во базичното и континуираното стручно образование;
3. Голем дел од испитите се спроведуваа во компаниите, на работните места или пак во училиштата но со учество на претставници од претпријатијата;
4. Компаниите им помагаа на училиштата за стручно образование во опремувањето
5. Претставници од компаниите беа членови на органите на управување во училиштата.

Освен на локално нивó, постоеја и форми на социјално партнерство и на државно и републичко нивó. На републичко нивó постоеше т.н. Републичка самоуправна интересна заедница за насочено образование во која партиципираа стејкхолдери и тука се донесуваа значајни одлуки за уписната политика, за финансирањето на училиштата за стручно образование, за курикулумите, за новите занимања и профили. На нивó на држава постоеше *Номенклатура на занимања*, а во нејзиното донесување учествуваа експерти од образованието и стопанството, од стопанската комора, од здружението на занаетчии, од синдикатот и други социјални партнери.

Според тоа социјалното партнерство беше развиено и во тоа време, но на еден подруг начин којшто одговараше на договорната економија и во услови на општествена сопственост на капиталот. На пазарот на трудот делуваа непазарни механизми, невработеноста беше мала, но затоа пак вработувањето беше непродуктивно. Претприемничкото однесување не беше поттикнувано.

---

[151] Petkovski, Konstantin, Janevski, Vesna: *Social partnership - Report for Republic of Macedonia* - UNESCO project

По осамостојувањето на Република Македонија започна процесот на транзиција, кој што значеше трансформација на општествениот капитал во приватна сопственост. Процесот на приватизација беше проследен со многу проблеми, распад на големите компании, раст на невработеноста, раслојување на општеството, појава на сивата економија и политизација во сите сфери на живеење и работење. Во такви услови, кога стариот систем на вредности се руши, а новиот не беше изграден, сосема јасно е дека на површина излегоа многу аномалии во општеството коишто имаа силно влијание врз целокупниот образовен систем. Тоа доведе до крупни последици во стручното образование, којшто извесно време функционираше по инерција од минатото, но проблемите наскоро можеа да се забележат. Тие проблеми не беа само од финансиска природа заради осиромашување на економијата, туку стануваше јасно дека постојните струки се премногу а занимањата многу тесно насочени што не одговараше на веќе започнатиот процес на развој на малиот и среден бизнис. Опремата во училиштата застаруваше, наставниот кадар беше во конфузија заради невоспоставениот систем на професионално усовршување, учениците се помалку беа мотивирани за учење, а државата се соочуваше со крупни проблеми поврзани со признавањето на статусот, проблеми со името, ембарга, војни во непосредното соседство и крупни внатрешни проблеми.

Во такви услови социјалното партнерство беше на маргините, а стручното образование остана во исклучива надлежност на Министерството за образование. Таквата состојба во оваа фаза траеше до 1997 година кога во РМ започнаа активностите во врска со започнување на реформи во стручното образование со подршка на ФАРЕ програмата преку Европската фондција за обука. Во тој период, покрај Педагошкиот завод (сега Биро за развој на образованието), во Република Македонија се формира и Центар за стручно образование и обука, чијашто мисија беше да обезбеди поддршка на реформите во стручното образование. Во рамките на оваа институција со седиште во Битола, започна со работа и Националната опсерваторија.

Тука беше и формалниот почеток на третата фаза, којашто трае и денес, а во којашто се реализираа повеќе значајни проекти коишто имаа силно влијание врз развојот на стручното образование и без кои што неопходните реформи не ќе можеа да се реализираат.

## 4.2 Реформи во образовниот систем на Република Македонија во децентрализирани услови

Реформите беа резултат на наметната потреба за промени. Овие промени се главно резултат на:

- потребата да се одговори на промените во општествено-економската сфера;
- достигањата во техничко-технолошката сфера;
- трендовите во сферата на образованието на развиените земји од светот и
- потребата за вклучување во меѓународната поделба на трудот, што може да се овозможи со транспарентност на стандардите.

Во постојниот систем на стручното образование и оспособување на Република Македонија, континуираните промени треба да се однесуваат во повеќе сегменти, но како најзначајни се во:

- намалување на бројот на струки и занимања во тие струки;
- редефинирање - рационализација на мрежата на училишта за стручно образование во Република Македонија, согласно со потребите на економскиот развој на локалната самоуправа;
- политиката на запишување на учениците во средното стручно образование, со респектирање на состојбите и потребите на пазарот на трудот;
- пристапот на дефинирање на стандардите за стручното образование и оспособување, со афирмирање на општественото партнерство;
- нови содржини во курикулумот и нови пристапи и начини за негова реализација
- нов начин на организирање и работење на училиштата.

Поаѓајќи од претходното, следниот пристап и соодветната шема ја отсликуваат во определени сегменти потребната реформа на стручното образование (сл. 4)




***Сл. 4.** Реформа на стручното образование*[152]

Потребите на пазарот на трудот кои се добиваат со спроведување на истражувања најчесто се однесуваат на потребните знаења, вештини, компетенции, ставови, однесувања. Барањата на државата и образовните институции всушност се однесуваат на општествените потреби искажани преку социјалните вештини какви што се комуникациските вештини, лидерството, тимската работа, животните вештини. Барањата на поединецот ги отсликува персоналните потреби какви што се информациско - комуникациската технологија, претприемништвото и странските јазици. Улогата на социјалното партнерство е да ги интегрира стандардите и курикулумот во согласност на овие три барања и да ја промовира парадигмата за учењето за цел живот.

Исто така, треба да се напомене дека во определени сегменти на стандардот за стручно образование и оспособување се чувствува и влијанието од наметната потреба за организациска трансформација за квалитет во образовните институции - училиштата.

[152] Petkovski, K., (1999) Team leader of Proect: *Standard 2000, Raport and Publication for Republic of Macedonia*, Europian Training Fondation, Turing Italy

Ваквата организациска трансформација за квалитет опфаќа: **менаџерска обука, обука на наставници, реструктуирање и промена на културата.**

Според претходното, реформата во стручното образование треба да опфаќа промени во поглед на стандардите, курикулумот и работата на училиштата. Овие промени треба да се одвиваат интегрално во наведените три сегменти. Едно значајно прашање кое што се поставува во тој контекст е:

**Која е иднината на социјалното партнерство во Република Македонија?**

Иднината на социјалното партнерство е во оддржливоста на стручното образование, а за тоа е потребна соодветна законска регулатива. Во јуни 2006 година е донесен посебен закон за стручното образование, но истиот не е на потребното ниво́ кога станува збор за задоволување на потребите на постсредното образование, образованието на возрасни, неформалното образование. Освен тоа, потребно е во стручното образование, покрај улогата на Министерството за образование и наука, да се зголеми улогата на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, како и на Стопанската комора, Комората на занаетчии, Синдикатот и други социјални партнери. Во овој контекст, клучната улога треба да ја има Центарот за стручно образование и обука.

Мисијата на институцијата е:

- да обезбеди квалитетно стручно образование според потребите на пазарот на трудот, согласно на европските стандарди и темелните вредности на претприемничкото општество, со што ќе придонеси за подобрување на вработливоста на младите, зголемување на економската ефективност и конкурентноста во македонското стопанство и
- да претставува место каде што се сретнуваат, усогласуваат и поврзуваат интересите и потребите на државата и социјалните партнери во стручното образование во Република Македонија, со што се создаваат услови за успешно влегување во меѓународниот простор.[153]

[153] Преземено на 21.08.2014, достапно на http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content &task=blogcategory&id=23&Itemid=121

Функции на оваа институција:

- поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование;
- поврзување на образованието и работата во духот на филозофијата за доживотно учење;
- развивање на европска ориентација на стручното образование, со обезбедена транспарентност и конкурентност на стекнатите стручни компетенции, прилагодени на потребите на заедничкиот европски пазар на трудот;
- истражување на пазарот на трудот и стручните профили и занимања, како и развојните трендови;
- изготвување на стандарди на струки и занимања, како основа за изработка на наставните планови и програми;
- развивање на наставни планови и програми за сите нивоа на стручното образование;
- обезбедува поддршка на стручното образование преку советување на наставниците и обучувачите во стручното образование;
- развива и реализира стручно усовршување на наставниците во стручното образование и
- го поттикнува и координира развивањето на иновативни проекти во стручните училишта и ги споделува примерите на добра практика[154].

[154] Преземено на 21.08.2014, достапно на http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=23&Itemid=121

# 5 ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 5.1 Претприемништвото како содржина и како пристап во наставата и работат на училиштата

Кога станува збор за застапеноста на претприемништвото во образовниот систем, тогаш треба да се имаат во вид следните три аспекти:

1. **Застапеност на предмети, поврзани со претприемништвото или содржини од претприемништво во некои предмети, во наставните планови и програми;**
2. **Претприемништвото како пристап во наставата – активни форми на работа на наставниците и**
3. **Претприемништвото како пристап во планирањето, организацијата и реализацијата на наставата, како и во работата на училиштата во целина.**

Првиот аспект се однесува на **застапеноста на претприемништвото како содржина во наставните планови и програми**. Од таа гледна точка претприемништвото, може да се сретне во предмети кои што не го носат тоа име, но се многу блиски, како што е предметот Бизнис или Менаџмент и бизнис (во средното стручно образование) или Економија и Бизнис и претприемништво (во средното гимназиско образование). Исто така елементи од претприемништвото може да се сретнат и како содржини во рамките на некои предмети кои се мултидисциплинарни, како на пример предметот Иновации (во основното образование).[155] Треба да се напомене дека овие предмети имаат статус на задолжителни, а тоа значи ги изучува целата популација на ученици. Постојат и изборни предмети, кои што ги изучуваат само дел од учениците а кои што вклучуваат теми од претприемништвото, какви што се

[155] *Наставен план за деветогодишно образование*, преземено на 03.09.2014, достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodishno_2010-2011.pdf

проектните активности (во гимназиското образование) или слободните часови (во стручното образование) насловени како Претприемништво и иновации. Но, покрај на овој начин, претприемништвото може да се сретне и во други форми на настава каква што е изборната настава и која преку проекти може да се реализира само во некои училишта. Како типичен пример за тоа е програмата **„Економско образование на млади" - Junior Achievement.**

Како што може да се види, претприемништвото е многу повеќе присутно во средното образование и тоа стручното образование, а многу малку присутно во основното образование. Тоа треба да се земе предвид при изготвувањето на новиот концепт за основното образование и соодветно на тоа новите наставни планови и програми. Во следниот период, како резултат на законските измени според кои што основното образование како задолжително трае 9 години и согласно Националната програма за развој на образованието[156] (стратешки документ на Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2005-2015) донесувањето на нов курикулум за основно образование е од клучно значење.

Вториот аспект, актуелизира едно есенцијално прашање, какво што е **реализацијата на наставата од наставниците**. Со други зборови, станува збор за користените форми или стратегии за учење и поучување. Во зависност од тоа, дали се реализира традиционална или активна настава, зборуваме за отсуство или присутсност на претприемничко однесување на наставниците коа што понатаму ќе придонесе за формирање на такво однесување кај учениците. Претприемништвото не е само економска категорија, туку начин на кој што луѓето работаат и живеат. За таквиот пристап е многу важно да се формираат кај учениците потребни социјални вештини и јакне коефициентот на социјалната и емоционалната интелигенција. На тој начин тие ќе се оспособат за снаоѓање во непознати или проблем ситуации. Тоа се постигнува со користењето на современите форми на работа или преку активна настава. Современите трендови во наставата, во услови на формирање на демократско и плурално општество, поставуваат повеќе барања во реализацијата на образовните програми и надминување на традиционалните гледишта. Ученикот, од пасивен набљудувач станува активен

[156] *Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, донесена на 18.04.2006 во рамките на 129-та седница на Собранието на Република Македонија

учесник во процесот на совладување на содржините и се стекнува со самодоверба. За таа цел, потребно е кај учениците да се развиваат повисоки мисловни процеси, при што учениците ќе бидат способни за:

- поврзување на сопственото искуство со содржините,
- споредување на резултатите,
- решавање проблеми,
- поставување прашања,
- конструирање примери,
- барање можни одговори,
- испитување на причините и последиците,
- покажување скептицизам,
- градење на сопствени аргументи,
- формирање и заземање став и
- разгледување на туѓите аргументи.

Сите овие потреби за промени во улогата на ученикот упатуваат на развивање на критичко мислење кај учениците. Еден од концептите што го поттикнуваат критичкото мислење на учениците, е Блумовата таксономија на прашања.

Јасно е дека со примена на активна настава и формирање на критичко мислење кај учениците, всушност го имаме претприемништвото во пракса. Имено, иновативноста и креативноста се основата и на активната настава и на претприемничкото однесување.

Третиот аспект, се однесува на **поставеноста и работата на училиштата**. Тоа е во тесна врска со културата на училиштето и стилот на водството во училиштето. Во тој контекст зборуваме за ефективни училишта како модел на успешно училиште. Вообичаено ја користиме фразата „училиште што го подобрува учењето" кога сакаме да опишиме тип на идеално училиште. Тоа така го зема и Rosenholtz[157] и според неа социјалната (општествената) организација на училиштето директно влијае на чувството за припадност на наставниците и достигнувањата на учениците. Оваа нејзина фраза е прифатлива за нас, бидејќи ги респектира виталните карактеристики на успешното

[157] Rosenholtz, S. (1989) *Teachers workplace: The social organization of schools*. New York: Longman.

училиште, како место во кое **заедно и учениците и наставниците учат**. Розенхолц прави разлика меѓу два дијаметрални типа на училишта: **moving school** и **stuck school**. Во своите истражувања, можеби не изненадувачки, таа откри дека во подвижните училишта, учениците даваат многу повисоки резултати, отколку учениците во т.н. заглавени училишта. Исто така, првиот тип на училиште е подобро место за работа на наставниците. Динамичкото училиште најчесто е водено од директор со претприемнички и лидерски способности кој креира здрава клима и функционална култура во училиштето кои што ја поттикнуваат и поддржуваат активната настава. Настава ослободена од традиционалност и авторитарност која што го ослободува креативниот дух кај учениците.[158]

Во поглед на работата на училиштата, а во контекст на претприемништвото, треба да се истакне и значењето на воспоставената соработка на училиштето со локалната средина и посебно со бизнис организациите како значаен социјален партнер. Но, исто така е важно да се создадат во рамките на самите училишта и можности за развивање на т.н. **ученички задруги и кариерно катче** (во основните училишта) и **реални** или **виртуелни компании** (во училиштата за средно образование). Тие ќе овозможат да се развива претприемничката култура во самите училишта.

Во овој извештај, овие три аспекти ќе бидат разгледани во контекст на постојната состојба во училиштата за основно и средно образование.

## 5.2 Претприемништвото во основното образование во Република Македонија

За основното образование, од трите наведени аспекти поврзани со претприемништвото, најголемо значење има **претприемништвото како пристап во наставата.** Имено, во изминатиот период главен акцент се ставаше, а и сега тоа се прави, на имплементирање на активната настава во училиштата. Но, тоа не може целосно да ги надмине проблемите во основното образование, бидејќи наставните планови и програмите по сите предмети имаат многу голем академски нагласок а не практичен пристап. Тоа го потврдија и резултатите од интернационалното истражување

[158] Петковски, К. (1998) *Менаџмент во училиште*, НИРО „Просветен работник" Скопје

ПИСА 2000, според кои Република Македонија се најде на триесетиосмото место од вкупно 41 држава вклучени во истражувањето. Проблемот на слабите резултати на учениците не е во тоа дека тие се неписмени или немаат доволен потенцијал, туку прашањата во тестовите беа направени така што ги поставуваа учениците во непознати или проблем ситуации. Нивната неподготвеност за вакви тестови се должи пред се на фактот што во реализацијата на курикулумот и наставата во училиштата за основно образование, наставниците во работата со учениците фокусот го ставаат на најниските тежински нивоа на Сандерсовата таксономија какви што се знењето, разбирањето и до некаде примената, а помалку на повисоките тежински нивоа како анализа, синтеза и евалуација. Тоа практично значи дека не се поттикнува нивната креативност, а со тоа не се градат нивните претприемнички особини и вештини.

Имајќи го во вид претходно кажаното, јасно е зошто во изминатиот период и денес сеуште во училиштата за основно образование се присутни проекти преку кои што наставниците се обучуваат за користење на активните методи во наставата. Во тој контекст треба да се спомнат проектите *Активна настава - интерактивно учење* и *Чекор по чекор - Креативна настава и учење*.

Истражувачкиот проект **Активна настава - интерактивно учење** како еден макропроект во образованието со многу големо значење се одвиваше во неколку фази. Проектот практично започна во 1994 година, по претходни поголеми подготовки својствени за еден истражувачко иновациски процес. Како клучен настан во подготви телната фаза може да се земе организираната тркалезна маса од страна на тогашното Министерство за образование и физичка култура, УНИЦЕФ и Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на тема: „Оспособување на наставниците од основното образование за примена на посовремена образовна технологија". Потоа започна имплементацијата на овој макропроект преку проектите Интегрална настава-организација, методско обликување и ефекти, Диференцирана настава во вишите одделенија на основното училиште и Порано поаѓање во основното училиште. Во пилотската фаза беа влучени 4 училишта за основно образование. Во наредниот период, сукцесивно се вклучуваа и други основни училишта, но нивниот број беше ограничен (стигна до 44) заради разбирливите причини на финансирањето и расположивиот капацитет на тогашниот Педагошки завод (денес, Биро за развој на образованието).

Суштината на овој проект беше воспоставување на нов дидактички концепт кој што промовираше настава во чиј центар се личноста на ученикот и процесите на учење. Тој концепт се градеше на сознанијата за слабостите и предностите на постојниот концепт на основното образование во Република Македонија, новите сознанија во педагогијата и психологијата, претпоставените потреби на општеството во 21 век од аспект на карактеристиките на знаењата и способностите што ќе им бидат потребни на луѓето во животот и работата.

Професорката Снежана Адамческа во својата книга Активна настава, во поглед на **целите и содржините на наставата**, во овој вид на настава, акцентот го става на:

- функционални наместо фактографски знаења,
- сеопфатен наместо нагласен когнитивен развој,
- содржини значајни за актуелниот живот,
- можност за личен избор и
- холистички приод[159].

Во поглед на **организацијата и реализацијата на наставата**, во истиот учебник, професорката Адамческа, акцентот го става на: [160]

- Стимулативна средина за учење,
- Недирективно - демокртско водење на наставата,
- Интегрирано тематско планирање и реализирање на активностите,
- Учење низ лично искуство,
- Поучување и самостојно учење,
- Диференциран приод во учењето,
- Учење низ истражување и
- Кооперативно учење.

Во поглед на **следење и оценување на постигнувањата**, професорката Адамческа, акцентот го става на: [161]

- Отсуство на закана,
- Високи стандарди и

[159] Адамческа, С. (1996): *Активна настава*, стр.24
[160] *Ibid.* стр.62
[161] *Ibid.* стр.63

- Формативно и описно оценување.

Според неа, активната настава поседува обележја кои пред се имаат дидактичко - методски карактер, какви што се: [162]

- активност,
- интеракција,
- интеграција,
- истражување,
- индивидуализација и диференцијација,
- социјализација,
- мотивација,
- тимска работа и
- престилизација на ентериерот.

Суштината на активната настава е во активното користење на просторот и ресурсите од страна на наставниците и учениците преку еден интерактивен процес кој што поттикнува иновативност и креативност, а тоа значи претприемничко однесување.

Во оваа насока е и проектот **Креативна настава и учење,** чија цел е да понуди модел за реформирање на училиштата преку активно вклучување на учениците во наставните и факултативните активности кои промовираат развој на креативни и критички мислители. Со проектот беа опфатени 46 основни училишта и 18 гимназии.

Преку компонентите и активностите, со овој проект беше реализирано следното:[163]

- **Со читање и пишување до критичко мислење** – реализирани обуки за околу 1200 наставници за примена на активни наставни методи кои поттикнуваат критичко мислење кај учениците.
- **School Improvement** – реализирани обуки за училишни тимови од по 5 до 7 члена, за развојно планирање, училишен менаџмент, тимска работа, подобрување на училишната клима, изработка на кодекси на однесување во училиштата.

---

[162] Адамческа, С. (1996): *Активна настава*,стр.74

[163] Проект на Фондацијата „Чекор по чекор" – ФИООМ (2004) на тема: *Со читање и пишување до критичко мислење*

- **Формирање на медијатеки** – како синтеза на новите трендови во образованието и интегрирање на информатичката технологија во училишните библиотеки. За потребите на училишните медијатеки беа набавени компјутери, скенери, принтери, фотокопири и обезбеден пристап до Интернет.
- **Факултативни активности на учениците** – организирани кампови, квизови, натпревари во соработка со невладината организација „Младински образовен форум".

Денес проектот е проширен и со интервенции во високообразовните институции за обука на наставници со цел да се поддржат универзитетските кадри од сите наставнички факултети во насока на испорачување на поквалитетна настава за нивните студенти – идни наставници.

Треба да се напомене дека денес, елементите на споменатите проекти се инкорпорирани во наставата што се реализира во сите основни училишта во Република Македонија, но пртенциозно би било да се каже дека тоа секаде се прави со успех. Ако се направи критички осврт, тогаш слободно може да се каже дека на овој план сме сеуште многу далеку од потребното ниво. Наставата сеуште се реализира во многу училишта и од многу наставници на традиционален начин, а вонннаставните активности во многу училишта се реализира формално. Затоа се потребни конкретни системски решенија.

Од аспект на **застапеноста на претприемништвото во наставните планови и програми** во основното образование, треба да се истакнат неколку значајни моменти. Од ова учебна година со измените[164] на наставниот план и програма за учебната 2014/15 година, во IX одделение е воведен предметот Иновации со неделен фонд од 1 час, односно 36 часа годишен фонд. Наставата по Програмата[165] од овој предмет, им овозможува на учениците развивање на иницијативноста и креативноста; претприемачкиот дух и иновативното размислување преку стекнување на знаења и

[164] *Наставен план за деветогодишно образование*, преземено на 03.09.2014, достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodishno_2010-2011.pdf ,

[165] *Наставна програма: Иновации*, преземено на 03.09.2014, достапно на *http://bro.gov.mk/docs/ osnovno-obrazovanie/nastavni_programi/VIII-IX/Nastavna_programa_Inovacii%20nova%20verzija.pdf*

вештини од областа на претприемништвото и иновациите.[166] Со наставната програма кај учениците ќе се развиваат општи комптенеции, како што се: само-осознавање, креативност, иницијативност, генерирање на идеи, самодоверба, тимска работа, како и основни бизнис вештини од областа на продажбата и финансиската писменост со цел за развивање на иновативното размислување и отвореност за само-истражување, инвентивност, желба за остварување на своите идеи, користење на можности, превземање на ризик и сл. Наставната програма од областа иновации во IX одделение од основното образование има статус на редовен предмет со фонд од 36 часа годишно. Во склоп на овој предмет се предвидуваат да се реализираат следните теми:[167]

1. претприемач и претприемништво,
2. професионален / кариерен развој,
3. препознавање на можности и иновации,
4. иновативни процеси и технологии,
5. маркетинг и продажба и
6. финансиска писменост.

Исто така во основното образование на ниво на предметна настава, почнувајќи од учебната 2012/2013 година, во соработка со Регионалниот центар за препtприемничко учење за Југоисточна Европа (SEECEL - South East European Centre for Enterpreneruial Learning)[168] со седиште во Загреб, во партнерство со Министерството за образование и наука и Министерството за економија, во осум држави од регионот: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција[169], беа избрани по четири пилот училишта во кои се спроведе **Проектот за претприемничко учење.** Секое од четирите училишта во предметна настава, развиваше посебни

[166] *Решение за дополнување на наставниот план воспитно-образовната дејност во деветгодишното основно училиште*, преземено на 03.09.2014, достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/ resenie_devetgodishno_2014.pdf.

[167] *Наставна програма: Иновации*, преземено на 03.09.2014, достапно на *http://bro.gov.mk/docs/osnovno-obrazovanie/nastavni_programi/VIII-IX/Nastavna_programa_Inovacii%20nova%20verzija.pdf*

[168] South East European Centre for Enterpreneruial Learning, преземено на 03.09.2014 год., достапно на www.seeecel.hr

[169] ИПА програм Европске уније за више корисника, (2001) *ПРЕДУЗЕТНИЧКО УЧЕЊЕ - Приступ кључним компетенцијама*, ИСЦЕД НИВО 2, Пројекат финансира Европска унија, Пројекат реализује СЕЕЦЕЛ, преземено на 03.09.2014, достапно на http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/ Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202%20-%20RS.pdf

програми за развој на претприемничките вештини кај наставниците и учениците и тоа: [170]

- развој на претприемничкото учење во областа на јазиците (мајчин и странски јазици);
- развој на претприемничкото учење во групата на природните науки;
- развој на претприемничкото учење во групата на општествените науки и
- развој на претприемничкото учење во групата на предмети по вештини: техничко образование, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование.

Работната методологија беше заснована на два комуникациски медиуми:

- Директна работа (лице на лице) и
- Работа преку интернет на платформата за Заедничка практика (Community of Practice).

**Заедницата на практика (Community of Practice)** е дизајнирана од страна на Регионалниот центар за прептриемничко учење за југоисточна европа (SEECEL) како веб основна платформа за да промовира размена на добри практики, знаења и искуства преку олеснување на работата и дискусии на експерти, практичари и пошироко.[171]

Четирите пилот училишта вклучени во овој проект во Република Македонија се: ОУ „Санде Штерјоски" - Кичево; ОУ „Кирил и Методиј" – Македонска Каменица, ОУ „Стив Наумовски" - Скопје и ОУ „Ѓорѓија Пулевски" - Скопје.[172] Во текот на последните две учебни години 2012/2013 и 2013/2014 година во овие училишта се формирани училишни тимови за претприемничко учење, кои заедно изработија Акциони планови за реализација на активности по претприемничко учење во склоп на редовната настава, како и во воннаставните активности. За овој период се обучени сите предметни наставници на ниво на училиштата вклучени во пилот проектот кои после тоа во нивните планирања (глобални и тематско процесуални планирања) планираа и реализираа активности со учениците, со елеменети од претприемничко учење,

[170] ИПА програм Европске уније за више корисника, (2001) *ПРЕДУЗЕТНИЧКО УЧЕЊЕ - Приступ кључним компетенцијама*,
[171] SEECEL, *Community of Practice (CoP)*, преземено на 03.09.2014, достапно на www. seecel.hr/cop.
[172] Преземено на 03.09.2014, достапно на http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202%20-%20RS.pdf

користејќи ги исходите за учење изработени од страна на Регионалниот центар за препприемничко учење за југоисточна европа (SEECEL). Почнувајќи од учебната 2014/2015 година, во секоја од неведените држави, па и во Република Македонија ќе се вклучат дополнителни четири нови основни училишта, кои ќе се менторираат од пилот училиштата кои веќе се вклучени во проектот.

Клучна улога во развој на претприемничкото учење имаше и програмата **„Економско образование на млади" – Junior Achievement**[173], која што претставува посебен предизвик за образовниот систем на Република Македонија во услови на транзиција кон пазарната економија. Оваа програма ги актуелизира и ги воведува младите во карактеристичните особености на економската проблематика на личен, семеен и општествен план. Со Програмата Junior Achievement (опфатени се повеќе од 112 земји од светот со преку 6,5 милиони ученици) и се овозможува едукација (преку игра и забава, компјутерски симулации и размена на искуства) за ризикот и профитот од претприемништвото. Основната идеја на програмата за економско образование на младите од 7-30 години е да влијае во креирањето на погледи и сфаќања на новата генерација, идни активни чинители во нашето општество, чие одлучување ќе се темели на принципиелни, општествено свесни и етички фундирани ставови, во услови на пазарно окружување.

Она што е особено важно, со овој проект е дека се изврши обука на наставниците и тие се подготвија за еден покреативен начин на реализација на некои содржини од наставните програми по некои предмети кои што овозможуваат поддршка и развој на претприемништвото.

Во одделенската настава, почнувајќи уште од прво одделение, преку предметите природа и општество, како и преку слободните ученички активности, учениците имаат можност да се стекнат со практични претприемнички сознанија и вештини. Тоа се постигнува преку изработка на информативни книги, сликовници, албуми, беџови со запишани пораки со едукативен карактер, цртежи, изработени предмети од пластелин и глинамол, макети од хартија и дрво и слично. По предметот математика, учениците се учат да прават пресметки за економската страна на изработените експонати, пред се за

[173] Junior Achievement, Проект „Економско образование на млади", преземено на 14.08.2014 год., достапно на http://www.jamacedonia.org.mk/mk/mission.html.

можниот профит, но и за тоа каде да се наменат добиените средства (инвестициона компонента).

Junior Achivement Македонија започна со работа во февруари 1996 година со една експериментална група. Во учебната 1997/1998 година беа формирани 50 групи во основните и средните училишта во Скопје. Во учебната 1998/1999 година проектот се прошири уште во 20 градови во Македонија (околу 40 нови групи) со вкупно 5000 ученици. Најдобри ученички компании успешно се натпреваруваат на меѓународните натпревари на HPGBS спозорирани од Hewlett-Packard (заедно со 1000 ученички компании од цел свет) и на ЕУРО MESE, каде натпреварот се одвива помеѓу земјите членки на ЈА од Централна и Источна Европа. За да се воспостават културни и пријателски врски помеѓу нашите младинци и младите од целиот свет, се организираат Меѓународни летни кампови (во кои учениците ги совладуваат компјутерските стимулациии како и разновидните спортски активности). Најуспешните ученици, се испраќаат во странство.

Junior Achivement Македонија е регистрирана како независна невладина организација, основана од Фондацијата институт отвореното општество - Македонија, но делува самостојно од 15 април 1997 година.

На овој начин, се создаваат можности за поинаква организација на некои активности од работата на училиштата. Значи, една од значајните компоненти во работата на училиштата која што води кон создавање на претприемничка клима и култура е планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности и манифестации. На овој план, слободно може да се каже дека во училиштата за основно образование е направен голем прогрес. Имено, многу програми поврзани со граѓанското образование, развојот на хуманите односи, заштитата на човековата средина, унапредување на здравјето на младите и слично се поттикна реализација на многу различни активности и манифестации во училиштата за основно образование, во кои како креатори, иницијатори и реализатори се јавуваат наставниците, учениците, родителите, невладините организации и други професионални организации и здруженија. На тој план треба да се истакнат организираните училишни отворени денови, продажни саеми, изложби и друго. На ваквите манифестации организирани на ниво на училиште и на кои покрај вработените, учениците и нивните родители доаѓаат

и граѓаните, се излагаат и продаваат производи, дела изработени од учениците. Така на пример се излагаат цртежи, слики, ракотворби од дрво, метал, пластика, глина, кулинарски производи, плетени работи, везени работи и многу други креации. Се организираат собирни акции, концерти, театарски претстави, спортски турнири и многу други форми на социјален живот. Средствата што се добиваат од ваквите активности и манифестации се користат во најголем дел за опремување на училиштата, подобрување на стандардот на работење и живеење во училиштата или да им се помогне на некои ученици или други лица.

Сигурно е дека примарната функција не е во тоа што на ваков начин ќе се добијат некои големи средства, туку во тоа што преку ваквите форми учениците се едуцираат како идни граѓани на едно граѓанско и претприемничко општеството. Стануваат свесни за потребата да се работи и да се служи на општеството. Се поттикнува нивната креативност, но и нешто многу важно се создава чувство за одговорност. Ваквиот начин на работа ја ослободува нивната енергија, ги охрабрува да се соочат со предизвиците на животот и работата, едноставно ја јакне нивната самодоверба. Со тоа всушност се формира кај нив претприемничка свест и се развиваат некои претприемнички особини какви што се:[174]

- нагласена потреба од постигнување успех,
- мал страв од неуспех,
- силно изразено чувство за самоконтрола и самокритичност(внатрешен локус на контрола),
- способност за снаоѓање во неизвесни ситуации (проблем - ситуации),
- голема самодоверба,
- оптимизам,
- определеност / посветеност,
- голема енергија и
- нагласен индивидуализам.

Сите луѓе ги доживуваат позитивните и негативните последици од сопственото однесување. Тоа значи дека примаат пофалби, награди и доживуваат промоции, но исто

[174] Петковски, К., Славковска, И. (2012) *Современ наставник*, Херакли Комерц, Битола, стр.35

така тие добиваат критики, прекорувања, или можат да бидат и деградирани. Некои луѓе веруваат дека, нивниот успех или неуспех се детерминирани од нивните сопствени активности, вложени напори и нивните способности. Тие го имаат она што психолозите го викаат **„внатрешен локус на контрола“**. Тоа би значело дека се самосвесни, самокритични и самоконтролибилни. Спротивно на нив, постојат и такви поединци кои мислат и веруваат дека, другите луѓе, околностите или приликите, или пак едноставно, недостатокот на среќа се причини за нивниот евентуален успех или неуспех. Тие имаат **„надворешен локус на контрола“.** Успешните претприемачи имаат нагласен внатрешен локус на контрола (ако не се господари на судбината, тогаш се сигурно капетани на својот брод). Тие веруваат дека нивните постигања, во прв ред, се резултат на нивните способности и вложени напори. Ова е многу важно за учениците од оваа возраст да го знаат и прифатат како став. На тој начин ќе се поттикнува претприемничко однесување, а тоа се карактеризира со: ориентираност кон поставување цели, посветеност на целите, истрајност во достигнувањето на целите, донесување на одлуки за решавање на проблеми, преземањето пресметан ризик, прифаќање одговорност, иноваторско однесување.[175]

## 5.3 Претприемништвото во средното образование на Република Македонија

За средното образование, од трите наведени аспекти поврзани со претприемништвото, најголемо значење има **претприемништвото како содржина во наставните предмети** и **претприемничкиот пристап во организацијата на работата на училиштата.**

Во поглед на претприемништвото како содржина во наставните предмети, потребно е да се направи анализа посебно за гимназиското и за стручното образование. Во гимназиското образование, со измените направени во 2003 година,[176] постои можност учениците во четврта година да ги изберат предметите економија и

[175] Петковски, К., Славковска, И. (2012) *Современ наставник*, Херакли Комерц, Битола, стр.35

[176] *Наставни планови и програми за средно образование*, Биро за развој на образование, Министерство за образование и наука на Република Македонија, преземено на 03.09.2014 год., достапни на www.bro.gov.mk

менаџмент. Целта на наставата по предметот **Економија**, застапен со 99 часа во четврта година, е учениците да се стекнат со знаења за основните економски закони и категории од областа на микроекономијата и макроекономијата, како дел од современата економска наука и да можат самостојно да ги разберат и објаснат економските појави. Преку содржините на овој предмет, покрај другото, учениците ќе научат и ќе се оспособат да ги објаснат основните елементи и фактори на понудата и побарувачката; да го определат влијанието на различните видови трошоци врз приходите и добивката; да ги објаснат факторите на производство и нивното пазарно вреднување; да развијат чувство за професионален однос и тимска работа, како и почитување на законите на пазарната економија. Целта на наставата по предметот **Бизнис и претприемништво**, застапен со 66 часа во четврта година, како и изборниот предмет **Менаџмент,** застапен со 66 часа, е учениците да стекнат стручно – теоретски знаења од областа на претприемништвото и менаџментот како универзален процес и современа наука која претставува доминантно обележје на индустриското општество, со цел создавање и развивање на способности кај ученикот што ќе овозможат менаџерски пристап кон проблемите од секојдневното живеење и деловното работење. Во контекст на општата цел, може да се издиференцираат следните посебни цели: ученикот да го објасни карактерот на менаџментот и менаџмент процесот; да ги разликува функциите на менаџментот, со посебен акцент на планирањето; ги идентификува видовите планови и начинот на нивната изработка; да ја осознае неминовноста од организирање и координирање на организациskiот систем; да ја разбере суштината и потребата од мотивирање и контрола на постигнувањето на целите на деловните субјекти; да развива чувство за професионално извршување на работата.

Покрај преку овие предмети, учениците во гимназиското образование имаат можност преку **проектните активности** кои што се задолжителни во наставниот план во сите четири години, преку проектната активност **Претприемништво и иновации**, да се запознат продлабочено по нивни избор со појави од сферата на бизнисот и претприемништвото и да работаат практични примери.

Во стручното четиригодишно образование, уште со пилот фазата на проектот за интегрирана реформа, започна да се развива наставен план во кој што свое место најде предметот **Бизнис** кој што како задолжителен за сите ученици е застапен во вкупен

обем од 72 часа во трета година и 66 часа во четврта година. Целта на наставата по овој предмет е: ученикот да ја сфати улогата и значењето на бизнисот, особено на малиот бизнис; да ја увиди потребата и можноста за самовработување, организирање и водење на сопствен бизнис; да се здобие со елементарни познавања од областа на пазарното стопанство; да развива способности и брзо приспособување кон општествено – економските промени и промените во бизнисот; да се оспособи за натамошно образование, усовршување и презамање заеднички и индивидуални задачи, одговорности и иницијативи; да поттикнува интерес и стекнување самодоверба за основање сопствен бизнис, критичко мислење, активен и одговорен однос кон себе, средината и државата; да ги согледа местото и улогата на индивидуалната и тимската работа за постигнување успех во бизнисот; да се оспособи за подготвување бизнис и да ги оцени предусловите и последиците од бизнис планот. Карактеристично е што во програмата е предвиден поголем фонд на часови за практична работа, околу 30%.

Покрај овој предмет, во четиригодишното стручно образование постои можност и за организирање на слободни часови, а тоа може да се искористи за продлабочени знаења и практична имплементација на сознанијата од предметот бизнис.

Треба да се напомене дека во наставните планови и програми од тригодишното стручно образование не постои предмет кој што е поврзан со претприемништвото или бизнисот. Тоа е резултат на фактот што за овој степен на образование програмите не се иновирани, а претставува апсурд ако се има во вид сознанието дека учениците кои го завршуваат тригодишното стручно образование одат директно на пазарот на трудот и тоа најчесто во приватната иницијатива или започ нуваат сопствен бизнис. Тука постои најголем простор за иновирање на програмите.

**Начинот на организација и реализација на работата на училиштата**, може исто така да биде добра основа за создавање на претприемнички амбиент во училиштето што ќе овозможи градење на претприемничка свест и култура, како кај наставниците така и кај учениците. Во тој контекст, особено е значајно она што се случува во стручните училишта. Имено, во овој вид училишта е застапена во голем обем практичната настава, која што може, според начинот на нејзиното организирање, да биде клучен фактор во промовирање и поттикнување на претприемништвото и

градење на бизнис клима. Тоа влијае силно врз формирањето на ставовите на учениците и нивната свест.

На овој план, во Република Македонија постојат определени искуства кои подолго време ги сретнуваме во некои стручни училишта од електро-машинската, земјоделската и угостителско-туристичката струка. Станува збор за организирање и реализирање на производно-услужна практична настава. Имено, во ваквите училишта практичната настава се реализира во добро оспособени работилници и кабинети, во кои што се реализира производна програма својствена за бизнис средина или се дава услуга од најразличен вид. На овој план, денес можат како добар пример да се спомнат АСУЦ „Боро Петрушевски" од Скопје, угостителското училиште „Лазар Танев" од Скопје, земјоделското училиште „Моша Пијаде" од Тетово. Во овие училишта учениците добиваат квалитетна практична настава и можност да работаат како во вистинска бизнис организација.

Овие искуства не се единствен обид, туку познат е и проектот **Еконет** што се реализираше во училишта од економската струка и со кој беше предвидено воспоставување на виртуелни компании во овие училишта. Позитивните искуства од овој проект, доведоа до тоа да во рамките на проектот **Secondary Education Activities (SEA)**[177] да се продолжи со слични активности преку една од компонентите на проектот: **Кариерен развој на учениците**. Компонентата кариерен развој на учениците, преку формирање на Центри за кариера и **училишни компании** (**виртуелни** или **реални**) во училиштата, има за цел да ги подобри личните и стручните компетенции на учениците за подобрување на нивната вработливост.

Во изминатиот период во рамките на оваа компонента се предвидени и реализирани следните активности:

- Во сите 50 училишта вклучени во проектот, ќе се опремат и Центри за кариера во кои учениците ќе добиваат информации за пазарот на трудот и за можностите за продолжување на нивното образование. СЕА проектот досега опреми 50 центри за кариера со потребна компјутерска и аудиовидео опрема. Во рамките на оваа активност организирани се и обуки за активно барање на работа, мотивациско писмо, CV и интервју за работа. Во обуките беа вклучени

[177] Проект на УСАИД за средните стручни училишта, *Secondary Education Activities* (2004-2010)

педагог/психолог, наставник и два ученика од секое училиште. Организирани се и две студиски посети за ученици и наставници во Соединетите Американски држави каде истите имаа можност да се запознаат со начинот на работа на средните стручни училишта, соработката со бизнис секторот и индустријата и со активностите кои ги организираат ученичките организации.

- СЕА започна и со имплементација на виртуелни училишни компании во 7 економски училишта. Во овие училишта досега се оформени 15 виртуелни компании. Обучени се по 3 наставници од секое училиште за работа во виртуелни училишни компании а СЕА проектот опреми и по една училница во секое од овие училишта со неопходната компјутерска опрема во вредност од 5000$ и обезбеди интернет приклучок. Виртуелната училишна компанија претставува една нова иновативна наставна метода, целосно ориентирана кон практичната настава. Всушност станува збор за симулирање на сите работни активности на една реална компанија, од најзината внатрешна организација и функционирањето на различните оддели па до нејзините деловни односи и релации со разни државни институци (суд, завод за платен промет, завод за статистика, заводот за пензиско и социјално осигурување) и банки. Единствената разлика со реалните компании е тоа што не постојат реални пари и производи. Притоа учениците, кои ја раководат компанијата и активно учествуваат во сите најзини активности, добиваат стручни квалификации и знаења за сите специфични работни места во една компанија. Можноста виртуелните училишни компаниите да тргуваат меѓу себе им овозможува на учениците да се запознаат и со начинот на функционирање пазарот.
- СЕА проектот имплементира реални училишни компании во 44 средни стручни училишта во Македонија. Целта на оваа активност е учениците да се здобијат со искуства околу тоа како функционира една реална компанија и да добијат реална слика што е она што ги очекува кога ќе се вработат. Притоа учениците ќе бидат ангажирани во активности кои се однесуваат на маркетингот, на производството, продажбата, однос со потрошувачите, набавка на материјали итн. Со тоа ќе се поттикне и претприемачкиот дух кај младите луѓе и ќе почнуваат се повеќе да размислуваат и за можностите за самовработување. Сите училишта апликираа до

СЕА проектот со конкретна бизнис идеја која сакаат да ја реализираат. Потоа СЕА проектот организираше обука за изработка на Бизнис план на која учествуваа по 2 наставника од секое училиште. Овие Бизнис планови беа ревидирани и одобрени од обучувачите и набевена е опрема за секоја компанија во вредност од 15000 $. Досега се опремени 44 училишта. Дел од компаниите кои веќе започнаа со работа, така да во рамките на овие училишта успешно работат мини пекари, сервиси за поправка на возила, текстилни компании, компании за изработка на алуминиумска браварија, компании за производство на сточна храна, за сушење на овошје и зеленчук, студио за снимање на аудио и видео материјали итн. Искуствата и информациите кои ги добиваме досега се многу позитивни и интересот на учениците за учество во овие активности и стекнување на знаења и вештини преку работа во реални компании е огромен. Особено е важно што некои училишта веќе имаат добра соработка со други компании од приватниот сектор на бизнис основа. Тоа придонесува за подобрување на врската меѓу училиштата и бизнисот и им овозмозува на учениците да добиваат директни информации што е она што реално се случува на пазарот на трудот. Реализирана е и обука за деловно работење во која беа вклучени по два наставника од секоја компанија. Со оваа обука се настојува на учениците да им се пренесе знаење за тоа како треба да се води компанија и кои се оние информации кои треба да за следат за да се добие слика за работата на компанијата.

Во април 2011 година Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД го започна новиот петгодишен проект ***„Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување – YES“ (Youth Employability Skills Network)***. Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС) е петгодишен проект кој го имплементира Центарот за развој на образованието (ЕДЦ), непрофитна организација од САД, а го финансира Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).

Целната група на проектот се ученици од средното образование, како од средните стручни училишта така и од гимназиите; невработени млади пријавени во државната Агенција за вработување, но и оние кои не се пријавени и други млади надвор од училишниот систем. Проектот директно работи со наставниците од средните

училишта, со вработените во центрите за вработување и со членовите на невладини организации кои работат со млади.

Основната цел на проектот Мрежа YES е да ги зајакне вештините за вработување кај младите во Македонија на возраст помеѓу 15 и 27 години.

Посебните цели на YES - Мрежата се:[178]

- посредување при јавно-приватен дијалог што ќе ја подобри понудата и побарувачката на работна сила на локално ниво,
- создавање локации за задоволување на непосредните потреби од вештини/обука на пазарот на трудот и идентификување на можностите за развој на кариера,
- зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување на Р. Македонија (АВРМ) за услуги при вработување и на приватни компании за посредување при вработување, за да им се обезбеди на обучените млади лица пристап до ажурирани информации за понуди за вработување и можности за развој на кариера,
- обезбедување на можности за постојан професионален развој на наставниците од средните училишта,
- создавање иновативни механизми за средните училишта и Центарот за стручно образование и обука со цел да станат поотворени и порелевантни и
- интегрирање на продуктивни врски со тековните и планираните активности на УСАИД и други донатори поврзани со работната сила.

Целите на Мрежата YES имаат задача да ги зајакнат суштинските врски меѓу потребите на пазарот на труд и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем и ќе го подобри квалитетот и конкурентноста на идната работна сила во Република Македонија. Во текот на почетната пилот фаза проектот изгради мрежи во 3 региони на Р. Македонија, кои им овозможуваат на младите да стекнат вештини за вработување.

Проектот соработува со други проекти финансирани од УСАИД и од други донатори во Македонија, за заемно зајакнување на иницијативите и остварување на што

[178] Цели на Мрежата YES, преземено 16.08.2014, достапни на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx?id=6

поголеми резултати преку заеднички активности во подготовката на младите луѓе за вработување. Активностите на проектот ќе опфатат три главни области:[179]

- Програма за подготовка за вработување и работа
- Учење преку работа
- Кариерно планирање

**Програмата за подготовка за вработување и работа**[180] е развиена со цел да им овозможи на младите стекнување на основни вештини и знаења кои им се потребни за да станат здрави и продуктивни работници и учесници во заедницата. Во рамките на проектот Мрежа ЈЕС, Програмата за подготовка за вработување и работа ќе служи како основа за младите кои ќе учествуваат во други програми кои ги нуди ЈЕС во избрани области на пазарот на труд ширум земјата.

Програмата вклучува 8 модули:

*Воведен модул:* поставување и почитување на правила и норми на однесување; претставување во различни групи и градење меѓусебна доверба со членовите од групата.

*Личен развој:* идентификување на вредности и интереси; оценување на особини и вештини; идентификување на стилови на учење и стратегии за учење; поставување цели, планирање и следење на напредок.

*Соодветно однесување на работното место:* идентификување и примена на соодветен однос на работното место е нешто што локалните работодавачи најмногу го вреднуваат.

*Комуникациски вештини:* комуникацијата во работна средина вклучува: ефективно слушање и зборување; лидерство и работа во тимови; комуникација со надредени лица, колеги и грижа на корисници.

*Тимска работа и лидерство:* работа во тим; водење други; давање и примање на повратни информации.

[179] *Области на дејствување на Мрежа YES*, преземено на 16.08.2014 год., достапни на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx?id=14

[180] *Области на дејствување на Мрежа YES*, преземено на 16.08.2014 год., достапни на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx?id=14.

*Вештини за барање работа:* информирање за локалниот пазар на труд; како да се напише ефективна Куса биографија (CV); подготовка на пропратно писмо, вештини за интервју за работа;

*Безбедност, права и одговорности на работното место:* како да се биде безбеден и здрав на работа и во секојдневниот живот; да се знаат и разбираат правата и одговорностите на работниците и работодавачите.

*Финансиски вештини:* подготовка на буџет, заштеди и вештини за планирање кои ќе им помогнат на младите да управуваат со нивните приходи и трошоци.

**Учење преку работа.**[181] Една од главните цели на проектот е да им се овозможи на младите соодветно работно искуство. Во соработка со главни партнери, Програмата за учење преку работа се развива како продолжение на Програмата за подготвеност за вработување и работа.

Таа вклучува:

- искуствено учење,
- набљудување на работно место,
- искуство на работно место,
- практикантство и
- претприемништво.

**Кариерно планирање.**[182] Со цел да ги зајакне активностите за кариерно советување во средните училишта и работните клубови на Агенцијата за вработување, проектот Мрежа ЈЕС воведе овластена програма за Кариерно советување. Избраните наставници и/или училишни психолози како и вработените во Агенцијата за вработување се обучуваат како да им пружат соодветни совети во однос на кариерниот развој на учениците и невработените млади.

Уште повеќе, проектот Мрежа YES обнови или воспостави, онаму каде што е тоа потребно, Кариерни центри во средните училишта и Работни клубови во Центрите за вработување на АВРМ. За таа цел беа опремени модерни простории во училиштата како Кариерните центри и Работните клубови, во кои што младите ќе може да се

[181] *Области на дејствување на Мрежа YES*, преземено на 16.08.2014год., достапни на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx?id=14.
[182] *Ibid.*

состануваат за да дискутираат и да добијат насоки за нивниот кариерен развој како и да ги подобрат своите вештини за вработување.

Во рамките на проектот на USAID ***„Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување - YES Мрежа“*** во период на реализација 2012 – 2013 се имплементира и **Програмата „Подготовка за вработување и работа“** [183]

Општата цел на оваа програма е да се обезбеди развој и зајакнување на знаењата и вештините кои се барани на пазарот на трудот како дел од подготовка за вработување и работа. Обуките кои МОФ ги спроведуваше во Тетово имаа за цел да придонесат кон зајакнувањето на вештините на невработените лица, лицата кои активно бараат работа, со вештини релевантни за потребите на работодавачите со што ќе се олесни нивната побрза и поуспешна интеграција на пазарот на трудот. Обуката е составена од 8 модули со кои се развиваат специфични знаења и вештини кои се важни за кариерен развој, и тоа: Вовед во обуката, Личен развој, Вештини за барање работа, Комуникациски вештини, Соодветно однесување на работно место, Тимска работа и лидерство, Безбедност, Права и обврски на работно место, Финансиски вештини. Учесниците имаа можност да ги идентификуваат сопствените вредности, да ги утврдат личните јаки и слаби страни, да развијат план за остварување на краткорочните и долгорочните цели, да подготват CV и мотивационо писмо за конкретно работно место, да учествуваат во симулација на интервју, да се запознаат со елементите на портфолио за кариера, да развијат вештини за говорење, да идентификуваат видови на лидерство итн. [184]

Вкупно 69 учесници успешно ги завршија обуките кои се покажаа како успешни, благодарение на стекнатите вештини 14 млади се вработени во различни сфери од бизнис секторот и 2 практиканти во Стопанска Банка во Тетово.[185]

---

[183] Младински образовен форум, Проект „*Подготовка за вработување и работа*“, преземено на 16.08.2014 год., достапно на http://www.mof.mk/mladinska-mrezha-za-steknuvane-na-veshtini-za-vrabotuvane-yes-mrezha/

[184] Младински образовен форум, *Проект „Подготовка за вработување и работа“*, преземено на 16.08.2014год., достапно на http://www.mof.mk/mladinska-mrezha-za-steknuvane-na-veshtini-za-vrabotuvane-yes-mrezha/.

[185] *Ibid.*

# 6 ПРИМЕРИ ЗА ИСТРАЖУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОКУСИРАНИ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКИТЕ АСПЕКТИ

## 6.1 Некои искуства од истражувања во Република Македонија фокусирани на практичните аспекти на претприемништвото во образованието

Претприемништвото треба да се разгледува во мултидимензионален контекст – економски, општествен итн. и во различни видови на организации, но најчесто во контекст на бизнис концептот. Претприемништвото претставува креативен или иновативен почеток со цел да се одигра компетитивниот дел на постоечкиот пазар или дури да се создаде нов. Тоа е важно при создавањето на работа како и за целокупниот економски развој. Го ослободува личниот потенцијал и обезбедува остварување на општествените интереси. Претприемништвото е присутно на неколку нивóа, индивидуално и компаниско ниво, на ниво на локален економски развој како и на ниво на национална економија. Затоа се потребни бројни и континуирани истражувања не само на глобално ниво, туку и на ниво на држава, регион, општина, но и на ниво на училиште, јавна или бизнис организација и сл.

Поаѓајќи од значењето на научните и стручните истражувања, но и од практичните аспекти на истражувањата поврзани со претприемништвото и претприемничкото учење, во докторската дисертација се цитирани и неколку примери за истражувања во Република Македонија фокусирани на претприемништвото во образованието.

❖ **Проект: Претприемачките аспирации на студентите во високото образование**[186]

Важноста на претприемништвото за економскиот развој и динамиката на расположливите средства, на пример за драматични економски реформи во Македонија, бара насочување на вниманието на истражувачите и политичарите кон студентите како потенцијални идни претприемачи.

Проектот Претприемачките аспирации на студентите во високото образование го обработува прашањето за претприемничко образование на универзитетите во Република Македонија. Имено, високо образованите институции во Македонија, како и во останатите земји во транзиција, немаат развиено активности во образовниот систем во областа на претприемништвото. Образовните системи се уште вложуваат напор во насока на силно истакнување на академското знаење.

Спроведувањето на истражувањето, промоцијата на проект како овај претставува практично поврзување на целите и активностите на проектот за основање на *Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (ATA).* Целта на регионалниот *Business Start-up Center (BSC),* проект за испорачување на едукација за претприемнички вештини, ќе биде изградена со нагласување на потребата, која беше идентификувана од страна на студентите, за вклучување на претприемничкото образование во рамките на постоечката универзитетска програма и иницирање на процедури за започнување на конкретни активности од страна на универзитетите.

***Проектни цели, резултати, влијание, индикатори***

Овој проект е поврзан со *Регионалниот Business Start-up Center (BSC)* во однос на некои од целите и активностите:

- Намалување на нивото на сиромаштија помеѓу младите, жените и ранливите групи во Битолскиот регион со креирање на работни позиции во постоечките компании и преку основање на мали и средни претпријатија;
- Обука за обучувачи и обука за млади идни и постоечки претприемачи;
- Развој на наставни програми на факултетите, прилагодено на потребите на пазарот на трудот;

[186] Проектот: „Претприемачките аспирации на студентите во визокото образование", Работни материјали. Студијата е изработена од тим на професори од универзитетот „Св. Климент Охридски" што го водеше професор д-р Петковски Константин, а со поддршка на Центарот за започнување на бизниси од Битола во 2008 година

- Основање на Бизнис инкубатор за новите компании;
- Градење на капацитетите на проектните партнери преку спроведување на нов ИТ систем и обука на вработените;
- Основање на регионална BSC мрежа на BSC од Република Македонија, Хрватска, Косово, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Словенија.

Партнери во спроведувањето на проектот се: Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, Општина-Битола.

*Цели на проектот*

- да се одреди спектарот на стремежи за основање сопствен бизнис како опција за идна кариера помеѓу студентите на универзитетите во Република Македонија.
- да се одредат главните точки за обликување на стремежите;
- да се стимулира дискусија во рамките на универзитетот како и во јавноста за претприемничко дејствување после дипломирањето;
- да се дизајнираат курсеви во полето на претприемништвото кои ќе се инкорпорираат во факултетските програми и
- да се обезбедат средства за спроведување на тие програми/курсеви во факултетските програми.

*Резултати*

- подготвена анализа и Студија врз база на резултатите добиени од истражувањето.
- промовирана *Студијата низ факултетите*.
- организирана тркалезна маса и панел дискусија со учество на универзитетски професори, студенти, претставници од политичките партии, НВОи, амбасади и меѓународни фондации и организации.
- подготвени програми/курсеви од полето на претприемништвото кои ќе станат дел од факултетските програми.
- листа на препораки за полесна имплементација на тие програми/курсеви во факултетските програми.

*Влијание*

- Подигнување на свеста, на национално нивó, за значајноста на претприемништвото како фактор за надминување на проблемот со невработеноста како и за потребата од претприемничко образование на сите нивоа, особено помеѓу студентите.
- Иницирање на процес за спроведување на претприемничкото образование во рамките на наставната програма на универзитетите во Република Македонија.
- Основање на Business Start-up Centers на универзитетско ниво кој ќе ги поддржува можностите понудени од Европскиот Credit Transfer System, ќе излезе во пресрет на потребите на сите заинтересирани студенти од секој факултет. Ова е начин на кој се поттикнува промена кон зголемувањето на практичното знаење, подобрување на квалитетот на образованието и за разционализација на наставничкиот кадар по факултетите.

*Индикатори:*

Висок процент, повеќе од 60% од студентите вклучени во истражувањето ќе ја изразат својата подготвеност за вклучување во претприемничко образование.

Во следните три години по завршување на истржувањето и по објавувањето на резултатите од истото, 35% од факултетите од Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола ќе го имаат вклучено претприемништвото во нивните тековни наставни програми или ќе организираат пост-дипломски студии за претприемништво во соодветните области.

*Проектни фази и активности*

Реализацијата на проектот се одвива во три фази:

- Истражување,
- презентација на резултатите од истражувањето и промоција и
- креирање на наставна програма со пакет предмети од областа на претприемништвото и претприемничкиот менаџмент

Клучните активности во рамките на овај проект се:

- основање на истражувачки тим составен од национални и интернационални експерти;

- развивање на прашалници;
- спроведување на истражувањето – помеѓу 1600 студенти од Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола и 100 претприемачи;
- обработка на податоците и резултатите од истражувањето и анализа на резултатите;
- подготовка и печатење на Студијата со резултатите од истражувањето (CD);
- подготовка и печатење на промотивни материјали;
- промовирање на Студијата низ факултетите во рамките на Универзитетот;
- организирање на тркалезна маса и панел дискусија со учество на универзитетски професори, студенти, претставници од политичките партии, од бизнис секторот, НВО секторот, странските амбасади, фондации и организации;
- организирање на регионална конференција во Охрид и
- создавање тим кој ќе креира програми/курсеви во полето на претприемништвото.

Настан од посебна важност е Регионалната конференција во Скопје, каде покрај владини и претставници од странските амбасади, во официјалниот дел при отворањето на Конференцијата се очекува да учествуваат и голем број на домашни и странски универзитетски професори, експерти, студенти, бизнисмени и НВО активисти.

### ❖ Проект за основање на *Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (ATA)* - подпроект *Развој на наставни програми* [187]

Неоспорен факт е дека создавањето и градењето на претприемничка свесност и култура во општеството е од големо значење за неговиот опстанок и развој. Секоја земја треба да вложи напори кон овозможување вистински простор на претприемништвото во образовниот процес, особено на академско ниво. Не е доволно само воевдување на содржини и предмети, туку тоа е прашање на подобрување на наставните стратегии. Во овај контекст, во рамките на проектот за основање на

[187] Подпроект *Развој на наставни програми* во рамките на проектот за основање на Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (ATA), според претходно одредените потребите со *Претприемнички аспирации на студентите во Република Македонија - Студија на случај: Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола*, Битола, 2008

*Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (ATA)* подпроектот *Развој на наставни програми* е во реализација, според претходно одредените потребите со *Претприемнички аспирации на стидентите во Република Македонија Студија на случај: Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола.*

Овој подпроект се реализира во 3 фази. Во првата фаза е предвидено спроведување на истражување на студенти и на претставници од бизнис секторот и печатење на Студија во која што ќе бидат презентирани резултатите од истражувањето. Во втората фаза се предвидени промотивни активности на ниво на факултети и бизнис секторот, а посебен настан е одржување на Регионална конференција со меѓународен карактер. Во третата фаза се предвидува донесување листа од предмети од облста на претприемништвото и кратка програма за истите, со цел да се постигне определено заедничко ниво и олесне работата на оние факултети каде што нема соодветен наставен кадар за оваа област.

Како резултат на спроведеното истражување од страна на тим од експерти и по одржаната Регионална конференција на која се донесоа определени конкретни заклучоци, се изготви оваа Студија во која се разработени неколку делови.

Во првиот дел – воведот, дадени се фазите и активностите на подпроектот, а во следниот дел се дадени теоретските аспеки на претприемништвото. Дефинирани се поимите претприемништво и претприемач, но дадени се и карактеристиките на пре满приемачите и типичното претприемничко однесување. Во овој дел се поместени искази и пристапи на многу автори, примери за успешни бизниси, што е од особено значење ако се има во вид дека домашната литература од овој вид е доста скромна.

Во третиот дел е прикажана методологијата на истражувањето: предметот, целта, видот на истражувањето, истражувачката парадигма и дизајн, варијаблите на истражувањето, индикаторите, општата и посебните хипотези, примерокот на истражувањето, истражувачките техники и инструменти.

Во четвртиот дел, дадена е квантитативната анализа на собраните податоци и добиените резултати, а во следниот дел се дадени коментарите по однос на добиените резултати. Всушност овој дел се однесува на анализата и интерпретацијата на добиените резултати.

Со истражувањето беа опфатени 1565 студенти и 70 менаџери или работодавачи односно претприемачи. Со ова истражување се очекуваше да се добијат сознанија за: перцепцијата на претприемничката клима во Република Македонија од студентите, нивните искуства во претприемничките активности, потребата на студентите за развој на претприемачките способности, нивниот интерес за развој на претприемачките способности, начинот на задоволување на потребата од претприемничко образование на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола и начинот на унапредување на практичната настава на студентите при реализација на студиската програма,

Резултатите од истражувањето ја потврдуваат генералната хипотеза, дека постои нагласена потреба од развој на претприемачки способности кај студентите при Универзитетот Св. Климент Охридски- Битола.

Во контекст на ова се ставовите и мислењата на 697 студенти кои истакнуваат дека по завршувањето на студиите сакаат да отпочнат сопствен бизнис или да се вклучат во семеен бизнис, односно да работат во приватна фирма кај друг сопственик, наспроти 534 кои сакаат да работат во државна служба и јавни претпријатија,

Кон претходното сознание треба да се наведат и одговорите на следните прашања:

На прашањето: Сметаш ли дека на студентите од твојот факултет треба да им се понудат курсеви за претприемништво (започнување со бизнис)? - 1212 студенти или околу 80 % одговориле потврдно.

На прашањето: Сметаш ли дека и тебе ти е потребна обука за претприемништво? – 1146 студент одговориле со „да" наспроти 104 со „не" и 158 со „не знам".

На прашањето: Дали си подготвен/а да учествуваш на таков курс за претприемништво? – 1236 одговориле со „да", наспроти 92 со „не" и 128 со *„не знам"*.

Според тоа, може да се констатира дека студентите, не само оние од економските науки туку и од сите други области, сакаат да добијат сознанија и искуства за претприемништво и започнување на сопствен бизнис, поточно преку предмети како: Претприемништво и бизнис, Менаџменет, Деловно комуницирање, Маркетинг,

Кон овие сознанија треба да се додадат и ставовите на претприемачите односно менаџерите на компаниите, како и учесниците на регионалната конференција во Охрид на 03 и 04 јуни 2008 година, дека покрај промените во курикулумите на факултетите со

воведување на предмети и содржини од претприемништво и менаџмент на сите факултети, потребно е и подигнување на квалитетот на наставата по сите други предмети во струката преку обезбедување на современа и активна настава со повеќе практичност и internship (стажирање). Тоа бара нов начин на реализација на курикулумите, нова улога на наставниците и поголемо поврзување на факултетите со бизнис секторот.

Оваа Студија има големо значење за понатамошниот развој на Универзитетот и претставува прва од ваков вид во Република Македонија. Богатата база на податоци и резултати од спроведеното истражување дава можност и за многу други анализи. Студијата има значаен придонес за развојот на научната мисла во Република Македонија и во поширокиот регион.

- **Конференција на тема:** ***Предприемничко образование – поттикнување на претприемничко размислување***[188]

Од 2 до 4 јуни 2008 година во Охрид се оддржа *Conference: Entrepreneurship education – Fostering entrepreneurial mindsets*, со учество на 69 учесници и тоа странски експерти и универзитетски професори од Холандија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, како и професори од Универзитетите во Македонија, студенти, претставници од бизнис секторот, Business Start-Up Centers и други асоцијации и здруженија.

Конференцијата имаше строго работен карактер што може да се види и од агендата дадена во прилог. Конференцијата започна на 3 јуни 2008 година со обраќање на Ректорот на Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола, професорот д-р Златко Жоглев кој зборуваше за значењето на проектот и очекувањата од оваа конференција. Тој ја истакна подготвеноста на сите членки на Универзситетот и неговата силна посветеност да се имплементираат препораките од оваа конференција и од проектот. Потоа директорот на Business Start-Up Center од Битола, Розита Талевска Христовска зборуваше за проектот и сите активности во него. За значењето на подпроектот за развој на курикилумите за претприемничкото образование на Универзитетот и во тие

[188] Conference: *Entrepreneurship education – Fostering entrepreneurial mindsets*, Work paper, Ohrid, 2008

рамки за претприемничките аспирации на студентите, зборуваше тим лидерот, професор д-р Константин Петковски.

Треба да се напомене дека на 2 јуни 2008 година се релизира еднодневна работилница на тимот кој го спроведе истражувањето и тимот за развој на курикулумите и во која како модератор беше професорот Donald Ropes. Заклучоците од работилницата беа во функција на конференцијата и беа договорени презентациите на резултатите од истражувањето на сите факултети пред наставничкиот кадар и студентите. Работилницата беше многу добро и успешно реализирана.

Учесниците од работните групи во Бизнис Старт-ап Центарот ги претставија нивните модули за обуки на бизнис вештините и ги истражуваа можностите за вклучување на овие модули во курикулумот на нивниот Универзитет. Тимот за развој на курикулуми од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ ги презентира заклучоците и препораките од работилницата за развој на курикулуми. Другите учесници развиваа предлози за нивните факултети соодветно. Меѓународните набљудувачи го поддржаа овој процес преку споделување на нивните искуства и дискутираа за предлозите и идеите со учесниците.

**Паралелни работни групи**

**I група: Претприемништвото во факултетските наставните програми** (Модератор: Снежана Саламовска, член на тимот)

Оваа работна група имаше задача да ги истражува различни опции за вклучување на „Претприемништвото“ во наставниот курикулум на факултетите, на пример како посебен предмет во избраните факултети, како интра-факултетски предмет, или како интегрален елемент на сите или различни предмети. Претставниците на различните Бизнис Start-up центри (BSCs) кои учествуваат во работната група ги презентираа своите Модули за обука на бизнис вештини, и беа истражени можностите за вклучување на овие модули во наставните програми на нивните универзитети. Тимот за развој на курикулум при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ (УКЛО) ги презентираше заклучоците на и препораките на развој на наставните програми работилница на претходниот ден. Другите учесници развиваа предлози за нивните факултети. (Интернационалните) лица за поддршка на овој процес преку споделување на своите искуства дискутираат за предлози и идеи со учесниците.

*Заклучоци и препораки*

- Нагласена потреба за постоење на предмети од областа на претприемништвото во курикулумите на сите факултети (задолжителни и изборни);
- Предметот *Претприемништво* да биде застапен на сите факултети а не само на оние од економската и бизнис сфера;
- Констатирано е дека во курикулумите, практичната настава не е доволно застапена и не вооедначено – потребно е изготвување на правилници за регулирање на ова прашање на ниво на Универзитети;
- Искажана е потреба за постоење на центри на ниво на Универзитети или факултети за поддршка на студентите за изготвување на бизнис планови;
- Потреба од обезбедување на извори за финансирање на ваквите центри и
- Предлог листа на предмети покрај задолжителниот предмет *Претприемништво*
    - менаџмент на промени,
    - бизнис окружување,
    - иновативност и компетитивни предности,
    - менаџмент на мал бизнис,
    - бизнис комуникација,
    - бизнис лидерство,
    - маркетинг и
    - бизнис етика.

**II група: Наставни методологии: претприемачки пристап** (Модератор: проф. д-р Константин Петковски, лидер на тимот)

Оваа работна група дискутираше за важноста на наставните методи на професорите за поттикнување на претприемачки размислувања на студентите. Беа истражени различни наставни методи и нивното влијание врз промовирање на претприемништвото меѓу учениците. Учесниците, особено наставниот кадар, но, исто така, студенти и претприемачи, ги споделија своите искуства во оваа област и дадоја свои размислувања за тоа како наставни методи имаат влијание на ставовите на учениците. (Интернационалните) лица за поддршка на овој процес преку споделување на своите искуства и дискутира за предлози и идеи со учесниците.

*Препораки*

Да се истакне Новата улога на наставници

*Наставникот како координатор*

- понекогаш професор,
- понекогаш обучувач,
- понекогаш тренер и
- понекогаш пример.

Нова улога - *Наставниците мора да им помогне на студентите да се разбере и да „развијат блокови во зградата" на претприемништвото*

- познавање,
- однесување и
- вештини

Нови структури – *Улоги кои се поврзани со структурите*

- свесност,
- стимулирање и
- олеснување




**III група: Премостување на јажбата помеѓу Универзитетите и бизнис секторот** (фацилитатори: Сузана Трајковска Кочанковска и Розита Талевска Христовска, БСЦ Битола)

Оваа работна група дискутираше за различните опции за промовирање на соработката помеѓу универзитетите и претпријатијата, врз основа на искуства од минатото, и наодите од анкетирањето, додека претставникот од тимот за развој на курикулуми при УКЛО ги презентираше наодите од неодамнешната анкета спроведена меѓу локалните бизниси и нивниот интерес за соработка со универзитети. Учесниците, вклучувајќи и претставници од универзитетите и локалните бизниси, дискутираа и ги договарааа препораките, како и конкретните активности за зголемување на соработката во блиска иднина. (Интернационалните) лица за поддршка на овој процес ги споделија своите искуства.

*Препораки*

- структура (систематско организиран пристап);
- вмрежување;
- најдобри практики (рачно креирање; структурирана презентација);
- проект на Светска банка (ЈИЕУ);
- координација и комуникација (универзитетски професор - менаџери);
- истражување спонзорирана од страна на компаниите да ги идентификуваат нивните потреби што може да се решат од страна на универзитетот;
- доверливост (како да се заштитат доверливите информации);
- студентите: обука за бизнис вештини;
- СВОТ анализа (на компании);
- градење студент надлежности: практиканти од 1 година;
- дефинирање односи со бизнис секторот;
- предизвици со кои се соочуваат од страна на бизнис секторот да се поставаат како студии на случај за студентите и
- вмрежување на локално нивó.

На 4 јуни 2008 година, овие заклучоци и препораки беа презентирани на пленарна сесија и прифатени од сите релевантни субјекти.

Според искажувањата на скоро сите учесници конференцијата беше одлично организирана и се реализира на многу високо стручно ниво. Овие констатации најдобро ги покажуваат и евалуационите прашалници што ги пополнија учесниците.

Добиените сознанија и искуства се од големо значење за успешно завршување на проектот.

❖ **Научно-стручен труд: *Развивање на претприемнички способности,* во рамките на Вториот симпозиум на тема „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“ [189]**

Во Република Македонија, во последните години, направен е напредок во однос на претприемничкото образование во трите нивоа на формалното образование. Пред сè, како последица на неколку повеќегодишни донаторски проекти (УСАИД, ГТЗ, АДА и други донатори), спроведени се многу обуки за наставниот кадар кои ги подобрија вештините за предавање на претприемништвото. Истовремено, беа организирани виртуелни и реални компании, кариерни центри, натпревари за најдобар бизнис-план, ученички саеми и др.

Иако најголем број од активностите се одвиваа во средните стручни училишта, каде има повеќе од еден предмет поврзан со претприемништвото, со воведувањето на предметот бизнис и претприемништво како задолжителен предмет во четврта година во гимназиите и во уметничките училишта, Бирото за развој на образованието направи вистински чекор во насока на засилување на активностите поврзани со претприемничкото образование. Исто така се реализира настава во рамките на слободните часови во стручните училишта по Бизнис и претприемништво, покрај редовниот предмет Бизнис во III и IV година. Спроведена е и обука на наставниците по бизнис, информатика, физика, хемија, биологија и уметност за развивање на претприемничките способности на учениците од средно образование.

Преку образованието, претприемничката култура треба да биде вклучена во животот на децата и младите уште од најрана возраст. Во исто време треба да се зголемува свеста кај родителите, заедницата и образовните институции дека претприемништвото е почитувана опција во кариерата.

Треба да се потенцира дека претприемничкото учење не е само уште еден начин за изучување бизнис вештини. Во поширока смисла, се работи за оспособување на младите луѓе со менаџерски способности кои ќе им помогнат во животот што следи. Се развива индивидуална способност да се претвори идејата во акција. Тоа вклучува

---

[189] Stojceska, Gjorgjioska, M., Serafimova, M., *Развивање на претприемнички способности*, Vtor simpozium „Sovremenite menadzerski predizvici i organizaciskite nauki“, Business Academy Smilevski, Strumica, 2013, Simposium Proceedings, pp. 28

креативност, иновација и преземање ризик, но истовремено и способност да се планира и раководи со проекти во правец на остварување на поставените цели.

Сепак, градењето претриемничка нација не е краткотраен процес. Само доколку се прифати на долг рок овој пристап може да ги донесе посакуваните резултати. Важноста да им се помогне на младите луѓе целосно да ги развијат своите потенцијали не смее да се потценува.

Активности се потребни на повеќе нивóа. На највисоко нивó, Владата треба да ги поврзе стратегиите за економија и образование во една заедничка стратегија.

Пресудна е улогата на наставниот кадар кој може да го стимулира ентузијазмот меѓу учениците. Но, повеќето од нив ниту имале обука за стекнување вакви вештини ниту се доволно мотивирани да го прават тоа. Затоа активностите во правец на нивно оспособување и мотивирање се решавачки.

Локалната заедница има важна улога во поврзување на образовните институции со локалните организации и фирми, со цел организирање практични проекти за нивните ученици.

И на крај, тука се родителите чија задача е да ги едуцираат и охрабруваат своите деца во духот на претприемништвото. Според истражувањата, 2/3 од претприемачите потекнуваат од семејства каде едниот или двата родители имале свој приватен бизнис. (Снежана Какуринова)

Да се надеваме дека новите содржини и вештини ќе ги оспособат наставниците да пренесуваат знаења за претприемништво на начин кој ги гради и зајакнува нивните претприемнички способности. Целта ќе биде постигната ако со начинот на спроведување младите ќе се обучат за сфаќање на светот како скапа можност која овозможува остварување на сопствените интереси, идеи и стремежи.

Накратко претприемничкиот дух ја гради иднината, а образованието и наставниците се тие што треба да го поттикнат и овозможат развојот на претприемничките способности кај младите.

*Заклучок*

За развивање на претприемничките способности кај учениците во средно образование потребно е:

- да продолжат обуките за наставниците и училишниот менаџмент од областа на претприемништво;
- да се изработи стратегија за претприемничко учење;
- да се воспостави структуирана соработка на училиштата со бизнис секторот и да да се дефинира модел на претприемнички училишта;
- во програмата за обука на директори да се воведе модул за претприемништво;
- да се овозможи поголема промоција и учество на учениците од средните училишта на натпревари по бизнис план и др. манифестации поврзани со претприемништво;
- да има поголема вклученост на учениците во кариерните центри во училиштата,
- за создавање на поцврсти врски меѓу теоријата и праксата, помеѓу заедницата, околината за учење, фирмите и факултетите,
- да се креира концепт на образование кое ќе има долгорочна компонента;
- за трансформирање на улогата на наставникот од традиционална во улога на координатор и
- за поголема вклученост на учениците во реалните и виртуелните компании.

Учењето за претприемништво го поттикнува претприемничкиот дух на општеството, создавање на нови организации и ефикасна употреба на креативна енергија и постоечки знаења и вештини. Затоа претприемничкото учење е приоритет на политика на ЕУ и земјите во процесот на пристапување на ЕУ, како раст.

- **Истражување спроведено во магистерскиот труд на тема: „*Претприемачки карактеристики и претприемачко однесување кај луѓето во деловниот свет во Република Македонија*“** [190]

Во своите дипломски и последипломски истражувања студентите од факултетите и институтите во Република Македонија често ги земаат претприемништвото и претприемничките знаења, вештини и карактеритики како предмет на истражување.

[190] Здравковска, Катерина, *Претприемачки карактеристики и претприемачко однесување кај луѓето во деловниот свет во Република Македонија*. Магистерски труд, Технички факултет Битола, Универзитет „Св.Климент Охридски“, 2013.

Со цел да се испита и утврди утврди нивото на претприемачки способности и однесување кај луѓето во деловниот свет, а тоа значи во бизнис сферата и општествените дејности, односно да се докаже хипотезата дека „Претприемчивоста на луѓето во деловниот свет е значаен фактор, покрај нивната стручна оспособеност, за квалитетно извршување на своите работни задачи и успех во животот и работата", беше спроведено истражување според стандардизиран инструмент за проверка на претприемачките предиспозиции, на примерок од 186 испитаници, од кои 50 беа претставници од бизнис секторот, 100 представници од образовни институции и 36 студенти. Инструментот содржи 60 прашања од најразличен вид, поврзани со личниот живот на испитаниците, нивните интереси, потреби, ставови, вредности и верувања.

Претприемчивоста е особено важна за луѓето во деловниот свет и е значаен фактор за претприемачите поради квалитетно извршување на работните задачи и секако во животот и работата. На овој начин е составена генералната хипотеза која треба да се докажи на посебен начин. Истражувањето помогна да се добијат резултати за тоа колку луѓето во нашата земја имаат потенцијали за претприемчивост според одредени прашања.

На прашањето „*Дали бевте меѓу подобрите ученици?*" позитивно одговориле 177 испитаници или 95%. Овој факт покажува дека постојат определени проблеми во нашиот образовен систем, а се во врска со големиот број на одлични ученици, што е нереално, но и со преголемиот нагласок на теоријата, а не на праксата, што не е добро за поттикнување на претприемчивоста.

Конзистентноста на искажаните ставови во однос на претходното прашање, се согледува и на прашањето „*Дали учествувавте во училишните дополнителни активности или спортови?*" Најголем број испитаници (89%) одговориле потврдно, што укажува дека поголем број на ученици се интересираат да стекнат нови сознанија и вештини преку воннаставните активности, кои не се оценуваат. Учењето за оценка и успех, а не за стекнување на компетенции е погубна за претприемчивоста.

Немирниот дух е одлика на претприемчивите луѓе, кои се нетрпеливи и сакаат експериментирање и иновации. Истражувањето по однос на прашањето „*Дали сте нетрпеливи?*" покажува поделени одговори. Со „Да" – одговориле 89 испитаници или

48%; Со „Не”- одговориле 97 испитаници или 52%, што значи само половината од испитаниците имаат немирен дух како одлика на претприемачите.

Тврдоглавоста или своеглавиот однос не е добра карактеристика кај луѓето и ја попречува претприемчивоста. На прашањето *„Дали некогаш, некој ви рекол дека сте тврдоглави?”* 70% одговориле позитивно, а само 30% негативно, односно индиректно потврдиле дека имаат преприемачки предиспозиции.

Претприемчивите луѓе се луѓе од акција и добро е што повеќето испитаници укажуваат на тоа, со своите ставови како одговор на прашањето *„Дали сакате акција?”* Со „Да”- одговориле 140 испитаници или 75%, а со „Не” – одговориле 46 испитаници или 25%. Но, имајќи ги предвид реалните состојби, ваквите ставови изгледа дека се повеќе желба или нивно сфаќање како нешто што нуди забава, отколку реално прифаќање на професионалната работа.

Претприемчивите луѓе сакаат промени, акција и возбуда, па тековните активности во подолг временски период им здосадуваат. На прашањето *„Дали брзо ви станува здодевно?”* позитивно одговориле само 34% од испитаниците, што уште еднаш потврдува дека само третина од македонските граѓани покажуваат претприемачки хух на промени, акција и возбуда.

Претприемачите покажуваат верба во себе, во својот изглед, држење и способности за успех. На прашањето: *„Дали сметате дека сте допадлив и дали се почитувате себе си?”* најголем број испитаници или 94% одговориле потврдно. Сигурноста во себе, своите можности, сопствениот изглед ја јакнат самодовербата, а таа е одлика на претприемчивите луѓе.

Една од дефинициите за претприемач е дека тоа е личност подготвена да превземе пресметан ризик. На прашањето: *„Дали верувате дека воопшто постои нешто што е без никаков ризик?”* со „Да” – одговориле само 26 испитаници или 14%, а со „Не” – одговориле 160 испитаници или 86%. Способноста за преземањето ризик, е одлика на претприемчивите луѓе и тој став треба да се формира и кај учениците, во што свој придонес треба да дадат наставниците, со начинот на кој ја реализираат наставата.

На прашањето: *„Дали некогаш свесно ги пречекорувате овластувањата?”* потврдно одговориле 37% од испитаниците, а а негативно одговориле 63%. Добро е да

се почитуваат овластувањата, но претприемчивите луѓе знаат тоа и да не го направат заради својот немирен дух. Склони се да преземат ризик, за да променат нешто.

Општественото огледало или водењето сметка за тоа што ќе речат или што ќе помислат другите луѓе не е во контекст на претприемчивоста. Луѓето со претприемачки дух, не робуваат на стереотипи и немаат предрасуди. Но истражувањето покажа дека само половина наши граѓани немаат предрасуди. На прашањето: „*Дали се грижите за тоа што мислат другите за вас?*" со „Да" – одговориле 93 испитаници или 50%, а со „Не" – одговориле 93 испитаници или 50%.

Истражувањето покажа зачудувачки резултати, а тоа е дека огромниот број од трите категории на испитаници не поседуваат претприемачки способности и не манифестираат претприемчиво однесување. Изненадувачко е што сите 100 испитаници од редот на вработените во образовните институции се во таа категорија, како и сите студенти. Но, посебно загрижува и сознанието дека многу е мал бројот на оние испитаници кои доаѓаат од бизнис секторот, а имаат претприемнички дух. Ова последното не може да се генерализира, зошто примерокот е релативно мал, но се индикативни и заслужуваат внимание и анализа.

## 6.2 Изготвување на стратегија за претприемачко учење за Република Македонија

Министерството за образование и наука на Република Македонија, со поддршка на Европската фондација за обука (ЕТФ) беше домаќин на работилницата за претприемачко учење, која се одржа на 6-7 декември 2012 година. Главната цел беше да се идентификуваат важните прашања и теми за кои ќе бидат земени во предвид при развојот на Стратегија zа претприемачко учење за Република Македонија и да се обезбеди првиот влез за воспоставување на корисни соработка на сите заинтересирани страни кон оваа стратегија.

SEECEL беше поканет да учествува како регионално признати стручна институција во областа на претприемничкото учење, со цел да се придонесе *Развој на доживотно претприемачко учење* (LLEL) да бидат вградени во Националната

стратегија за Македонија. За време на дводневниот собир активно беа вклучени експерти и олеснувачи.

Работилницата им овозможи на младите претприемачи да придонесат за дискусија со нивното искуство и мислења со цел да се подобри политики и практики во образованието и обуката. Бидејќи Република Македонија се бори да ја подобрат економската и работна активност на пазарот, раст и конкурентност, во областа на претприемничкото учење треба да биде прифатені нови хоризонти и можности, а оваа работилница беше значаен чекор напред за да се постигне овие цели.

Во рамките на овој проект, во изминатиот период е склучен договор за соработка на МОН и ЕФТ за креирање на Стратегијата за претприемачко учење за Република Македонија, реализирана е иницирачка работилница во декември 2012, како и работилница за поставување на приоритети (април, 2013), а во периодот март-јули 2013 е извршена ситуациска анализа (добри практики, моментална ситуација и сл.).

Прегледот на литература, поставен како цел, беше поделен во 3 делови за истражување:

1. Претприемничкото учење од научен аспект;
2. Стратегии за претприемничко учење и
3. Најдобри практики за претприемничко учење.

Ова се спроведе со цел, на ова ниво на развој на Стратегијата, да се убедат училиштата, наставниците и родителите дека претприемништвото е клучната компетенција за сите и не се стреми кон тоа сите ученици да ги претвори во бизнисмени, туку да промовира претприемнички начин на размислување, така што ќе биде **составен дел од наставата како хоризонтален елемент во сите полиња на учењето.** (Агенда од Осло, 2006)

Бидејќи **вештините, знаењата и однесувањата кои се поврзани со претприемништвото можат да бидат стимулирани и зајакнувани преку процесот на учење**, како и преку други процеси, можно е со сумирање на различните пристапи и теории на концептот „претприемништво" да се идентификуваат вештините и постапките кои најчесто се поврзуваат со претприемничкото однесување, односно со претприемачите.

ЕСОТЕС даде препораки за претприемачки стратегии:

- вклученост на повеќе релевантни министерства,
- консултација со клучните стејкхолдери,
- внесување на клучните компетенции преку националната наставна програма,
- високо ниво на стратешки цели и користење на мониторинг систе, стратегии и индикатори,
- добри практики,
- обука на наставниците и
- финансирање (обезбеден буџет).

Во рамките на проектот, за реализација на неговите цели и задачи, реализирани се посети и интервјуа во Скопје, Охрид, Струга, Тетово, Гостивар, Прилеп, Струмица, Валандово, Куманово и Штип. Таргет беа претставници од образовниот сектор (основно, средно и високо образование), но беа остварени и дополнителни состаноци со бизнис секторот, Агенцијата за вработување, институции за поддршка на бизнисот, невладини организации и јавен сектор.

Истражувањето беше спроведено на 264 испитаници (мај - почеток на јуни 2013), а прашалникот се базирање на заклучоците од претходната работилница. Целни групи беа испитаници од секторите на основно, средно, високо и неформално образование, како и млади претприемачи

Истражувањето во основните училишта покажа дека:

- многу малку училишта се инволвирани во проекти, поврзани со претприемништво и соработка со локалната заедница,
- не постои солидна соработка со бизнис заедницата, а онаму каде што постои таа се базира на иницијативата на наставникот,
- слаба соработка со родителите поради нивната недоволна заинтересираност, но и недоволната иницијатива на училиштата,
- постои силна потреба за едукација на наставниците за поуспешно воведување на претприемнички содржини во наставата,
- поделено е мислењето за начинот и имплементацијата за претприемништвото во основното образование и

- генерално постои разбирање за потребата за воведување на претприемништво во основното образование.

Истражувањето спроведено во средното и високото образование покажува подобра ситуација:

- повеќето средни училишта и факултети се инволвирани во проекти / програми поврзани со бизнисот и претприемништвото преку странски донаторски програми,
- евидентен е поголем број на проекти поврзани со локалната заедница,
- многу мал број на училишта организираат посети на бизни секторот,
- наставниците сметаат дека за развој на претприемачки компетенции треба да се фокусираат на практична настава или да се креира програма која ќе содржи повеќе практична работа,
- постои мислење дека многу малку родители може да помогнат во интензивирање на соработката со бизнис секторот и локалната заедница и
- наставниците се подготвени за понатамошна обука во однос на претприемништвото.

Спроведеното истражување продуцира и дополнителни идеи, како на пример:

- креирање на вистински компании како дел од учењето;
- организација на најуспешни проекти пред потенцијалните инвеститори;
- креирање на виртуелни компании;
- повеќе студии на случај во книгите за претприемништво;
- организација на летни претприемачки кампови.
- достапност на квалитетна литература со најнови научни достигнувања во подрачјето;
- неформалното образование да понуди програми каде, и по завршувањето на обуката, ќе биде достапна помош / менторирање;
- повеќе програми за интернет бизнис, блогирање, креирање содржини, SEO…
- зголемување на поддршката на приватните компании кои обезбедуваат курсеви за претприемништво;
- потреба од практични аспекти при предавање на претприемништвото;

- потреба од редизајнирање на наставната програма и книгите кои се однесуваат на претприемништво;
- потреба од обезбедување на една сеопфатна обука на наставниците, но и програма која ќе обезбедува континуирано учење од нивна страна и
- потреба од подобра соработка помеѓу училиштата и бизнис секторот.

Секако, имплементацијата на претприемачкото учење ќе бара имплементација и на инструменти за следење и мерење на резултатите од учењето на претприемништвото. Секако, обуката на наставниците и јакнењето на нивните компетенции е клучниот императив кој Страрегијата за претприемничко учење мора да го опфати.

Претприемништвото **може да се научи** и претприемачите **можат да се создаваат**. Но, тргнувајќи од фактот дека претприемништвото како наставен предмет во формалното образование е покомплексен од другите наставни предмети – потребни се **поголеми промени** во традиционалните **техники на едукација**. За да се постигне ова, потребна е **поголема соработка** помеѓу креаторите на политики, локалната самоуправа, образовните институции – училиштата и факултетите, како и претприемачите и вработените, особено од бизнис секторот.

# 7 МОДЕЛ НА ДОЖИВОТНО ПРЕТПРИЕМНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

*„Претприемачите не се „родени"...*
*туку тие „се создаваат" преку искуствата во нивните животи."*
Професор Алберт Шапиро (Albert Shapiro),
Државен универзитет во Охајо

## 7.1 Важноста и потребата за претприемничко образование

Претприемништвото е главен двигател на економијата. Благосостојба и најголем број работни места се создадени од малите бизниси отворени од претприемнички ориентирани поединци, кои честопати прераснале во големи бизниси. Луѓето изложени на претприемништво често изјавуваат дека тие имаат повеќе можност да ги користат креативните слободи, имаат поголема самопочит и севкупна поголемо чувство на контрола врз нивните сопствени животи. Како резултат на тоа многу искусни деловни луѓе, политичките лидери, економисти, едукатори веруваат дека негувањето на силна претприемачка култура ќе го зголеми индивидуалниот и колективниот економски и социјален успех на локално, национално и глобално ниво́.

Поаѓајќи од ова, во Соединетите Американски Држави (САД) веќе низа децении station наназад се негува и развива претприемнички дух и претприемничко образование. Во таа насока беа развиени и Националните стандарди[191] за образованието за претприемништво: да се подготват младите и возрасните за успех во претприемачката економија.

Образованието за претприемништво е процес на доживотно учење, почнувајќи уште во основно училиште и напредува низ сите нивоа на образование, вклучувајќи го и образованието на возрасни. Стандардите и нивната поддршка на индикатори се рамка за наставниците да ги користат во изградба на соодветни цели, активности за учење, и проценки за нивната целна публика. Со користење на оваа рамка, студентите имаат: сè

[191] *National Content Standards for Entrepreneurship Education*, Consortium for Enterpreneurship Education, преземено на 18.08.2014год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/importance.htm.

повеќе интересни и предизвикувачки образовни активности; искуства кои ќе им овозможат да се развие внатрешната потреба за создавање претприемачки можности; и експертиза за успешно да започнат и да управуваат со нивните сопствени бизниси, користејќи ги предностите на овие можности и стекнатите претприемнички знаења и вештини.

Врз основа на визијата на изворниот ментор Алберт Шапиро, професор на Државниот универзитет во Охајо (почина во 1985 година) Конзорциумот создаде модел на доживотно учење за да се покаже дека претприемништвото е развоен процес. Тие ја признаваат важноста на негувањето на претприемачкиот дух од минатите векови, и го продолжуваат тој дух низ сите образовни нивоа. Во повеќето случаи образованието за претприемништво е исполнето настава со која се обезбедува контекст за учење на други основни вештини и мотивирање на учениците да сакаат да учат. Во повисоките класови, исто така е разбирливо воведувањето на повисоките нивоа и наставни програми во моделот на доживотно учење.[192]

Претприемничкото образование подразбира многу различни активности за едукаторите - од основните училишта до универзитетите, од стручното образование на универзитет. На секое нивó на образование е разумно да се очекуваат различни исходи кај учениците / студентите кои созреваат и го надградуваат нивното претходно знаење. Но севкупната цел останува: да се развие стручност како претприемач.

## 7.2 Претприемничко образование – модел на доживотно учење

Конзорциумот[193] го поддржува концептот дека претприемништвото е процес на доживотно учење, која има најмалку пет различни фази на развој. Овој модел на доживотно учење претпоставува дека секој во образовниот систем треба да имаат можност да учи на почените фази, а подоцнежните фази се насочени кон оние кои конкретно може да изберат да станат претприемачи. Секоја од следниве пет фази

[192] *Nurturing the Entrepreneurial Spirit*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/nurturing.htm
[193] Consortium for Entrepreneurship Education

(нивоа)[194] може да се изучува со активности кои се внесе во други класови (години на образование) или како посебни предмети (сл. 2).

**Фаза 1 - Основи**

Во основните училишта, средно и високо образование, учениците / студентите треба да се ги искусат различните аспекти на бизнис-сопственоста. Во оваа прва фаза, фокусот е насочен на разбирање на основите на економијата, можностите за кариера што произлегуваат, како и потребата да ги совладате основните вештини за да бидат успешни во слободната пазарна економија. Мотивацијата за учење и чувство на индивидуални можности се најважните резултати во оваа фаза на моделот на доживотно учење.

**Фаза 2 – Свест за важноста на компетенциите**

Студентите ќе научат да зборуваат на јазикот на бизнисот и да ги гледаат проблемите од гледна точка на сопственик на мал бизнис. Ова е особено потребно во кариерата и техничкото образование. Во оваа фаза акцентот е ставен на почетните компетенции кои може да се изучуваат како посебни насатвни часови за претприемништвото или вклучени како дел од други курсеви / наставни предмети поврзани со претприемништвото. На пример, проблеми со парични текови може да се користи за време на часовите по математика, а демонстрациите за продажба на производи би можеле да бидат дел од часовите за комуникации.

**Фаза 3 - Креативни апликации**

Во оваа фаза, студентите ќе можат да истражуваат бизнис идеи и на различни начини да го планираат бизнисот. Иако се уште е само образовна искуство, учениците / студентите мора да добијат поголема длабочина и ширина на знаење отколку што може да има од претходните фази. Оваа фаза ги охрабрува учениците / студентите да создадат своја бизнис идеја и преку процес на донесување одлуки да изготват комплетен бизнис план. Најдобрите програми им овозможуваат на учениците / студентите да стекнат искуство за бизнис работење. Оваа фаза може да се случи во повисоките години од средно училиште, на двогодишните колеџи, каде што постојат специјални курсеви и / или вонредни програми за степени, на некои колеџи и универзитети. Целта е учениците

[194] *Nurturing the Entrepreneurial Spirit*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/nurturing.htm

/ студентите да научат како би можело да се стане претприемач и да се практикуваат стекнатите вештини во бизнис-процесите.

**Фаза 4 - Стартување**

Повозрасните, кои се здобиле со работно искуство и / или понатамошно образование, често имаат потреба од посебна помош да креират бизнис идеја. Програмите за образование на заедницата се фокусирани на стартување (отпочнување) на бизнис, и како помош овие програми се широко достапни во кариерни и технички програми, програми за помош во заедницата, заедницата колеџи, четиригодишни колеџи и универзитети. Во САД, U.S. Small Business Administration спонзорира многу од овие програми за обука.

**Фаза 5- РАСТ**

Често, сопствениците на бизниси не бараат помош, додека не е речиси премногу доцна. Од друга страна, серија на семинари или групи за поддршка може да им помогне на претприемачите во препознавањето потенцијални проблеми и како да се справат со нив темелно и навремено. Многу колеџи и универзитети нудат продолжителни образованието програми, семинари и работилници за нивната бизнис заедницата. Тие признаваат дека најдобар економски развоен план е да им помогнат на својата бизнис-заедница да расте и напредува.




***Сл. 5.*** Модел на доживотно претприемничко образование

***Извор:*** LIFELONG ENTREPRENEURSHIP EDUCATION MODEL[195]

Едукаторите во секоја од овие фази на претприемништвото треба да се фокусираат на свои посебни резултати, и да воспоставуваат партнерства со едукаторите на други нивоа на овој процес на доживотно учење. Постои простор за претприемништво на некој начин насекаде во образовниот систем.

---

[195] LIFELONG ENTREPRENEURSHIP EDUCATION MODEL, Developed by The Consortium for Entrepreneurship Education Columbus, OH, преземено на 18.08.2014год., достапно на http://www.entre-ed.org/_entre/lifelong.htm

## 7.3 Стандарди за претприемничко образование во моделот на доживотно учење

Во моделот на доживотно учење на претприемништвото се поставени петнаесет главни стандарди, кои се поделени во следниве три главни делови:[196]

**Претприемачки вештини** - уникатни карактеристики, однесувања и процеси со кои се разликува еден претприемач од еден вработен или менаџер.

**Вештини на спремност (подготвеност)** - бизнис или претприемачки знаења и вештини кои се предуслови или претпоставки за изучување на претприемништвото.

**Бизнис функции** - деловните активности што се извршуваат при започнување и водење на бизнис.

Истакнатите вештини на подготвеност и бизнис функциите се претприемачки вештини, процеси и особини / однесувања кои се применуваат за нови вложувања и вложувања во тек, кои ги создаваат / ги водат / ги променуваат економската активност - нови пазари, нови производи, нови бизниси, итн.

Овие непоследователни фази на претприемничкиот процес се:

- ***Откривање*** - нивó во претприемничкиот процес, во кој претприемачот генерира идеи, препознава можности и определува остварливоста на идеи, пазари, вложувања, итн.
- ***Развоен концепт*** - нивó во претприемничкиот процес во кој претприемачот планира вложување, ги идентификува потребните ресурси со користење на бизнис план, ги идентификува стратегиите, заштита на интелектуалната сопственост, итн.
- ***Ресурси*** - нивó во претприемничкиот процес во кој претприемачот идентификува и стекнува финансиски, човечки и капитални ресурси потребни за вложување итн.
- ***Актуелизација*** – нивó во претприемничкиот процес во кој претприемачот работи на вложување и користење на ресурси за да ги постигне своите цели / задачи.
- ***Бербата (добивка од инвестицијата)*** - нивó во претприемничкиот процес во кој претприемач одлучува за иднината на инвестицијата (раст, развој, смрт).

Во табела 1 е дадена споредба на вештините за 21 век со личните карактеристики на еден претприемач и поставените стандарди за претприемничко образование.

[196] Преземено на 18.08.2014, достапно на www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/standards_overview.htm

***Табела бр. 1:*** Стандарди за претприемничко образование според вештините на XXI век

| Споредба на вештини на 21 век | Личните карактеристики на еден претприемач | Стандарди за претприемничко образование |
|---|---|---|
| **Учење и иновативни вештини**<br><br>Критички мислител | Учи од грешките.<br><br>Може да погледне на работите од различни перспективи и да предложи нови начини на вршење на работите. | A3: Дефинирање на претприемништвото.<br>A5: Одредување на ризици и награди на претприемништвото.<br>A8: Споредување и разлики на претприемништвото на традиционалните вработување, како пример, но не се ограничени на:<br>• Придобивки<br>• Безбедност на работното место<br>• Оперативни трошоци<br>• Плати<br>A11: Анализа на претприемништвото што се однесува на лични цели во кариерата и корпоративни можности. |
| Решавач на проблеми | Може да го дефинира проблемот, собира информации, да идентификува различни решенија, оценка на алтернативни и избор на најдобрата опција, да презема акција, рефлективен.<br><br>Може да види нови модели и се движи подалеку од традиционалните, да развие работен план и да се движат напред - размислување надвор од кутијата. | B3: Да се опишат карактерни црти на успешни претприемачи, како пример, но не се ограничени на:<br>• Прилагодливост<br>• Креативното размислување<br>• Етичко однесување<br>• Лидерство<br>• Позитивен став<br>• Преземањето ризик<br>B5: Да се дискутира за претприемачки карактерни црти на историски или современи претприемачи.<br>B8: Да се оцени колку претприемачки карактерни црти влијаат можности за кариера.<br>B11: Анализа на претприемништвото што се однесува на личните карактерни црти. |
| Креативен<br>Иновативен | Може да ги согледа шансите и можностите кои произлегуваат од постоечките услови. | C3: Да се опишат претприемачки можности соодветни на возраста, како пример, но не се ограничени на:<br>• Продажба на печива<br>• Занаети<br>• Штанд за безалкохолни пијалоци<br>• Нега на домашни миленичиња<br>C5: Да се дискутираат чекорите на претприемачи за да ги донесат нивните производи или услуги на пазарот, како пример, но не се ограничени на:<br>• Маркетинг<br>• Производство<br>• Истражување и развој<br>• Избор на стоки и услуги<br>C8: Ги идентификува и објаснува основните компоненти на бизнис план, како пример, но не се ограничени на:<br>• Бизнис идеја<br>• Анализата на конкурентноста<br>• Дневен операции<br>• Финансии / буџет<br>• Маркетинг<br>• Производни ресурси (човечки, капитал, природни)<br>• продажба прогнозирање<br>B11: Развивање на бизнис план за претприемачки концепт на личен интерес и да ги идентификуваат расположливите ресурси, како на пример, но не се ограничени на:<br>• заедница организации (т.е. стопански комори, трговски / технички здруженија, центри за индустриски ресурси)<br>• Финансиски институции<br>• Училиште базирани центри за кариера<br>• услуги за администрација на мал бизнис (на пример, Центри за развој на мал бизнис, Центар за развој на претприемништвото)<br>• вложување на капитал |
| Комуникатор | Може да споделува идеи со другите усмено или писмено. | |
| Соработник | Работи добро со другите и знае дека не секогаш ќе биде по негово | |
| **Животни и кариерни вештини** | | |
| Флексибилен | Дејствува брзо | |
| Прилагодлив | Независен | |
| Иницијативен | Самоуверен | |
| Самонасочен | Определен | |
| Социјален | Упорен | |
| Човечки вештини | Ориентиран на целите | |
| Продуктивен | Потреба за постигнување | |
| Отчетен | Високи лични стандарди | |
| Лидерски вештини | Превзема пресметан ризик | |
| Одговорен | Тимски играч | |
| Информациска писменост | Во тек е со технологијата | |
| Медиумска писменост (брз процес, прави разлика, веродостојност, менаџирање, толкување, потврдувањето и дело) | | |
| Информациски комуникатор | | |
| Технолошка писменост | | |
| **Глобална свест** | | |
| Интеркултурни вештини | | |
| Писменост за глобалниот пазар | | |

## 7.4 Индикатори за стандардите на Моделот на доживотно претприемничко учење

Претходно наведените пет фази на претприемничкиот процес, заедно со индивидуалните особини и однесувања на успешен претприемач, се состојат од множество на „претприемачки вештини“ наведени во National Content Standards for Entrepreneurship Education[197] (табела 2).

***Табела бр. 2:*** Стандарди и индикатори на Моделот на доживотно претприемничко образование

| СТАНДАРДИ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО - ПРИМЕНА НА МОДЕЛОТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ | | Фаза 1 / Ниво 1 | Фаза 2 / Ниво 2 | Фаза 3 / Ниво 3 | Фаза 4 / Ниво 4 | Фаза 5 / Ниво 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **СТАНДАРДИ / Индикатори на перформансите** | ОСНОВИ | СТАВОВИ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА КОМПЕТЕН-ЦИТЕ | КРЕАТИВНИ АПЛИКАЦИИ | СТАРТУВАЊЕ / отпочнување (START-UP) | РАСТ И РАЗВОЈ |
| | **Претприемнички вештини**<br>**Процеси и карактеристики / Однесувања поврзани со претприемачки успех.** | | | | | |
| **А** | **Претприемнички процеси**<br>Разбира концепти и процеси поврзани со успешни претприемачки перформанси | | | | | |
| **** Откривање** | | | | | | |
| А.01 | Ја објаснува потребата за претприемачки откритија | | | | | |
| А.02 | Дискутира за процеси на претприемачки откритија | | | | | |
| А.03 | Ги проценува глобалните трендови и можности | | | | | |
| А.04 | Ги утврдува можностите за творечки потфат | | | | | |
| А.05 | Ги проценува можностите за творечки потфат | | | | | |
| А.06 | Ги опишува методите за генерирање идеи | | | | | |
| А.07 | Генерира творечки идеи | | | | | |
| А.08 | Ја утврдува можноста на идеите | | | | | |
| **** Развој на концепти** | | | | | | |
| А.09 | Опишува размислување за претприемничко планирање | | | | | |
| А.10 | Ги објаснува инструментите кои се користат за претприемничко планирање | | | | | |
| А.11 | Ги проценува барањата за отпочнување бизнис | | | | | |
| А.12 | Ги проценува ризиците за инвестиција | | | | | |

[197] *The National Content Standards for Entrepreneurship Education*, преземено на 18.08.2014 год. достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/COMP1.html

| | |
|---|---|
| A.13 | Ги опишува надворешните ресурси што ги користат претприемачите во текот на развој на концепт |
| A.14 | Ја проценува потребата за користење надворешни ресурси за развој на концепт |
| A.15 | Опишува стратегии за заштита на интелектуална сопственост |
| A.16 | Употребува компоненти на бизнис план за да дефинира идеја за инвестиција |
| **** Снабдување со ресурси** | |
| A.17 | Прави разлика меѓу долг и капитално финансирање за создавање инвестиција |
| A.18 | Ги опишуваат процесите што се користат да се стекнат соодветни финансиски ресурси за создавање вложување / отпочнување на бизнис |
| A.19 | Избира извори за финансирање на создавањето инвестивија / стартување на бизнис |
| A.20 | Објасни фактори кои влијаат на одредувањето на потребни човечки ресурси при вложувањето |
| A.21 | Опише факторите за избор на извори на средства |
| A.22 | Умее да стекува капитални средства потребни за вложување |
| A.23 | Проценка на трошоци / придобивките поврзани со ресурсите |
| **** Актуелизација** | |
| A.24 | Користи надворешни ресурси за да ја дополни претприемачката стручност |
| A.25 | Ја објаснува комплексноста на деловното работење |
| A.26 | Ги оценува можностите за преземање ризик |
| A.27 | Ја објаснува потребата за бизнис системи и постапки |
| A.28 | Го опишува користењето на оперативни постапки |
| A.29 | Ги објаснува методите / процесите за организирање на работниот процес |
| A.30 | Развива и / или обезбедуваат производ / услуга |
| A.31 | Користи креативност во деловни активности / одлуки |
| A.32 | Го објаснува влијанието на продуктивноста на ресурсите врз успехот на инвестицијата |
| A.33 | Креира процеси за препознавање на тековните можности |
| A.34 | Се адаптира на промените во деловното опкружување |
| **** Добивка од инвестицијата** | |
| A.35 | Ја објаснува потребата за континуирано планирање |
| A.36 | Ги опишува методите за прибирање на добивка од инвестирањето |
| A.37 | Ги проценува можностите за континуирано реинвестирање |
| A.38 | Развива излезни стратегии |
| **B** | **Претприемачки карактеристики / однесувања**<br>Ги разбира личните карактеристики / однесувања поврзани со успешни претприемачки перформанси |
| **** Лидерство** | |
| B.01 | Демонстрира чесност и интегритет |
| B.02 | Демонстрира одговорно однесување |
| B.03 | Покажува иницијатива |
| B.04 | Демонстрира етички работни навики |

| | |
|---|---|
| B.05 | Покажува страст за постигнување на целите |
| B.06 | Ги препознава напорите на другите |
| B.07 | Ги води другите со користење позитивни изјави |
| B.08 | Развива тимскиот дух |
| B.09 | Ги вклучува другите во работата кон една заедничка визија |
| B.10 | Споделува авторитет, кога е соодветно |
| B.11 | Ја вреднува разновидноста / различноста |
| ** **Лична проценка** | |
| B.12 | Опишува посакувани претприемачки особини на личноста |
| B.13 | Определува лични предрасуди и стереотипи |
| B.14 | Ги определува интересите |
| B.15 | Ги евалуира личните способности |
| B.16 | Спроведува самоевалуација за да го утврди претприемачкиот потенцијал |
| ** **Личен менаџмент** | |
| B.17 | Одржува позитивен став |
| B.18 | Покажуваат интерес и ентузијазам |
| B.19 | Донесува одлуки |
| B.20 | Развва насоченост кон промените |
| B.21 | Демонстрира вештини за решавање на проблеми |
| B.22 | Ги проценува ризиците |
| B.23 | Преземе лична одговорност за одлуките |
| B.24 | Ги користи принципите за менаџирање со времето |
| B.25 | Развива толеранција кон двосмисленоста |
| B.26 | Користи повратни информации за личен развој |
| B.27 | Демонстрира креативност |
| B.28 | Поставува лични цели |

## Вештини на спремност

**Основните бизнис знаење и вештини кои се предуслови или претпоставки за да стане успешен претприемач.**

## C Бизнис основи

Ги разбира основните бизнис концепти кои влијаат на деловното одлучување

| | |
|---|---|
| ** **Бизнис концепти** | |
| C.01 | Ја објаснува улогата на бизнисот во општеството |
| C.02 | Ги опишува видови на деловни (бизнис) активности |
| C.03 | Објасни видови на бизниси |
| C.04 | Објасни можности за создавање на додадена вредност |
| C.05 | Ги определува прашањата и трендовите во бизнисот |
| C.06 | Ги опишува клучните елементи на култура на квалитет / континуирано подобрување на квалитетот |
| C.07 | Ја опишува улогата на менаџментот во постигнување на квалитет |
| C.08 | Ја објаснува природата на менаџерска етика |
| C.09 | Ја опишува потребата и влијанието на етички бизнис практики |

| | |
|---|---|
| ** | **Бизнис активности** |
| C.10 | Го објаснува маркетинг менаџментот и неговото значење во глобалната економија |
| C.11 | Опишува маркетинг функции и соодветни активности |
| C.12 | Ја објаснува природата и обемот на оперативен менаџмент |
| C.13 | Го објаснува концептот на управување |
| C.14 | Го објаснува концептот на финансиски менаџмент |
| C.15 | Го објаснува концептот на управување со човечките ресурси |
| C.16 | Го објаснува концептот на управување со ризикот |
| C.17 | Го објаснува концептот на стратегискиот менаџмент |
| **D** | **Комуникациски и интерперсонални вештини**<br>Разбира концепти, стратегии и системи потребни за ефективна комуникација |
| ** | **Основи на комуникација** |
| D.01 | Ја објаснува природата на ефективна комуникација |
| D.02 | Применува ефективни вештини за слушање |
| D.03 | Користи правилна граматика и речник |
| D.04 | Ја зајакнува услужната ориентација преку комуникација |
| D.05 | Ја објаснува природата на ефективна вербална комуникација |
| D.06 | Се обраќа на луѓето правилно |
| D.07 | Се справува со телефонски повици на деловен начин |
| D.08 | Прави усни презентации |
| D.09 | Ја објаснува природата на писмена комуникација |
| D.10 | Пишува бизнис писма |
| D.11 | Пишува информативни пораки |
| D.12 | Пишува барања |
| D.13 | Пишува пораки за убедување |
| D.14 | Подготвува едноставни писмени извештаи |
| D.15 | Подготвува сложени писмени извештаи |
| D.16 | Користи комуникациски технологии / системи (на пример: е-пошта, факсови, говорна пошта, мобилни телефони, итн) |
| ** | **Комуникации со вработените** |
| D.17 | Следи инструкции |
| D.18 | Ја објаснува природата на комуникација со вработените |
| D.19 | Дава инструкции за комплетирање на работните задачи |
| D.20 | Одржува состаноци со вработените |
| ** | **Етика во комуницирањето** |
| D.21 | Ја почитува приватноста на другите |
| D.22 | Ги објаснува етичките аспекти во обезбедување на информации |
| ** | **Односи со работни групи** |
| D.23 | Се однесува праведно кон другите на работното место |
| D.24 | Развива културна сензибилност |
| D.25 | Поттикнува позитивни работни односи |
| D.26 | Учествува како член на тим |

| | |
|---|---|
| ** **Справување со конфликти** | |
| D.27 | Покажува самоконтрола |
| D.28 | Покажува емпатија кон другите |
| D.29 | Користи соодветна самодоверба |
| D.30 | Демонстрира вештини за преговарање |
| D.31 | Се справува со проблематични клиенти / купувачи |
| D.32 | Ги интерпретира деловните политики на клиенти / купувачи |
| D.33 | Се справува со клиентите / жалби од клиенти |
| D.34 | Ја објаснува природата на организациските промени |
| D.35 | Ја опишува природата на организациските конфликти |
| D.36 | Ја објаснува природата на управување со стресот |
| **E** | **Дигитални вештини**<br>**Ги разбира концептите и процедурите потребни за основните компјутерски операции** |
| ** **Компјутерски основи** | |
| E.01 | Ја користи основните компјутерската терминологија |
| E.02 | Применуваат основните команди на оперативниот системски софтвер |
| E.03 | Користи десктоп оперативен вештини |
| E.04 | Утврдува организација на датотеки |
| E.05 | Демонстрира систем на услуги за управување со датотеки |
| E.06 | Компресира или менува додадени фајлови: |
| E.07 | Користат референтни материјали за пристап до информации |
| E.08 | Го користи мени-системи |
| E.09 | Ги користи компонентите на контролниот панел |
| E.10 | Пристапува до податоци преку различни компјутерски дискови |
| E.11 | Покажува способности за основни пребарување на веб |
| E.12 | Ја проценува веродостојноста на интернет ресурси |
| E.13 | Покажат вештини за управување со датотеки |
| ** **Компјутерски апликации** | |
| E.14 | Комуницира преку компјутер |
| E.15 | Решава рутински хардверски и софтверски проблеми |
| E.16 | Ракува со периферни уреди поврзани со компјутер |
| E.17 | Ја објаснува природата на е-трговија |
| E.18 | Го опишува влијанието на интернетот врз бизнисот |
| E.19 | Развива основни веб-страни |
| **F** | **Економија**<br>**Ги разбира економските принципи и концепти од фундаментално значење за претприемништвото / сопствен мал бизнис** |
| ** **Основни концепти** | |
| F.01 | Прави разлика помеѓу економски добра и услуги |
| F.02 | Ги објаснува факторите на производство |
| F.03 | Ги објаснува концептот на недостаток |

| | |
|---|---|
| F.04 | Ги објаснува концептот на можни трошоци |
| F.05 | Ја опишува природата на економијата и економските активности |
| F.06 | Утврдува форми на економска алатка создадена од деловни активности |
| F.07 | Ги објаснува принципите на понудата и побарувачката |
| F.08 | Го опишува на концептот на цена |
| **** Релација трошоци - добивка** | |
| F.09 | Го објаснува концептот на продуктивност |
| F.10 | Ја опишува трошок / добивка анализата |
| F.11 | Го анализира влијанието на специјализација / поделбата на трудот врз продуктивноста |
| F.12 | Го објаснува концептот на организираниот труд и бизнис |
| F.13 | Објаснува закони за повраток на добивка |
| F.14 | Го опишува концептот на скалата на економиите |
| **** Економски индикатори / Трендови** | |
| F.15 | Ги објаснува мерки што се користат за анализирање на економските услови |
| F.16 | Ги објаснува природата на трошоците на животот |
| F.17 | Ги објаснува концептот на бруто-домашниот производ |
| F.18 | Го утврдува влијанието на бизнис циклусите врз деловни активности |
| **** Економски системи** | |
| F.19 | Ги објаснува видовите на економските системи |
| F.20 | Го опишува односот меѓу владата и бизнисот |
| F.21 | Го проценува влијанието на активностите на владата на деловни вложувања |
| F.22 | Го објаснува концептот на приватна компанија |
| F.23 | Ги оценува фактори кои влијаат на бизнис-профитот |
| F.24 | Ги утврдува факторите кои влијаат врз бизнис ризикот |
| F.25 | Ги објаснува концептот на конкуренција |
| F.26 | Ги опишува видовите на пазарни структури |
| F.27 | Го утврдува влијанието на малиот бизнис / претприемништвото врз пазарните економии |
| **** Интернационални концепти** | |
| F.28 | Ја објаснува природата на меѓународната трговија |
| F.29 | Ги опишува можностите на малиот бизнис во меѓународната трговија |
| F.30 | Го утврдува влијанието на културните и социјални средини врз светската трговија |
| F.31 | Го објаснува влијанието на девизниот курс врз трговијата |
| F.32 | Ги проценува влијанијата врз способноста на нацијата за тргување |
| **G** | **Финансиска писменост**<br>Ги разбира концептот, процедурите и стратегиите на менаџмент на сопствени (лични) пари |
| **** Основи на парите** | |
| G.01 | Ги објаснува формите на финансиска размена (во готово, кредитни, дебитни и др) |

| | |
|---|---|
| Г.02 | Ги опишува функциите на парите (медиум на размена, единица мерка, за чување на вредноста) |
| G.03 | Ги опишува изворите на приход (плати, камати, изнајмување, дивиденди, трансфер исплати, итн) |
| G.04 | Ги препознава видови на валута (книжни пари, монети, банкноти, државни обврзници, благајнички записи, итн) |
| G.05 | Чита и интерпретира исплати |
| G.06 | Ја објаснува временската вредност на парите |
| G.07 | Опишува трошоците поврзани со кредит |
| G.08 | Објаснува правните одговорности поврзани со употребата на пари |
| G.09 | Ги користи парите ефикасно |
| ** | **Финансиски услуги** |
| G.10 | Ги опишува услугите обезбедени од страна на финансиските институции |
| G.11 | Ги објаснува законските обврски на финансиските институции |
| G.12 | Ги објаснува трошоците поврзани со користењето на финансиските услуги |
| G.13 | Избира финансиска институција |
| G.14 | Отвара сметка во финансиска институција |
| ** | **Персонален менаџмент со пари** |
| G.15 | Поставува финансиски цели |
| G.16 | Развива план за штедење |
| G.17 | Развива план на трошење |
| G.18 | Создава депозити и повлекувања од сметката |
| G.19 | Комплетира финансиски инструменти |
| G.20 | Одржува финансиски извештаи |
| G.21 | Читаат и порамнува финансиски извештаи |
| G.22 | Ги поправа грешките во сметката |
| G.23 | Ги објаснува видовите на инвестиции |
| G.24 | Инвестира пари |
| G.25 | Развива личен буџет |
| G.26 | Изградува позитивна кредитна историја |
| G.27 | Ја подобрува / поправа кредитната способност |
| **H** | **Професионален развој**<br>**Ги разбира концептите и стратегиите кои се потребни за истражување на кариера, развој и раст** |
| ** | **Планирање на кариера** |
| H.01 | Проценува можности за кариера врз основа на тековните / идни економија |
| H.02 | Ги анализира очекувањата на работодавачот во деловното опкружување |
| H.03 | Ги објаснува правата на работниците |
| H.04 | Избира и користи извори на кариера информации |
| H.05 | Утврдува можни професионални интереси |
| H.06 | Ги објаснува можностите за вработување во претприемништвото |

| | |
|---|---|
| ** | **Вештини за барање работа** |
| H.07 | Користи стратегии за барање работа |
| H.08 | Комплетира апликација за работа |
| H.09 | Интервју за работа |
| H.10 | Пишува писмо по интервјуата за работа |
| H.11 | Пишува писмо за апликација |
| H.12 | Подготвува резиме |
| H.13 | Ги опишува техниките за добивање работно искуство (на пример, волонтерски активности, практиканти) |
| H.14 | Ја објаснува потребата за континуирана едукација како работник |
| H.15 | Објаснува шеми за работни места за можно унапредување |
| H.16 | Ги утврдува вештините потребни за подобрување на напредување во кариерата |
| H.17 | Користи ресурси кои можат да придонесат за професионален развој (на пример, трговски списанија, стручни / трговски здруженија, обуки / семинари, саеми и ментори) |
| H.18 | Користи техники за вмрежување за професионален развој |

## Бизнис функции

**Деловни активности извршени од страна на претприемачите во управувањето со бизнисот.**

## I Финансиски менаџмент

Ги разбира финансиските концепти и инструмени во донесување на деловни одлуки

| | |
|---|---|
| ** | **Сметководство** |
| I.01 | Објаснува сметководствени стандарди |
| I.02 | Подготвува проценка / проектиран биланс на успех |
| I.03 | Ги проценува потребите на готовинскиот тек |
| I.04 | Подготвува проценка / проектира завршна сметка |
| I.05 | Пресметува финансиски коефициенти |
| I.06 | Утврдува и депонира даноци |
| I.07 | Изготвува даночни пријави |
| ** | **Финансии** |
| I.08 | Ги објаснува целите и важноста на добивање на бизнис кредит |
| I.09 | Прави клучни одлуки во врска со прифаќање на банкарски картички |
| I.10 | Воспоставува кредитни политики |
| I.11 | Развива политики на фактурирање и наплата |
| I.12 | Го опишува користењето на кредитни бироа |
| I.13 | Ја објаснува природата на прекумерни / оперативни трошоци |
| I.14 | Утврдува финансирање што е потребно за отпочнување на бизнис |
| I.15 | ги утврдува ризиците поврзани со добивање на бизнис кредит |
| I.16 | Објаснува извори на финансиска помош |
| I.17 | Објаснува критериуми за оценување на заем што се користат од страна на кредитни институции |
| I.18 | Избира извори на бизнис кредити |
| I.19 | Воспоставува врска со финансиски институции |
| I.20 | Комплетна апликација за процес на заем |
| I.21 | Ја утврдува вредноста на бизнисот |

| | |
|---|---|
| ** | **Менаџмент на пари** |
| I.22 | Воспоставува финансиски цели и задачи |
| I.23 | Развива буџет и го следи буџетот |
| I.24 | Управување со протокот на готовина |
| I.25 | Ја објаснува природата на капитални инвестиции |
| I.26 | Поттикнува позитивни финансиски репутација |
| I.27 | Спроведува постапките за менаџирање со долгот |
| I.28 | Надгледува / спроведува редовни сметководствени процедури и финансиски извештаи |
| **J** | **Менаџмент со човечки ресурси**<br>Разбира концепти, системи и стратегии потребни да се регрутираат, мотивираат, развиваат, и отпуштаат вработените (човечките ресурси) |
| ** | **Организирање** |
| J.01 | Развива кадровски организационен план |
| J.02 | Развива опис на работни места |
| J.03 | Развива план за компензација / систем на поттикнување |
| J.04 | Организира работа / проекти за другите |
| J.05 | Делегира одговорноста за работни задачи |
| ** | **Екипирање** |
| J.06 | Утврдува потреба за вработување |
| J.07 | Регрутира нови вработени |
| J.08 | Разгледува апликации за работно место / кандидатури |
| J.09 | Интервју за работа со кандидатите |
| J.10 | Избира нови вработени |
| J.11 | Преговара за плати новите вработени |
| J.12 | Разрешува / отпушта вработен |
| ** | **Обуки / Развој** |
| J.13 | Ги насочува новите вработени (улога на менаџментот) |
| J.14 | Спроведува часови / програма за обука |
| J.15 | Ги тренира вработените |
| ** | **Морал / Мотивација** |
| J.16 | Покажува лидерски вештини |
| J.17 | Поттикнува градење на тим |
| J.18 | Дава признанија / награда на вработените |
| J.19 | Се справува со жалби/поплаки на вработените |
| J.20 | Обезбедува еднакви можности за вработените |
| J.21 | Гради на организациска култура |
| ** | **Проценка** |
| J.22 | Го проценува моралот на вработените |
| J.23 | Обезбедува повратни информации за работните напори |
| J.24 | Ја проценува ефикасноста на вработените |
| J.25 | Презема дополнителна акција со вработените |
| J.26 | Спроведува интервју за излез |

| | |
|---|---|
| **K** | **Менаџмент со информациите**<br>Разбира концепти, системи и алатки потребни за пристап, процес, одржување, оценување, и дистрибуирање на информации за бизнис донесување одлуки |
| ** | **водење евиденција** |
| K.01 | Ја објаснува природата на деловните книги |
| K.02 | Одржува евиденција за дневни финансиски трансакции |
| K.03 | Евиденција и извештај на данок на промет |
| K.04 | Развива систем на евиденција на платен список |
| K.05 | Одржува евиденција на персоналот |
| K.06 | Одржува евиденција на клиенти |
| ** | **Технологија** |
| K.07 | Ги објаснува начините на кои технологијата влијае на бизнисот |
| K.08 | Користи персонален информатички менаџмент / апликации за продуктивност |
| K.09 | Демонстрира примена на пишување / издаваштво |
| K.10 | Демонстрира примена на презентација |
| K.11 | Демонстрира примена на база на податоци |
| K.12 | Демонстрира примена на табела |
| K.13 | Демонстрира приемна на соработка / работа во групи |
| K.14 | Определува потреба од вложување во технологија |
| ** | **Стекнување информации** |
| K.15 | Избира извори на информации за отпочнување бизнис |
| K.16 | Спроведува скенирање на животната средина да се добие маркетинг информации |
| K.17 | Ја следи внатрешната евиденција за маркетинг информации |
| K.18 | Ги определува основните потреби / фрустрации на клиентите |
| **L** | **Маркетинг менаџмент**<br>Разбира концепти, процеси и системи потребни за да се утврдат и да се задоволат потребите / желбите / очекувања на клиентите, да ги исполни бизнис целите / задачите, и да создаде идеи за нов производ / услуга |
| ** | **Креирање на производ / услуга** |
| L.01 | Ги објаснува методите за генерирање на идеја за производ / услуга |
| L.02 | Генерира идеи за производ / услуга |
| L.03 | Ги проценува можностите за воведување промени |
| L.04 | Определува производ / услуга за исполнување на потребите на клиентите |
| L.05 | Определува иницијална физибилити на идеите за производ / услуга |
| L.06 | Планира микс на производ / услуга |
| L.07 | Избира име на производ |
| L.08 | Определува уникатна продажна понуда |
| L.09 | Развива стратегии за да се позиционира производ / услуга |
| L.10 | Изградува бренд / имиџ |
| L.11 | Го проценува искуството на клиентите |

| | |
|---|---|
| ** | **Менаџмент со маркетинг-информации** |
| L.12 | Го објаснува концептот на пазарот и пазарната идентификација |
| L.13 | Ја опишува улогата на ситуационата анализа во процесот на маркетинг планирање |
| L.14 | Определува пазарни сегменти |
| L.15 | Избира таргет пазари |
| L.16 | Го анализира однесувањето на пазарот |
| L.17 | Го објаснува концептот на маркетинг стратегии |
| L.18 | Ја опишува природата на маркетинг планирање |
| L.19 | Поставува маркетинг буџет |
| L.20 | Развива маркетинг план |
| L.21 | Мониторинг и евалуација на перформансите на маркетинг план |
| ** | **Промоција** |
| L.22 | Ги опишува елементите на промотивниот микс |
| L.23 | Пресмета трошоци за рекламирање на медиуми |
| L.24 | Избира медиуми за рекламирање |
| L.25 | Подготвува промотивен буџет |
| L.26 | Развива промотивен бизнис-план |
| L.27 | Пишува соопштение за медиуми |
| L.28 | Здобива публицитет |
| L.29 | Избира опции за промоција на продажбата |
| L.30 | Пишува писма за продажба |
| L.31 | Менаџира онлајн (www) активности |
| L.32 | Ја проценува ефикасноста на рекламирањето |
| ** | **Поставување цени** |
| L.33 | Пресметува тактичка точка |
| L.34 | Ги објаснува факторите кои влијаат врз одлуките за цените |
| L.35 | Воспоставува вредносни цели |
| L.36 | Избира стратегии на цени |
| L.37 | Поставува цени |
| L.38 | Ги приспособува цените за да се зголеми профитабилноста |
| ** | **Продажба** |
| L.39 | Добивање на информации за производот за употреба во продажба |
| L.40 | Ги анализира информациите за производот да се идентификуваат карактеристиките на производот и бенефиции |
| L.41 | Се подготвува за презентација на продажбата |
| L.42 | Воспоставува врска со купувачи / клиенти |
| L.43 | Ги определува потребите на клиентот / клиентите |
| L.44 | Ги детерминира мотивите на клиентите за купување за употреба во продажбата |
| L.45 | Прави разлика помеѓу однесувањето на потрошувачите и организациското купување |
| L.46 | Препорачува определен производ |
| L.47 | Ги претвора приговорите на клиентот / клиентите во поени за продажба |

| | |
|---|---|
| L.48 | Ја извршува продажбата |
| L.49 | Демонстрира предлог продажба |
| L.50 | Планира следни стратегии кои ќе се употребат во продажбата |
| L.51 | Го документира процесот на продажба |
| L.52 | Проспекти за корисници |
| L.53 | Планира стратегии за достигнување на продажни квоти |
| L.54 | Анализира извештаи од продажба |
| L.55 | Обука на персоналот за поддршка на продажбата |
| L.56 | Ја анализира технологијата за употреба во функција на продажбата |
| L.57 | Го менаџира онлајн процесот на продажба |
| | Дополнувања |
| L.58 | Управување со социјалните медиумски вмрежувања |

## M Оперативен менаџмент

**Ги разбира процесите и системите кои се применуваат за да се олесни секојдневното деловно работење.**

| | |
|---|---|
| **** Бизнис системи** | |
| M.01 | Планира бизнис-распоред |
| M.02 | Определува потреби за опрема |
| M.03 | Документира бизнис системи и процедури |
| M.04 | Воспоставува оперативни процедури |
| M.05 | Развива проектни планови |
| M.06 | Анализира деловните процеси и процедури |
| M.07 | Спроведува подобрување на квалитетот техники |
| M.08 | Ја проценува продуктивноста на ресурсите |
| M.09 | Менаџира со компјутерски-базирани оперативни системи |
| **** Менаџмент на канали** | |
| M.10 | Избира бизнис локација |
| M.11 | Избира дистрибутивни канали |
| M.12 | Развива и спроведува на процеси за исполнување на целите |
| **** Купување / Набавка** | |
| M.13 | Го објаснува процесот на купување |
| M.14 | Ја опишува природата на угледот на купувачот и односите со добавувачите |
| M.15 | Воспоставува политики за купување / набавки на компанијата |
| M.16 | Спроведува потрага за добавувачи |
| M.17 | Избира добавувачи |
| M.18 | Преговара за договори со добавувачи |
| M.19 | Нарачки |
| M.20 | Размена со добавувачи |
| **** Дневно (тековно) работење** | |
| M.21 | Го распоредува персоналот |
| M.22 | Одржува попис на производи / резерви |
| M.23 | Организира превоз / прием |

| | |
|---|---|
| **N** | **Управување со ризици**<br>Разбира концепти, стратегии и системи кои ги спроведува компанијата за да се минимизира загуба |
| ** | **Бизнис ризик** |
| N.01 | Опишува видови на бизнис ризик |
| N.02 | Утврдува начини на кои малите бизниси се штитат од загуба |
| N.03 | Воспоставува контрола за спречување на проневера / кражба |
| N.04 | Воспоставува и спроведува системи за заштита на доверливост клиент / вработен |
| N.05 | Ги утврдува бизнис обврските |
| N.06 | Ги објаснува начините за пренесување на ризикот |
| N.07 | Обезбедува осигурителна полиса |
| N.08 | Развива стратегии за да се заштитат компјутерски (дигитални) податоци |
| N.09 | Развива безбедносни политики и процедури |
| N.10 | Воспоставува безбедност политики и процедури |
| N.11 | Заштита на средствата од доверителите |
| N.12 | Ги воспоставува параметрите за одговорност / надлежност на вработените |
| N.13 | Развива долгорочен развоен план |
| ** | **Правни аспекти** |
| N.14 | Ги објаснува правните прашања кои влијаат на бизнисот |
| N.15 | Заштита на правата на интелектуална сопственост |
| N.16 | Избира форма на бизнис сопственост |
| N.17 | Добива правни документи за бизнис операции |
| N.18 | Ја опишуваат природата на барањата за бизнис извештаи |
| N.19 | Се придржува конперсоналните правилници |
| N.20 | Ги спроведува прописите на работното место (вклучувајќи колективни договори и сл.) |
| N.21 | Развива стратегии за правна / владаина усогласеност |
| **O** | **Стратешки менаџмент**<br>Разбира процеси, стратегии и системи потребни за водење на севкупната бизнис организација |
| ** | **Планирање** |
| O.01 | Спроведува SWOT анализи |
| O.02 | Спроведува конкурентна анализа |
| O.03 | Ги евалуира опциите на стекнување на бизнис |
| O.04 | Развива компаниски цели / задачи |
| O.05 | Развива бизнис мисија |
| O.06 | Прогнозира приходи / продажба |
| O.07 | Спроведува тактики и анализи |
| O.08 | Изготвува акциони планови |
| O.09 | Развива бизнис план |

| ** Контролирање | | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| О.10 | Користи буџети за контрола на работењето | | | | |
| О.11 | Развива планови за контрола на сметката | | | | |
| О.12 | Ги анализира моделите на готовинскиот тек | | | | |
| О.13 | Интерпретира финансиските извештаи | | | | |
| О.14 | Ги анализира резултатите од работењето во однос на буџетот / индустријата | | | | |
| О.15 | Ја следи ефикасноста на бизнис планот | | | | |

# ВТОР ДЕЛ–МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ОПШТО ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Пред да започнеме со истражувањето претпоставувавме дека придонесот на организациската поставеност и стилот на работа во средните училишта врз развојот на претприемачките карактеристики кај учениците, ќе понуди сознанија за тоа дека ниту учениците, ниту професорите и претприемачите доволно посветуваат внимание на оваа проблематика.

Со истражувањето немаме претензии целосно и сеопфатно да го разрешиме овој проблем, туку да стекнуваме сознанија за придонесот на организациската поставеност и стилот на работа во средните училишта врз развојот на претприемачките карактеристики кај учениците, да помогнеме во изнаоѓање на конкретни мерки за успешна реализација на оваа улога, како и тоа да оваа истражување биде поттик и основа за други понатамошни и продлабочени истражувања.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Придонесот на организациската поставеност и стилот на работа во средните училишта, треба да претставува дел од поставените цели врз развој на претприемничките карактеристики на учениците од овие училишта.

Истражувањето што се нуди е научно и општествено потребно, пожелно и можно поради потребата од развој на претприемничките карактеристики на учениците од средните училишта.

*

* *

Значи, предмет на истражување е ***влијанието на организациската поставеност и стилот на работа во училиштата за средно образование врз аспирациите и ефектите од учениковото ангажирање во областа на претприемништвото.***

# 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

- **Организациска поставеност на училиштата -** го подразбира образовниот систем со неговите главни императиви: подигање на образовното ниво кај граѓаните, унапредување на квалитетот на образовни услуги и создавање на вработливи и конкурентни кадри. Исто така станува збор и за децентрализираниот образовен систем како еден од светските трендови во глобализацијата на образованието. Под овој поим ја подразбираме и целокупната училишна структура (внатрешна и надворешна), т.е влијанието на училишниот директор врз работното окружување.
- **Стил на работа на училиштето** – се подразбира училиштето како организациски систем кое од своето окружување добива влезни елементи, а од друга страна во окружувањето ги враќа своите излезни елементи. Исто така се подразбира и влијанието на училишната клима и култура, како и улогата на тимската работа како систем на заеднички вредности, норми, верувања, односно начин на размислување и однесување, којшто е заеднички за луѓето во една организација и него. Училиштата со претприемачки водствен стил имаат јасно изразена визија и мисија која се конкретизира преку изработени Акциони планови за развивање на претприемачките вештини и способности кај наставниците и учениците, кои се составен дел од Развојното планирање и Годишната програма за работа на училиштето. Имаат изразено подобрена комуникација низ сите хиерархиски и линиски нивоа, хоризонтално и вертикално комуницирање.
- **Проектни училишта (училишта кои се вклучени во проектни претприемачки активности) -** овие училишта се со поголема свест и култура, на одреден начин се поинвентивни, попроактивни, превземаат иницијативи, активности и сл. Претставуваат училишта со отворени врати за соработка со сите засегнати страни, особено со бизнис заедницата. Им овозможуваат на своите наставници да се стекнат со професионално усовршување од стручните предмети и практичната настава, согледувајќи ги новините од реалниот сектор и развивајќи вештини и способности за користење на нови технологии и опрема. Имаат воспостевен систем на обуки за

развој на претприемачките вештини кај наставниците. Разработуваат зтратегија за дефицитарните струки на ниво на нивната општина за да обезбедат развој на кадри.

- **Непроектни училишта -** училишта кои не се вклучени во проектни претприемачки активности – сите училишта кои не се дел од проектот кои го финансира УСАИД, т.е. не спаѓаат во активностите што ги реализира мрежата YES, кои активности ги реализира Центарот за развој на образованието (ЕДЦ).
- **Наставници од проектни училишта** – обучени наставници кои работат со Кариерни советувалишта, имаат воспоставена програма за учење преку работа, како и програма за подготовка за вработување и работа.
- **Наставници од непроектни училишта** – наставници кои немаат посетено обуки и во нивните училишта нема Кариерни советувалишта, т.е. немаат развиени програми за подготовка за вработување и работа.
- **Ученици од проектни училишта -** Учениците покажуваат повеќе интерес во реализирање на наставата преку активно вклучување во реализирање на истата, тие се проактивни и развиваат критичко мислење, идентификуваат стилови на учење и стратегии за учење. Учениците стекнуваат општи генерички вештини кои им помагаат за полесно вработување: комуницирање, тимска работа, давање и примање на повратна информација, развивање на лидерски вештини, поставување цели, планирање, следење на напредок, вештини за барање на работа, како и финансиски вештини. Учениците покажуваа поголем интерес и учат повеќе преку реализирање на практичната работа. Учениците покажуваат повеќе проактивност во барање на работа. Имаме подобар квалитет и конкурентоност на идната работна сила во Република Македонија.
- **Ученици од непроектни училишта** – ученици кои не се вклучени во дополнителни активности каде може да доаѓа до израз нивната проактивност и критичко мислење. Овие ученици не превземаат сами претприемачки активности, бидејќи им недостасува програма за учење преку работа.
- **Претприемачи- менаџери** – претставници од Бизнис заедницата кои соработуваат со училиштата се со цел стекнување на учениците со компетенции за развивање на претприемачки способности.

# 4. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во рамките на ова истражување се издиференцираат следните цели:

**Теоретска или научна цел:** согледувањето на односот и зависноста помеѓу влијанието на организациската поставеност и стилот на работа во училиштата за средно образование, врз аспирациите и ефектите од учениковото ангажирање во областа на претприемништвото.

**Методолошката цел:** изготвување и примена на мерните инструменти: анкетен лист за учениците, анкетен лист за претприемачи, протокол за интервју на професори, протокол за анализа на содржина, со што ќе се придонесе за емпириска верификација на валидноста на инструментите во веќе познатите техники.

**Практична цел:** податоците кои се добиени со ова истражување ќе ја расветлат природата на влијанието на организациската поставеност и стилот на работа врз развојот на претприемничките карактеристики на учениците од средните училишта во Република Македонија. Сознанијата кои што се добиени ќе се употребат во насока на преземање на можни мерки и активности за подобрување на постоечката состојба со развојот на претприемничките карактеристики.

# 5. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Пред ова истражување се поставуваат следниве задачи:

1. Да се соберат и обработат податоци во врска со постоењето на иновативна и претприемачка клима и култура (организациска поставеност, водствен стил, преземани активности и сл.) во средните училишта.
2. Да се согледува влијанието на организациска поставеност и водствениот стил врз перцепцијата на учениците на претприемништвото, аспирациите и ефектите од учениковото ангажирање во областа на претприемништвото.

3. Да се согледат разликите во перцепциите на учениците од средните училишта по однос на потребата од развој на претприемачките способности.
4. Да се истражува претприемачкото искуство на учениците од средните училишта која има позитивно влијание врз нивните претприемачки аспирации.
5. Да се испита мислењето на менаџерите за влијанитео на средните училишта врз претприемачките вештини кај учениците од средните училишта.
6. Да се утврдат показателите во средните училишта кои упатуваат на постоење на претприемачка клима во училиштето.

# 6. ХИПОТЕЗА

За потребите на ова истражување се постави ова хипотетска рамка:

**Во училиштата со нагласена иновативна и претприемачка клима и култура (организациска поставеност, водствен стил, преземани активности во наставата и сл.) се манифестираат понагласени карактеристики на претприемачко однесување кај учениците.**

Посебни хипотези

1. Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз перцепцијата на учениците за претприемаштвото.
2. Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз одлуките на ученикот за претприемачко делување.
3. Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз претприемничкото делување на ученикот.
4. Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности.

# 6 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 6.1 Независни варијабли

1. Организациската поставеност и водствениот стил на средните училишта
2. Видот на училиште во кое учат
3. Односот помеѓу наставниот кадар во средните училишта
4. Претприемчивоста на наставниците во реализирање на наставата

## 6.2 Зависни варијабли

1. перцепцијата на учениците за претприемаштвото
2. одлуките на ученикот за претприемачко делување.
3. претприемничкото делување на ученикот

*Показател 1*: Мислења и ставови на учениците

*Показател 2*: Мислења и ставови на претприемачите

*Показател 3*: Мислења и ставови на наставниците во средните училишта

# 7. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 7.1 Методи на истражување

Од методолошки аспект станува збор за оперативно истражување, чија задача е да се согледа влијанието на организациската поставеност и стилот на работа во училиштата за средно образование, врз аспирациите и ефектите од учениковото ангажирање во областа на претприемништвото. Користени се следните методи: метода на теоретска анализа, историскиот, компаративниот и индуктивниот метод и методот ма генерализација.

## 7.2 Техники на истражување

Во рамките на ова истражување, техниките кои се користени се анкетен прашалник за учениците, анкетен прашалник за претприемачи и протокол за интервју на наставници. Овие техники се користат во истражувањето, бидејќи сметаме дека тие ќе овозможат да се добијат релевантни податоци. Имено, анкетирањето на учениците и претприемачите е анонимно, исто како и протоколот за интервју на наставниците.

## 7.3 Инструменти на истражување

При реализирањето на ова истражување се користат следните инструменти:

- Анкетен лист за ученици
- Анкетен лист за претприемачи
- Протокол за интервју на наставници

**Анкетниот лист за ученици** – составен е од два дела. Првиот дел се состои од прашања кои се однесуваат на општи податоци (факти) за учениците и училиштата во коишто тие ја следат наставата. Вториот дел од прашалникот содржи 22 комбинирани прашања од отворен тип со четири и повеќе алтернативни одговори, со скалила од 1-5 каде 1 е минимум додека 5 е максимум, како и со рангирање, а се однесуваат на мислење и ставови на учениците за развојот на претприемачките карактеристики.

**Анкетниот лист за претприемачи** – покрај општиот дел-факти за претприемачот, факти за семејството и бизнисот на претприемачот, содржи и втор дел, којшто го сочинуваат 9 искази, а за секој исказ е дадена скала од степени од 1-5, каде 1 означува минимум, додека 5 максимум.

**Протокол за интервју на наставници** – се однесува на откривање на личните размислувања и ставови за значењето на подготвеноста на професорите за нивната организираност и влијание врз развојот на претприемачките вештини кај учениците.

Изворите на податоци, кои претставуваат основа за примена на определен вид на истражувачка техника и инструмент, во ова истражување се:

- Ученици од средните училишта во Република Македонија;
- Претприемници од непосредната околина кои соработуваат со средните училишта;
- Наставници реализатори на настава во средните училишта;

# 8. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 8.1 Популација на истражување

Популацијата е конечна.

Единиците на примерокот се избрани од дефинирана и позната категорија испитаници (учениците од средните училишта во Република Македонија, претприемачи и наставници).

## 8.2 Примерок на истражување

Примерок ученици: случаен и стратификуван. Во првата фаза за анкетирање се избрани по пат на случаен избор 12% од вкупниот број на учениците од средните училишта во Република Македонија. Изборот по различни слоеви на ученици во поглед на струките односно насоките ќе биде со наведениот процент.

Примерокот наставници на средните училишта е пригоден, односно претставува избор на секој од средните училишта. Од 10 средни училишта од Македонија се избрани 6 во кои се реализираа проектни активности за претприемаштво и 4 во кои не постојат такви активности. Во секое од овие училишта по случаен избор се избрани по 10 наставници.

Во истражувањето се испитани вкупно 60 претприемачи кои работат во непосредна близина на средните училишта и истите соработуваат со самите училишта. Примерокот претриемачи е пригоден.

# 9. НАЧИН НА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Добиените податоци се компјутерски обработени во програмата EXCEL и програмскиот пакет СПСС. Потоа е извршена квантитативна обработка со дескрипција, статистика и резултатите се прикажани табеларно. Податоците добиени од наставниците се квалитативно обработени.

Истражувањето се темели на сознанијата прибрани од учениците од средните училишта и претприемачите, при што суштината на потребата од развој на претприемничките способности на учениците се долови со бројот на одговорите по однос на исказите на испитаниците по дадено прашање или група на прашања.

Описот на влијанието на организациската поставеност и стилот на работа во училиштата за средно образование, врз аспирациите и ефектите од учениковото ангажирање во областа на претприемништвото, се врши врз основа на квантитативни податоци добиени преку анкетирање на учениците и претприемачите.

# ТРЕТ ДЕЛ– АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За подобро разбрање на резултатите од обработката и анализата на добиените податоци од истражувањето, на почетокот одовој дел ќе се обидеме во кратки црти, но суштински да го опишеме примерокот на истражување.

Примерокот на истражување, како што тоа е дефинирано во делот методологија на истражување, се состои од:

- примерок на ученици во средни училишта во Република Македонија,
- примерок на професори-наставници во средни училишта во Република Македонија и
- примерок на менаџери кои имаат искуство во работата со средните училишта.

## 1.1 Структура на примерокот ученици

Примерокот на ученици во истражувањето е структуриран по повеќе основи: според вклученоста на училиштето во претприемачки проектни активности, според местото на живеење, според националната припадност, според видот на училиште во кое ученикот учи, според годината во која учат и според полот. Овие податоци ги прибравме со анкетниот лист на кои одговараат учениците, со цел да покажеме за различноста и за разновидноста на примерокот ученици, со висок степен на стратификуваност. За нашите потреби, во обработката на податоците од истражувањето посебно ќе се земе делот на вклученоста на училиштето во кое ученикот учи во претприемачки проектни активности.

Во табелата подолу е претставена структурата на учениците вклучени во истражувањето според местото на живеење.

***Табела бр. 3:*** Структура на примерокот ученици според местото на живеење

| ***Населено место*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *Скопје* | 51 | 10,2 |
| *Куманово* | 47 | 9,4 |
| *Тетово* | 53 | 10,6 |
| *Гостивар* | 46 | 9,2 |
| *Кичево* | 36 | 7,2 |
| *Струга* | 52 | 10,4 |
| *Охрид* | 67 | 13,4 |
| *Битола* | 43 | 8,6 |
| *Прилеп* | 50 | 10 |
| *Кавадарци* | 3 | 0,6 |
| *Македонски Брод* | 2 | 0,4 |
| *Штип* | 2 | 0,4 |
| *Велес* | 46 | 9,2 |
| *Гевгелија* | 2 | 0,4 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** |

Од табелата се дознава дека во истражувањето се вклучени училишта од 14 населени места во Република Македонија. Најголем број ученици има од Охрид 67 или 13,4% од испитаниците, Тетово 53 или 10,6% од вкупниот број испитаници и Струга 52 или 10,4 %. Исто така може да се види дека најмал број ученици, по 2ца или 0,4% од испитаниците има од Гевгелија, Штип и Македонски Брод. Може да се забележи тоа дека дистрибуцијата на училиштата од која се опфатени учениците во оваа истражување е низ територијата на целата држава.

Во следната табела, табела бр. 4, се поместени податоци за испитаниците ученици, по однос на националната припадност. Од истата се гледа дека во истражувањето се испитани ученици од 5 најдоминантни националности во Република Македонија: Македонци, Албанци, Турци, Срби и Власи. Најголем број на ученици припаѓаат на Македонците 306 или 61,2% од испитаниците, 187 или 37,4 се Албанци, 2 или 0,4% се Срби и 1 или 0,2% е Влав.

***Табела бр. 4:*** Структура на примерокот ученици според националната припадност

| ***Национална припадност на учениците*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *Македонци* | 306 | 61,2 |
| *Албанци* | 187 | 37,4 |
| *Турци* | 2 | 0,4 |
| *Срби* | 4 | 0,8 |
| *Власи* | 1 | 0,2 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100,0** |

Во табелата бр. 5 се сместени показателите за видот на училиште во кое ученикот учи. Од вкупно 500 ученици вклучени во истражувањето, 223 или 44,6% учат гимназиско образование, додека 277 или 55,4% од испитаниците ученици учат во Средно стручно четиригодишно училиште. Ваквиот вид на примерок сметавме ќе ни обезбеди сознанија за појавата која ја проучуваме на сеопфатен и продлабочен начин.

***Табела бр. 5:*** Структура на примерокот ученици според видот на училиште во кое ученикот учи

| ***Вид на средно училиште во кое ученикот учи*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *а) гимназија* | 223 | 44,6 |
| *б) средно стручно четиригодишно училиште* | 277 | 55,4 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100,0** |

Во табелата подолу се претставени податоците за учениците според годината во која учат. Во примерокот ученици доминираат оние од четврти клас, односно од вкупно 500, 497 или 99,4%, а само 3 испитаници или 0,6% се од трета година. Примерокот е така избран за да може да вклучува поголем број на ученици со поголемо искуство во средношколските клупи и ученици кои можат да одговорат соодветно на поставените прашања.

***Табела бр. 6:*** Структура на примерокот ученици според годината во која учат

| ***Година во која ученикот учи*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *трета* | 3 | 0,6 |
| *четврта* | 497 | 99,4 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** |

При изборот на ученици според полот, се водеше сметка за полот на учениците. Имено, во истражувањето се испитани прилично ист број, односно процент, на ученици според полот. Од вкупно 500 ученици, 232 или 46,4% се машки ученици, додека 268 или 53,6% се ученици од женски пол.

***Табела бр. 7:*** Структура на примерокот ученици според полот

| ***Пол на учениците*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *машки* | 232 | 46,4 |
| *женски* | 268 | 53,6 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100,0** |

Можеби најзначајна за нас, од аспект на проблематиката која ја проучуваме, е структурата на учениците според вклученоста на нивното училиште во претприемачки проектни активности. Од вкупно 500 ученици, 301 или 60,2% се ученици кои учат во училишта кои се вклучени во претприемачки проектни активности, додека 199 или 39,8% од вкупниот број ученици учат во училишта кои не се вклучени во претприемачки проектни активности. Ова покажува дека во истражувањето е водено сметка за стратификуваноста на примерокот според оваа карактеристика. Овој податок е значаен за истражувањето и посебно за обработката на податоците од истражувањето, заради тоа што се прави компарација помеѓу оние училишта кои се вклучени во претприемачки проектни активности и оние училишта кои не се вклучени во такви активности.

***Табела бр. 8:*** Структура на примерокот ученици според вклученоста на училиштето во претприемачки проектни активности

| ***Вклученоста на училиштето во претприемачки проектни активности*** | **број** | **%** |
| --- | --- | --- |
| *ученици во вклучено училиште* | 301 | 60,2 |
| *ученици во невклучено училиште* | 199 | 39,8 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100,0** |

## 1.2 Структура на примерокот наставници

Во нашето истражување значаен извор на информации се наставниците, односно професорите во средните училишта. За оваа пригода избрани се наставници во средни училишта кои можеме да ги структурираме по следниве основи: *наставници според населеното место во кое работат и според вклученоста во проектни активности на училиштето во кое работат.*

Во табелата бр.9 е претставена структурата на наставници според населеното место во кое се лоцирани училиштата.

***Табела бр. 9:*** Структура на примерокот наставници според населеното место во кое работат

| ***Населено несто во кое што работат*** | **f** | **%** |
| --- | --- | --- |
| *Битола* | 10 | 10 |
| *Гостивар* | 10 | 10 |
| *Кичево* | 10 | 10 |
| *Куманово* | 10 | 10 |
| *Охрид* | 10 | 10 |
| *Прилеп* | 10 | 10 |
| *Скопје* | 10 | 10 |
| *Струга* | 10 | 10 |
| *Тетово* | 10 | 10 |
| *Велес* | 10 | 10 |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** |

Од табелата 9 се гледа дека во истражувањето се опфатени вкупно 100 наставници кои работат во 10 средни училишта. Со други зборови кажано, станува збор за по 10 наставници од 10 населени места. Исто така може да се забележи дека примерокот наставници е лоциран во централните делови на Македонија и во западните делови на Република Македонија.

Што се однесува до структура на примерокот наставници според вклученоста во проектни активности на училиштето во кое работат, посебно е значајна за нас структурираноста на наставниците според овој критериум. Имено, станува збор за 60 наставници или 60% од вкупниот врој наставници кои работат во училишта кои се вклучени во претприемачки проектни активности и 40 наставници или 40% од вкупниот број испитаници наставници, наставници кои работат во училишта кои не се вклучени во проектни претприемачки активности (табела бр.10).

***Табела бр. 10:*** Структура на примерокот наставници според вклученоста во проектни активности на училиштето во кое работат

| ***Вклученост на училиштето во проектни активности*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности* | 60 | 60 |
| *наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности* | 40 | 40 |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** |

## 1.3 Структура на примерокот претприемачи

Посебно значаен примерок во истражувањето е примерокот претприемачи. Изборот на примерокот на претприемачи требаше да ни претставува надворешен извор за внатрешните состојби. Овој примерок е структуриран според неколку стратуми: примерокот претприемачи според искуството со училиштата, примерокот претприемачи според степенот на образование, според националната припадност, според местото на живеење, според областа на приватен бизнис на членови на семејства на претприемачите и примерокот претприемачи во однос на почетниот влог за започнување со бизнис.

Овие карактеристики се во функција на опис на разновидноста на примерокот претприемачи, да се опише нивниот квалитет и богато претприемачко искуство.

Во табелата бр.11 се поместени податоците за искуството на претприемачите во соработката со учениците од средните училишта.

***Табела бр. 11:*** Структура на примерокот претприемачи според искуството со училиштата

| ***Искуството во соработка со училиштата*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *претприемачи кои работеле со ученици од проектните училишта* | 33 | 55 |
| *претприемачи кои не работеле со ученици од проектните училишта* | 27 | 45 |
| ***Вкупно*** | **60** | **100** |

Од табелата се гледа дека од вкупно 60 претприемачи 33 или 55% се претприемачи кои работеле со ученици од училишта вклучени во проектни активности. Бројот на претприемачи кои не работеле со ученици и училишта од проектни училишта е 27 или 45% од испитаниците.

Во табелата бр.12 (види подолу) е поместена структурата на претприемачи според степенот на образование. Од табелата се гледа дека најголем број од испитаниците претприемачи 15 или 25% се со средно образование, додека 14 или 23,33% се со високо образование. Најмал број од претприемачите испитаници 8 или 13,33% се со постдипломско образование (магистер, доктор).

***Табела бр. 12:*** Структура на примерокот претприемачи според степенот на образование

| ***Степен на образование*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *постдипломско образование (магистер, доктор)* | 8 | 13,33 |
| *високо образование* | 14 | 23,33 |
| *вишо образование* | 11 | 18,33 |
| *средно образование* | 15 | 25 |
| *основно образование* | 12 | 20 |
| *без комплетирано основно образование* | 0 | 0 |
| ***Вкупно*** | **60** | **100** |

Во истражувањето се водеше сметка и за националната припадност на претприемачите. Од табелата подолу бр.13 се гледа дека 25 или 41,67% од испитаниците претприемачи се Албанци, 22 или 36,67 % се Македонци, 10 или 16,67% се Турци и 3 испитаници или 5% се Срби.

***Табела бр. 13:*** Структура на примерокот претприемачи според националната припадност

| ***Националната припадност*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *Македонци* | 22 | 36,67 |
| *Албанци* | 25 | 41,67 |
| *Срби* | 3 | 5 |
| *Турци* | 10 | 16,67 |
| ***Вкупно*** | **60** | **100** |

Според местото на живеење, претприемачите се избрани од 9 општини. Податоците се поместени во табелата подолу. Од табелата се гледа дека најголем број од испитаниците претприемачи се од Кичево 10 или 16,667%, 9 или 15% се од Скопје, додека најмал број испитаници претприемачи има од Охрид и Дебар по 5 или 8,33%.

***Табела бр. 14:*** Структура на примерокот претприемачи според местото на живеење

| ***Место на живеење на претприемачите*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *Скопје* | 9 | 15,000 |
| *Кичево* | 10 | 16,667 |
| *Гостивар* | 6 | 10,000 |
| *Струга* | 6 | 10,000 |
| *Охрид* | 5 | 8,333 |
| *Куманово* | 6 | 10,000 |
| *Битола* | 6 | 10,000 |
| *Штип* | 7 | 11,667 |
| *Дебар* | 5 | 8,333 |
| ***Вкупно*** | **60** | **100** |

Во табелата бр.15 поместена подолу, може да се видат податоците за структурата на испитаниците претприемачи според областа на приватен бизнис на членови на нивните семејства. Од табелата се гледа дека на 14 претприемачи членовите од семејството им се занимаваат со земјоделие, на 12 со трговија, на 7 членовите од семејството им се занимаваат со здравство, на 6 со интелектуални услуги итн.

Оваа само ја потврдува нашата определба да избереме примерок кој ќе има искуство и познавање на состојбите со претприемништвото и ќе може подобро да ги процени состојбите кои се предмет на проучување во овој труд.

***Табела бр. 15:*** Структура на примерокот претприемачи според областа на приватен бизнис на членови на семејства на претприемачите

| ***Област на приватен бизнис на членови на семејство на претприемач*** | **Број** | **ранг** |
|---|---|---|
| *трговија* | 12 | 2 |
| *угостителство* | 5 | 5 |
| *индустриско производство* | 3 | 9 |
| *образование* | 4 | 7 |
| *интелектуални услуги* | 6 | 4 |
| *земјоделство* | 14 | 1 |
| *транспорт* | 5 | 5 |
| *здравство* | 7 | 3 |
| *друго:* | 4 | 7 |
| ***Вкупно*** | **60** | |

Според начинот на започнување со сопствен бизнис, одбравме претприемачи кои својата дејност ја започнале самостојно, во финансиско партнерство на поединци, со идејна поддршка од други, со поддршка од државата, со поддршка од банките и со поддршка од семејството. Од податоците во табелата се гледа дека најголем број од претприемачите испитаници во истражувањето 25 самостојно го започнале сопствениот бизнис, 14 со поддршка од семејството, по 7 со финансиско партнерство со поединци и со поддршка од банките.

***Табела бр. 16:*** Структура на примерокот претприемачи според начинот на започнување сопствен бизнис

| ***Начин на започнување бизнис*** | **Во првиот бизис** | | **Во вториот бизнис** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | ***ранг*** | **f** | ***ранг*** |
| *самостојно* | 25 | *1* | 2 | *4* |
| *во финансиско партнерство на поединци* | 7 | *3* | 3 | *2* |
| *со идејна поддршка од други* | 3 | *5* | 5 | *1* |
| *со поддршка од државата* | 1 | *0* | 0 | *0* |
| *со поддршка од банките* | 7 | *3* | 0 | *0* |
| *со поддршка од семејството* | 14 | *2* | 3 | *2* |
| *друго* | 3 | *5* | 2 | *4* |
| ***Вкупно*** | **60** | | **15** | |

Во однос на почетниот влог за започнување со бизнис, претприемачите испитаници може да ги поделиме во три категории: на 7 од испитаниците или 11,67% почетниот влог им бил повеќе од доволен за да се пробијат и успеат на пазарот, на 22 или 36,67 од претприемачите истиот тој влог им бил доволен за да се пробијат и успеат на пазарот, а на 31 или 51,67 од нив влогот не им бил доволен за пробивање и успех на пазарот.

***Табела бр. 17:*** Структура на примерокот претприемачи во однос на почетниот влог за започнување со бизнис

| ***Почетниот влог за започнување со бизнис*** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| *беше повеќе од доволен за да се пробијам и успеам на пазарот* | 7 | 11,67 |
| *беше доволен за пробивање и успех на пазарот* | 22 | 36,67 |
| *не беше доволен за пробивање и успех на пазарот* | 31 | 51,67 |
| ***Вкупно*** | **60** | **100** |

Ова покажува за разновидноста на примерокот претприемачи и за потенцијалот во ставовите и мислењата кои нам ни беше потребен во поглед на претприемничката поставеност на училиштата и подготвеноста на учениците од средните училишта за претприемачко делување.

# 2. ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА ВРЗ ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

За испитување и утврдување на посебната хипотеза која гласи *Претприемничката* ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** *влијаат врз перцепцијата на учениците за претприемаштвото* податоци прибравме од примерокот ученици во средните училишта и примерокот наставници во средните училишта.

Во поглед на перцепцијата на учениците, учениците одговараа на прашања кои се однесуваат на нивните мотиви за започнување со бизнис, нивното задоволство од резултатите на приватниот сектор во Република Македонија, негативните влијанија врз бизнисот во Република Македонија, успешноста на приватниот бизнис во Република Македонија, потребните способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис и потребата од курсеви за претпреимништво.

Наставниците беа прашани за нивнити мислење по однос на перцепцијата на учениците за претприемништвото.

На прашањето *Кои според тебе се мотивите за започнување со бизнис во Република Македонија?* учениците одговараа со избор на една од понудените опции (нема влијание, влијае и силно влијае) за секоја од категориите мотиви наведени во прашањето.

Во табелата бр.18 е претставена *збирната обработка* на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 18:*** Перцепција на мотивите на учениците за започнување со бизнис (Збирни резултати)

| ***МОТИВИ*** | **Нема влијание** | **Влијае** | **Силно влијае** | **Арит. сред.** | **Ст. дев** |
|---|---|---|---|---|---|
| *стремеж за поголема заработувачка* | 49 | 180 | 271 | 2,444 | 1,030 |
| *стремеж за самостојност во работата* | 94 | 318 | 88 | 1,988 | 0,897 |
| *продолжување на традицијата на семејниот бизнис* | 129 | 283 | 88 | 1,918 | 0,834 |
| *потреба за потврдување на професионалните способности и знаења* | 145 | 273 | 82 | 1,874 | 0,801 |
| *неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор* | 154 | 280 | 66 | 1,824 | 0,770 |
| *губење на работното место во државните институции поради приватизација, технолошки вишок и сл.* | 137 | 237 | 126 | 1,978 | 0,846 |
| *друго:* | 121 | 234 | 145 | 2,048 | 0,883 |
| ***Вкупно:*** | **829** | **1805** | **866** | | |
| *%* | **23,686** | **51,571** | **24,743** | | |

Од податоците во оваа збирна табела се гледа дека врз мотивите на учениците за започнување со бизнис според 154 ученици најмало влијание има *Неможноста да се пронајде работа во државниот сектор.* Според 271 ученик најсилно влијание врз мотивите на **учениците** за започнување со бизнис има *Стремежот за поголема заработувачка.* Сепак компарирано во однос на аритметичката средина за секоја од категориите, може да се забележи дека највисока вредност 2,444 има аритметичката средина на категоријата *Стремеж за поголема заработувачка*, додека најниска вредност 1,824 има аритметичката средина на категоријата *Неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор.* Тоа покажува дека просечно за најмал број ученици стремежот за поголема заработувачка е најсилниот мотив за започнување на учениците со сопствен бизнис, додека најслаб мотив од наведените за започнување со сопствен бизнис е Неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор.

Од друга страна, вредностите на стандардната девијација на секоја од категориите покажува дека категоријата *Стремежот за поголема заработувачка* со вреност 1,030, иако со највисоки вредности на аритметичката средина, е најслаб во однос на кохезијата на учениците. Тоа би значело дека има најголема разноликост во

мислењето на учениците по однос на мотивите за започнување свој бизнис токму во оваа категорија. Најголемо единство постои во категоријата *Неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор* каде вредноста на стандардната девијација е најмала односно 0.77.

За потребите на нашето истражување од посебно значење се сознанињата во однос на разликите помеѓу мислењето на учениците кои учат во проектни и оние кои не учат во проектни училишта, по однос на оваа прашање.

За таа цел направивме споредба на вредностите на аритметичките средини и стандардните девијации на секоја од категориите од одговорите на двата стратуми ученици.

***Табела бр. 19:*** Компаративна анализа на перцепцијата на мотивите на учениците од средни училишта вклучени во проектни претприемачки активности

| | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***МОТИВИ*** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **Разлика во ар. средини** | **Ст. на слобода** | **t- тест** | **p** |
| *стремеж за поголема заработувачка* | 1,558 | 0,379 | 0,886 | 0,457 | 0,672 | 500 | 21,107 | p<0,01 |
| *стремеж за самостојност во работата* | 1,210 | 0,304 | 0,778 | 0,330 | 0,432 | 500 | 25,376 | p<0,01 |
| *продолжување на традицијата на семејниот бизнис* | 1,152 | 0,272 | 0,766 | 0,392 | 0,386 | 500 | 22,850 | p<0,01 |
| *потреба за потврдување на професионалните способности и знаења* | 1,102 | 0,255 | 0,772 | 0,390 | 0,33 | 500 | 23,572 | p<0,01 |
| *неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор* | 1,152 | 0,261 | 0,672 | 0,364 | 0,48 | 500 | 21,360 | p<0,01 |
| *губење на работното место во државните институции поради приватизација, технолошки вишок и сл.* | 1,146 | 0,306 | 0,832 | 0,442 | 0,314 | 500 | 21,986 | p<0,01 |
| *друго:* | 1,158 | 0,300 | 0,890 | 0,474 | 0,268 | 500 | 22,397 | p<0,01 |

Од податоците поместени во табелата бр.19 (види погоре), може да се види дека:

- во секоја од категориите постои разлика во однос на вредностите на аритметичката средина во полза на мислењето на учениците кои учат во проектни учулишта;
- најголема е разликата во категоријата *Стремеж за поголема заработувачка* 0,672, додека најмала е разликата во однос на категоријата *Потреба за потврдување на професионалните способности и знаења* 0,33 и
- и со вредностите на t-тестот за секоја од категориите се гледа дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, за степени на слобода 500, значајност 0,01 и вредност 2,59.

Тоа покажува дека учениците од училиштата во кои се спроведуваат проектни претприемачки активности имаат повеќе мотиви кои им се значајни за започнување со бизнис, но и дека во секоја од категориите по однос на стандардната девијација покажуваат поединствен став или поголема кохезија во однос на искажаните мислења.

Следно прашање кое им беше поставено на учениците за откривање на нивната перцепција на претприемништвото беше прашањето *Како ги оценуваш резултатите од приватниот бизнис во Република Македонија?*

На оваа прашање учениците имаа можност да се определат за 4 одговори: а) позитивни и задоволителни и не може подобро; б) позитивни и задоволителни, но може подобро; в) позитивни, но незадоволителни и г) негативни и незадоволителни.

***Табела бр. 20:*** Компаративна анализа на задоволството на учениците од средни училишта од резултатите на приватниот сектор во Република Македонија

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирни резултати** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *позитивни и задоволителни и не може подобро* | 27 | 5,4 | 15 | 5,0 | 12 | 6,0 |
| *позитивни и задоволителни, но може подобро* | 257 | 51,4 | 152 | 50,5 | 105 | 52,8 |
| *позитивни, но незадоволителни* | 160 | 32,0 | 95 | 31,6 | 65 | 32,7 |
| *негативни и незадоволителни* | 56 | 11,2 | 39 | 13,0 | 17 | 8,5 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Резултатите од компаративната обработка на нивните одговори по однос на оваа прашање се дадени во табела бр. 20.

Од табелата се гледа дека од вкупниот број испитаници 500, дури 257 или 51,4% од нив се определиле за исказот *Позитивни и задоволителни, но може подобро*. Само 27 испитаници или 5,4% се изјасниле дека состојбата е идеална и не може да се подобри.

Во однос на споредбата помеѓу мислењата на учениците кои учат во училишта вклучени во претприемачки проектни активности и оние кои учат во училишта кои не се вклучени во такви активности, може да се забележи дека и кај едните и кај другите преовладува мислењето дека резултатите на приватниот сектор во Република Македонија се *Позитивни и задоволителни, но може подобро*.

Забележителна е разлика во задоволството на учениците во однос на категоријата г) *Негативни и незадоволителни*, за која се изјасниле 39 или 13% од учениците во проектните училишта, а само 17 ученици, односно 8,5% од оние кои не учат во проектни училишта се определиле за оваа категорија.

Тоа покажува дека кај учениците во проектните претприемачки училишта постои поголемо незадоволство од состојбите во државата.

Следно прашање кое им беше поставено на учениците за откривање на нивната перцепција на претприемништвото е прашањето за негативните влијаниа врз бизнисот во Република Македонија.

И на оваа прашање учениците имаа можност да се определат за 4 одговори и/или да дополнат: а) влијанијата на надворешното опкружување; б) недоволното искуство во претприемништво; в) немање соодветни способности за борба на пазарот и г) недостаток на финансиски средства.

Споредбената обработката од податоците за оваа прашање се дадени во Табела бр. 21, каде се забележува дека од вкупно 500 ученици, 199 или 39,8% се определиле за исказот *Недостаток на финансиски средства*, додека за исказот *Влијаниата на надворешното опкружување* се определиле најмалку испитаници 86 или 17,2%.

***Табела бр. 21:*** Компаративна анализа на перцепцијата на учениците од средни училишта за негативните влијанија врз бизнисот во Република Македонија

| *ИСКАЗИ* | Збирни резултати | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *влијаниата на надворешното опкружување* | 86 | 17,2 | 54 | 17,94 | 32 | 16,08 |
| *недоволното искуство во претприемништво* | 114 | 22,8 | 66 | 21,927 | 48 | 24,121 |
| *немање соодветни способности за борба на пазарот* | 92 | 18,4 | 59 | 19,601 | 33 | 16,583 |
| *недостаток на финансиски средства* | 199 | 39,8 | 116 | 38,538 | 83 | 41,709 |
| *друго* | 9 | 1,8 | 6 | 1,993 | 3 | 1,508 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Што се однесува до споредбата на одговорите на учениците, може да се види дека најмногу и од едните 116 односно 38,538% и од другите ученици 83 или 41,709% , се определиле за истиот исказ. Разликите помеѓу овие две категории ученици во однос на оваа прашање е во тоа што кај учениците во проектните училишта втор исказ кој е проценет за негативно влијание е *Недоволното искуство во претприемништво*, но во однос на учениците од непроектните училишта, таа вредност е помала.

Ова покажува дека не постојат разлики помеѓу мислењата на учениците за негативните влијанија врз бизнисот во Република Македонија кои суштински се разликуваат по однос на вклученоста, односно не вклученоста на училиштата во проектни претприемачки активности.

Во однос на перцепцијата на претприемништвото, учениците одговараа и на прашањето за успешноста на приватниот бизнис во Република Македонија.

На оваа прашање учениците имаа можност да се определат за 5 понудени искази и/или да ја дополнат листата на искази: а) Приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешно во согласност со законот; б) Приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешно во спротивност со законот; в) Приватните бизниси имаат потенцијал, но се развиваат бавно и претпазливо; г) Не се развиваат поради условите за стопанисување во државата и д) Не се развиваат поради условите за стопанисување наметнати од надвор.

***Табела бр. 22:*** Компаративна анализа на перцепцијата на учениците од средни училишта за успешноста на приватниот бизнис во Република Македонија

| *ИСКАЗИ* | Збирно | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| *приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешнп во согласност со законот* | 65 | 13 | 40 | 13,289 | 25 | 12,563 |
| *приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешно во спротивност со законот* | 51 | 10,2 | 29 | 9,635 | 22 | 11,055 |
| *приватните бизниси имаат потенцијал, но се развиваат бавно и претпазливо* | 242 | 48,4 | 147 | 48,837 | 95 | 47,739 |
| *не се развиваат поради условите за стопанисување во државата* | 109 | 21,8 | 71 | 23,588 | 38 | 19,095 |
| *не се развиваат поради условите за стопанисување наметнати од надвор* | 18 | 3,6 | 4 | 1,329 | 14 | 7,035 |
| *друго* | 15 | 3 | 10 | 3,322 | 5 | 2,513 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Во табелата бр.22 (погоре), дадени се резултатите од обработката на податоците по однос на оваа прашање.

Од табелата се гледа дека:

- од вкупно 500 за 242 или 48,4% од учениците *Приватните бизниси имаат потенцијал, но се развиваат бавно и претпазливо,*
- од вкупно 500 за 109 или 21,8% од учениците *Не се развиваат поради условите за стопанисување во државата,*
- само за 18 или 3,6% од учениците *Не се развиваат поради условите за стопанисување наметнати од надвор,*
- за најголем број ученици 147 од вкупно 301 или 48,837% и за најголем број ученици 95 од вкупно 199 или 47,739% се изјасниле дека *Приватните бизниси имаат потенцијал, но се развиваат бавно и претпазливо* и
- најголеми разлики во мислењето по оваа прашање помеѓу учениците во проектните училишта и оние кои учат во училишта кои не се вклучени во претприемачки проектни активности има во мислењето за негативните влијанија и не развивањето поради условите за стопанисување наметнати од надвор и тоа во полза на учениците од непроектни училишта (7,035% во однос на 1,329% од испитаниците).

И покрај минималните разлики во мислењата за секои од исказите, може да се констатира дека и по оваа прашање учениците имаат приближно исти сфаќања.

Учениците својата перцепцијата на претприемништвото ја искажаа и со одговарање на прашањето за способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис и нивната неопходност.

На оваа прашање учениците имаа можност да се определат за 8 понудени способности и вештини: 1) комуникациски вештини, 2) способност за брзо донесување на одлуки, 3) способност за пронаоѓање на нови идеи, способност за пронаоѓање на капитал и луѓе за реализација на идеите, 4) способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето, 5) вештини при совладување на стресот, 6) склоност кон ризик и 7) градење мрежа за соработка.

***Табела бр. 23:*** Перцепција на учениците од средни училишта за потребните способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис (Збирна обработка)

| | **Степен на развиеност на способностите и вештините** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***СПОСОБНОСТИ*** | **1 min.** | **2** | **3** | **4** | **5 max.** | **Ар. сред.** | **Ст. дев.** |
| *комуникациски вештини* | 21 | 8 | 51 | 149 | 271 | 4,282 | 1,593 |
| *способност за брзо донесување на одлуки* | 18 | 22 | 85 | 177 | 198 | 4,030 | 1,494 |
| *способност за пронаоѓање на нови идеи* | 10 | 16 | 57 | 166 | 251 | 4,264 | 1,572 |
| *способност за пронаоѓање на капитал и луѓе за реализација на идеите* | 18 | 16 | 95 | 191 | 180 | 3,998 | 1,452 |
| *способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето* | 13 | 25 | 92 | 136 | 234 | 4,106 | 1,567 |
| *вештини при совладување на стресот* | 47 | 47 | 100 | 129 | 177 | 3,684 | 1,486 |
| *склоност кон ризик* | 24 | 58 | 114 | 143 | 161 | 3,718 | 1,483 |
| *градење мрежа за соработка* | 26 | 33 | 79 | 173 | 189 | 3,932 | 1,494 |
| ***Вкупно*** | **177** | **225** | **673** | **1264** | **1661** | | |
| ***%*** | **4,425** | **5,625** | **16,825** | **31,600** | **41,525** | | |

Во претходната табела е поместена збирната табела на одговорите на учениците по однос на оваа прашање, и од истата може да се види дека:

- генерално секоја од наведените способности и вештини добиле најголем број гласови;
- најпотребните способности и вештини кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис според најголемиот број ученици се 1). *комуникациски вештини* со 271 глас, 2). *способностите за пронаоѓање на нови идеи* со 251 глас и 3). *способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето* со 234 гласа;
- најмалку потребни поединечни способности и вештини според учениците се 1). *склоност кон ризик* со 161 глас и 2). *вештини при совладување на стресот* со 177 глас;
- вредностите на аритметичките средини на секоја од способностите покажуваат најголема потреба од *Комуникациски вештини* со вредност од 4,282, и *Способност за пронаоѓање на нови идеи* со вредност 4,264;
- според споредбата на аритметичките средини, најмалку потребни способности се *Вештини при совладување на стресот* со вредност 3,684 и *Склоноста кон ризик* со вредност 3,718;
- *Вредностите на стандардната девијација* на секоја од способностите покажува дека учениците имаат најголемо единство во изборот на способноста за пронаоѓање на капитал и луѓе за реализација на идеите со вредност 1,452 и
- најголемо разидување има во одговорите за категоријата *Комуникациски вештини* со вредност 1,593.

Во табелата бр.24 се претставени податоците од компаративната анализа на обработките на одговорите на учениците кои учат во проектни претприемачки училишта и учениците кои не учат во такви училишта.

***Табела бр. 24:*** Компаративна анализа на перцепцијата на учениците од средни училишта за потребните способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис

| | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***СПОСОБНОСТИ*** | **ар сред.** | **Станд. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **Разлика во ар. средини** | **Ст. на слобода** | **t- тест** | **p** |
| *комуникациски вештини* | 2,712 | 0,365 | 1,570 | 0,781 | 1,142 | 500 | 23,794 | p<0,01 |
| *способност за брзо донесување на одлуки* | 2,428 | 0,510 | 1,602 | 0,757 | 0,826 | 500 | 23,756 | p<0,01 |
| *способност за пронаоѓање на нови идеи* | 2,558 | 0,439 | 1,706 | 0,753 | 0,852 | 500 | 26,315 | p<0,01 |
| *способност за пронаоѓање на капитал и луѓе за реализација на идеите* | 2,604 | 0,373 | 1,394 | 0,771 | 1,21 | 500 | 21,121 | p<0,01 |
| *способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето* | 2,476 | 0,517 | 1,630 | 0,740 | 0,846 | 500 | 24,549 | p<0,01 |
| *вештини при совладување на стресот* | 2,298 | 0,606 | 1,386 | 0,767 | 0,912 | 500 | 19,156 | p<0,01 |
| *склоност кон ризик* | 2,208 | 0,628 | 1,510 | 0,767 | 0,698 | 500 | 20,914 | p<0,01 |
| *градење мрежа за соработка* | 2,364 | 0,576 | 1,568 | 0,790 | 0,796 | 500 | 21,720 | p<0,01 |

Од табелата се гледа дека:

- вредностите на аритметичките средини на одговорите на учениците кои учат во проектни училишта се повисоки за секоја од способностите;
- највисоки вредности на аритметичката средина на одговорите на учениците кои учат во проектни училишта има способноста *Комуникациски вештини* (2,712), додека најниска вредност *склоност кон ризик* со вредност 2,208;
- највисоки вредности на аритметичката средина на одговорите на учениците кои не учат во проектни училишта има способноста *Способност за пронаоѓање на нови идеи* (1,706), додека најниска вредност *Вештини при совладување на стресот* и *Склоност кон ризик* со вредност 0,767;
- највисоки вредности на стандардната девијација на одговорите на учениците кои учат во проектни училишта има способноста *Склоност кон ризик* (0,628), додека најниска вредност *Комуникациски вештини* со вредност 0,365;
- највисоки вредности на стандардната девијација на одговорите на учениците кои не учат во проектни училишта има способноста *Градење мрежа за соработка*

(0,790), додека најниска вредност *Способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето* со вредност 0,740;

- најголема разлика во вредностите на аритметичките средини помеѓу одговорите на учениците кои учат во проектни училишта и учениците кои не учат во проектни училишта е во способноста *Комуникациски вештини*, со вредност 1,142 и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет.

Од наведеното може да се констатира дека постојат значителни разлики во перцепцијата на учениците од средните училишта за потребните способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис. Кај учениците од проекните училишта постојат повоочливи и поизразени потреби од секоја од наведените способности.

Перцепцијата на претприемништвото учениците ја искажаа и преку одговор на прашањето: *Сметаш ли дека на учениците од твоето училиште треба да им се понудат курсеви за претприемништво (започнување на бизнис)?*

На оваа прашање учениците имаа можност да се определат за 3 понудени искази: *да*, *не* и *не можам да проценам.*

Во табелата бр.25 е претставена обработката на одговорите на учениците и тоа збирната обработка и обработката во однос на тоа дали учениците учат во проектни училишта или не.

***Табела бр. 25:*** Компаративна анализа на перцепцијата на мотивите на учениците од средни училишта во однос на потребата од курсеви за претпреимништво

| ***И С К А З И*** | **Збирна** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *да* | 356 | 71,2 | 282 | 93,688 | 74 | 37,186 |
| *не* | 49 | 9,8 | 6 | 1,993 | 43 | 21,608 |
| *не можам да проценам* | 95 | 19 | 13 | 4,319 | 82 | 41,206 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од табелата може да се види дека:

- од вкупниот број ученици 500, 356 или 71,2% се изјасниле позитивно за потребата од курсеви за претпреимништво;
- од вкупниот број ученици 500, најмал број на испитаници 49 или 9,8% се изјасниле негативно за потребата од курсеви за претприемништво;
- дури 282 од вкупно 301 ученик или 93,688% се изјасниле позитивно за потребата од курсеви за претпреимништво, додека процентот на учениците кои не учат во проектни училишта кои се изјасниле позитивно е 37,186;
- за разлика од тоа, само 6 или 1,993 од учениците од проектните училишта се изјасниле дека нема потреба од курсеви за претпреимништво. Во споредба со нив, дури 43 или 21,608% од учениците од непроектни училишта се изјасниле за истото и
- посебно е важно да се напомене процентот на ученици од непроектните училишта 41,206% кои се изјасниле дека не можат да проценат.

Од искажаното се гледа дека постојат разлики во перцепцијата на учениците во поглед на потребата од курсеви за претпреимништво. Значително поголем е интересот и потребата кај учениците од проектните училишта за курсевите за претприемништво, додека одговорите на учениците од непроектните училишта покажуваат извесна неинформираност, но и неподготвеност за клучни претприемнички прашања.

За објективизирање на одговорите на учениците се обидовме да ги прашаме наставниците за перцепцијата на претприемништвото кај учениците.

За таа цел наставниците одговараа на прашањето: *Какви се перцепциите на вашите ученици на потребата од развој на претприемачките способности?*

Одговорите се систематизирани, групирани и квалитативно претставени во табелата подолу.

***Табела бр. 26:*** Мислење на наставниците за перцепцијата на учениците за потребата од претприемачки вештини

| ***Вклученост на училиштето во проектни активности*** | |
|---|---|
| ***Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности*** | ***Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности*** |
| • Одлично се перцептираат, осмислуваат и насочуваат кон претприемништвото, иновативни се и креативни;<br>• Учениците размислуваат во насока на развивање на претприемништво пред се развој на семеен бизнис;<br>• Имаат интерес за развој на претприемнички способности;<br>• Индивидуално секој ученик има свој пристап –детални податоци по истражување;<br>• Понекогаш се однесуваат резервирано, но мислам дека повеќе е под влијание од наставничкиот кадар, па состојбата може брзо да се промени;<br>• Дел од учениците имаат потреба од развој на претприемачки способности;<br>• Секогаш се расположени за практични вежби, помалку за теорија и самостојно да га развиваат своите способности;<br>• Учениците ја знаат потребата од развој на претприемачките способности;<br>• Добрите ученици имаат интерес во повеќе области па затоа и нивните перцепции во поглед на потребите од развојот на овие способности се позитивни, промовирачки и ги гледаат придобивките од овие активности;<br>• Постои заинтересираност; | • Солидно;<br>• Не знам;<br>• Мислам дека не се свесни за потребата и тоа го сметат како уште еден дополнителен предмет;<br>• Слаби;<br>• Професорот треба да иновира на часот и да ги поттикнува креативните способности кај учениците;<br>• На средно ниво;<br>• Сакаат да ги развиваат претприемачките способности;<br>• Учениците се заинтересирани за иновации и развој на иновативните способности;<br>• Заинтересирани;<br>• Солидни;<br>• Немам некој конкретен одговор на ова прашање, затоа што не сум разговарал со учениците за ова;<br>• Конкретни, јасни, секојдневни;<br>• Не сум запознаен;<br>• Јасни, конкретни;<br>• Има ученици кои имаат претприемачки способности<br>• Мислам дека не размислуваат многу за тоа, она што ги интересира е фејсбук и игрите на компјутер;<br>• Тие сеуште не се свесни за потребата од развојот на претприемачките способности;<br>• Не се заинтересирани;<br>• Со оглед на структурата на учениците, нивното социјално потекло, нивните перцепции се мали;<br>• Само мал број ученици покажуваат интерес;<br>• Мали;<br>• Score Неможам да одговорам;<br>• Има мал дел со оглед на социјалната структура на учениците; |

| | |
|---|---|
| • Немам некои реални сознанија, немам конкретно разговарано со учениците за нивните потреби за развој на претприемачките способности;<br>• Учениците перцептираат за претприемничките развојни потреби. | • Дел од нив согледуваат потреби од развојот на претприемничките способности;<br>• Одделни ученици покажуваат интерес;<br>• Група на ученици имаат капацитет за развивање на способностите;<br>• Немаат некоја разработена идеа на овој иновативен предмет;<br>• Резервирани но понекогаш храбри;<br>• Донекаде добри;<br>• Не се и многу активни;<br>• Има некои ученици што се однесува до ова имаат квалитативна перцепција;<br>• Нивната перцепција во оваа насока е со недостатоци;<br>• Перцепциите на учениците во гледна точка во развој на нивните горенаведени способности се точни и објективни;<br>• Перцепциите на учениците од овој аспект се мали, но можеме на долгорочен аспект да ги развиваме и да ги зголемиме;<br>• Перцепријата на учениците е различна по училници;<br>• Учениците мислат дека горенаведеното е вродена каракеристика и дека неможе да се научи;<br>• Добро знаат да ја анализираат економската состојба и развојот на бизнисот. Затоа се и песимисти;<br>• Се позитивни, затоа имаат интерес и бараат совети да не станат потчинети. |

Од табелата се гледа дека наставниците:

- главно, имаат сознанија за перцепцијата на учениците на претпреимничките прашања,
- наставниците од непроектни училишта имаат подолги објаснувања за перцепцијата на претприемништвото на сопствените ученици, но истите се непрецизни и помалку податливи,
- наставниците од проектните училишта имаат поголеми сознанија за перцепцијата на учениците за претприемништво и
- наставниците од проектните училишта имаат попозитивно мислење за перцепцијата на претприемништвото на сопствените ученици.

Од претходно обработените, анализирани и интерпретирани прашања со кои се проучуваше влијанието можевме да воочиме дека во најголем број на прашања постоеше разлика помеѓу перцепцијата на претприемништвото кај учениците од училишта во кои се реализираат проектни претприемачки активности и кај учениците од училишта во кои не се реализираат проектни претприемачки активности. Главно секогаш и во поголем интензитет кај првите постоеше попозитивен однос и поизразена аспирација кон претприемништвото.

Со тоа можеме да констатираме дека посебната хипотеза која гласи *Претприемничката* ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** *влијаат врз перцепцијата на учениците за претприемаштвото,* **се потврдува.**

# 3. ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА ВРЗ ОДЛУКИТЕ НА УЧЕНИКОТ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО ДЕЛУВАЊЕ

За испитување и утврдување на посебната хипотеза која гласи Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз одлуките на ученикот за претприемачко делување податоци прибиравме од примерокот ученици во средните училишта и примерокот наставници во средните училишта.

Во поглед на перцепцијата на учениците, тие одговараа на прашања во врска со сопствениот досегашен интерес за претприемачко однесување, каде ја гледаат својата иднина по завршување на средното образование, кога би останале во Р. Македонија, каде би сакале да работат, од каде потекнуваат негативните влијаниа врз ефектите од твоето претприемничко однесување, причините кои ги одвраќаат од намерата да започнат со сопствен бизнис и влијание на примањата за промена на местото на живеење.

Наставниците преку интервју пак беа прашани за влијанието на семејството врз перцепцијата на учениците за занимавање со некаков бизнис, и влијанието на карактерот или нивоата на емоционална интелегенција врз разликите кај учениците во перцептирање на претприемништвото.

На прашањето: *Дали во досегашниот живот имаш покажано интерес за претприемачко однесување?* учениците одговараа со избор на еден од понудените искази: Да, помагав во семејниот бизнис; „Да, самостојно се ангажирав во работата на невладиниот сектор“; „Да, самостојно се ангажирав во индивидуално заработување во легални/законски дозволени активности (опиши во кои)“; и „Не, досега не сум заработувал)“. Исто така учениците имаа можност и да ја дополнат листата на искази.

Во табелата бр.27 е претставена компаративна збирна обработка на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 27:*** Интерес на учениците од средни училишта за претприемачки активности

| ***И С К А З И*** | **Збирно** | | | **Ученици во вклучени училишта** | | | **Ученици во невклучени училишта** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **Ранг** | **f** | **%** | **ранг** | **f** | **%** | **ранг** |
| *да, помагав во семејниот бизнис* | 103 | 20,6 | 2 | 65 | 21,595 | 2 | 38 | 19,095 | 2 |
| *да, самостојно се ангажирав во работата на невладиниот сектор* | 23 | 4,6 | 4 | 15 | 4,983 | 4 | 8 | 4,020 | 4 |
| *да, самостојно се ангажирав во индивидуално заработување во легални/законски дозволени активности* | 29 | 5,8 | 3 | 20 | 6,645 | 3 | 9 | 4,523 | 3 |
| *да, самостојно се ангажирав во индивидуално заработување во нелегални и незаконски активности* | 19 | 3,8 | 5 | 14 | 4,651 | 5 | 5 | 2,513 | 5 |
| *не, досега не сум заработувал* | 315 | 63 | 1 | 181 | 60,133 | 1 | 134 | 67,337 | 1 |
| *друго* | 11 | 2,2 | 6 | 6 | 1,993 | 6 | 5 | 2,513 | 5 |
| ***Вкупно*** | **500** | | | **301** | | | **199** | | |

Од резултатите во табелата погоре може да се види дека:

- најголем број од учениците 315 или 63% *не заработувале досега*, додека 103 или 20,6% *помагале во семејниот бизнис*;
- за истакнување е тоа што 19 од испитаниците или 3,8 % од вкупно 500 ученици се изјасниле дека самостојно се ангажирале во индивидуално заработување во нелегални и незаконски активности;
- при споредба на двете категории ученици, оние кои учат во проектни претприемачки училишта и оние кои не учат во такви училишта може да се види дека, иако и кај едните и кај другите доминира исказот дека *досега не заработувале*, забележително е процентуална помала активност во делот на бизнис ангажманот кај учениците кои не се од проектните училишта. (67,337% во споредба со 60,133%) и
- мала, но сепак значајна за нас, е разликата во поглед на помошта во семејниот бизнис која е процентуално поголема кај учениците од проектните училишта (21,595 % во споредба со 19,095 %).

На прашањето *Каде ја гледате својата иднина по завршување на средното образование*?, учениците одговараа со избор на еден од четирите понудени искази: а) Ќе продолжам со студии во државава; б) Ќе продолжам со студии надвор од државата; в) Ќе се запослам во земјава и г) Ќе барам работа во странство. Исто така учениците имаа можност и да ја дополнат листата на искази.

Во табелата бр.28 е претставена компаративна збирна обработка на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 28:*** Мислење на учениците од средните училишта по однос на сопствената иднина после средното образование

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирно** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *ќе продолжам со студии во државава* | 337 | 67,4 | 207 | 68,771 | 130 | 65,327 |
| *ќе продолжам со студии надвор од државата* | 93 | 18,6 | 39 | 12,957 | 54 | 27,136 |
| *ќе се запослам во земјава* | 11 | 2,2 | 9 | 2,990 | 2 | 1,005 |
| *ќе барам работа во странство* | 43 | 8,6 | 39 | 12,957 | 4 | 2,01 |
| *друго* | 16 | 3,2 | 7 | 2,326 | 9 | 4,523 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од податоците во табелата погоре може да се воочи дека:

- од вкупно 500 ученици 337 или 67,4% од нив *ќе продолжат со студии во државава*, 93 или 18,6% *ќе продолжат со студии надвор од државата*, додека 43 или 8,6% *ќе бараат работа во странство*,
- во однос на мислењето на учениците кои учат во проектните училишта и оние кои не учат во такви училишта се забележува единство во перцепцијата по оваа прашање и тоа кај првите од вкупно 301 ученик, 207 или 68,771% и 130 од вкупно 199 ученици или 65,327% од другите, *ќе продолжат со студии во државава*,
- позначајна е разликата на бројот на оние ученици кои ќе продолжат со студии во странство и тоа 27,136 % и 12,957% во полза на оние кои учат во училишта каде не се спроведуваат проектни активности и

- значителна е разликата и во перцепцијата на исказот *Ќе барам работа во странство*, за која поголем процент од учениците од проектните училишта 12,957% се изјасниле дека ќе го сторат, додека тој процент кај оние ученици од непроектни училишта е 2,01.

Уште едно прашање со кое се обидовме да го откриеме *влијанието на Претприемничката организациска поставеност и стилот на работа во училиштата врз одлуките на ученикот за претприемачко делување* е прашањето на кое одговараа учениците, а гласи: *Кога би останале во Македонија, каде би сакале да работите?*

На оваа прашање учениците одговараа со избор на еден од понудените искази: а) работа на државна служба и јавни претпријатија; б) Работа во приватна фирма кај друг сопственик; в) Работа во работни единици на странски компании; г) Работа во меѓународни организации; д) Вклучување во семеен бизнис и ѓ) Отпочнување на сопствен бизнис.

Исто така учениците имаа можност и да ја дополнат листата на искази.

Во табелата бр.29 е претставена компаративна збирна обработка на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 29:*** Мислење на учениците за сопствената иднина во Република Македонија

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирно** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *работа на државна служба и јавни претпријатија* | 166 | 33,2 | 50 | 16,611 | 116 | 58,291 |
| *работа во приватна фирма кај друг сопственик* | 35 | 7,0 | 9 | 2,990 | 26 | 13,065 |
| *работа во работни единици на странски компании* | 54 | 10,8 | 30 | 9,967 | 24 | 12,060 |
| *работа во меѓународни организации* | 27 | 5,4 | 15 | 4,983 | 12 | 6,030 |
| *вклучување во семеен бизнис* | 33 | 6,6 | 30 | 9,967 | 3 | 1,508 |
| *отпочнување на сопствен бизнис* | 167 | 33,4 | 155 | 51,495 | 12 | 6,030 |
| *друго* | 18 | 3,6 | 12 | 3,987 | 6 | 3,015 |
| *Вкупно* | 500 | 100 | 301 | 100 | 199 | 100 |

Од обработените податоци се гледа дека:

- од вкупно 500 ученици 167 или 33,4% се изјасниле дека ќе отпочнат со *сопствен бизнис*, а 166 од нив или 33,2% се изјасниле дека би барале *работа на државна служба и јавни претпријатија*;
- најмал број 27 или 5,7% од вкупно 500 ученици се изјасниле дека својата иднина ја гледаат во *Работа во меѓународни организации*;
- најголем број на ученици од проектните училишта 155 или 51,495% се изјасниле дека својата иднина ја гледаат во *Отпочнување со сопствен бизнис*, додека најголем број од учениците во непроектни активности 116 од вкупно 199 или 58,291 би барале *работа на државна служба и јавни претпријатија* и
- најмал број на ученици од проектните училишта 9 или 2,99% би барале *работа во приватна фирма кај друг сопственик*, додека од учениците во непроектни училишта 3 или 1,508% се изјасниле дека би се вклучиле во *семеен бизнис*.

Од наведеното се забележува дека постојат значителни разлики помеѓу мислењето на учениците од проектните и од непроектните училишта. Кај едните, оние од проектните училишта, се воочува желбата за отпочнување со сопствен бизнис, додека кај оние ученици од непроектните училишта, би барале работа на државна служба и јавни претпријатија.

За посуштинско сознание на влијанијата врз ученикот во поглед на претприемништвото поставивме уште едно прашање на учениците кое гласи: *Од каде потекнуваат негативните влијаниа врз ефектите од твоето претприемничко однесување?*

На оваа прашање учениците одговараа со избор на еден од трите понудени искази: Причината е во мене; Причината е во члeновите на моето семејство и Причината е во опкружувањето.

Во табелата бр.30 е претставена компаративна збирна обработка на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 30:*** Мислење на учениците за негативните влијанија врз ефектите од сопственото претприемничко однесување

| *ИСКАЗИ* | Збирно | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| *причината е во мене* | 84 | 16,8 | 72 | 23,920 | 12 | 6,030 |
| *причината е во членовите на моето семејство* | 57 | 11,4 | 32 | 10,631 | 25 | 12,563 |
| *причината е во опкружувањето* | 359 | 71,8 | 197 | 65,449 | 162 | 81,407 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од табелата се гледа дека:

- Дури 359 од вкупно 500 ученици, или 71,8% се изјасниле дека *причините* за негативните влијанија врз ефектите од сопственото претприемничко однесување *се во опкружувањето*, а 84 или 16,8% *причината ја гледале во себе*;
- Кај учениците кои учат во училишта вклучени во проектни активности состојбата е слична, само што процентот на ученици кои ја избрале третата понудена можност е помал и изнесува 65,449%;
- За разлика од нив, процентот на ученици кои учат во непроектни училишта и се изјасниле за *опкружувањето како причина* е поголем и изнесува 81,407% од вкупно 199 ученици и
- што се однесува на определбата по однос на првата причина, односно самите да се причина за негативните влијанија врз ефектите од сопственото претприемничко однесување, се гледа дека учениците кои учат во училишта вклучени во проектни активности се повеќе самокритични и нивниот процент изнесува 23,92, додека кај другата категорија ученици тој процент е 6,03.

Од обработката на податоците и нивната анализа може да се констатира дека постои разлика помеѓу учениците во однос на перцептирањето на негативните влијанија врз ефектите од сопственото претприемничко однесување и тоа: поголема самокритичност покажуваат учлениците од проектните училишта, што може да претставува предуслов за соодветни, навремени и организирани претприемачки активности кои би се потпирале врз сопствените сили, способности и можности.

Посебно значајно за нас е делувањето на ученикот, претставено преку неговите согледувања за причините кои го одвраќаат од намерата да започне со сопствен бизнис. За таа цел на учениците им поставивме прашање кое гласи: *Кои се причините кои те одвраќаат од намерата да започнеш со сопствен бизнис?*

На оваа прашање учениците имаа можност да ги рангираат само оние одговори искази кои се за него прифатливи и тоа со 1 максимално.

Во табелата бр.31 е претставена компаративна збирна обработка на резултатите од сите ученици кои одговарале на оваа прашање.

***Табела бр. 31:*** Мислење на учениците за причините кои ги одвраќаат од намерата да започнеш со сопствен бизнис (Збирна обработка)

| ***Причини*** | **Збирна обработка** | | | | | | **Ученици во вклучени училишта** | **Ученици во невклучени училишта** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ранг 1 max | ранг 2 | ранг 3 | ранг 4 | ранг 5 min | Ар. сред. | Ар. сред. | Ар. сред. |
| *не можам да обезбедам почетни средства* | 234 | 141 | 45 | 24 | 56 | 2,054 | 1,238 | 0,816 |
| *премногу голем е ризикот од вложување во економски нестабилно општество* | 228 | 189 | 32 | 27 | 24 | 1,860 | 1,228 | 0,632 |
| *недоволна правна заштита на сопственоста и договорите* | 134 | 257 | 41 | 35 | 33 | 2,152 | 1,398 | 0,754 |
| *немам амбиции за таква работа* | 131 | 291 | 24 | 30 | 24 | 2,050 | 1,374 | 0,676 |
| *преферирам стручна работа со помалку ризик* | 178 | 240 | 19 | 33 | 30 | 1,994 | 1,378 | 0,616 |
| *Вкупно* | **905** | **1118** | **161** | **149** | **167** | | | |

Од податоците во табелата се гледа дека:

- најголема причина која ги одвраќа учениците од намерата да започнат со сопствен бизнис е неможноста за обезбедување финансиски средства, (234 одговори);
- втора најголема причина која ги одвраќа учениците од намерата да започнат со сопствен бизнис е тоа дека учениците немаат амбиции за таква работа (291 одговор);
- во однос на споредбата на аритметичките средини на секоја од причините, може да се види дека вредноста на причината *Премногу голем е ризикот од вложување*

*во економски нестабилно општество* (1,860), покажува дека всушност тоа е најголемата причина од наведените, која ги одвраќа учениците од намерата да започнат со сопствен бизнис и

- при компарација на аритметичките средини на двете категории ученици-испитаници, се забележуваат поголеми вредности на аритметичката средина во секоја од причините на одговорите на учениците кои учат во училишта вклучени во проектни активности. Безмалку, за половина категорија или за вредност 0,5 истите се разликуваат, што покажува дека сите наведени причини имаат поголемо влијание врз оние ученици кои не се дел од училишна клима во која има претприемнички елементи.

Што би го мотивирало ученикот да го смени местото на живеење е уште еден аспект на влијанијата врз одлуките на ученикот за претприемачко делување. За таа цел на учениците им поставивме прашање кое гласи: *Дали во иднина поради запослување или поголема плата би го сменил/а местото на живеење?*

На оваа прашање учениците имаа можност да се определат за еден од двата понудени одговори: *да*, односно *не*.

Во табелата бр.32 е претставена збирна обработка на резултатите од изборот на учениците.

***Табела бр. 32:*** Мислење на учениците од средни училишта за влијание на примањата и работното место врз промена на местото на живеење

| *ИСКАЗИ* | **Збирна** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **F** | **%** | **f** | **%** |
| *да* | 451 | 90,2 | 267 | 88,704 | 184 | 92,462 |
| *не* | 49 | 9,8 | 34 | 11,296 | 15 | 7,538 |
| ***вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од табелата бр. 32 (погоре) може да се види дека дури 451 или 90,2% од вкупно 500 ученици се изјасниле дека примањата и работното место се одлучувачки за промена

на местото на живеење. Само 49 или 9,8% се изјасниле дека тоа нема влијание врз нивната одлука за промена на местото на живеење.

Не постојат забележителни разлики кај учениците од училишта вклучени во проектни активности и ученици од училишта кои не се вклучени во проектни активности. И кај едните и кај другите доминира мислењето за влијание на примањата и работното место врз нивната одлука за промена на местото на живеење

Заради извесно објективизирање на перцепцијата и одговорите на учениците на претходно поставените парашања, беа интервјуирани и наставниците. Едно од прашањата на кои одговараа 100 те наставници гласеше: *Дали мислите дека учениците чии родители се занимаваат со некој бизнис имаат поинакви перцепции од другите ученици во однос на претприемништвото?*

Квалитативната обработка на одговорите е поместена во табелата бр. 33.

***Табела бр. 33:*** Мислење на наставниците за влијанието на семејството врз перцепцијата на учениците за занимавање со некаков бизнис

| ***Вклученост на училиштето во проектни активности*** | |
|---|---|
| **Мислење на наставници, вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
| • Не отскокнува никој;<br>• Да, бидејќи ги гледаат и реалните проблеми;<br>• Да;<br>• Незнам и незнам чии родители се занимаваат со бизнис;<br>• Да, нивните знаења се поголеми имаат јасна визија;<br>• Мислам *да;*<br>• Можеби тоа го знаат повеќе професорите компетентни за ова;<br>• Нормално дека *да;*<br>• Индивидуално некои да, некои не;<br>• Имаат поинакви перцепции;<br>• Да, тие на некој начин се вклучени во секојдневниот бизнис и имаат повеќе сознанија од другите ученици;<br>• Мислам дека не, затоа што тие ги знаат сите предности и негативности во приватниот бизнис;<br>• Родителите на тие ученици им ги | • Немам информација за работата на моите ученици, незнам со што се занимаваат;<br>• Да, учениците од таквите семејства со семеен бизнис имаат поголеми изгледи за развој на претприемнички идеи и нивно реализирање;<br>• До некоја мера;<br>• Многу имаат допир со таа проблематика па поради тоа имаат и некои лични искуства;<br>• Не се сложувам;<br>• Незнам со каков бизнис се занимаваат родителите, тоа не сум го воочила;<br>• Не;<br>• Мое мислење е дека тоа не влијае многу;<br>• Немам информација за работата на моите ученици, незнам со што се занимаат;<br>• Да, учениците од таквите семејства со |

пренесуваат перцепциите и тие за разлика од останатите живеат во друга средина;

- Мислам да, дека се поблиску со предвидените перцепции веќе се запознаени;
- Мислам *да*;
- Во зависност за кој ученик станува збор;
- Не, но има редок случај;
- Ова може позитивно да влијае кај овие ученици;
- Да, повеќето ученици чии родители имаат бизнис за нив самите е составен дел од тој бизнис и имаат едно друго гледиште...;
- Да, сигурно учениците чии родители работат со бизнис го познаваат детално, во секој аспект перцептивно;
- Мислам дека да, бидејќи за нив може да е родена желбата да се перцепира;
- Во повеќето случаеви родителите на учениците кои се занимаваат со различен бизнис, се поспособни за прегледување како се одвива бизнисот возависност од средината каде што делува бизнисот, се со цел ученикот да има една основна перцепција;
- Во вакви случаеви мислам да, поради што се запознаваат поблиску со правилата и процесите што се развиваат и на еден начин имаат предиспозиции;
- Мислам дека ова не е многу поврзано со ставовите на учениците;
- Мислам *да*, но не кај сите;
- Да, се разликуваат од другите;
- Мислам *да;*
- Родителите на учениците кои се занимаваат со бизнис се подобро насочени со потребите на развој на учениковата перцепција;
- Да;
- Мислам *да.*

семеен бизнис имаат поголеми изгледи за развој на претприемнички идеи и нивно реализирање;

- До некоја мера;
- Многу имаат допир со таа проблематика па поради тоа имаат и некои лични искуства;
- Не се сложувам;
- Незнам со каков бизнис се занимаваат родителите тоа не сум го воочила;
- Не;
- Мое милење е дека тоа не влијае многу;
- Да, бидејќи тие се гледаат себеси како идни сопственици на семејниот бизнис;
- Многу малку познавам такви ученици воглавно не се многу заинтересирани за посочување примери од реалниот бизнис сектор;
- Учениците чии родители се занимаваат со бизнис имаат послаба заинтересираност;
- Ретко, често се случува заитересираните ученици да потекнуваат од просечно-работничко или земјоделско семејство;
- Секако дека овие ученици полесно и посериозно го перцептираат претприемништвото и потребата од развој на претприемничките вештини;
- Да, имаат практично искуство;
- Во некои случаеви можеби, но не во сите случаеви;
- Да, тоа е некоја генетска наследна перцепција или како резултат од семејно опкружување и постојаните работи односно разговорите со бизнис-заедницата;
- Да;
- Да, имаат поинаква перцепција, но мислам дека во нашата средина родителите не ги стимулираат своите деца во таа насока, туку се трудат тие да придонесуваат за децата ама не и нив да ги насочат кон претприемништвото.

Во табелата се претставени во посебни делови мислењата на наставниците кои работат во проектни училишта и мислење на наставници кои не работат во проектни училишта.

Од она што е поместено во табелата се гледа дека:

- и кај двете категории наставници најголем број од исказите оди во насока на делумно влијание на семејството врз перцепцијата на учениците за занимавање со некаков бизнис која зависи од претприемничкото искуство на родителите, но и од карактерот на самите ученици, нивната генетска предодреденост и познавањето на сите предности и негативности во приватниот бизнис и
- забележителни се извесни разлики во формулацијата на одговорите кај едната и кај другата група наставници. Кај оние во проектните училишта постои подобра формулација на исказите, поголема елаборација на исказите со претприемачки речник, но и поголема верба во она што учениците можат да го научат во нивните училишта.

Наставниците одговараа и на уште едно интервју прашање кое се однесува на влијанието на личните карактеристики на учениците врз нивната одлука за започнување со бизнис.

Ова прашањето е формулирано на следниов начин: *Дали сметате дека карактерот или нивоата на емоционална интелегенција придонесуваат за појава на разлики кај учениците во перцептирање на претприемништвото?*

Во табелата бр.34 се наведени исказите на наставниците групирани според вклученоста на нивните училишта во проектни претприемачки активности.

***Табела бр. 34:*** Мислење на наставниците за влијанието на личните карактеристики на учениците врз нивната желба за занимавање со некаков бизнис

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Да;<br>• Мислам дека нивото на емоционалната интелегенција е пресудно за појава на разлика кај учениците во перцептирање на претприемништвото;<br>• Не;<br>• Се разбира дека тоа е најважниот фактор;<br>• Делумно;<br>• Да, најмногу;<br>• Да, бидејќи карактерот е битен за започнување на нов бизнис;<br>• Тоа може да биде значаен фактор појава на разлика кај учениците во поглед на размислувања во врска со развивање на претприемачкиот дух;<br>• Освен карактерот или нивóто на емоционална интелегенција во разликите придонесуваат и домашната култура и стекнатото ниво;<br>• Придонесуваат;<br>• Поседувањето на емоционална интелегенција не е доволно за перцепирање. Многу значаен фактор за негов развој е заинтересираноста на учениците за реалната состојба. Воглавно поголем дел доаѓаат, ќе се прошетаат, ќе научат основни работи и не се многу заинтересирани за дополнителни работи;<br>• Повеќето мислат дека семејната култура и опкружување влијаат на перцептирањето на претприемништвото;<br>• Да, мислам дека е тема но исто така и во каква средина живеат и дали тоа се стимулира пред се во фамилијата а потоа во училиштето;<br>• Точно е дека карактерот или нивото на емоционална интелегенција придонесуваат за појава на разлики кај учениците во перцепцијата на претприемништвото;<br>• Секако дека емоционалната интелегенција придонесува за појава на разлики кај учениците. | • Карактерот;<br>• Можеби;<br>• Можеби карактерот;<br>• Карактерот дефинитивно мислам дека придонесува за појава на разлики кај учениците во перцепцијата на претприемништвото;<br>• Да;<br>• Важен е карактерот и емоционалната интелегенција кај учениците во перцептирање на претприемништвото;<br>• Има многу фактори кои влијаат врз појавата на разлики кај учениците во перцептирање на претприемништвото;<br>• Не;<br>• Не, бидејќи сеуште кај учениците не постои целосна слика за претприемништвото;<br>• Емоционалната интелегенција влијае врз претприемништвото;<br>• Карактерот повеќе влијае во оваа насока;<br>• Однесување;<br>• Да, карактерот на ученикот;<br>• Карактерот повеќе отколку интелегенцијата;<br>• Учениците обично ја поседуваат или се интелегентни, но мислам дека нивната состојба влијае врз културата на нивниот интерес;<br>• Да, дефинитивно карактерот и нивото на емоционалната интелегенција придонесуваат за јавување на разликите во перцепцијата;<br>• Мислам да, дека секој во овој случај и учениците го имаат својот темперамент и мислењето што ги заштитува нив;<br>• Карактерот на секој ученик се случува да заедно со емоционалната интелегенција да придонесуваат, но со цел да нема разлики помеѓу учениците и перцепцијата;<br>• Нивото на емотивната интелегенција придонесува за јавување на разлики кај учениците по однос на перцепцијата;<br>• Мислам *да*;<br>• Над се *да*;<br>• Сигурно *да*;<br>• Сигурно за *да*;<br>• *Да*, придонесува;<br>• Релативно *да*. |

Од табелата се гледа дека не постојат разлики кај наставниците од различните категории во перцепцијата на влијанието на личните карактеристики на учениците врз нивната желба за занимавање со некаков бизнис. Имено, може да се забележи дека само мал дел од сите наставници сметаат дека тоа нема влијание врз одлуката на учениците да се вклучат во претприемачки активности.

Од претходно обработените анализирани и интерпретирани прашања со кои се проучуваше влијанието можевме да воочиме повеќе во одговорите на учениците, но делумно и кај одговорите кај наставниците дека постојат разлики во одлуките на учениците, дека посебната хипотеза која гласи Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз одлуките на ученикот за претприемачко делување, **се потврдува.**

# 4. ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА И ПРЕТПРИЕМАЧКОТО ДЕЛУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ

За испитување и утрвдување на посебната хипотеза која гласи Претприемничката ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** влијаат врз претприемничкото делување на ученикот податоци прибравме од примерокот ученици во средните училишта и примерокот наставници во средните училишта.

За влијанието на ***организациската поставеност и стилот на работа во училиштата*** врз претприемничкото делување на ученикот ги прашавме учениците и тоа за: ефектите од нивното претприемничко однесување, располагање со доволно способности за започнување со бизнис, дали би прифатиле работа која се разликува од нивното образование и што очекуваат во иднина?

Наставниците беа прашани за нивните мислења по однос на *Ангажираноста на учениците во претприемачки активноси.*

Првото прашање на кое одговараа учениците, а во функција на проверка на претходно наведената посебна хипотеза гласи: *Кои се ефектите од твоето претприемничко однесување?*

Учениците се изјаснуваа на секоја од понудените категории со избор на нивниот интензитет каде 1 е минимум, а 5 е максимум: позитивни, со минимален финансиски ефект; позитивни, со сознание дека можам да заработувам; позитивни, со сознание дека можам да работам самостојно; позитивни, со висока мотивација за натамошен ангажман во претприемништвото; позитивни, со позитивен однос кон работата на другите; негативни во поглед на финансиите; негативни во поглед на моите способности за претприемништво и негативни во поглед на мотивацијата за самостојно заработување.

Во табелата бр.35 е претставена збирната обработка на резултатите од сите учениците кои одговариле на оваа прашање.

***Табела бр. 35:*** Мислење на учениците од средните училишта за ефектите од сопственото претприемничко однесување (Збирна обработка)

| | Збирна обработка | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | | Ст. на слобода | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ар сред. | Ст. дев. | ар сред. | Ст. дев. | ар сред. | Ст. дев. | 500 | 15,802 | p<0,01 |
| *позитивни, со минимален финансиски ефект* | 2,986 | 1,299 | 1,830 | 0,690 | 1,156 | 0,735 | 500 | 15,699 | p<0,01 |
| *позитивни, со сознание дека можам да заработувам* | 3,162 | 1,396 | 2,134 | 0,666 | 1,028 | 0,607 | 500 | 16,165 | p<0,01 |
| *позитивни, со сознание дека можам да работам самостојно* | 3,334 | 1,450 | 2,302 | 0,625 | 1,032 | 0,603 | 500 | 15,765 | p<0,01 |
| *позитивни, со висока мотивација за натамошен ангажман во претприемништвото* | 3,242 | 1,411 | 2,184 | 0,656 | 1,058 | 0,638 | 500 | 14,384 | p<0,01 |
| *позитивни, со позитивен однос кон работата на другите* | 3,250 | 1,311 | 2,234 | 0,635 | 1,016 | 0,691 | 500 | 17,795 | p<0,01 |
| *негативни во поглед на финансиите* | 2,728 | 1,274 | 1,498 | 0,686 | 1,230 | 0,705 | 500 | 17,366 | p<0,01 |
| *негативни во поглед на моите способности за претприемништво* | 2,46 | 1,114 | 1,294 | 0,627 | 1,166 | 0,719 | 500 | 16,470 | p<0,01 |
| *негативни во поглед на мотивацијата за самостојно заработување* | 2,386 | 1,085 | 1,248 | 0,621 | 1,138 | 0,752 | 500 | 15,802 | p<0,01 |

Од обработката во табелата може се се воочи дека:

- најголемиот број учениците од вкупно 500 (со вредност на ар. средина 3,334) сметаат дека ефектите од *сопственото претприемачко делување* се позитивни, со сознание дека можат да работат самостојно;
- исто така позитивна е перцепцијата од ефектикте од претприемничкото делување се позитивни, со *позитивен однос кон работата на другите* (со вредност на ар. средина 3,242);
- најмала вредност имаат негативните искуства на учениците и тоа во поглед на негативни во поглед на *мотивацијата за самостојно заработување* со вредност на ар. средина 2,386 и негативни во поглед на *нивните способности за претприемништво*, со вредност на ар. средина 2,46;

- врз основа на вредностите на стандардната девијација не секој од исказите, може да се претпостави голема разединетост на учениците во одговорите на оваа прашање;
- во однос на разликите помеѓу одговорите на учениците од проектните училишта и оние кои не се од проектни училишта може да се воочи дека кај вредностите на аритметичките средини на категориите на искази на учениците има значителни разлики. Имено, позитивните влијанија доминираат кај учениците од проектните училишта, додека негативните влијанија се со незначителни разлики, но во полза на учениците од проектните училишта;
- вредностите на стандардните девијации на одговорите на учениците од двете категории училишта не покажуваат разлики кои се вредни за истакнување. Нивните ниски вредности покажува дека одговорите се со јака кохезија и нема разидување на секоја од категориите наставници во одговорите по однос на оваа проблематика и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, што оди во насока на нашата претпоставка.

За тоа дали се способни за започнување со бизнис ги прашавме учениците со цел да утврдиме какво е нивното претприемачко делување во оваа насока.

За таа цел учениците одговара на прашањето: Во случај да треба да отпочнете со свој бизнис, сметате ли дека имате доволно способности за тоа?

Учениците се изјаснуваа на секоја од понудените категории со избор на нивниот интензитет каде 1 е минимум, а 5 е максимум: а) способен сум за самостојно започнување со сопствен бизнис; б) неопходна ми е помош од институциите за започнување со сопствен бизнис; в) неопходна ми е помош од поединци за започнување со сопствен бизнис и г) не сум способен за започнување со сопствен бизнис.

Во табелата бр.36 е претставена збирната обработка на одговорите на учениците кои одговариле на оваа прашање.

***Табела бр. 36:*** Мислење на ученици од средни училишта за развиеноста на сопствените способности за почеток со бизнис

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирно** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *способен сум за самостојно започнување со сопствен бизнис* | 207 | 41,4 | 129 | 42,857 | 78 | 39,196 |
| *неопходна ми е помош од институциите за започнување со сопствен бизнис* | 92 | 18,4 | 60 | 19,934 | 32 | 16,080 |
| *неопходна ми е помош од поединци за започнување со сопствен бизнис* | 135 | 27,0 | 93 | 30,897 | 42 | 21,106 |
| *не сум способен за започнување со сопствен бизнис* | 66 | 13,2 | 19 | 6,312 | 47 | 23,618 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од табелата можеме да констатираме дека:

- најголемиот број ученици 207 или 41,4% од вкупниот број ученици (500), одговориле дека се способни за *самостојно започнување со сопствен бизнис*, 135 или 27% од нив дека им е *неопходна им е помош од поединци за започнување со сопствен бизнис*, а најмал број на ученици 66 или 13,2% се изјасниле дека *не се способни за започнување со сопствен бизнис*;
- постојат разлики во одговорите на учениците од проектни училишта и оние од непроектни училишта. Може да се забележи дека во поглед на првиот исказ има сличности во одговорите на учениците и фрекфенциите и процентите на оваа категорија не се разликуваат многу;
- воочлива е разликата во наредните два искази *Неопходна ми е помош од институциите за започнување со сопствен бизнис* и *Неопходна ми е помош од поединци за започнување со сопствен бизнис* и тоа дека кај истите поголеми вредности има кај одговорите на учениците од проектните училишта. Тоа покажува дека свеста за неопходноста од помош за започнување со бизнис е поголема кај овие ученици и
- истовремено може да се види дека значително повисоката вредност на категоријата не сум способен за започнување со сопствен бизнис кај учениците од непроектни училишта покажува за свесноста за сопствените недостатоци и неможноста да започнат со свој бизнис.

Од наведеното може да се констатира дека постојат разлики помеѓу активностите на учениците од различните училишта и дека ова е во насока на потврдување на претходно поставената посебна хипотеза.

За тоа дали се способни за започнување со бизнис ги прашавме учениците со цел да утврдиме какво е нивното претприемачко делување во оваа насока.

За таа цел да ја увидиме и флексибиноста во изборот на работата, на учениците им го поставивме прашањето: *Дали би прифатил/а работа која се разликува од твоето образование?* Притоа тие можеа да направат повеќечлен избор:

Учениците се изјаснуваа на секоја од петте понудени категории: со задоволство, под услов да е добро платена; со задоволство, доколку нема што друго да работам; секако би прифатил; не би прифатил и немам став по оваа прашање.

Во табелата бр.37 е претставена збирната обработка на одговорите на учениците кои одговариле на оваа прашање.

***Табела бр. 37:*** Мислење на ученици од средни училишта за прифаќање на работа која се разликува од образованието кое го имаат стекнато

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирна** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во вклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *со задоволство, под услов да е добро платена* | 451 | 38,091 | 297 | 46,479 | 154 | 28,257 |
| *со задоволство, доколку нема што друго да работам* | 299 | 25,253 | 207 | 32,394 | 92 | 16,881 |
| *секако би прифатил* | 200 | 16,892 | 76 | 11,894 | 124 | 22,752 |
| *не би прифатил* | 198 | 16,723 | 49 | 7,668 | 149 | 27,339 |
| *немам став по оваа прашање* | 36 | 3,041 | 10 | 1,565 | 26 | 4,771 |
| ***Вкупно*** | **1184** | **100** | **639** | **100** | **545** | **100** |

Од податоците и резултатите поместени во табелата може да се види дека:

- најголем број на наставници 451 или 38,091% се изјасниле дека *платата* е услов за прифаќање на работното место, 299 или 25,253% се изјасниле дека доколку нема што друго да работи, би го работел и тоа;

- 198 или 16,723% *не би прифатиле работа која се разликува од образованието кое го поседуваат*;
- само 36 или 3,041% од испитаниците се изјасниле дека *немаат став по ова прашање*;
- значајно воочлива разлика постои во вредностите на аритметичките средини кај двете категории ученици и нивните одговори. Имено, безмалку двојно поголема е вредноста на ар. средина на одговорите на учениците од проектните училишта во категоријата *Со задоволство*, под услов да е добро платена и категоријата *Со задоволство*, доколку нема што друго да работам и
- за сметка на тоа вредностите на ар. средини на категориите *Секако би прифатил* и *Не би прифатил* безмалку двојно поголеми кај одговорите на оние ученици кои не учат во проектни училишта.

Тоа ни покажува дека сепак постои разлика во можните акции на учениците од различните категории училишта и дека оние кои се од проектни училишта се водени од профитот и задоволување на својата бизнис аспирација.

Во иста насока е и прашањето на кое одговараа учениците за тоа каде ја гледааат сопствената иднина.

Учениците се изјаснуваа на секоја од четирите понудени категории, со можност да дополнат: *Очекувам професионален напредок и добар материјален стандард*; *Очекувам запослување и скромен стандард*; *Очекувам да имам проблеми со запослувањето и екзистенцијата* и *Својата иднина ја гледам во странство*.

Во табелата бр.38 претставена е збирната обработка на одговорите на учениците кои одговариле на оваа прашање.

***Табела бр. 38:*** Мислење на учениците од средни училишта за сопствената иднина

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирна** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во вклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *очекувам професионален напредок и добар материјален стандард* | 288 | 57,6 | 202 | 67,11 | 86 | 43,216 |
| *очекувам запослување и скромен стандард* | 71 | 14,2 | 34 | 11,296 | 37 | 18,593 |
| *очекувам да имам проблеми со запослувањето и екзистенцијата* | 45 | 9 | 30 | 9,967 | 15 | 7,538 |
| *својата иднина ја гледам во странство* | 77 | 15,4 | 25 | 8,306 | 52 | 26,131 |
| *нешто друго:* | 19 | 3,8 | 10 | 3,322 | 9 | 4,523 |
| ***Вкупно*** | **500** | **100** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од табелата се гледа дека:

- најголем број 288 или 57,6% од вкупниот број на ученици 500, се изјасниле дека *очекуваат професионален напредок и добар материјален стандард* и дека само 45 или 9% *очекуваат да имаат проблеми со запослувањето и егзистенцијата*;
- значително поголем број на ученици од проекните училишта 202 или 67,11 во однос на 86 или 43,216% се изјасниле дека *очекуваат професионален напредок и добар материјален стандард* и
- значително поголем број на ученици од непроекните училишта 52 или 26,131% во однос на 25 или 8,306% се изјасниле дека *својата иднина ја гледаат во странство.*

Тоа уште еднаш покажува за постоење на разлики во претприемничкото делување на учениците од проектните училишта, што се должи на претприемничките активности во проектните училишта.

Наставниците беа прашани за нивните мислење по однос на *Ангажираноста на учениците во претприемачки активноси.* При интервјуто со нив се поведе разговор за тоа дали наставниците познаваат ученици кои покрај школувањето во средно училиште се дополнително работно ангажирани или помагаат во некој семеен бизнис, земјоделски работи, или пак некој друг знаетчија, работодавец,...?

Во табелата подолу се praктични поместени квалитативните искази на наставниците и истите се групирани според вклученоста на училиштата во проектните претприемачки активности. Овие категории се обидовме да ги претставиме преку зачестеноста на нивното повторување кај наставниците.

***Табела бр. 39:*** Ангажираност на учениците во претприемачки активности според мислењето на наставниците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **f** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** | **f** |
|---|---|---|---|
| Да; | 18 | Немам сознанија; | 12 |
| Да, но нивниот број е мал; | 4 | Не; | 11 |
| Да, познавам; | 5 | Да, во земјоделие, информатички услуги, а поретко во семеен бизнис; | 15 |
| Да, познавам такви ученици; | 2 | Да, има ученици кои помагаат во семејниот бизнис; | 2 |
| Има такви ученици, но многу се ретки; | 1 | Има сигурно; | 2 |
| Имаме и такви ученици кои во слободното време дополнително се ангажирани најчесто во семеен бизнис; | 7 | Јас не познавам барем не од оние ученици со кои сум јас во контакт и мислам дека е тоа многу лошо зашто кај учениците не се развива чувство дека е потребно да бидат ангажирани во помагање во создавањето на материјалните добра; | 5 |
| Да, по средното училиште се работно ангажирани во туѓи или семејни фирми и компании, активно се вработуваат и ги исполнуваат обврските; | 2 | Да, има такви ученици кои им помагаат на родителите во извршување на нивните; семејни работи; | 9 |
| Има многу такви ученици; | 5 | Знам неколку; | 11 |
| Да, познавам и такви ученици, но се во многу мал број; | 3 | Немам сознанија за вклученост на учениците во бизнисот. Не им се работи многу; | 1 |
| Секако дека и во нашето училиште постојат и такви ученици; | 4 | Да, бидејќи и економската ситуација помага повеќето се и работно ангажирани; | 1 |
| Да, има од тие ученици што се ангажирани и делуваат; | 6 | Да, особено во угостителските објекти; | 1 |
| Не, непознавам; | 2 | Не сум во сознание за ова; | 12 |
| Да, има ученици кои им помагаат на родителите за финансиски прашања и се вклучуваат во семејниот бизнис. | 13 | Овој феномен е чест поради недобрата материјална состојба во овдешната популација. | 5 |

Од табелата се гледа дека:

- наставниците од проектните училишта имаат поцелосни информации за работното ангажирање на нивните ученици и
- наставниците од проектните училишта истакнуваат дека за нивните ученици се најважни финансиските придобивни од претприемничкото делување

Врз основа на изнесеното од учениците и констатирани разлики кои одеа во насока на значително попретприемничко однесување на учениците од проектните училишта, може да констатираме дека претходно поставената посебна хипотеза која гласи *Претприемничката* ***организациска поставеност и стилот на работа во училиштата*** *влијаат врз претприемничкото делување на ученикот се прифаќа.*

# 5. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОДНОС НА ПРЕТПРИЕМНИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ, ВОДСТВЕН СТИЛ И НАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

За испитување и утврдување на посебната хипотеза која гласи *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* податоци прибравме од примерокот ученици во средните училишта и примерокот наставници во средните училишта и менаџерите во дел од компаниите кои соработуваат со средните училишта.

**Менаџерите г**и прашавме за следново: развиеност на претприемачки вештини кај учениците во средно училиште; развиеност на претприемачката поставеност на училиштата со кои соработуваат; постоење на претприемнички водствен стил во училиштата со кои соработуваат; постоење на претприемачки активности во наставата во училиштата со кои соработуваат.

**Учениците** ги прашавме за: развиеност на претприемачки вештини кај учениците во средно училиште; потреба од обука за претприемништво; потреба од содржини по претприемништво; претприемачката поставеност на училиштето во кое учи; претприемнички водствен стил во училиштето во кое учи и претприемачки активности во наставата во училиштето во кое учи.

**Наставниците** ги прашавме за: влијанието на содржините на предметите кои ги предаваат врз развојот на претприемачки вештини кај учениците; интересот на учениците за предметот кој го предаваат; интересот на учениците за предметот кој го предаваат; користењето на креативни форми на работа со учениците; користењето

примери од пракса или студија на случај во реализација на содржината од нивниот предмет при работа со учениците; организациската поставеност и менаџирање на училиштето во однос на поттикнување и развивање претприемничката свест кај учениците; стилот на водење на училиштето во кое работат; постоење и функционирање на виртуелна компанија во училиштето; квалитетот на практичната настава во нивното училиште; квалитетот на обуките во средните училишта од страна на невладиниот сектор и за потребата од стручна литература по однос на развојот на претприемничките вештини кај наставниците и учениците.

Првото прашање на кое одговараа менаџерите, а во функција на проверка на претходно наведената посебна хипотеза гласи: Средните училишта кај учениците развиваат способност за...

Менаџерите се изјаснуваа на секоја од понудените категории со избор на нивниот интензитет каде 1 е минимум , а 5 е максимум. Станува збор за следниве категории: *Професионално знаење*, *Склоност кон ризик*, *Храброст да почнат сами нешто свое*, *Способност да ракуваат со пари*, *Одговорност и точност во исполнување на обврските*, *Мотивација да направат нешто ново*, *Инспирација и креативност* и *Оргиналност на идеите*.

Во табелата бр.40 е претставена збирната обработка на резултатите од менаџерите кои одговариле на оваа прашање.

*Табела бр. 40:* Мислење на менаџерите за развиеност на претприемачки вештини кај учениците во средно училиште (Компарација)

| ***Претприемачки способности*** | (Збирно) | | | | | | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1 min.** | **2** | **3** | **4** | **5 max.** | **ар сред** | **Станд. дев.** | **ар сред.** | **Ст.. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **Разл. во ар. сред** | **Ст на слоб.** | **t-тест** | **p** |
| *професионално знаење* | 3 | 25 | 13 | 9 | 10 | 2,967 | 0,491 | 3,545 | 0,390 | 2,259 | 0,257 | 1,286 | 60 | 23,340 | p<0,01 |
| *склоност кон ризик* | 5 | 14 | 23 | 11 | 7 | 3,017 | 0,450 | 3,485 | 0,338 | 2,444 | 0,268 | 1,041 | 60 | 27,745 | p<0,01 |
| *храброст да почнат сами нешто свое* | 4 | 11 | 12 | 15 | 18 | 3,533 | 0,517 | 4,121 | 0,403 | 2,815 | 0,305 | 1,306 | 60 | 26,667 | p<0,01 |
| *способност да ракуваат со пари* | 15 | 15 | 20 | 6 | 4 | 2,483 | 0,383 | 2,970 | 0,313 | 1,889 | 0,189 | 1,081 | 60 | 25,847 | p<0,01 |
| *одговорност и точност во исполнување на обврските* | 2 | 15 | 13 | 12 | 18 | 3,483 | 0,530 | 3,727 | 0,390 | 3,185 | 0,350 | 0,542 | 60 | 29,567 | p<0,01 |
| *мотивација да направат нешто ново* | 8 | 17 | 10 | 15 | 10 | 3,033 | 0,478 | 2,697 | 0,325 | 3,444 | 0,344 | 0,747 | 60 | 36,871 | p<0,01 |
| *инспирација и креативност* | 4 | 36 | 5 | 10 | 5 | 2,600 | 0,462 | 2,576 | 0,325 | 2,630 | 0,329 | 0,054 | 60 | 28,408 | p<0,01 |
| *оргиналност на идеите* | 2 | 23 | 10 | 8 | 17 | 3,250 | 0,536 | 3,061 | 0,384 | 3,481 | 0,373 | 0,42 | 60 | 32,468 | p<0,01 |
| ***Вкупно*** | **43** | **156** | **106** | **86** | **89** | | | | | | | | | | |
| *%* | **8,958** | **32,500** | **22,083** | **17,917** | **18,542** | | | | | | | | | | |

Од резултатите во табелата се гледа дека:

- најголем број од менаџерите сметаат дека кај учениците во средно училиште најразвиени се претприемачките вештини *Храброст да почнат сами нешто свое* со вредност на аритметичката средина 3,533 и *Одговорност и точност во исполнување на обврските* со вредност на аритметичката средина 3,483;
- според менаџерите, средните училишта најмалку кај своите ученици ги развиваат следниве вештини: *Способност да ракуваат со пари* со вредност на аритметичката средина 2,483 и *Инспирација и креативност* со вредност на аритметичката средина 2,6;
- воочлива е разликата во перцепцијата на менаџерите за развиеност на наведните вештини кај учениците од проектните училишта и учениците од непроектни училишта и тоа кај првите доминираат *Храброст да почнат сами нешто свое* со вредност на аритметичката средина 4,121 и *Професионално знаење* со вредност на аритметичката средина 3,545, додека кај другите најразвиени се *Оргиналност на идеите* со вредност на аритметичката средина 3,481, и *Мотивација да направат нешто ново* со вредност на аритметичката средина 3,444;
- најголема разлика во аритметичката средина во полза на развиеноста на вештините кај учениците од проектни училишта е во исказот *Храброст да почнат сами нешто свое*, додека најголема разлика во аритметичката средина во полза на развиеноста на вештините кај учениците од непроектните училишта *Мотивација да направат нешто ново* со вредност на аритметичката средина 0,747 и
- и во овој случај, како и во претходните, вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,66 за степенот на слобода 60 и нивото на значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу мислењето на двете групи испитаници за секој модалитет. Тоа уште еднаш ги потврдува разликите во овој дел помеѓу училиштата кои се вклучени во проекти и оние кои не се вклучени во проектни претприемачки активности.

Од анализата на резултатите може да се забележи дека за конкретна оспособеност за претприемничко делување повеќе станува збор кај учениците од проектните училишта, имајќи го предвид фактот што исказите како *Мотивација да направат нешто ново* со вредност и *Храброст да почнат сами нешто свое* може да се протолкува како општа способност, додека вештините како *Храброст да почнат сами нешто свое* и *Професионално знаење* се поконкретни и повеќе претприемачки.

На истото прашање, но во прво лице еднина, одговараа и учениците од средните училишта. Нивните определби се поместени во табелата бр.41 (подолу).

*Табела бр. 41:* Мислење на учениците за развиеност на претприемачки вештини кај учениците во средно училиште (компарација)

| *Претприемачки способности* | (Збирно) | | | | | | | Ученици во вклучени училишта | | Ученици во невклучени училишта | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 min. | 2 | 3 | 4 | 5 max. | ар сред | Станд. дев. | ар сред. | Станд. дев. | ар сред. | Ст. дев. | Разл. во ар. сред. | Ст. на слоб | t- тест | p |
| *професионално знаење* | 60 | 78 | 105 | 108 | 149 | 3,416 | 1,456 | 3,641 | 1,167 | 3,075 | 0,862 | 0,566 | 500 | 30,208 | p<0,01 |
| *склоност кон ризик* | 41 | 76 | 155 | 130 | 98 | 3,336 | 2,369 | 3,485 | 1,531 | 3,111 | 0,871 | 0,374 | 500 | 25,397 | p<0,01 |
| *храброст да почнам сам нешто свое* | 9 | 41 | 102 | 116 | 232 | 4,042 | 3,082 | 4,249 | 1,998 | 3,729 | 1,123 | 0,52 | 500 | 22,378 | p<0,01 |
| *способност да ракувам со пари* | 22 | 31 | 82 | 141 | 224 | 4,028 | 3,068 | 4,143 | 1,933 | 3,854 | 1,175 | 0,289 | 500 | 23,564 | p<0,01 |
| *одговорност и точност во исполнување на обврските* | 24 | 18 | 88 | 107 | 263 | 4,134 | 3,175 | 4,093 | 1,903 | 4,196 | 1,314 | 0,103 | 500 | 25,067 | p<0,01 |
| *мотивација да направам нешто ново* | 19 | 21 | 67 | 111 | 282 | 4,232 | 3,274 | 4,066 | 1,887 | 4,482 | 1,431 | 0,416 | 500 | 26,076 | p<0,01 |
| *инспирација и креативност* | 9 | 22 | 92 | 152 | 225 | 4,124 | 3,165 | 4,027 | 1,862 | 4,271 | 1,345 | 0,244 | 500 | 25,727 | p<0,01 |
| *оргиналност на идеите* | 30 | 29 | 85 | 107 | 249 | 4,032 | 3,072 | 3,963 | 1,824 | 4,136 | 1,289 | 0,173 | 500 | 25,727 | p<0,01 |
| ***Вкупно*** | **214** | **316** | **776** | **972** | **1722** | | | | | | | | | | |
| *%* | **5,350** | **7,900** | **19,400** | **24,300** | **43,050** | | | | | | | | | | |

Од табелата се гледа дека:

- најголем број од учениците сметаат дека од претприемачките вештини во средното училиште најмногу кај нив се развива: *Мотивација да направат нешто ново* (ар. сред. 4,232), и *Одговорност и точност во исполнување на обврските* (ар. сред. 4,134), додека најмалку кај нив се развива *Склоност кон ризик* (ар. сред. 3,336), и *Професионално знаење* (ар. сред. 3,336);
- најголем број од учениците од средните училишта вклучени во претприемачки проектни активности се изјасниле дека кај нив училиштето најмногу развива *Храброст да почнат сами нешто свое* со вредност на аритметичката средина 4,249, и *Способност да ракуваат со пари* со вредност на аритметичката средина 4,143;
- најголем број од учениците од средните училишта кои не се вклучени во претприемачки проектни активности се изјасниле дека кај нив училиштето најмногу развива *Мотивација да направат нешто ново* со вредност на аритметичката средина 4,482 и *Инспирација и креативност* со вредност на аритметичката средина 4,271;
- најголема разлика во аритметичката средина во полза на развиеноста на вештините кај учениците од проектни училишта е во исказот *Професионално знаење*, додека најголема разлика во аритметичката средина во полза на развиеноста на вештините кај учениците од непроектните училишта *Мотивација да направат нешто ново* со вредност на аритметичката средина -0,416 и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, што оди во насока на нашата претпоставка. Најголема разлика има во вредностите во категоријата развиеност на професионално знаење, додека најмала разлика во категоријата *Храброст да почнам сам нешто свое.*

Констатацијата по однос на одговорите на учениците е слична со онаа на менаџерите кои исто така одговараа на оваа прашање. Имено, и во овој случај се покажува препознавање на развиеноста на конкретните претприемнички вештини од страна на учениците во проектните училишта, додека општите вештини за претприемачко делување се повеќе препознатливи како развиени кај учениците од непроектните училишта.

Во насока на проверка на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* беше и одговарањето на менаџерите на прашањето за развиеност на претприемачката поставеност на училиштата со кои соработуваат.

По однос на петте искази: *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности; Имаат програма за учење преку работа; Имаат програма за подготовка за вработување и работа; Вршат кариерно советување и Лесно се промовираат во средината*, се изјаснуваа со избор на еден од трите интензитети: се сомневам дека е така, можно е, но не сум убеден и убеден сум дека е така.

Во табелата бр.42 е претставена збирната обработка на резултатите од менаџерите кои одговариле на оваа прашање.

***Табела бр. 42:*** Перцепција на менаџерите за развиеност на претприемачката поставеност на училиштата со кои соработуваат (компарација)

| | Збирна резултати | | | | | За вклучени училишта | | За невклучени училишта | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се сомневам дека е така** | **можно е, но не сум убеден** | **убеден сум дека е така** | **Ар. сред** | **Ст. дев** | **Ар. средина** | **Станд. дев.** | **ар сред.** | **Станд. дев.** | **Разлика во ар. средини** | **Ст. слобода** | **t- тест** | **p** |
| *се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности* | 9 | 12 | 39 | 2,500 | 0,975 | 2,939 | 1,028 | 1,963 | 0,808 | 0,976 | 60 | 5,340 | p<0,01 |
| *имаат програма за учење преку работа* | 10 | 17 | 33 | 2,383 | 0,971 | 2,848 | 1,023 | 1,815 | 0,755 | 1,033 | 60 | 5,045 | p<0,01 |
| *имаат програма за подготовка за вработување и работа* | 9 | 16 | 35 | 2,433 | 0,983 | 2,697 | 0,960 | 2,111 | 0,934 | 0,586 | 60 | 5,906 | p<0,01 |
| *вршат кариерно советување* | 11 | 20 | 29 | 2,300 | 0,957 | 2,697 | 1,033 | 1,815 | 0,755 | 0,882 | 60 | 5,153 | p<0,01 |
| *лесно се промовираат во средината* | 20 | 9 | 31 | 2,183 | 0,833 | 2,576 | 0,958 | 1,704 | 0,624 | 0,872 | 60 | 5,712 | p<0,01 |
| ***Вкупно:*** | **59** | **74** | **167** | | | | | | | | | | |
| *%* | **19,667** | **24,667** | **55,667** | | | | | | | | | | |

Од анализата на резултатите поместени во табелата погоре се гледа дека вкупно 55,667% од менаџерите убедени се дека во секој од наведените искази постои претприемачката поставеност во училиштата.

Вредноста на аритметичката средина (2,500) на збирната обработка покажува дека *Се инвентивни, проактивни, преземаат иницијативи и претприемачки активности* и вредноста на исказот *Имаат програма за подготовка за вработување и работа* 2,433, покажуваат дека во тие сектори е најразвиена претприемачката поставеност на училиштата со кои соработуваат. Разгледувано по училишта, резултатите покажуваат дека според менаџерите, поголема развиеност на проектните училишта во однос на претприемничката поставеност има во првите две категории *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности* и *Имаат програма за учење преку работа.* Според менаџерите, помала развиеност на проектните училишта во однос на претприемничката поставеност има во категоријата *Лесно се промовираат во средината.*

Највисока вредност на училиштата во однос на развиеноста на претприемачката поставеност, според менаџерите, има исказот *Имаат програма за подготовка за вработување и работа* со вредност на ар. средина 2,111.

Од вредностите на стандардната девијација се гледа дека менаџерите во однос на исказот *Лесно се промовираат во средината* (0,958) кај проектните училишта и истиот тој исказ со вредност (0,624) кај непроектните училишта, покажуваат најголемо единство во мислењата, додека во исказите *Вршат кариерно советување* (1,033), кај проектните и исказот *Имаат програма за подготовка за вработување и работа* (0,934), најмногу се разидуваат.

Вредностите на t-тестот за секоја од категориите се повеќе од двојно поголеми од вредноста 2,66 за степенот на слобода 60 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу мислењето на двете групи испитаници за секој модалитет. Тоа уште еднаш ги потврдува разликите во овој дел помеѓу училиштата кои се вклучени во проекти и оние кои не се вклучени во проектни претприемачки активности.

Од претходно анализираното може да се констатира дека, иако постојат разлики помеѓу перцепцијата на менаџерите по оваа прашање, тие се незначителни во однос на одговорите на менаџерите на претхопдно обработените прашања.

За проверка на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* менаџерите ги прашавме и за постоењето на претприемнички водствен стил во училиштата со кои соработуваат.

Обработката на податоците е поместена во табелата бр.43 (подолу)

*Табела бр. 43:* Перцепција на менаџерите за постоење на претприемнички водствен стил во училиштата со кои соработуваат (збирна резултати)

| | **Збирна резултати** | | | | | **За вклучени училишта** | | **За невклучени училишта** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се сомневам дека е така** | **можно е, но не сум убеден** | **убеден сум дека е така** | **Ар. сред** | **Ст. дев** | **Ар. сред** | **Ст. дев** | **ар сред** | **Ст. дев** | **Разлика во ар. средини** | **Ст. на слобода** | **t- тест** | **p** |
| *добра комуникација помеѓу вработените во училиштето* | 8 | 18 | 34 | 2,433 | 0,998 | 2,788 | 1,005 | 2,000 | 0,882 | 0,076 | 60 | 5,415 | p<0,01 |
| *имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор* | 19 | 5 | 36 | 2,283 | 0,841 | 2,758 | 1,088 | 1,704 | 0,574 | 0,09 | 60 | 5,014 | p<0,01 |
| *имаат програма за подготовка за вработување и работа* | 17 | 10 | 33 | 2,267 | 0,872 | 2,818 | 0,953 | 1,593 | 0,575 | 0,1 | 60 | 5,166 | p<0,01 |
| *им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* | 16 | 10 | 34 | 2,300 | 0,885 | 2,939 | 1,028 | 1,519 | 0,515 | 0,112 | 60 | 4,485 | p<0,01 |
| *соработуваат со локалната самоуправа за развој на дефицитарните струки* | 16 | 20 | 24 | 2,133 | 0,882 | 2,485 | 1,035 | 1,704 | 0,648 | 0,072 | 60 | 5,292 | p<0,01 |
| ***Вкупно:*** | **76** | **63** | **161** | | | | | | | | | | |
| *%* | **25,333** | **21,000** | **53,667** | | | | | | | | | | |

Од табелата се гледа дека:

- претприемничкиот водствен стил во училиштата со кои соработуваат менаџерите најмногу е препознаен во *Добрата комуникација помеѓу вработените во училиштето* (вредност на ар. сред. 2,433);
- во однос на проектните училишта, најмногу е препознаено дека училиштата *Им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* (вредност на ар. сред. 2,939);
- во однос на проектните училишта, најмалку е препознаено дека училиштата *Соработуваат со локалната самоуправа за развој на дефицитарните струки* (вредност на ар. сред. 2,485);
- во однос на непроектните училишта, од менаџерите најмногу е препознаено дека во училиштата постои *Добра комуникација помеѓу вработените во училиштето* (вредност на ар. сред. 2 ,000);
- во однос на непроектните училишта, најмалку е препознаено дека училиштата *Им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* (вредност на ар. сред. 1,519);
- од вредностите на стандардната девијација се гледа дека менаџерите во однос на исказот *Имаат програма за подготовка за вработување и работа* (0,953) кај проектните училишта и исказот *Им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* со вредност (0,515) кај непроектните училишта, покажуваат најголемо единство во мислењата, додека во исказите *Имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор* (1,088), кај проектните и исказот *Добра комуникација помеѓу вработените во училиштето* (0,882), најмногу се разидуваат и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се повеќе од двојно поголеми од вредноста 2,66 за степенот на слобода 60 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу мислењето на двете групи испитаници за секој модалитет. Тоа уште еднаш ги потврдува разликите во овој дел помеѓу училиштата кои се вклучени во проекти и оние кои не се вклучени во проектни претприемачки активности.

Од претходно кажаното, иако со мали вредности, може да се констатира дека *проектните училишта од страна на менаџерите-нивни соработници, се проценети како места со поразвиен претприемнички водствен стил.*

За потребата од претприемачка обука за свое мислење ги прашавме учениците. Резултатите се во функција на проверка на посебната хипотеза: *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, учениците избираа една од понудените опции да, не или не можам да проценам за поставеното прашање *Сметаш ли дека и тебе ти е потребна обука за претприемништво?*

***Табела бр. 44:*** Мислење на учениците за потреба од обука за претприемништво

| ***ИСКАЗИ*** | **Збирна** | | **Ученици во вклучени училишта** | | **Ученици во невклучени училишта** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| *да* | 329 | 65,8 | 209 | 69,435 | 120 | 60,302 |
| *не* | 79 | 15,8 | 70 | 23,256 | 9 | 4,523 |
| *не можам да проценам* | 92 | 18,4 | 22 | 7,309 | 70 | 35,176 |
| ***вкупно*** | **500** | **100,0** | **301** | **100** | **199** | **100** |

Од добиените резултати поместени во табелата бр.44 може да се види дека според учениците:

- најголем број на ученици 329 или 65,8% од сите 500, сметаат дека имаат потреба од обука за претприемништво, додека 79 или 15,8% сметаат дека тоа не им е потребно;
- поголем број од учениците од проектните училишта 209 или 69,435% сметаат дека имаат потреба од таква обука, додека нешто помалку или 120 или 60,302% од учениците од непроектни училишта го сметаат истото и
- скоро обратно пропорционални се резултатите во останатите две категории каде дека не им треба таква обука се изјасниле поголем број ученици од проектните училишта 70 или 23,256%, додека 70 или 35,176% од учениците од непроектните училишта се изјасниле дека не можат да ја проценат потребата.

Од кажаното може да се види дека постои свесност кај сите ученици за потреба од обука за претприемништво, со напомена дека тој број е поголем кај учениците од проектните училишта. Постоењето на поголем број на ученици од непроектните училишта кои не можат да проценат дали им е тоа потребно може да се протолкува за помалку развиена свест кај учениците за развој на претприемачки способности, што уште еднаш е во прилог на потврдување на претходно поставената посебна хипотеза.

Во однос на истата хипотеза Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности и во иста насока, учениците ги прашавме и за потребните содржини со кои треба да се збогатат нивните програми. Со избор од 1 до 5 каде еден е најмалку потребно, а 5 најмногу потребно, учениците се определуваа за секој од понудените предмети.

***Табела бр. 45:*** Мислење на учениците за потреба од содржини по претприемништво (компаративна анализа)

| ***Содржини*** | **Збирна резултати** | | | | | | | **За вклучени училишта** | | **За невклучени училишта** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Најмалку потребно 1** | **2** | **3** | **4** | **Најмногу потребно 5** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **Ст. на слобода** | **t- тест** | **p** |
| *менаџмент* | 33 | 48 | 121 | 148 | 150 | 3,668 | 1,447 | 2,142 | 0,604 | 1,526 | 0,794 | 500 | 20,917 | p<0,01 |
| *претприемништво и бизнис* | 24 | 28 | 81 | 125 | 242 | 4,066 | 1,582 | 2,442 | 0,541 | 1,624 | 0,727 | 500 | 24,515 | p<0,01 |
| *деловно комуницирање* | 19 | 47 | 100 | 156 | 178 | 3,854 | 1,500 | 2,280 | 0,586 | 1,574 | 0,771 | 500 | 22,211 | p<0,01 |
| *маркетинг* | 55 | 44 | 99 | 156 | 146 | 3,588 | 1,426 | 2,234 | 0,640 | 1,354 | 0,774 | 500 | 18,250 | p<0,01 |
| *финансиски менаџмент* | 25 | 58 | 88 | 126 | 203 | 3,848 | 1,556 | 2,630 | 0,412 | 1,218 | 0,707 | 500 | 19,333 | p<0,01 |
| *менаџмент на време* | 52 | 79 | 105 | 155 | 109 | 3,380 | 1,400 | 2,148 | 0,654 | 1,232 | 0,736 | 500 | 16,985 | p<0,01 |
| ***Вкупно*** | **208** | **304** | **594** | **866** | **1028** | | | | | | | | | |
| ***%*** | **6,933** | **10,133** | **19,8** | **28,867** | **34,267** | | | | | | | | | |

Од наведеното во табелата погоре може да се види дека:

- учениците најголема потреба имаат од изучување на содржини од *претприемништво и бизнис* (ар. сред. 4,066), додека најмалку имаат потреба од изучување на содржини од *Менаџмент на време* (ар. сред. 3,380);
- најголем број учениците од проектните училишта имаат потреба од изучување на содржини од *Финансиски менаџмент*, додека од непроектните училишта имаат потреба од изучување на содржини од *Претприемништво и бизнис*;
- најмалку потребни на учениците од проектните училишта се содржини од *Менаџмент*, додека од непроектните училишта содржини од *Финансиски менаџмент*;
- по однос на стандардната девијација, најголеми вредности кај учениците од проектните училишта има кај предметот *Менаџмент на време* (0,654), додека кај учениците од непроектните училишта најголема вредност има кај предметот *Менаџмент* (0,794), што покажува дека учениците се најразединети во своето мислење по тие ставови;
- најмали вредности кај стандардната девијација на одговорите на учениците од проектните училишта има кај предметот *Претприемништво и бизнис* (0,541), додека кај учениците од непроектните училишта најмала вредност има кај предметот *Финансиски менаџмент* (0,707), што покажува дека учениците се најединствени во своето мислење по тие ставови и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, што оди во насока на нашата претпоставка. Најголема разлика има во вредностите во категоријата развиеност на *Претприемништво и бизнис*, додека најмала разлика во категоријата *Маркетинг*.

Од наведеното може да се види дека сите ученици генерално имаат потреба од содржини за претприемачко оспособување, и дека помеѓу мислењето на оние ученици од проектните и оние од непроектните училишта има значителни разлики.

Едно од поконкретните прашања за претприемничката поставеност на училиштата на кое одговараа учениците е прашањето за чувствата кои ги имаат учениците по однос на претприемничката поставеност на нивното училиште.

Ученици се определуваа за една од трите категории: *се сомневам дека е така, можно е, но не сум убеден* и *убеден сум дека е така* за следниве искази: *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности; Имаат програма за учење преку работа; Имаат програма за подготовка за вработување и работа; Вршат кариерно советување* и *Лесно се промовираат во средината.*

Резултатите од обработката на одговорите на учениците се поместени во табела бр.46.

*Табела бр. 46:* Мислење на учениците за претприемачката поставеност на училиштето во кое учи (компаративна анализа)

| | **Збирна резултати** | | | | | **За вклучени училишта** | | **За невклучени училишта** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се сомневам дека е така** | **можно е, но не сум убеден** | **убеден сум дека е така** | **ар сред** | **Станд. дев.** | **ар сред** | **Станд. дев.** | **ар сред** | **Станд. дев.** | **Ст. на слобода** | **t- тест** | **p** |
| *се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности* | 54 | 178 | 268 | 2,428 | 1,022 | 2,239 | 0,965 | 2,714 | 1,081 | 500 | 26,423 | p<0,01 |
| *имаат програма за учење преку работа* | 179 | 213 | 108 | 1,858 | 0,763 | 1,894 | 0,783 | 1,804 | 0,730 | 500 | 24,374 | p<0,01 |
| *имаат програма за подготовка за вработување и работа* | 125 | 118 | 257 | 2,264 | 0,901 | 2,508 | 0,974 | 1,894 | 0,752 | 500 | 21,957 | p<0,01 |
| *вршат кариерно советување* | 87 | 198 | 215 | 2,256 | 0,963 | 2,538 | 1,089 | 1,829 | 0,736 | 500 | 19,867 | p<0,01 |
| *лесно се промовираат во средината* | 199 | 154 | 147 | 1,896 | 0,755 | 2,113 | 0,832 | 1,568 | 0,560 | 500 | 23,064 | p<0,01 |
| ***Вкупно:*** | **644** | **861** | **995** | | | | | | | | | |
| *%* | **25,760** | **34,440** | **39,800** | | | | | | | | | |

Од табелата се гледа дека:

- има значителна разлика по однос на секоја од категориите во однос на вкупниот број на добиени гласови, односно 644 или 25,760% за првата категорија, 861 или 34,440% за втората категорија и 995 или 39,8% од оговорите;
- од вкупно 500 ученици највисока вредност на аритметичката средина добил исказот *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности* 2,428, додека најниска вредност исказот *Имаат програма за учење преку работа* (1,858);
- најголемо единство кај сите испитаници има во исказот *Лесно се промовираат во средината* со вредност на стандардната девијација 0,755, додека учениците најмногу се разидуваат по однос на исказот *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности*, со вредност на стандардната девијација 1,022;
- учениците од проектните училишта најпозитивно се изјасниле за исказот *Вршат кариерно советување* со вредност на ар. средина 2,538, додека кај учениците од непроектни училишта тоа е исказот *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности* со вредност на ар. средина 2,714;
- од вредностите на стандардната девијација може да се види најголемо единство кај учениците од проектните училишта постои во исказот *Имаат програма за учење преку работа*, исто како и учениците од непроектни училишта и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, што оди во насока на нашата претпоставка. Најголема разлика има во вредностите во категоријата *Се инвентивни, проактивни, превземаат иницијативи и претприемачки активности*, додека најмала разлика во категоријата *Вршат кариерно советување*.

Ова сознание е во прилог на потврдување на посебната хипотеза: *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, иако станува збор за мислење кое нема значителни отстапувања во исказите на учениците во различни училишта според учеството во проектни активности.

Едно од прашањата на кое одговараа учениците е и она на кое одговараа менаџерите, а се однесува на водствениот стил на училиштето. Тоа е исто така во функција на проверка на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности.*

***Табела бр. 47:*** Мислење на учениците по однос на претприемнички водствен стил во училиштето во кое учат (компаративна анализа)

| | **Збирна резултати** | | | | | **За вклучени училишта** | | **За невклучени училишта** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се сомневам дека е така** | **можно е, но не сум убеден** | **убеден сум дека е така** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **ар сред.** | **Ст. дев.** | **Ст.на слоб** | **t- тест** | **p** |
| *добра комуникација помеѓу вработените во училиштето* | 186 | 99 | 215 | 2,058 | 0,800 | 2,399 | 0,942 | 0,614 | 0,685 | 500 | 6,029 | p<0,01 |
| *имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор* | 147 | 198 | 155 | 2,016 | 0,844 | 1,977 | 0,804 | 0,826 | 0,651 | 500 | 10,656 | p<0,01 |
| *имаат програма за подготовка за вработување и работа* | 159 | 207 | 134 | 1,950 | 0,813 | 2,150 | 0,887 | 0,656 | 0,451 | 500 | 8,734 | p<0,01 |
| *им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* | 95 | 86 | 319 | 2,448 | 0,942 | 2,771 | 1,000 | 0,780 | 0,725 | 500 | 7,330 | p<0,01 |
| *соработуваат со локалната самоуправа за развој на дефицитарните струки* | 65 | 236 | 199 | 2,268 | 0,998 | 2,183 | 0,972 | 0,954 | 0,738 | 500 | 10,258 | p<0,01 |
| ***Вкупно:*** | **652** | **826** | **1022** | | | | | | | | | |
| *%* | **26,080** | **33,040** | **40,880** | | | | | | | | | |

Од табелата се гледа дека:

- претприемничкиот водствен стил во училиштата од страна на учениците е препознаен во *Овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* (вредност на ар. сред. 2,448);
- во однос на проектните училишта, најмногу е препознаено дека училиштата *Им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* (вредност на ар. сред. 2,771);
- во однос на проектните училишта, најмалку е препознаено дека училиштата *Имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор* (вредност на ар. сред. 1,977);
- во однос на непроектните училишта, од учениците најмногу е препознаена *Соработката со локалната самоуправа за развој на дефицитарните струки* (вредност на ар. сред. 0,954);
- во однос на непроектните училишта, најмалку е препознаено дека во училиштата има *Добра комуникација помеѓу вработените во училиштето* (вредност на ар. сред. 0,614);
- од вредностите на стандардната девијација се гледа дека учениците во однос на исказот *Имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор* (0,804) кај проектните училишта и исказот *Имаат програма за подготовка за вработување и работа со вредност* (0,451) кај непроектните училишта, покажуваат најголемо единство во мислењата;
- во исказите *Им овозможуваат на своите наставници професионално да се усовршуваат* (1,000), кај проектните и исказот *Соработуваат со локалната самоуправа за развој на дефицитарните струки* (0,738), мислењата на учениците најмногу се разидуваат и
- вредностите на t-тестот за секоја од категориите се значително поголеми од вредноста 2,59 за степенот на слобода 500 и нивото значајност 0,01, што покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу двете групи испитаници за секој модалитет, што оди во насока на нашата претпоставка. Најголема разлика има во вредностите во категоријата *Имаат отворени врати за соработка со поединци и институции однадвор*, додека најмала

разлика во категоријата *Добра комуникација помеѓу вработените во училиштето.*

Од претходно кажаното, може да се констатира дека проектните училишта од страна на нивните ученици, се проценети како места со поразвиен претприемнички водствен стил.

Покрај мислењето на учениците и менаџерите, за оваа проблематика сметавме дека е добро да добиеме мислење и од страна на наставниците. Како наставниците би ги поштедиле од пополнување на анкетен лист, но и остварување на непосреден контакт со истите за поголема искреност во одговорите, направивме едно попоструктурирано интервју.

Едно од многуте прашања на кое одговараа наставниците, а се однесува на испитување на посебната хипотеза која гласи: *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* е прашањето: *Дали сметате дека поставеноста на содржините по вашиот предмет поттикнуваат и овозможуваат развој на претприемачките особини и вештини кај учениците?*

Одговорите на оваа прашање во вид на искази структурирани во две колони во однос на вклученоста на училиштата во проектни активности се поместени во табелата бр.48.

***Табела бр. 48:*** Мислење на наставниците за влијанието на содржините на предметите кои ги предаваат врз развојот на претприемачки вештини кај учениците

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Предметот соодветствува за примена на претприемничките способности;<br>• Содржините од мојот предмет поттикнуваат претприемачки особини од терцијалниот сектор (туризам);<br>• Не;<br>• Не, сметам затоа што учениците по математика имаат многу помалку наставни единици со практична примена;<br>• Да;<br>• Сметам дека поставеноста на содржините | • Содржината на предметот овозможува поттикнување на претприемачки вештини кај учениците, кај повеќе е потребна практична примена со што повеќе ќе се вклучат ученици;<br>• Содржините постојано се менуваат т.е наставни содржини можат да потикнат развој и вештини;<br>• Бидејќи се повеќе предмети од струката што ги предавам не сите овозможуваат претприемачки особини и вештини–стари програмски содржини кои треба да се ревидираат што |

постојано се менува, некои содржини треба да се додадат за да се поттикне и овозможи развој на претприемачки особини и вештини кај учениците;

- Делумно;
- Содржините би можеле да поттикнуваат, но со последната реформа на гимназиското образование програмата е многу намалена;
- Недоволно, зато што моите предмети се поврзани со законот и не дозволуваат развој на овие особини во целост;
- Да, со оглед на тоа дека содржината од наставниот материјал е поврзана со теми актуелни за претприемништво и бизнис;
- Секогаш има простор за дополнување и промена на дел од наставните содржини како последица на промените во окружувањето;
- Дел изучуваме во теми од областа „Професии и вработувања во гимназијата";
- Сметам дека поттикнуваат и овозможуваат развој;
- Бидејќи мојот предмет е поврзан со економијата, а таа се сретнува на секој чекор надвор од училиштето и се е економија затоа сметам дека многу ќе влијае кон развојот на вештините и способности и кај учениците за нивно вклучување на учениците во бизнисот;
- Да;
- Поттикнуваат, но не делумно бидејќи и програмата не е реформирана;
- Недоволно;
- Не и сметам дека не се соодветни за прототипот и местото;
- Поттикнуваат, но не доволно;
- Делумно;
- Да, кај одредена група ученици;
- Да, делумно;
- Да, затоа што предметот е таков
- Сепак, едно значајно планирање ќе ги поттикне учениците со нивните неизмерни способности;
- Секако дека ги поттикнува, но има и места и за промоција и појаснување на содржината;
- Да, до некаде;
- Да;
- Мислам да;
- По предметот што предавам поттикнува и овозможува минимум на вештините на учениците каде знаењето и вештините можат да ги применуваат на испити;
- Мислам дека да;
- Мислам до некаде планирањето овозможува искористување на способностите и вештините;
- Да;
- Мислам дека задоволувачки го поттикнува развојот и способноста и вештините кај учениците.

побргу;

- Не, бидејќи многу е застарена програмата;
- Да;
- Во некои години да;
- Кај одредени наставни теми, но не се однесува на сите теми што се работат по наставните програми;
- Делумно;
- Кај одредена содржина поврзани со претприемништвото;
- Да, бидејќи се развива логичкото мислење на учениците, но не во голем процент;
- Мојот предмет е од друга природа и повеќе поттикнува уметнички дух кај учениците отколку претприемачки;
- Секако дека да, треба да се направи една професионална дневна подготовка за планирањето, може да им се овозможи на учениците за тие да имаат понатамошен успех и истиот да се примени;
- Да и содржинските планирања на учениците и овозможува развој на ученичките вештини;
- Мислам дека се овозможува развој на вештини, како и димензионални вештини, затоа што наставната содржина е интересна за нивната возраст;
- Во зависност од интересот на учениците има и од тие што се заинтересирани и се поттикнати, има и такви кои немаат интерес;
- Главно предметот менаџмент им овозможува на учениците еден поширок развој на вештините и знаењата со кои се сретнуваат и во понатамошниот живот, како и на електронски начин од вештините што учениците ги развиваат со успех;
- Мислам да, затоа што учениците се обезбедуваат со со потребните знаења за образованието (понатамошно);
- Да, дефинитивно 50 % од материјалот е од микроекономија со развивање на знаењата за претпријатијата, побарувањата, понудените факторите на производство, нивните пазари, фукционирање на производството, трошоци структурата на пазарот и др., кое дефинитивно ќе послужат како вештина за менаџирање;
- Сигурно дека *да*.

Од исказите кои се поместени во претходната табела се забележува дека не постојат разлики во исказите на наставнците од различните категории училишта. Имено најголем број на наставниците и од едните и од другите сметаат дека содржините на предметите кои ги предаваат имаат влијание врз развојот на претприемачки вештини кај учениците. Тоа е поочигледно посебно во преметите кои директно упатуваат на таквата поврзаност: микроекономија, менаџмент, економија. Позитивно е тоа што и кај едните и кај другите наставници постои перцепција дека некои од предметите повеќе го дозволуваат таквото влијание, а други помалку. Исто е значајно да се каже дека и интересот на учениците е значаен за развој на претпремачките вештини на учениците.

Уште едно од прашањата на кое одговараа наставниците, а се однесува на предметот кој го предаваат е *Каков е интересот на учениците за вашиот предмет?*

Одговорите на оваа прашање во вид на искази структурирани во две колони во однос на вклученоста на училиштата во проектни активности се поместени во табелата бр.49.

***Табела бр. 49:*** Мислење на наставниците за интересот на учениците за предметот кој го предаваат

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Учениците покажуваат голем интерес и имаат одлична соработка;<br>• Учениците покажуваат солиден инетерес за мојот предмет, активно учествуваат на часовите, дискутираат прашуваат;<br>• Релативно голем;<br>• Зависи од паралелка до паралелка. Во некои паралелки како природно-математички комбинација интересот е голем;<br>• Делумно заинтересирани;<br>• Има одлична соработка со учениците, имаат голем интерес (се однесува на поголем број ученици), додека кај многу мал број забележувам послаб интерес;<br>• Задоволувачки, истиот варира во зависност од индивидуалниот пристап на ученикот;<br>• Би можело да се каже дека е на задоволително ниво;<br>• Многу добар;<br>• Варира во зависност од нивото на познавање на јазикот; | • Учениците се послабо заинтересирани за предметот;<br>• Добар, но во стручните училишта треба повеќе напор на наставниците и поврзување со област од која се обврзуваат;<br>• Различен пристап од страна на учениците со слаб интерес, со впечаток на присилно учење;<br>• Делумно има интерес, но зависи од тоа што се работи на час;<br>• Слаб;<br>• Не многу голем, попрецизно мал;<br>• Индивидуално некои ученици имаат повеќе интерес некои помалку;<br>• Постои голема заинтересираност поради истиот се полага на државна матура, а можеби интересот зависи и од професорот;<br>• Доста голем интерес особено кога наставната единица е поврзана со случувања од секојдневниот живот;<br>• Задоволително;<br>• Голем интерес кај одделни ученици, а кај одделни |

- Делумно задоволува, секако кај некои ученици интересот е поизразен а кај други е помал интересот, што сметам дека е нормално;
- Има ученици кои имаат голем интерес и воедно учествуваат во активности на Германската секција, а други воопшто не се заинтересирани;
- Интересот е одличен;
- Учениците покажуваат голем интерес за мојот предмет што е поврзан со економијата во државата. Доказ за тоа е огромниот број на ученици што се пријавуваат за матура (проектна задача и интерен испит);
- Во зависност од интересот на учениците, средно;
- Интересот на учениците воглавно се намалува, затоа е тешко да се констатира за значителен интерес;
- На задоволувачко ниво;
- До некаде;
- Средно;
- Интересот е само кај мојот предмет, но верувам дека и во другите предмети кај учениците е секогаш со тенденција на намалување од различни причини, но на мојот предмет има една група што е многу добра;
- Добар;
- Мислам дека интересот на учениците за предметот има едно значајно ниво, бидејќи и самиот предмет е предмет привлекувачки во содржина со актуелните социјални проблеми.

помалку;

- поради тоа што овој предмет е активен и интересот е голем;
- Подобрите ученици имаат поголем интерес;
- Мојот предмет е од друга природа и повеќе поттикнува уметнички дух кај учениците отколку претприемнички;
- Добар;
- Учениците имаат голем интерес;
- Незадоволителен;
- Интересот кон предметот е голем;
- Задоволителен;
- Делумно;
- Незадоволителен;
- Мислам дека не е среден, дека предзнаењата се многу слаби а интересот е голем затоа што се свесни за значењето на предметот за нивната струка;
- Не до степен до кој се очекува;
- Постои заинтересираност;
- Задоволителен;
- Во зависност од структурата на учениците има солиден интерес;
- Интересот зависи од поставување на прашањата и ангажираноста на активностите како такви. Интересот е добар и завиден;
- Релативно добар;
- Учениците се заинтересирани, бидејќи најмногу содржи практична работа;
- Предметот економија е изборен предмет, учениците кои го избрале биле заинтересирани, исто така еден голем дел од учениците доаѓаат од семејства со семеен бизнис, затоа нивниот интерес за економија, бизнис, менаџмент е голем;
- Релативно добро;
- Донекаде има интерес, но интересот е мал;
- Има ученици што се интересираат, но има и од тие што немаат интерес;
- Голем е интересот;
- Има заинтересирани ученици но има и незаинтересирани ученици;
- Заинтересираноста е многу слаба, слабо за предметот што го предавам јас;
- Позитивно;
- Интересот е солиден.

Од табелата бр. 49 се гледа дека нема разлики во мислењето помеѓу наставниците од оние училишта кои се вклучени во проектни активности од оние кои не се вклучени. Најголемиот број наставници го истакнуваат карактерот на предметот како одлучувачки за развојот на претприемачки вештини кај учениците.

Одговорот на ова прашање се обидовме да го поткрепиме со извесно дополнување и одговарање на наставниците на прашањето *Врз база на што го проценувате ?*

Одговорите на наставниците се структурирани во две категории на наставници и поместени во табела бр. 50 (види подолу)

***Табела бр. 50:*** Мислење на наставниците за начинот на проценка на интересот на учениците за предметот кој го предаваат

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Врз база на нивната вклученост во наставното образовниот процес;<br>• Врз основа на тоа што мојот предмет е од големо значење за секојдневен професионален живот;<br>• Врз база на активностите на учениците во наставата и воннаставните активности;<br>• Врз основа на активностите, склоност кон предметот;<br>• Според одговорите, активностите на ученикот, дискусија, изработка на проекти;<br>• Има солидни ученици од кои добар дел се упатуваат на студии за кои овие знаења се од особена важност;<br>• Ангажирање и постигање на часови;<br>• Врз основа на нивните активности и постигања на часови;<br>• Врз основа на заинтересирањата на учениците и нивната вклученост во дискусии на часови;<br>• Учество на учениците во додатната настава, учество во натпревари, изработување на практични задачи и како стручен изборен предмет за завршна државна матура;<br>• По заинтересираноста за време на часовите;<br>• Врз основа на активностите и разговорите што ги имам водено со учениците, поседувале вредност;<br>• Врз основа на задачите што ги извршуваат учениците, врз основа на активностите за време на час;<br>• Врз основа на ангажираноста за време на час. | • Врз основа на писмени и усни одговори и практични активности;<br>• Реализацијата на наставните едници во смисла на бројот на решени задачи, ниво на решени задачи;<br>• Врз основа на усни проверки, вклученост на дискусија и др.;<br>• Врз основа на активностите на час и резултатите;<br>• Редовноста на часовите, ангажираноста на учениците на час, постигнати резултати;<br>• Првите учествуваат со голем интерес и на часовите и во секцијата, другите неградат никаков моментален интерес во изградувањето на јазикот и имаат слаби предзнаења;<br>• Работата на учениците;<br>• Заинтересираноста на часовите поврзана со материјалот, со реалноста;<br>• Намалена мотивацијата кај учениците;<br>• На дискусија;<br>• Чуството дека морале некаде да се запишат или желба на родителите;<br>• Колку се активни на часот;<br>• Искажувања на учениците;<br>• Врз основа на успехот што го постигнуваат;<br>• Врз база на мотивацијата на ученикот, активностите на час, воннаставните активности;<br>• Искуство и работа;<br>• Врз база на прашањата и коментарите од учениците;<br>• Заинтересираноста на час и покажаните резултати;<br>• Врз база на нивниот постигнат успех;<br>• Долгогодишната работа;<br>• Врза основа на тестовите и на самиот час;<br>• Од вниманието кај учениците, од нивните одговори, од нивните активности за време на |

часовите, како и од сработеното, домашните задачи, читање;

- Успехот, вниманието на час, поставени прашања;
- Се интересираат за наставата, поставуваат прашања, ги исполнуваат работните задачи;
- Од односот на учениците за време на настава, дополнителни часови;
- Редовноста и интересот кон додатната секција, пред се редовноста при изведување практична работа кај социјалните партнери, часови;
- Активност, постигања, часови;
- Заинтересираност на наставата и часовите;
- Врз база на разговорите со учениците, часови
- Според знаењата и способностите што ги покажуваат и реализацијата на имагинацијата и интелегенцијата во практика;
- Врз основа на секојдневието со која се соочуваат;
- Врз основа на повратните информации што доаѓаат од работа и активностите на учениците и нивните резултати;
- Врз основа на заитересираноста на учениците;
- Долгата ангажираност, нивна реализација, повторување;
- Врз основа на материјалите што тие ги имаат;
- Врз основа на нивниот ангажман на наставниот час;
- Земајќи го предвид образовното нивó, возраста на учениците и некои други објективни фактори што ги имаат учениците во развојот на воспитно-образовниот процес;
- Како што спомнавме погоре, врз основа на поставувањето на прашањата, вниманието, концетрацијата и заинтересираноста;
- Врз основа на работата на професорот за да ги мотивира учениците, воедно и постигнувајќи го саканиот резултат, како од наставната така и од професионалната активност;
- Врз основа на успехот и симпатијата која ја имаат за предметот;
- Од учество во активности на час;
- Врз основа на нивните активности;
- Од активностите на час.

Во наведеното од табелата се забележуваат разлики по однос начинот на добивање на сознанија за степенот на интересност на содржините кај учениците во средните училишта. Имено, се забележува дека наставниците во училиштата своите сознанија за прифатеноста и интересот на учениците за предметот кој го предаваат ги добиваат преку активната позиција на ученикот во наставата, практичниот ангажман на

ученикот во наставата. Од друга страна кај наставниците кои работат во училишта кои не се вклучени во проектни претприемачки активности во најголем број сознанијата доаѓаат од тестирањето на учениците, мерење на знаењата на учениците и интересот на часот.

Посебно интересно за нас во проверката на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* беше да го испитаме мислењето на наставниците по однос на користењето на креативни форми на работа со учениците. Наставниците одговараа на прашањето кое гласи: *Дали во реализација на вашиот предмет користите креативни форми на работа со учениците?*

Одговорите на оваа прашање во вид на искази структурирани во две колони во однос на вклученоста на училиштата во проектни активности се поместени во табелата бр.51.

***Табела бр. 51:*** Мислење на наставниците за користењето на креативни форми на работа со учениците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
| --- | --- |
| • Изработка на проекти, спроведувања на истражувања, експериментирања презентации во Power Point;<br>• Да, изработка на модел на сончев систем;<br>• Да, истражувања, споредба, дискусија квиз;<br>• Да, најчесто користам метод на самостојна работа, групна работа или работа во парови;<br>• Дебата – интерперсонална. Наведување на нови идеи кои понатаму се обработуваат;<br>• Изработка на албум и презентации на компјутер;<br>• Да;<br>• Истражувачки активноски –разни техники за креативно мислење;<br>• Да, играње на улоги, симулации на реални ситуации, практична изработка на мапи, истражувања и друго;<br>• Интернет, собирање информации, гледање филмови на ДВД; | • Симулација на реална ситуација, решавање на проблемска ситуација;<br>• Да, вежби по групи и презентации-истражувања и презентации;<br>• Интернет пребарувања, готови проекти, модели кои учениците сами ги изготвуваат, макети;<br>• Компјутерска презентација на учениците на проект од страна на група ученици, следење филмови и дебатирање на одредени проблеми;<br>• Содржините се поврзуваат со примери од практична примена на истите –изработка на проекти-истражувања-активно учество во наставата;<br>• Не баш, затоа што условите не го дозволуваат тоа; од креативноста преку задачи кои се поставуваат како проблем за решавање и преку пребарување на интернет за да видат некој проблем како е решен во светот;<br>• Да, наставни техники, компјутери, хамери;<br>• Експеримент, направи сам (со обичен материјал);<br>• Техника на учење и нагледни сретства (хамери и |

- Со работа во групи и преку насочено водење на дискусија може добро да се види и оцени креативноста на секој ученик исто така добра е и додатната настава за учениците кои имаат голем интерес;
- Изработка на визуелни прилози-слики и текст на хартија извадени како информација за некоја тема од интернет или учебник;
- Презентација на обрасци, практични вежби;
- Секогаш користат методи и форми каде им даваме простор за развој на креативноста и подобрување на ефикасноста на одредени реални проекти во училиштето;
- Пред се интерактивна настава каде главен субјект е ученикот, работата со компјутери им го прави попристапен предметот на учениците;
- Да, учество на ИКТ опрема, наставни ливчиња за самооценување –кога сами се оценуваат во парови или групи;
- Работа во групи, работа во парови, работа во кругови и друго;
- Да, студија на случај, истражувања проблемска настава и друго;
- Да, примери од секојдневниот живот каде што има примена на предметот;
- Техники за креативно размислување (разбуди го мозокот, дисциплина, проблемот фрлање, преврти го проблемот, УПЦУ, АСНУ, УПТФ) проекти-самостојно учење, тимска работа ИКТ;
- Групна работа, дискусија за проблеми, играње улоги, мислења, комплетна причина, табеларно прикажување, шематски приказ.

презентации);
- Да, нагледни средства;
- Да, техника на учење ИКТ, изработка на хамери;
- Компјутери Power Point и презентација;
- Да, решавање на задачи на интернет, составување на писма, самостојно читање и слушање со разбирање;
- Користење на разни форми и техники - ИКТ;
- Изработка на проекти за одредени наставни содржини, примена на ИКТ, самостојно учење, изработување на наставни средства и наставни помагала, нагледност во наставата;
- Да, понекогаш;
- Во зависност од наставната содржина, се употребуваат и разновидни форми во групи, парови и друго, но понекогаш часот е поефективен ако јас давам поопширни објаснувања;
- Поради недостаток на средства е тешко да се изведе креативна форма особено на природни науки;
- Да, интеркомуникација, работа во парови, во групи, проектни активности;
- Да, ги употребувам некои форми;
- Природно да, тоа е составен дел од секојдневната работа, но не се дава можност за да се реализира секоја методска единица, каде се дава можност да реализирам една такво нешто давајќи им како задача напишано на хартија и друго;
- Да секако, учениците се нај ангажирани во реализација на проектите;
- Честите форми кои ги користам во реализација на часовите се интерактивните дискусии и презентација и анализа на конкретните примери од секојдневниот живот;
- Без разлика на условите и можностите реализираме и такви форми;
- Има различни начини за реализација како на пр. реализација на наставната единица која ја поврзувам со работи со кои ние се сретнуваме во секојдневниот живот, активна настава, достапна и потребна за нас;
- Да, додека го решаваме проблемот ги охрабрувам учениците за да го бараат сами патот до пронаоѓање на решението, не да го следат слепо моделот;
- На пример додека се реализира темата функцијата на производството или анализата на потрошувачката, учениците работат користејќи конкретни случаеви, работат во групи, секоја група одбира свој продукт и се анализира фукцијата на продуктот, во макроекономија учениците го употребуваат интернетот за да го збогатат знаењето за буџетот, фискалната и монетарната политика и друго;

- Креативната метода ја претставува најважниот дел од реализација на наставниот час;
- Работиме индивидуална наставна форма, во групи додека ги употребуваме и средствата за работа;
- Да, на пример тие работат индивидуално или во групи, спроведувајќи го тоа што се бара, користејќи соодветна литература;
- Да, употребувам;
- Да, индивидуално. Во групи, усно или пишано;
- Да, секогаш употребувам средства и методи за да го направам часот поатрактивен;
- Да, индивидуалната работа, во групи, инстутицонални посети, адекватни што се во склоп со наставната единица.

Може да се забележи дека постојат разлики во сфаќањата на наставниците по однос на користењето на современи наставни стратегии во текот на наставниот процес.

Од наведеното во табелата се гледа дека наставниците кои работат во училишта вклучени во проектни активности за претприемачко делување се попрецизни во исказите, пократки и појасно ги образложуваат своите ставови. За разика од нив, наставниците кои работат во училишта кои не се вклучени во претприемачки проектни активности наведуваат поголем број на искази, најчесто истите се со нејаснотии, долги и непрецизни, што упатува на извесна приученост и веројатно несоодветно или не користење на современите наставни стратегии во реализација на воспитно-образовниот процес.

По однос на четвртата хипотеза уште еднаш се обративме до мислењето на наставниците и тоа овој пат за користењето на примери од пракса и студија на случај во реализација на предметот што го предаваат.

Одговорите во вид на искази на наставниците ги поместивме во табелата подолу.

***Табела бр. 52:*** Мислење на наставниците за користењето примери од пракса или студија на случај во реализација на содржината од нивниот предмет при работа со учениците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Користењето на примери од пракса или студија на случај е многу полезна и корисна, ги користам често и ги применувам во наставниот процес;<br>• Користам примери од студирањето;<br>• Користам примери од пракса;<br>• Да, користам зависно од наставната единица доколку има можности за компарација;<br>• Користам од пракса и од студија на случај;<br>• И примерот од пракса и студија на случај- одличен начин на истражување и истражувања;<br>• Да, примери од пракса и локална средина;<br>• Многу примери во прехранбената индустрија, агрономија, биотехнологија;<br>• Кога наставната содржина тоа го бара и дозволува секако се користат практични примери;<br>• Примери од пракса, но и студии на случај– пространет на заинтересираноста на младите во Германија за одредени образовни и професионални профили;<br>• Користам;<br>• Секојдневно, на сите часови користиме реални примери и секогаш ги коментираме реалните настани а се поврзани со нашите наставни содржини;<br>• Да, се посочува на примери од тоа што го учиме каде се применува и каде го среќаваме во секојдневниот живот;<br>• Не, сметам дека тоа што го правиме на час е доволно;<br>• Во нашата струка теоријата е секогаш приоритетна со праксата-конкретно паралелна изградба на објекти во архитектонска смисла;<br>• При реализацијата користам примери од пракса;<br>• Да, често;<br>• Да, истражување;<br>• Да, многу често примери од пракса;<br>• Најчесто од пракса;<br>• Кога е возможно користам примери од пракса;<br>• Од пракса;<br>• Во рамките на можностите; | • Да, се посочува на примери од тоа што го учиме каде се применува и каде го среќаваме во секојдневниот живот;<br>• Да;<br>• Не, сметам дека тоа што го правиме на час е доволно;<br>• Во нашата струка теоријата е секогаш приоритетна со праксата-конкретно паралелна изградба на објекти во архитектонска смисла;<br>• При реализацијата користам примери од пракса;<br>• Да, често;<br>• Да, кога има наставен час примена во пракса и во секојдневниот живот, но тоа е многу малку затоа што предметот си има свои одредени наставни содржини;<br>• Она што го работиме на час го поврзуваме со реалниот живот;<br>• Да, и тоа многу често бидејќи само тоа може да го научат со разбирање;<br>• Често се користат примери од пракса;<br>• Да–посета на угостителски објекти и кабинети по практична настава;<br>• Скоро секоја тема подразбира дискусија од секојдневниот живот;<br>• Да, најчесто примери од пракса секојдневието и слично, сите содржини се поконкретни со примери од пракса;<br>• Да, при изнесување на примери при реализација на конкретни наставни единици, поврзување на теоријата и практиката;<br>• Да, ако го овозможува дадениот материјал;<br>• Да, донекаде;<br>• Да, сите изработки;<br>• Да, кога имам простор ги употребувам;<br>• Понекогаш;<br>• Да, повеќе се употребуваат примери практични студиски посети;<br>• Да, секогаш во вториот дел од предметот, кој е поврзан со микроекономијата, обично учениците го земаат материјалот од интернет или локалната администрација и го користат при предавање на часот;<br>• Користам ако треба. |

- Да, особено во активностите-проектите каде доаѓаат до израз вештините и кретивната употреба на јазикот;
- Без оглед од наставната единица;
- Предметот е апстрактен, но за методската единица се прави така да се дадат примери од употреба на средствата, но пред се од основните средства се трудиме да најдеме повеќе примери;
- Повеќе употребувам примери од практика и презентација од направените истражувања, но е значајно и вреди да се спомне самата ангажираност на ученикот;
- Примери од добра практика, со цел стекнување со поквалитетни знаења од страна на учениците;
- Да, користам интернет и на секој ученик му давам различити ангажмани;
- Да, употребувам примери од практика, тоа го прави предметот поинтересен.

Од табелата може да се види дека наставниците кои работат во училишта вклучени во проектни претприемачки активности и оние кои работат во непроектни училишта имаат слични ставови во поглед на оваа прашање. Посебно што може да се забележи е тоа што и кај едните и кај другите се нагласува примената на примери од пракса.

За проверка на посебната хипотеза која гласи *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, ги прашавме наставниците, испитаници во истражувањето. Наставниците одговараа на следново прашање: *Дали организациската поставеност и менаџирање во вашето училиште создаваат клима за примена на форми, методи за работа со учениците кои ќе ја поттикнуваат и развиваат претприемничката свест?*

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.53.

*Табела бр. 53:* Мислење на наставниците за организациската поставеност и менаџирање на училиштето во однос на поттикнување и развивање претприемничката свест кај учениците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Да;<br>• Методите на работа што се користат во училиштето ги поттикнуваат учениците во насока на отпочнување на сопствен бизнис;<br>• Да, создава,<br>• Да, во најголема мера;<br>• Во нашето училиште веќе подолго време се создаваат услови за развој на претприемачката свест кај учениците;<br>• Создава клима;<br>• Воглавно секогаш се користат различни методи и форми за работа кои секогаш ја поттикнуваат;<br>• Мислам дека целосно би било прифатено и дека што се однесува до организацијата и менаџирањето не би имало пречки;<br>• Да;<br>• Да, менаџирањето во училиштето е одлично;<br>• Во соработка со управата на училиштето и моја информација постои клима за примена на најразлични форми и методи за работа каде јас ги одбирам се со цел да можам тематските содржини полесно да ги реализирам а учениците да ги разберат;<br>• Да;<br>• Како наставници имаме доволно слобода и средства за примена на активни форми и методи за работа;<br>• Да;<br>• Доволно;<br>• Да, особено со воведување на новиот предмет како проектна активност–иновации и претприемништво;<br>• Со промените како што ги очекуваме се надевам на поголема соработка и клима за примена на форми методи;<br>• Во голема мера да;<br>• Да, во училиштето има поволна клима за работа;<br>• Незнам;<br>• Да , бидејќи професорите имаат претприемничка свест;<br>• Добрата организациска поставеност создава добра клима и добри услови за работа;<br>• Да–постои добра организациска поставеност, но примената на форми и методи е индивидуална;<br>• Создава таква клима;<br>• И тоа што го овозможуваат со потешкотија го применуваме, нема услови и доволна мотивација за нивна релевантна примена;<br>• Има клима од менаџментот на училиштето, за да се применуваат за време на наставен час;<br>• Да; | • Незнам, не сум доволно информирана;<br>• Да;<br>• Делумно,<br>• Не во соодветен износ;<br>• Не;<br>• Да, создава;<br>• Многу малку;<br>• Многу малку;<br>• Да, секогаш ги употребувам;<br>• Да;<br>• Делумно се создаваат услови. |

- Менаџментот на училиштето ги превзема сите мерки за да ги задоволува потребите на наставниците по однос на користење на формите и методите во воспитно-образовниот процес;
- Организативната структура преку обуки ги подготвува наставниците за да ги користат формите и методите на работа за време на час;
- Формите и методите на работа помагаат значително во разој на креативноста кај учениците;
- Организациската структура во училиште овозможува употреба на формите и методите за работа кои помагаат за дополнување на потребите и навиките кај учениците;
- Сме свесни за материјалните можности, просторни во училиште, но организациската структура секогаш е тука за да помогне со можностите шти ги имаат;
- Да, секако организацијата и менаџирањето ја поттикнуваат свеста за секој вид на активност.

Во однос на организациската поставеност и менаџирање на училиштето за поттикнување и развивање претприемничката свест кај учениците ги прашавме наставниците од училиштата кои се вклучени во проектни активности и оние кои не се вклучени во претпреимачки проектни активности.

Од квалитативната компарација на одговорите поместени во табелата бр. 53 (погоре) може де се види дека:

- наставниците во проектните училишта имаат наведено повеќе искази за организациската поставеност и менаџирање на училиштето за поттикнување и развивање претприемничката свест кај учениците;
- наставниците од проектните училишта изгледаат поубедено во изјавите за позитивната поставеност на нивното училиште во однос на развојот на организациската поставеност и менаџирање на училиштето за поттикнување и развивање претприемничката свест кај учениците;
- голем број од наставниците ги истакнуваат и претприемачките способности на наставниците како предуслов за развој на претприемничката свест кај учениците;
- наставниците од училиштата кои не се вклучени во проектни претприемачки активности не се убедени во влијанието на нивното училиште во развојот на претприемничката свест кај учениците и

- таа нивна неубедливост е изразена и со малиот број одговори на наставниците на оваа прашање.

Од наведеното се гледа дека перцепцијата на наставниците за влијанието на организациската поставеност и менаџирање на нивното училиште врз поттикнувањето и развивањето претприемничката свест кај учениците е поизградено, попозитивно и поодредено кај оние наставници кои работат во пректни училишта.

Следно прашање на кое одговараа наставниците во насока на проверка на четвртата посебна хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, е: *Дали во вашата средина доминира авторитарен стил на водење, слободен стил на водење, партиципативен стил на водење, демократски стил на водење, или слично?*

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.54.

***Табела бр. 54:*** Мислење на наставниците за стилот на водење на училиштето во кое работат

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Бидејќи живееме во демократско општество сметам дека е застапен демократскиот стил на водење со доза на авторитарност;<br>• Слободен партиципативен и демократски стил;<br>• Демократски стил на водење;<br>• Демоктратски стил на водење;<br>• Нормално дека постои авторитарен стил на водење, но и демократски стил;<br>• Демократски стил на водење;<br>• Демократски;<br>• На каков стил на водење мислите (во институцијата)? Ако е во институцијата многу пати ни се наметнува авторитарниот стил на менаџирање;<br>• Неможам да кажам кој преовладува, мислам дека е комбинација од сите;<br>• Демократски стил на водење;<br>• Да, постои ваков начин на водење во средината во која што работам;<br>• Демократски стил на водење на часот со учество на сите ученици во домен на нивните можности и разумно разбирање и сваќање; | • Во училиште авторитарен, а на час партиципативен;<br>• Доминира авторитарен со примеси од останатото;<br>• Мислам дека се забележуваат повеќе стилови, но доминира партиципативен стил на водење;<br>• Не би коментирал;<br>• Демократски стил на водење;<br>• Демократски;<br>• Да зависи од ситуацијата;<br>• Демократски стил;<br>• Не е јасно прашањето - на кого се мисли: директор-менаџер;<br>• Партиципативен стил на водење и демократски стил на водење;<br>• Во нашата средина доминира партиципативен стил на водење;<br>• Демократски стил на водење, нештата се одвиваат во таа насока како што е подобро за учениците и квалитетот на нивното образование;<br>• Слободен; |

- Парципативен стил на водење и во зависност од претходните познавања на учениците;
- Претходно демократски стил, слободен стил на водење;
- Слободен стил на раководство;
- Авторитарен стил на раководење;
- Демократски стил на раководење;
- Авторитарен стил на раководење;
- Слободен стил на раководење;
- Слободен стил на раководење;
- Демократски стил на раководење;
- Преовладува демократски стил на раководење;
- Слободен стил;
- Во амбиентот каде што ние делуваме се користи слободен стил на раководење и демократски стил на раководење, ова придонесува за посовесно однесување на учениците;
- Демократски стил;
- Учениците земаат учество во раководењето на ученичката организација, менаџментот во раководењето на делокругот на нивните надлежности.
- Сметам дека постои демократски стил на водење;
- Демократски стил на водење;
- Авторитарен стил на водење;
- Партиципативен стил на водење;
- Мали;
- Неможам да одговорам;
- Партиципативен стил на водење;
- Демократски стил;
- Најчесто комбинирање на одредени стилови со акцент на партиципативниот стил;
- Демократски стил;
- Верувам дека стилот на раководење е конгломерат стил што исполнува се;
- Стил учесник директно;
- Слободен стил на раководење;
- Демократски стил;
- Слободен стил на раководење;
- Ако прашањето се однесува на училиштето, таа има една организативна структура како сите јавни воспитно-образовни институции, со своите органи кои соработуваат помеѓу и го почитуваат самостојното фукционирање, се почитува и авторитетот врз основа на хиерархијата;
- Мислам дека нашето раководство се прилагодува авторитативно.

Од анализата на одговорите на наставниците по однос на оваа прашање може да се види дека:

- и наставниците од проектните училишта и оние од непроектните училишта мислат дека најчесто постои комбинација од водствени стилови во училиштето во кое работат;
- и кај едните и кај другите наставници постојат изјави за извесна авторитарност во управување на училиштето и
- и кај двете групи наставници постојат такви кои не сакаат да одговорат на прашањето затоа што би можело да се одрази врз нивната позиција на работа

Од наведеното се гледа дека не постојат разлики во мислењето на наставниците од двете категории на училишта по однос на стилот на управување во училиштата.

Наставниците беа прашани и за нивното мислење по однос на наведената хипотеза, при што одговараа на следново прашање: *Во вашето училиште фукционира*

*виртуелна компанија во која учениците имаат можност да се стекнат и да ги покажат своите претприемачки способности?*

Одговорите на систематизиран начин според категоријата на училиште во кое работат се поместени во табелата бр.55.

***Табела бр. 55:*** Мислење на наставниците за постоење и функционирање на виртуелна компанија во училиштето

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Да, функционира и секоја година учествува на натпревари во Скопје;<br>• Незнам;<br>• Да, постои;<br>• Да, има повеќе виртуелни компании во стилот на практичната настава за профилите економски техничар и техничар за трговија и маркетинг;<br>• Постојат повеќе виртуелни компании и учениците се исполенти;<br>• Постои;<br>• Да;<br>• Веќе подолго време во нашето училиште фукционираат виртуелни компании;<br>• Постои реална компанија за простирање;<br>• Да, фукционира и имаа можности да одат на средношколски натпревари со завземање на високи награди;<br>• Како секција за изработка на бизнис план во која учествува на натпревари–за други виртуелни компании не;<br>• Колку што сум информирана непостои таква компанија;<br>• Во нашето училиште фукционира реална компанија;<br>• Не;<br>• Незнам;<br>• Да и поуспешна афирмација;<br>• Да;<br>• Да, фукционира виртуелна компанија. | • Такви не фукционираат;<br>• Незнам;<br>• Виртуелна компанија не, но учениците од четврта година се вклучени преку предметот бизнис и претприемништво во разни натпревари и постигнуваат голем успех;<br>• Не;<br>• Не знам;<br>• Не фуксионира;<br>• Не;<br>• Да, оние ученици кои одат на практична настава, посебна виртуелна компанија нема;<br>• Не, не сум многу сигурна;<br>• Да, како вонанаставна активност;<br>• Мислам не, но не сум сигурна;<br>• Не (мислам дека нема);<br>• Нема;<br>• Делумно;<br>• Не фукционира таков вид на компанија;<br>• Има функционирано;<br>• Има функционирано, но во моментов немам информации;<br>• Постоеше, се создаде еднаш во општите паралелки, особено економските, но сега нема информација дали функционираат;<br>• Не и толку;<br>• Не;<br>• Во нашето училиште нема виртуална компанија;<br>• Не, не функционира, нема некоја компанија каде учениците би можеле да ги истаканат своите способности;<br>• Не, нема. |

Од анализата на одговорите на наставниците за постоење и функционирање на виртуелна компанија во нивното училиште се забележува значителна разлика во квалитетот во одговорите од наставниците во проектни и оние од непроектни училишта. Имено, разликата е во тоа што најголем број од наставниците во проектните

училишта знаат дека во нивното училиште постојат такви виртуелни компании, додека тоа не е случај со оние наставници од непроектните училишта. Исто така, во исказите на наставниците од проектните училишта се забележува и позитивен однос на наставниците кон таквите виртуелни компании кои ги сметаат за нешто кое кај учениците ја поттикнува претприемничката работа и ангажман. Тоа е многу поразлично од наставниците во училиштата од непроектни училишта.

За проверка на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, наставниците беа прашани и за квалитетот на практичната настава. Тие одговараа на прашањето: *Дали во вашето училиште сметате дека се реализира квалитетна практична настава или пак проектни задачи во кои учениците имаат можност да се стекнат со практично знаење и вештини?* со давање на сопствени искази.

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.56.

***Табела бр. 56:*** Мислење на наставниците за квалитетот на практичната настава во нивното училиште

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Да;<br>• Проектните задачи во моето училиште се изведуваат на мошне стручно и високо ниво каде учениците ги искажуваат своите кретивни способности;<br>• Да;<br>• Да, но зависи од предметите кои учениците ги избирале, ако е физика, хемија и слично;<br>• Да, но може и повеќе;<br>• Да, но мислам и обука во реални компании;<br>• Учениците имаат можност за реализација на квалитетна практична настава и проектна задача преку кои ги искажуваат знаењата и вештините;<br>• Постои можност учениците да се стекнат со квалитетна практична настава;<br>• Сметам дека доволно е застапена практичната настава кај нас и учениците се задоволни. Користат виртуелни компании кои многу | • Неможам да кажам со сигурност дали оваа настава е квалитетна или не, затоа што не учествувам во нејзината реализација;<br>• Не сум упатена колку е квалитетна практичната настава но за проектните задачи учениците имаат можност да се стекнат со практични знаења;<br>• Во нашето училиште се реализира практична настава и проектни задачи преку кои учениците имаат можност да се стекнат со практични знаења и вештини;<br>• Секогаш може и подобро и повеќе во однос на квалитетот на практичната настава во училиштето од постоење па се до денес има практична настава каде учениците се стекнуваат со практични знаења и вештини а воедно и добри градители;<br>• Да, по определени предмети; |

наликуваат на реалните;
- Се реализира практична настава поврзана со стопански субјекти (канур, кјуби и слично) каде учениците се стекнуваат со практични знаења и вештини;
- Проектна и редовна во кои учениците учествуваат;
- Мислам дека да, но не сум сигурна;
- Во училиштето практичната настава се изведува квалитетно и учениците се стекнуваат со потребните знаења и вештини;
- Сигурно;
- Да, се реализира;
- Има можност и за подобро;
- Донекаде се реализира;
- Дефинитивно;
- Да, се реализира;
- Сигурно;
- Запознаена сум со фактот дека во нашето училиште се реализира квалитетна практична настава како и проектните задачи и учениците имаат можност да се стекнат со знаења и практични вештини;
- Да, во нашето училиште се работи и реализира една таква работа каде учениците се стекнуваат со знаења и вештини;
- Да, се реализира со помош на која учениците се стекнуваат со знаења;
- Да, но не доволно од причина од неповолните услови што ги овозможуваат јавните гимназии;
- Има квалитетна практична настава.
- Не секогаш;
- Не сметам (со никаква апаратура како да се реализира практична настава);
- Можеби ако колегите работат повеќе со учениците;
- Мислам дека има практична насатава по некои предмети, но не доволно;
- Делумно се реализира;
- Не;
- Недоволно;
- Се реализира квалитетно (во тригодишно образование) практична настава, но не и проектна задача;
- Да и сведочат многуте освоени награди кои се стекнати во меѓународни и регионални натпревари и изведувањето на практичната обука по фирми...;
- Делумно;
- Да;
- Да, во одреден број на случаеви;
- Делумно;
- Не во задоволувачко ниво;
- Да, но не во задоволувачко ниво;
- Да;
- Мислам дека постои простор но не се употребува квалитативен начин;
- Се реализира до одредено ниво.

Од наведеното се гледа дека постојат разлики помеѓу мислењето на наставниците кои работат во училишта вклучени во претприемачки проекти и оние кои работат во училишта кои не се вклучени во такви проекти.

Разликите можат да се окарактеризираат како квалитативно попозитивни и поцелосни кај оние наставници кои работат во проектни училишта, а тој квалитет се огледа преку тоа што во нивните изјави може да се насети добро познавање на состојбите со практичната настава во сопственото училиште. Исто така се забележува дека постои верба во квалитетот на практичната настава во проектните училишта за разлика од оние наставници во училиштата кои не се вклучени во проектни активности. Посебно е значајно што улогата на учениците во овој процес е проценета како позначителна и активна за разлика од мислењето на наставниците во непроектни училишта.

За проверка на посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности*, наставниците беа прашани и за квалитетот на обуките кои се реализираат во средните училишта на конкретен пример. Тие одговараа на прашањето: *Какви се вашите искуства и мислења во однос на обуките на професорите, организирани од УСАИД и други организации за предприемничко учење?*

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.57.

***Табела бр. 57:*** Мислење на наставниците за квалитетот на обуките во средните училишта од страна на невладиниот сектор

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| **Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности** | **Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности** |
|---|---|
| • Применливи се и од голема корист ни се за подобрување на квалитетот на наставата;<br>• Немам присуствувано на обуки организирани од УАСИД или други организации;<br>• Би требало да се повторат и усовршат;<br>• Интересни обуки со практични примери, но во математика не се секогаш применети;<br>• Позитивно мислење и практично искуство;<br>• Одлично;<br>• Задоволува;<br>• Почетните обуки беа слабо организирани – краткотрајни т.е недоволни;<br>• Сите обуки во врска со претприемничкото учење имаат позитивно влијание врз работата на професорите и сметам дека треба да продолжат;<br>• Не се сеќавам;<br>• Наши професори скоро редовно присуствуваат на обуки организирани од УСАИД и други организации;<br>• Поради малиот број на информации за овие обуки во кои се вклучени другите професори јас не би дала свое мислење за истото;<br>• Мислам дека се добри;<br>• Досега немам сознание што е тоа, јас незнам за обуки или немам учествувано на такви обуки за претприемништво;<br>• Обуките организирани од страна на УСАИД и другите организации се интерактивни обуки;<br>• Во мал број недоволно се со содржина применливи во секојдневието воедно и во животот; | • Искуство пониско од она ние кое го имаме, веќе видени чуени работи кои со години ги знаеме и работиме, значи повторување на нештата, но спомнувани во нови рамки;<br>• Даваат насоки како некои работни мислења да ги пренесеме на учениците;<br>• (слабо) добро но не доволно;<br>• Премногу теоретски и недоволно конкурентни во областите кои што ние ги предаваме во училиштата;<br>• Добри;<br>• Мислам дека се добри;<br>• Сметам дека обуките кои се организирани за претприемништво се добри и само така може да се излезе од традиционалниот пристап кон наставата;<br>• Немам;<br>• Бев на една обука;<br>• Секоја обука е искуство за нас;<br>• Обуките придонесуваат на проширување на знаењето;<br>• Не сум имала можност да присуствувам на таква обука;<br>• Можеби има некои позитивни страни, но не целосно (мое лично мислење);<br>• Мислам дека обуките треба да бидат потемелни, да траат подолго;<br>• Секоја обука треба да се користи, но некои се непотребни;<br>• Само една обука кое е одржана во јуни во 2012, мислам дека има потреба за други |

- Треба да се посетуваат;
- Мислам дека има потреба од поголема застапеност на такви обуки;
- Сметам дека сите обуки колку и да се познавати содржините во секоја има нешто ново што ќе се научи или надогради или барем не насочува кон поинаков начин на размислување или поинаков приод отколку досегашниот;
- Во мал случај со неадекватна содржина;
- Па не се често истите бидејќи не соодвествуваат со реалната ситуација;
- Позитивна;
- Не сум учествувала на вакви обуки;
- Има потреба од поголема застапеност на ваков вид обуки;
- Мислам дека се добри и дека обучувачите се соодветно најдобри;
- Позитивно;
- Немам информација, немам земено учество на некоја таква обука, се сеќавам дека е реализиран еден семинар, но не е доволен;
- Организациите им имаат помогнато на професорите за да се соочат со предизвиците со помош на една добра подготовка,
- Релативно свидлив;
- Обуките се многу квалитетни по содржина (поради сериозитетот што го имаат професорите во врска со тоа) и во нашето училиште се реализирани различни обуки;
- Бидејќи се зборува за професионални обуки и добро реализирани за развој на перцепираните вештини;
- Обуките се значајни;
- Мислам дека е потребно и може да има влијание;
- Е потребно;
- Позитивно;
- Моето мислење е позитивно и професионално
- Е потребно и мислам дека ќе имаме добри резултати;
- Искуството е добро;
- Верувам дека е потребно и може да има влијание и добар квалитет.

обуки;

- Многу ..... целта на овие обуки зависи од тоа како ние ги сфаќаме, како нештата треба да ги реализираме подобро;
- Ја вреднувам обуката на професорите воопшто;
- Имам добро искуство и ги сметам како успешни;
- Немам некое конкретно мислење, затоа што немам земено учество.

Од наведеното во табелата и анализата на содржината на истото може да се утврди дека генерално и наставниците од проектните училишта и оние од непроектни училишта имаат позитивен став кон обуките од невладиниот сектор во случајот УСАИД. Забележливо е што наставниците во проектните училишта, веројатно заради поголемото искуство со обуките со УСАИД, имаат дадено поголем број на искази, но и поголеми попозитивни и поинтензивни искази за придонесот на обуките на УСАИД во училишниот живот.

За проверка на истата посебна хипотеза наставниците се прашани и за чувството за нивната подготвеност за развивање на претприемачките вештини кај учениците.

Наставниците одговараа на прашањето: *Колку се чуствувате подготвени за реализација на наставата за развивање на претприемачките вештини кај учениците?*

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.58.

***Табела бр. 58:*** Мислење на наставниците за сопствената подготвеност за реализација на наставата за развивање на претприемачките вештини кај учениците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Со оглед на посетата на семинарот бројните секојдневни информации од медиумите, литература која располагам и друго;<br>• Би можеле да се вклучат со дополнителна обука од некои конкретни содржини, но секако тоа бара голем ангажман од страна на наставникот особено ако по струка не е економист;<br>• Доволно;<br>• Се чуствувам подготвен и можам да одговорам на поставените задачи со претходна обука или некој курс;<br>• Недоволно, бидејќи сум правник и ми треба професионална надградба во тој домен;<br>• Недостаток на стручна литература од оваа област и пречки за подготвеноста на наставниците за развој на претприемништво во РМ;<br>• Доволно подготвени;<br>• Добро-секогаш ја менуваат наставната програма и учебниците не одговараат на наставната програма;<br>• Сметам дека сум подготвена за реализација на наставата за развивање на претприемничките вештини кај учениците;<br>• Сум подготвен;<br>• Се чуствувм спремна, особено поседувам знаење во областа на претприемништвото;<br>• Доволно;<br>• Не се чуствувам подготвена бидејќи треба сама да претпоставувам што треба да подготвам;<br>• Се чуствувам подготвена, но не целосно;<br>• Сметам дека секој професор може да обработи тема ако има соодветна литература и одвреме навреме да се надоградува преку | • Не, доволно потребно е обука ама не бла-бла туку конкретна за предметот кој го предавам;<br>• Не се чуствувам подготвена;<br>• Не се чуствувам доволно подготвена бидејќи немам следено доволно обуки;<br>• Незнам;<br>• Добро подготвен;<br>• Делумно;<br>• Доста подготвена;<br>• Ако постојат конкретни обуки –работилници на конкретни и применливи информации од стекнатото искуство во кои обуки би биле реално вклучени ученици, екперти и професори би сакале со задоволство да учествувам во реализацијата на оваа настава;<br>• Во согласност со можностите и условите кои ги создаваат во училиште и ни се понудени во опкружувањето;<br>• Сум;<br>• Секогаш се добродојдени дополнителни обуки;<br>• Подготвен, но не целосно;<br>• Нека го прават тоа други оспособени наставници за тоа;<br>• Треба повеќе познавања од оваа област;<br>• Воопшто не се чуствувам подготвен;<br>• Подготвена за реализација на претприемнички вештини кај учениците на солидно ниво;<br>• Потребен е стручен материјал;<br>• Не сум во можност да го кажам моето мислење од причина што не сум запознаена со реализација на наставата за развивање на претприемнички вештини кај учениците;<br>• Подготвеноста зависи од квалитетните обуки и соодветната литература; |

обуки;
- Имам потреба од дополнителни вештини за таа дејност;
- Доволно потребен;
- Немам мислење;
- Во едно завидно ниво која овозможува реализација на наставните содржини;
- Поради неземање на учество на обуката неверувам дека можам ова да го реализирам;
- Мислам дека имам подготовка од соодветно нивó;
- Нормално се чуствувам подготвен;
- Многу се надевав на обуките, но има многу за дискусија;
- Има ...... некои наставници имаат навистина способности за нивна реализација;
- Се чуствувам подготвен;
- Се чуствувам подготвен од аспект на спремност толку колку недозволувајќи да се створат недорзабирања од страна на учениците и се што е презентирано да биде експлицитно и сватливо од учениците;
- Заинтересираноста на учениците е тоа што поттикнува интерес и подготовка кај наставниците и обратно, затоа за прогрес секогаш сме на услуга и спремни.
- Подготовката врз резализацијата на наставата може да ги развие перцепциските способности на ученикот, затоа треба да бидеме подготвени;
- Мислам дека сум подготвена, но секогаш треба да се научат нови нешта;
- Мислам дека сите луѓе треба да се развиваат континуирано, лично мислам де сум подготвена;
- Се обидувам да го направам најдоброто;
- Се обидуваме;
- Се чуствувам поспремен за реализација на овој предмет;
- Мислам позитивно;
- Не сум специјализиран за оваа област;
- До некаде можам да придонесам, но не сум специјализиран за таа професија;
- Колку што ми дозволува предметот да излезам надвор од рамките на предвидената реализација, а тоа е многу малку, иако јас мислам дека сум подготвена;
- Не сум подготвена, но мислам дека сите овие проекти се само форми, а суштината на образованието се губи, па така нивото на знаење кај учениците постојано се намалува, а она што беше петка пред пет години денес речиси и ја нема;
- Не сум.

Од анализата на исказите на наставниците поместени во табелата бр. 58 (види погоре), може да се забележи дека поголема подготвеност за развој на претприемачко делување кај ученикот имаат наставниците од проектните училишта. Имено, во исказите на наставниците се забележува дека поподготвени и свесни за овој недостаток се наставниците во училиштата кои не се вклучени во проектни активности, што е позитивен показател за евентуални активности во училишптата за развој на претприемачки вештини кај наставниците.

За проверка на истата е посебната хипотеза *Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности* наставниците со индиректно прашање ги прашавме *Колку чуствуваат потреба од стручна литература по однос на развојот на претприемничките вештини кај наставниците и учениците?*

Одговорите на систематизиран начин се поместени во табелата бр.59

***Табела бр. 59:*** Мислење на наставниците за потребата од стручна литература по однос на развојот на претприемничките вештини кај наставниците и учениците

***Вклученост на училиштето во проектни активности***

| Мислење на наставници вработени во училишта вклучени во проектни активности | Мислење на наставници вработени во училишта кои не се вклучени во проектни активности |
|---|---|
| • Да;<br>• Мислам дека потребно е повеќе стручна литература како за наставниците, така и за учениците за поголем развој на претприемничките вештини;<br>• Би било добро да биде застапено повеќе литература;<br>• Има потреба;<br>• Доволно потребна;<br>• Чуствувам голема потреба за развој на претприемнички вештини;<br>• Не чуствувам потреба, поседувам доволно литература за претприемничките вештини во својата бранша;<br>• Потребно е, но со подредени (систематизирани) содржини, со реални и на блиски примери (во досегашната обука и пишани материјали повеќето примери се екстремни –од западниот свет, за најголемите бизниси и слично);<br>• Секоја литература е добродојдена и би ја применила;<br>• Тоа беше проблем пред 15 години денес лесно се доаѓа до стручна литература а во голем дел се наоѓа во нашата библотека;<br>• Освен стручна литература потребни се и конкретни примери од секојдневието и проектни изработки на учениците во вистинска смисла;<br>• Има стручна литература;<br>• Сметам дека професорите што предаваат бизнис имаат повеќе стручна литература за развој на претприемништвото, а другите не располагаат со таква стручна литература;<br>• За успешна реализација на програмата е неопходна стручната литература;<br>• Во градежната струка има помалку литература за реализирање на содржини од претприемништво, треба да се работи во ова насока;<br>• Треба повеќе литература во однос на развојот на претприемничките вештини кај наставниците и учениците;<br>• Да, но поврзана со содржините од одделните предмети;<br>• Во секој случај да, попрактична и поврзана со предметот кој што го предавам;<br>• Во ова насока за жал имаме многу потреба;<br>• Многу книги кои ги употребуваме за предавање не се доволни јасни. Учениците имаат многу проблеми со тие книги но перцепцијално книгите недостасуваат;<br>• Професионалната литература е потребна за една | • Потребен е учебник според наставната програма и разбирливо нивó за учениците;<br>• Има потреба;<br>• Секогаш има потреба од стручна литература и затоа сметам дека е потребно;<br>• Немам;<br>• Доколку треба да се применува и да се зборува во училиштата за развој на претприемништвото секако дека ќе треба литература;<br>• Доколку има потреба да се развиваат претприемнички вештини секако дека има потреба од стручна литература;<br>• Многу;<br>• Сигурно дека е потребно стручна литература, наставниците да бидат добро запознаени за да таквата настава биде ефикасна;<br>• Многу, мислам дека наставниците не се доволно добро потковани а исто така и учениците;<br>• Огромна потреба ако сакаме вештините да се развијат на вистинскиот начин;<br>• Потребно е;<br>• Има потреба за стручна литература како за наставниците така и за учениците;<br>• Има потреба од користење на стручна литература;<br>• Има литература, но може да се користи и интернетот како помагало;<br>• Има потреба од таква литература;<br>• Сметам дека е неопходна стручна литература и обука на наставниците;<br>• Има потреба;<br>• Има голема потреба;<br>• Потребно е дополнителна стручна литература;<br>• Се чуствува голема потреба;<br>• Потребна е литература;<br>• Многу;<br>• Имам разновидна литература за мене, но за учениците има потреба од литература особено за збирка задачи;<br>• Прашањето за професионално усовршување и користење на дополнителна литература е секојдневие и потреба;<br>• Сепак има потреба од литература за тие што го предаваат овој предмет;<br>• Постојано, во зависност од предметот верувам дека секогаш има потреба од соодветна литература каде што има и нови откритија;<br>• Многу;<br>• Сигурно има ,но верувам дека снабдувањето со |

личност да ја најде можноста во секој момент за да се движи напред;

- Истовремено професионалната литература треба да се користи професионално;
- Литературата кога треба е добредојдена затоа што имаме потреба за тоа и не само од училишната литература, туку и поопширно и која е поврзана со оваа прашање;
- Земајќи го во предвид наставниот план и програмата предвиден за реализација на воспитно-образовниот процес мислам дека литературата со која располагаме не ги задоволува потребите на наставниците, таа нетреба да се ограничи, од причина што учениците треба да изразат желба и готовност за користење и на дополнителна литература.

литература во оваа насока е секогаш добредојдена;

- Повеќе учениците ја чуствуваат оваа потреба;
- Мислам дека учениците треба да имаат професионална литература;
- Имаме потреба за литература;
- Да, има потреба за професионална литература;
- Повеќе кај учениците се чуствува оваа потреба;
- Се има потреба од професионална литература.

Од исказите поместени во табелата се гледа дека мислењето на наставниците по однос на потребата од стручна литература по однос на развојот на претприемничките вештини кај наставниците и учениците се идентични. Тоа би значело дека најголемиот дел од наставниците, и од оние кои работат во проектни училишта и оние кои не работат во такви училишта, сметаат дека таква литература е потребна и дека никогаш не е доволно да се знае за оваа проблематика.

Тоа го потврдува претприемничкиот дух кај секој наставник, и не охрабрува во овие проецеси да влеземе порешително во насока на оспособување на наставниците за претприемничко делување во наставата, што од своја страна е предуслов за развој на претприемнички вештини кај учениците.

Од изнесеното по однос на четвртата хипотеза и сеопфатниот пристап во нејзиното проверување, може да се види дека во најголем број случаи и најголем број на соодветни индикатори за проеврка на истата, можеме да констатираме дека сознанинјата ни се во насока на нејзино потвдување.

Тоа значи дека после прифаќањето на првата посебна хипотеза која гласи ***Претприемничката организациска поставеност и стилот на работа во училиштата влијаат врз перцепцијата на учениците за претприемаштвото,***

прифаќањето на втората посебна хипотеза која гласи ***Претприемничката организациска поставеност и стилот на работа во училиштата влијаат врз одлуките на ученикот за претприемачко делување,*** прифаќањето на третата посебна хипотеза која гласи ***Претприемничката организациска поставеност и стилот на работа во училиштата влијаат врз претприемничкото делување на ученикот*** и прифаќањето на четвртата посебна хипотеза која гласи ***Постојат разлики помеѓу средните училишта во однос на претприемничката организациска поставеност, водствен стил и наставните активности,*** **се потврдува и прифаќа** општата хипотеза во нашето истражување **Во училиштата со нагласена иновативна и претприемачка клима и култура (организациска поставеност, водствен стил, преземани активности во наставата и слично) се манифестираат понагласени карактеристики на претприемачко однесување кај учениците.**

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на извршеното истражување, добиените податоци, нивната обработка и анализа, дојдовме до следниве заклучоци за секој од четирите аспекти на проблематиката кои ги проучувавме:

**По однос на првата посебна хипотеза може да се заклучи дека:**

- учениците од училиштата во кои се спроведуваат проектни претприемачки активности имаат повеќе мотиви кои им се значајни за започнување со бизнис, но и дека во секоја од категориите по однос на стандардната девијација покажуваат поединствен став или поголема кохезија во однос на искажаните мислења од оние ученици кои учат во непроектни училишта;
- кај учениците во проектните претприемачки училишта постои поголема свесност за состојбите во државата по однос на претприемништвото и покажуваат поголемо незадоволство од состојбите во државата;
- за учениците од проектните училишта и оние кои учат во непроектни училишта постои единствена перцепција на негативните влијанија врз бизнисот во Република Македонија;
- за учениците од проектните училишта и оние кои учат во непроектни училишта постои единствена перцепција за успешноста на приватниот бизнис во Република Македонија;
- кај учениците од проектните училишта постои повоочлива и поизразена потреба од способности и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис;
- резултатите покажуваат дека значително поголем е интересот и потребата кај учениците од проектните училишта за курсевите за претприемништво, додека одговорите на учениците од непроектните училишта покажуваат извесна неинформираност, но и неподготвеност за клучни претприемнички прашања и

- воглавно секогаш и во поголем интензитет кај учениците од училишта во кои се реализираат проектни претприемачки активности постои попозитивен однос и поизразена аспирација кон претприемништвото.

**По однос на втората посебна хипотеза може да се заклучи дека:**

- од исказите на учениците се забележува дека, иако и кај едните и кај другите доминира исказот дека досега не заработувале, забележително е процентуална помала активност во делот на бизнис ангажманот кај учениците кои не се од проектните училишта;
- интересно е сознанието дека поголем број на ученици од проектните училишта ќе бараат работа во странство;
- постојат значителни разлики помеѓу мислењето на учениците од проектните и од непроектните училишта во однос на барањето на работа. Кај едните, оние од проектните училишта, се воочува желбата за отпочнување со сопствен бизнис, додека кај оние ученици од непроектните училишта, би барале во работа на државна служба и јавни претпријатија;
- од обработката на податоците и нивната анализа може да се констатира дека постои разлика помеѓу учениците во однос на перцепирањето на негативните влијанија врз ефектите од сопственото претприемничко однесување и тоа: поголема самокритичност покажуваат учениците од проектните училишта, што може да претставува предуслов за соодветни, навремени и организирани претприемачки активности кои би се потпирале врз сопствените сили, способности и можности;
- не постојат забележителни разлики кај учениците од училишта вклучени во проектни активности и ученици од училишта кои не се вклучени во проектни активности. И кај едните и кај другите доминира мислењето за влијание на примањата и работното место врз нивната одлука за промена на местото на живеење;
- и кај двете категории наставници најголем број од исказите одат во насока на делумно влијание на семејството врз перцепцијата на учениците за занимавање

со некаков бизнис која зависи од претприемничкото искуство на родителите, но и од карактерот на самите ученици, нивната генетска предодреденост и познавањето на сите предности и негативности во приватниот бизнис;

- забележителни се извесни разлики во формулацијата на одговорите кај едната и кај другата група наставници. Кај оние во проектните училишта постои подобра формулација на исказите, поголема елаборација на исказите со претприемачки речник, но и поголема верба во она што учениците можат да го научат во нивните училишта и
- од истражувањето утврдивме и дека само мал дел од сите наставниците сметаат дека влијанието на личните карактеристики на учениците врз нивната желба за занимавање со некаков бизнис е мало врз одлуката на учениците да се вклучат во претприемачки активности.

**По однос на третата посебна хипотеза може да се заклучи дека:**

- **од истражувањето дојдовме до сознание дека** позитивните влијанија од ефектите од сопственото претприемничко однесување доминираат кај учениците од проектните училишта, додека негативните влијанија се со незначителни разлики, но во полза на учениците од проектните училишта;
- учениците од проектните училишта покажуваат дека свеста за неопходноста од помош за започнување со бизнис кај нив е поголема од учениците во непроектни училишта;
- учениците од непроектни училишта покажуваат свесност за сопствените недостатоци и неможноста да започнат со свој бизнис во однос на учениците од проектните училишта;
- истото се потврдува и со поголемата свесност за сопствените недостатоци;
- можните акции на учениците од проектните училишта се водени од профитот и задоволување на својата бизнис аспирација;
- значително поголем број на ученици од проектните училишта очекуваат професионален напредок и добар материјален стандард, додека

значително поголем број на ученици од непроекните училишта својата иднина ја гледаат во странство;

- наставниците од проектните училишта имаат поцелосни информации за работното ангажирање на нивните ученици и
- наставниците од проектните училишта истакнуваат дека за нивните ученици се најважни финансиските придобивки од претприемничкото делување

**По однос на четвртата посебна хипотеза може да се заклучи дека:**

- од истражувањето се забележува дека за конкретна оспособеност за претприемничко делување повеќе станува збор кај учениците од проектните училишта, имајќи го предвид фактот што исказите како *Мотивација да направат нешто ново* со вредност и *Храброст да почнат сами нешто свое* може да се протолкува како општа способност, додека вештините како *Храброст да почнат сами нешто свое* и *Професионално знаење* се поконкретни и повеќе претприемачки;
- и менаџерите ја препознаваат развиеноста на конкретните претприемнички вештини од страна на учениците во проектните училишта, додека општите вештини за претприемачко делување се повеќе препознатливи како развиени кај учениците од непроектните училишта;
- проектните училишта од страна на менаџерите, се проценети како места со поразвиен претприемнички водствен стил;
- постоењето на свесност кај сите ученици за потреба од обука за претприемништво е видлива, со напомена дека тој број е поголем кај учениците од проектните училишта;
- од истражувањето добивме сознание и за тоа дека проектните училишта од страна на нивните ученици, се проценети како места со поразвиен претприемнички водствен стил;
- кај наставниците постои перцепција дека некои од предметите повеќе го дозволуваат претприемничкото делување врз учениците, а други помалку,

не запоставувајќи го интересот на учениците како значаен за развој на нивните претпремачки вештини;

- забележителни се разлики во делот на добивањето сознанија за степенот на интересност на содржините кај учениците во средните училишта кои наставниците во проектните училишта ги добиваат преку активната позиција на ученикот во наставата, практичниот ангажман на ученикот во наставата, додека наставниците во непроектните училишта најголем број сознанијата доаѓаат од тестирањето на учениците, мерење на знаењата на учениците и интересот на часот;
- перцепцијата на наставниците од проектните училишта за влијанието на организациската поставеност и менаџирање на нивното училиште врз поттикнувањето и развивањето претприемничката свест кај учениците е поизградена, попозитивна и поодредена;
- и наставниците од проектните училишта и оние од непроектните училишта мислат дека најчесто постои комбинација од водствени стилови во училиштето во кое работат;
- и кај едните и кај другите наставници постојат изјави за извесна авторитарност во управување на училиштето;
- кај наставниците од проектните училишта се забележува позитивен однос на кон виртуелните компании кои ги сметаат за нешто кое кај учениците ја поттикнува претприемничката работа и ангажман;
- кај наставниците од проектните училишта се забележува постоење на верба во квалитетот на практичната настава во проектните училишта за разлика од оние наставници во училиштата кои не се вклучени во проектни активности и
- најголемиот број од наставниците и од оние кои работат во проектни училишта и оние кои не работат во такви училишта, сметаат дека литература за претприемаштво е потребна и дека никогаш не е доволно да се знае за оваа проблематика.

## ❖ НАСОКИ ЗА ПРЕТПРИЕМНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Претприемништвото претставува еден континуиран процес на промени кој во себе, покрај иновативната компонента, го вклучува ризикот и желбата да се постигне успех. Суштината на претприемништвото е универзална и важи за сите општества и историски епохи од неговиот развој, а се сведува на: **успех, ризик, неизвесност, фантазија, иновативност, борбеност, желба за самопотврдување, интуиција, самоувереност, мотивираност, знаење.**

*Мошне актуелно прашање што денес се наметнува, е тоа дали претприемачот се раѓа или пак се создава преку воспитно-образовниот процес, во семејството и институционалните образовни организации на сите нивоа. Факт е дека, успешните претприемачи можат како предиспозиција да носат со своето раѓање некои потребни карактеристики, но јасно е дека во голем дел некои особини и форми на однесување можат да се моделираат преку воспитно-образовниот процес. Ваквите сознанија резултираат со нагласени промени во начинот на работа и содржините за работа на постојните училишта и другите образовни институции. Исто така започнува процес на формирање на образовно-научна инфраструктура за поддршка на менаџментот.*

Претприемачите се трудат да ја отстранат пазарната несовршеност, затоа претприемништвото се заснова врз способноста на поединци да ги согледаат деловните можности кои ветуваат високи профити. Денес претприемачите своите инвестициони и стратешки одлуки редовно ги засноваат врз испитувања, сериозни проучувања на корпорацијата, на гранката во која што работат и на промените кои настануваат. Желбите за достигнување деловен успех, се огромни а тоа се постогнува со напорна работа и вложен труд.

Во одвивањето на економската активност, во секоја земја учествуваат илијадници и милиони луѓе. Тие произведуваат илјадници и милиони најразновидни добра и услуги. Произведените добра и услуги се предмет на купување и продавање внатре во рамките на националната економија, но и надвор од националната економија. Понатаму, едни луѓе се сопственици на земја, други на капитал, трети на труд, четврти располагаат со претприемнички способности. Но и самите фактори на производство:

земја, капитал, труд, претприемнички способности се предмет на купување и продавање. Овие факти деловно упатуваат на вондредната комплексност, сложеност на економскиот живот.

Појавата на претприемништвото има голема улога и важност во рамките на стопанисувањето. Во земјите со пазарна економија постои широк спектар на различни по големина претпријатија. Во економската структура на современите стопанства најбројни се малите и средните претпријатија. Тие се распространети во сите дејности на економската поставеност во едно современо општество кое се стреми кон брз развој.

**Препораки:**

Иако се многу ретки кохерентни иницијативи за образование и обука на претприемништвото, врз основа на најдобрите практики забележани во Европа, и врз основа на спроведените практични истражувања, во оваа докторска дисертација се предлагаат следните препораки со цел развивање на посистематски стратегии за промоција на претприемничкото образование во Република Македонија:

- **Воспоставување на кохерентна рамка:** националните и локалните власти треба да воспостават соработка помеѓу различни сектори (училишта – основни и средни, всокошколски институции – факултети, Министерство за образование и наука и придружните институции, локална самоуправа, стопанството) со цел да се развие стратегија со јасни цели која ќе ги опфаќа сите фази на образованието. Наставните програми, особено во основното образование, исто така треба да се ревидираат, за да експлицитно вклучуваат претприемништво како цел на образованието.
- **Поддршка за училиштата:** на училиштата треба да им се даде практична поддршка и мотивација да го вклучат претприемништвото во нивните наставни програми, преку низа на различни инструменти (дистрибуција на наставни материјали, финансирање на пилот проекти, дисеминација на најдобрите практики, развивање на партнерства со бизнис-компании, поддршка и поврзување на специјализирани организации кои водат програми за претприемништво со училиштата, како на пример Бизнис стартап центри и сл.)

- **Поттикнување на претприемништвото во високото образование:** претприемништвото треба да биде вградено во различни предмети, особено во рамките на научни и технички студии, со цел да им обезбеди на студентите специфична обука за тоа како да се започне и да се води бизнис.
- **Поддршка за наставниците:** од суштинско значење е на наставниците да им се даде почетна и континуирана обука, како и практично искуство. Свеста, исто така, треба да се зголеми меѓу директорите на училиштата за да им обезбедат на наставниците доволно време и ресурси да ги планираат, спроведуваат и оценуваат активностите поврзани со претприемништвото.
- **Учество на надворешните актери и бизниси:** образовни институции и локалната заедница, особено бизнис-организациите, треба да соработуваат на тема обука за претприемништво. Самите компании на ова треба да гледаат како долгорочна инвестиција и како аспект на нивната корпоративна општествена одговорност.
- **Практично искуство:** еден од најефикасните начини да се промовира претприемачкиот дух и вештини е преку „учење преку правење“ (ученици или студенти поставуваат и водат мини-компании). Речиси 20% од учесниците во мини-активности на компанијата во средно училиште ќе можат да создадат сопственаа фирма по нивните студии.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамчевска, С. (1998), *Активна настава – интерактивно учење*, Скопје: Легис
2. Адамчевска, С. и други (1996), *Активна настава – методички основи*, Скопје: Легис
3. *Анализа на капацитетите за добро управување во образованието - Извештај* – Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје, декември 2007, превземено 03.01.2012 од http://www.gg.org.mk/pdf/analiza_obrazovanie.pdf
4. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро
5. Australian National Training Authority (ANTA), 2004, *VET — What is it?* преземено на 22.09.2004 год., достапно на http://www.anta.gov.au/vetWhat.asp.
6. Baldassarri, S. *Fostering Entrepreneurship among young people through education: a EU perspective,* 2006 Recommendation on Key Competences for Lifelong Learning, преземено на 26.08.2014 год., достапно www.ebcl.eu/international/download/Simone_Baldassarri_ENTR_Presentation_6_May_2010.pdf
7. *Benefits of Entrepreneurship Education,* преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/benefits.htm
8. British Council (2011), *What Do We Mean By Vocational Education& Training?* Преземено на 23.01.2011 год., достапно на http://www.britishcouncil.org/china-education-vocational-vetinuk-definition.htm
9. Bush, T., West-Burnham, J. (1994), The Principles of Educational Management, Educational Management Development Unit University of Leicester: Longman.

10. Commission Communication, *Fostering entrepreneurial mindsets through education and learning*. COM (2006) 33 final, преземено на 21.08.2014 год., достапно на http://www.eesc.europa.eu/?i=portal.en.soc-opinions.18027

11. *Commission Green Paper of 21 January 2003 on Entrepreneurship in Europe* [COM (2003) 27 final - Not published in the Official Journal], *Green Paper - Entrepreneurship in Europe*, http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52003DC0027, преземено на 27.08.2014

12. Commission of the European communities (2006), *Action Plan: The European agenda for Entrepreneurship*, Brussels, COM (2004) 70 final, преземено на 21.08.2014 год., достапно на ftp://ftp.cordis.europa.eu/pub/incubators/docs/action_plan_on_ entrepreneurship.pdf.

13. Commission of the European communities (2006), *Implementing the Community Lisbon Programme: Fostering entrepreneurial mindsets through education and learning*, Brussels, COM(2006) 33 final. Достапно на http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2006:0033: FIN:EN:PDF

14. Commission of the European Communities, *Education and training for entrepreneurship - reference documents*, достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/documents/education-training-entrepreneurship/ index_en.htm

15. Conference: *Entrepreneurship education – Fostering entrepreneurial mindsets,* Work paper, Ohrid, 2008

16. *Define entrepreneurship*, преземено на 2.09.2014 год., достапно на http://define.babson.edu/?tn=9.

17. Descy, P. Westphalen, S-A. (1998) *Measuring the effectiveness of training*, Working paper, Cedefop.

18. Draker, P. (1991), *Inovacije i preduzimaštvo (praksa i principi)*, Beograd: Stopanski pregled .

19. *Education and training for entrepreneurship - reference documents*, Bruxelles, June 2013, преземено на 24.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/documents/education-training-entrepreneurship/index_en.htm

*20.* Education World ® School Administrators: *'Formative Leadership' Theory Views Principal as Leader of Leaders*.htm, преземено на 23.04.2005 год., достапно на www.educationworld.com/ a_issues/ chat/chat025.shtml

21. *Entrepreneurship Education at School in Europe: National Strategies, Curricula and Learning Outcomes*, Education, Audiovisual and Culture Executive Agency, 2012, преземено на 24.08.2014 год., достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135EN.pdf

22. *Entrepreneurship Education: A Guide for Educators,* Bruxelles, June 2013, преземено на 24.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/entredu-manual-fv_en.pdf

23. *Entrepreneurship Education: Enterprise and Industry, A Guide for Educators*, Bruxelles, June 2013, преземено на 24.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/entredu-manual-fv_en.pdf

24. EUROPEAN COMMISSION – *OBSERVATORY OF EUROPEAN SMEs 2002a.*

25. EUROPEAN COMMISSION (2003), *Entrepreneurial Attitudes in Europe and the United States: Flash Eurobarometer Survey*, http://europa.eu.int/comm/enterprise/enterprise_policy/survey/ eurobarometer134_en.pdf

26. EUROPEAN COMMISSION (2003), *GREEN PAPER: Entrepreneurship in Europe*, Brussels.

27. EUROPEAN COMMISSION (2002), *"Best Procedure" Project on Education and Training for Entrepreneurship" Final report of the Expert Group*, English Version accessed at

http://europa.eu.int/comm/enterprise/entrepreneurship/support_measures/training_education/education_final.pdf

28. EUROPEAN COMMISSION, ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL *Entrepreneurship in Vocational Education and Training* Final report of the Expert Group, 2009, преземено на 22.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/ entr_voca_en.pdf

29. European Commission. (2003). *Green Paper Entrepreneurship in Europe*, преземено на 20.11.2007год., достапно на http://europa.eu.int/comm/enterprise/entrepreneurship/green_paper/

30. European Commission, *The Best Practice Project*, Финалните извештаи достапни на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-enterpreneurship/education-training-enterpreneurship/ index_en.htm

31. European Commission/EACEA/Eurydice (2012), *Развивање на клучните компетенции во училиштата во Европа: Предизвици и можности за политики,* Извештај Евридика. Luxembourg: Publications Office of the European Union.стр.17, достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/ thematic _reports/145MK.pdf

32. EUROPEAN COMMISSION: ENTERPRISE AND INDUSTRY DIRECTORATE-GENERAL, Promotion of SME competitiveness Entrepreneurship, *BEST PROCEDURE PROJECT: „ENTREPRENEURSHIP IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING".* Final Report of The Expert Group, Final version 2009, преземено на 23.06.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf

33. European Social Fund (ESF) Estonia, достапно на http://ec.europa.eu/esf/main.jsp?catId=377

34. Eurydice (2012), *Entrepreneurship Education at School in Europe: National Strategies, Curricula and Learning Outcomes*.p.8, преземено на 14.08.2014 год., достапно на http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice.

35. Giddens, A. (1994), *Beyond Left and Right: the future of radical politics*, in Havemann, Paul (2001) *No Rights without Responsibilities - Third Way and Global Human Rights Perspectives on Citizenship*; Waikato L. Rev.75, преземено на 16.08.2014 год., достапно на http://heinonline.org/HOL/LandingPage?handle=hein.journals/waik9&div=7&id=&page=

36. Гоцевски, Т. (2003), *Образовен менаџмент*, Куманово: Македонска ризница.

37. Гоцевски, Т. (2010), *Образовен менаџмент,* Куманово: Македонска ризница.

38. Гоцевски, Т. & Сапунџиева, К. (2008), *Основи на менаџментот и претприемништвото во образованието,* Скопје: Филозофски факултет.

39. Фити, Т., Хаџи-Василева Марковска, В., Беитмен, М. (1999), *Претприемништво*, Скопје: Економски факултет.

40. Gunning, J. Patrick (2004), *Israel Kirzner's Entrepreneurship,* преземено на 28.07.2014 год., достапно на http://www.constitution.org/pd/gunning/subjecti/workpape/kirz_ent.pdf

41. Hoeckel, K. (2010), *Learning for Jobs*, OECD Reviews of Vocational Education and Training - Austria, преземено на 27.08.2014 год., достапно на http://www.oecd.org/edu/45407970.pdf

42. Hoeckel, Kathrin (2008), *Costs and Benefits in Vocational Education and Training*, преземено на 4.07.2014 год., достапно на http://www.oecd.org/education/innovation-education/41538706.pdf

43. Hopkins D., Ainscow M., West M. (1996), *School Improvement in an Era of Change,* New York, USA

44. Илиев, Д. (2006), Акциони истражувања во образованието, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски", Педагошки факултет.

45. ИПА програм Европске уније за више корисника, (2001) *ПРЕДУЗЕТНИЧКО УЧЕЊЕ - Приступ кључним компетенцијама*, ИСЦЕД НИВО 2, Пројекат финансира Европска унија, Пројекат реализује СЕЕЦЕЛ, преземено на 3.09.2014

год., достапно на
http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202%20-%20RS.pdf.

46. *Initial vocational education and training in Germany (IVET)*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=190

47. Junior Achievement, Проект „Економско образование на млади“, преземено на 14.08.2014 год., доспатно на http://www.jamacedonia.org. mk/mk/mission.html.

48. Kaplan, Andreas (2014), „European management and European business schools: Insights from the history of business schools“, *European Management Journal*, Volume 32, Issue 4, August 2014, Pages 529–534, преземено на 27.08.2014 год., достапно на http://dx.doi.org/10.1016/j.emj.2014.03.006

49. *Клучни компетенции за доживотно учење: учење како да се учи и претприемништво – финален извештај Република Македонија*, ЕТФ проект број: WP06-53-01, 2007

50. Konrad, J.: 3rd Workshop on curriculum innovation, *REPORT: Teacher and Trainer Training - Entrepreneurship in education and training*

51. Коев J. (1996), *Претприемачество,* Варна: ИК „Тедина".

52. LIFELONG ENTREPRENEURSHIP EDUCATION MODEL, Developed by The Consortium for Entrepreneurship Education Columbus, OH, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/_entre/lifelong.htm.

53. Lisbon European Council (2000), *Presidency Conclusions*. Преземено на 12.06.2014 год., достапно на http://www.europarl.europa.eu/ summits/lis1_en.htm.

54. Mansfield, B., Schmidt, H. (2001), *Linking Vocational Education and Training Standards and Employment Requirements- An International Manual*, Prepared for the European Training Foundation, преземено на 2.07.2014 год., достапно на http://www.etf.europa.eu/pubmgmt.nsf/(getAttachment)/1B0D23E77876D6F7C12571FE00473D6B/$File/ NOT E6UAEET.pdf

55. Mekheti, E. (1991) *Adižesov bukvar za predpriemače*, Beograd: Stopanski pregled, Novi Sad: Adizes Southeast Europe.

56. Младински образовен форум, *Проект „Подготовка за вработување и работа“*, достапно на http://www.mof.mk/mladinska-mrezha-za-steknuvane-na-veshtini-za-vrabotuvane-yes-mrezha/.

57. *Наставен план за деветгодишно образование*, преземено на 3.09.2014 год., достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_ devetgodishno_2010-2011.pdf .

*58.* *Наставна програма: Иновации,* превземено на 3.09.2014 год., достапно на *http://bro.gov.mk/docs/osnovno-obrazovanie/nastavni_programi/ VIII-IX/Nastavna_programa_Inovacii%20nova%20verzija.pdf.*

59. *Наставни планови и програми за средно образование*, Биро за развој на образование, Министерство за образование и наука на Република Македонија, достапни на www.bro.gov.mk

*60.* *National Content Standards for Entrepreneurship Education*, Consortium for Enterpreneurship Education, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/ importance.htm.

61. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015* со придружни програмски документи – Министерство за образование и наука на Р.Македонија, Скопје, 2006.

62. Norway - JA-YE, достапно на http://ja-ye.eu/pls/apex31mb/f?p=17000:1002:2236835032008865 :::1002:P1002_HID_ID:7028

63. *Nurturing the Entrepreneurial Spirit*, преземено на 18.08.2014 год., доспатно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/nurturing.htm.

64. *Области на дејствување на Мрежа YES*, преземено на 16.08.2014 год., достапно на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx ?id=14.

65. OECD (1998), *Fostering Entrepreneurship*, Paris: OECD

66. OECD reviews of vocational education and training, *Learning for Jobs*, POINTERS FOR POLICY DEVELOPMENT, Directorate for Education, Education and Training Policy Division, May 2011, преземено на 20.08.2014 год., достапно на http://www.oecd.org/education/skills-beyond-school/47955326.pdf

67. *Oslo Agenda for Entrepreneurship Education*, преземено на 26.08.2014 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/training_education/doc/oslo_agenda_final_en.pdf

68. *Overview,* преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/standards_overview.htm.

69. Пандев, Д. (2000), *Водич за претприемништво и мал* бизнис, Скопје: Економски институт .

70. Petkovski, K., (1999) Team leader of Proect: *Standard 2000, Raport and Publication for Republic of Macedonia*, Europian Training Fondation, Turing-Italy.

71. Petkovski, K., Janevski, V.: *Social partnership - Report for Republic of Macedonia* - UNESCO project

72. Петковски К. (1998), *Менаџмент во училиште*, Скопје: НИРО Просветен работник.

73. Петковски К. (2000), *Водството и ефективната комуникација*, Битола: АД Киро Дандаро.

74. Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004), *Водење на динамично училиште: организација, приоритети, предизвици и достигнувања*, Скопје: Биро за развој на образованието на Р. Македонија.

75. Петковски, К., Јаневски, В., Коцева, С., Спасовски, Л. (2005), *Прирачник: Проектни активности, проектен менаџмент, проект*

76. Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В. (2004), *Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање*, Кочани: Европа 92.

77. Петковски, Н. К., Алексова, А.М. (2004), *Водење на динамично училиште: организација, приоритети, предизвици и достигнувања*, Скопје: Биро за развој на образованието на Р.Македонија.

78. Петковски, К., Терзиоска, В., Стефановска, Л. (2014), *Активна настава*, Битола: Хераклі Комерц.

79. Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието*, Битола: Хераклі Комерц.

80. Петковски, К., Славковска, И. (2012), *Современ наставник*, Битола: Хераклі Комерц.

*81.* Петковски, К., раководител на македонскиот тим за развој на стандарди, Проект: *Стандард 2000*

82. ПИСА 2000 – Лирие, Р., раководител на истражувачкиот тим за Република Македонија (2004)

83. Philips, Ch. (2005), Discussion paper, Southern Denmark Business School.

84. Pierce, J. & Dinham, R. (1990), *Managing*, A Division of Scott, Foreman and Company

85. Pont, B., Nusche, D., Moorman, H.: *Improving School Leadership, Volume 1: Policy and Practice,* OECD, DIRECTORATE FOR EDUCATION, Education and Training Policy Division, преземено на 29.12.2011 год., достапно на http://www.oecd.org/dataoecd/6/52/40545479.pdf

86. Poteer, G. H. (1991), *Starting Up Your Own Bussines*, McGraw Hill.

87. Подпроект *Развој на наставни програми* во рамките на проектот за основање на *Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (ATA)*, според претходно определените потребите со *Претприемнички аспирации на стидентите во Република Македонија Студија на случај: Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола*, Битола, 2008.

88. *Предузетништво - Како ефикасно предавати и учити предмет предузетништво у функционалном основном образовању одраслих,* Водич за наставнике и полазнике други и трећи циклус, GOPA Consultants, Србија.

89. Проект „Тим на работници за подигање на свеста за претприемништво", преземено на 16.07.2014 год., достапно на: http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/best-practices/european-enterprise-awards/index_en.htm.

90. Проект за основање на *Регионален Business Start-up Center (BSC) – SPARK (АТА)*, Работни материјали. Студијата е изработена од тим на професори од универзитетот „Св. Климент Охридски" што го водеше професор д-р Петковски Константин, а со поддршка на Центарот за започнување на бизниси од Битола во 2008 година.

91. Проект на УСАИД за средните стручни училишта, *Secondary Education Activities* (2004-2010).

92. Проект на Фондацијата „Чекор по чекор" – ФИООМ (2004) на тема: *Со читање и пишување до критичко мислењ.е*

93. *RECOMMENDATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 18 December 2006 on key competences for lifelong learning*, „OFFICIAL JOURNAL OF THE EUROPEAN UNION" 30.12.2006, 2006/962/EC, OJ L 394/10, Brussels, 18 December 2006, преземено на 17.06.2014 год., достапно на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2006:394:0010: 0018:en:PDF

94. Reynolds, P. D., White, S. B. (1988), *The Entrepreneurial Proces*, McGraw Hill.

95. *Решение за дополнување на наставниот план воспитно-образовната дејност во деветгодишното основно училиште*, преземено на 3.09.2014 год., достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/resenie_ devetgodishno_2014.pdf.

96. Rosenholtz, S. (1989), *Teachers workplace: The social organization of schools*. New York: Longman.

97. Rosenthal, L., *What Makes a Great Principal*, California, преземено 24.07.2006 год., достапно на www.GreatSchools_net.htm

98. *Samovrednovanje škola - Prva iskustva u osnovnim školama,* Agencija za odgoj i obrazovanje / Institut za društvena istraživanja u Zagrebu, Zagreb, 2010.

99. Sahlman ,W. A., Stevenson, H. H. (1997), *The entrepreneurial venture*, Harvard business school publications.

100. Schumpeter, J. (1975), *Povjest ekonomse analize I,* Zagreb: Informator.

101. Секстон, Д., Бауман-Антон, Н., Смилевски, Ц., Јанкоски, Д. (1991) *Претприемаштво*. Креативност и развој-искуства од САД и Македонија, Скопје: Детра.

102. SEECEL, *Community of Practice (CoP)*, преземено на 3.09.2014 год., достапно на www. seecel.hr/cop

103. SEECEL (2011) *Enterpreneurial Learning – A Key Competence Approach,* ISCED Livel 2, The European Union's IPA Multi-beneficiary Programme.

104. SEECEL (2013) *Enterpreneurial Learning – A Key Competence Approach in Practice,* ISCED Livel 2, The European Union's IPA Multi-beneficiary Programme.

105. *Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 97*, Државен завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2002

106. *Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 2011,* Државен завод за статистика на Р.Македонија, Скопје, 2014

107. South East European Centre for Enterpreneruial Learning, преземено на 3.09.2014 год., достапно на www.seeecel.hr

*108.* Stavrou, S., Deputy Director CEDEFOP, Speech at the Integrated Phare Conference for VET Reform Programme, Skopje, 16-17 October, 2000, *VET and Lifelong Learning - Experiences, trends and actions in the EU*

109. Stojceska-Gjorgjioska, M., Serafimova, M., *Развивање на претприемнички способности*, втор симпозиум „Sovremenite menadzerski predizvici i

organizaciskite nauki", Business Academy Smilevski, Strumica, 2013, Simposium Proceedings.

110. *Terminology of European education and training policy-a selection of 100 key terms.* CEDEFOP, Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008, достапно на http://www.cedefop.europa.eu/EN/publications/13125.aspx

111. *The Austrian VET system*, EU VET Support, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=180

112. *The Best Practice Project: Education & Training for Entrepreneurship – Final Raport*, Финален извештај на експертската група, (2002), преземено на 23.10.2013 год., достапно на http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/ promoting-enterpreneurship/education-training-enterpreneurship/index_en.htm

113. *The Dutch VET system*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=200

114. *The French VET system*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=185

115. *The Italian VET system*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=195

116. *The National Content Standards for Entrepreneurship Education*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/COMP1.html

117. *The Spanish VET system*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.euvetsupport.eu/index.php?id=205

118. Ubben, G., Hughes, L. (1991), *The Principal*, Creative Leadership for Effective Schools, USA: Allyn and Bacon.

119. Van den Berghe, W. (2007), *Ondernemend leren en leren ondernemen*, преземено на 15.06.2014 год., достапно на http://www.kbs-frb.be/uploadedfiles/kbs-frb/files/verslag/2007 _accent_ op_talent_lea_nl.pdf

120. Verhene, I., Wennekers, S., Audretsch, D., Thurik, R. (2001), *An Eclectic Theory of Entrepreneurship*, Amsterdam: Thimbergen Institute discusion paper.

121. VET schools and colleges in Austria, Federal Ministry for Education, Arts and Culture (BMUKK), преземено на 27.08.2014 год., достапно на http://www.abc.berufsbildendeschulen.at/ upload/1847_E_02%20-%20BBS_Web%20%282011%29.pdf

122. Vocational education and training (VET) http://www.qualityresearchinternational.com/glossary/vet.htm

123. Vollmann, D., *Technical and Vocational Education and Training (VET) in Austria*, преземено на 18.08.2014 год., достапно на http://www.european-agency.org/sites/default/files/AT.pdf

124. West, A., (1999), *Vocational education and training indicators project EU priorities and objectives related to VET*, November (European Commission, European Centre for the Development of Vocational Training (Cedefop)),

125. Wilson, K. (2008), *Chapter 5: Entrepreneurship Education in Europe*, European Foundation for Entrepreneurship Research, ENTREPRENEURSHIP AND HIGHER EDUCATION, OECD, преземено на 14.07.2014 год., достапно на http://www.oecd.org/site/innovationstrategy/42961567.pdf

126. Здравковска, Катерина, *Претприемачки карактеристики и претприемачко однесување кај луѓето во деловниот свет во Република Македонија.* Магистерски труд.

127. Цели на Мрежата YES, достапни на http://yesnetwork.mk/mk/default.aspx?id=6

## Користени линкови

htpp:// www.wikipedia.com

http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice

http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/best-practices/european-enterprise-awards/index_en.htm

http://green.jabulgaria.org/

http://www.entre-ed.org/Standards_Toolkit/standards_overview.htm pristapeno na 18.08.2014

http://www.merriam-webster.com/dictionary/vocational%20education

http://www.qualityresearchinternational.com/glossary/vet.htm

http://www.ruc.dk/en/cooperation/

http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202%20-%20RS.pdf

http://www.simulimpresa.com/go/

www.competento.be

www.europen.info

www.ja-ye.org

www.juniorprojekt.de

www.kogebusinesscollege.com

www.oecd.org/edu/learningforjobs

www.pizzeria.ee

www.tousdesas.be

# ПРИЛОЗИ

## Прилог А: АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ

**АНКЕТЕН ЛИСТ**

**Упатство**

Почитуван ученику,

Пред тебе е анкетен лист за кој сакаме да ги утврдиме претприемачките способности на учениците од гимназиските и средно стручните училишта во Република Македонија. Сознанијата од овој анкетен лист ќе ни помогнат да развиеме активности и обезбедиме подобра организациската поставеност и водствен стил на работа заради поттикнување на можностите на учениците од средните училишта за вклучување во претприемачките води.

Потребно е кон анкетниот лист да пристапиш сериозно, отворено и конструктивно, со што ќе ја демонстрираш подготвеноста за вложување во спостветата иднина.

Прашањата во инструментот се групирани во две групи: факти и мислења и ставови.

За секое од прашањата има упатство за начинот на одговарање. Обиди се да го почитуваш тоа што од тебе се бара.

Имај на ум дека анкетирањето е **анонимно**.

Ти благодариме за соработката и отвореноста!

Од проектниот тим

**Прашања**

**I Факти**

А. Факти за ученикот

1. Година на раѓање: ____________________

2. Пол: *(заокружи еден од понудените одговори)* а) машки б) женски

3. Место на раѓање: ____________________

4. Место на живеење: ____________________

5. Национална припадност: ____________________

6. Просечната средна оценка од основното училиште: __________ *(заокружете на повисоката оценка)*

7. Средно училиште која ја посетува: *(заокружете или дополнете ја насоката)*

а) Гимназија

б) Средно стручно четиригодишно училиште ____________________________

в) Средно стручно тригодишно училиште _________________________________

8. Година во која посетувате настава: *(заокружете)*

а) прва б) втора в)трета г) четврта

9. Просечна оценка од досегашното учење: ____________ *(заокружете на повисоката оценка)*

## Б. Факти за семејството на ученикот

9. Степен на стручна подготовка на родителите: *(обележи го со знак *)*

| | *татко* | *мајка* |
|---|---|---|
| Постдипломско образование (магистер и доктор) | | |
| Високо образование | | |
| Вишо образование | | |
| Средно образование | | |
| Основно образование | | |
| Без комплетирано основно образование | | |

10. Вид на стручна подготовка на родителите: *(наведете ја струката, пример: земјоделски инженер, машински техничар, педагог, слаткар итн.)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| *мајка* | |

11. Занимање на родителите: *(доколку се занимава со повеќе дејности наведете ги истите)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| | |
| *мајка* | |
| | |

12. Позиција на родителите на работното место: *(на кои работни задачи е распореден родителот на работното место)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| | |
| *мајка* | |
| | |

13. Наведете кој член од Вашето семејство се занимавал или се занимава со приватен бизнис: *(обележете со знак *)*

| | татко | мајка | брат | сестра | дедо | баба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се занимавал | | | | | | |
| Занимава | | | | | | |

14. Наведи ја областа на приватниот бизнис на членовите на твоето семејство: *(обележете со знак * или дополнете)*

| *област* | | *област* | |
|---|---|---|---|
| Трговија | | Земјоделство | |
| Угостителство | | Транспорт | |
| Индустриско производство | | Здравство | |
| Образование | | Друго: ____________ | |
| Интелектуални услуги | | Друго: ____________ | |

15. Која година отпочнале со приватниот бизнис: *(доколку има повеќе членови од семејството кои се занимаваат со различен приватен бизнис, наведете во табелата за секој одделно)*

| | *сродство* | *Година на започнување со бизнисот* |
|---|---|---|
| *Член 1* | | |
| *Член 2* | | |
| *Член 3* | | |

## II. Мислења и ставови

19. Кои според тебе се мотивите за започнување со бизнис во Република Македонија? *(рангирај ги наведените мотиви според интензитетот на влијание врз одлуката: со 1 најголемо влијание, со 2 помало влијание итн.)*

| Причини | ранг |
|---|---|
| Стремеж за поголема заработувачка | |
| Стремеж за самостојност во работата | |
| Продолжување на традицијата на семејниот бизнис | |
| Потреба за потврдување на професионалните способности и знаења | |
| Неможност да се пронајдат (најдат работа) во државниот сектор | |
| Губење на работното место во државните институции поради приватизација, технолошки вишок и сл. | |
| Друго: | |

20. Како ги оценуваш резултатите од приватниот бизнис во Република Македонија? *(Заокружи еден од понудените одговори)*

а) Позитивни и задоволителни и не може подобро

б) Позитивни и задоволителни, но може подобро

в) Позитивни, но незадоволителни

г) Негативни и незадоволителни

21. Наведи ги, по свое видување, негативните влијаниа врз бизнисот во Република Македонија?

а) Влијаниата на надворешното опкружување
б) Недоволното искуство во претприемништво
в) Немање соодветни способности за борба на пазарот
г) Недостаток на финансиски средства
д) Друго: ______________________________

22. Како би ја оценил/а успешноста на приватниот бизнис во Република Македонија?

а) Приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешнп во согласност со законот
б) Приватните бизниси имаат потенцијал и се развиваат брзо и успешно во спротивност со законот
в) Приватните бизниси имаат потенцијал, но се развиваат бавно и претпазливо
г) Не се развиваат поради условите за стопанисување во државата
д) Не се развиваат поради условите за стопанисување наметнати од надвор
ѓ) Друго

23. Дали во досегашниот живот имаш покажано интерес за претприемачко однесување?

а) Да, помагав во семејниот бизнис
б) Да, самостојно се ангажирав во работата на невладиниот сектор
в) Да, самостојно се ангажирав во индивидуално заработување во легални/законски досволени активности (опиши во кои) ______________________________
г) Да, самостојно се ангажирав во индивидуално заработување во нелегални и незаконски активности (опиши во кои) ______________________________
д) Не, досега не сум заработувал
ѓ) Друго: ______________________________

24. Кои се ефектите од твоето претприемничко однесување?
*(искажи го интензитетот на секој од ефектите со знакот *)*

| Ефекти | 1 min. | 2 | 3 | 4 | 5 max. |
|---|---|---|---|---|---|
| Позитивни, со минимален финансиски ефект | | | | | |
| Позитивни, со сознание дека можам да заработувам | | | | | |
| Позитивни, со сознание дека можам да работам самостојно | | | | | |
| Позитивни, со висока мотивација за натамошен ангажман во претприемништвото | | | | | |
| Позитивни, со позитивен однос кон работата на другите | | | | | |
| Негативни во поглед на финансиите | | | | | |
| Негативни во поглед на моите способности за претприемништво | | | | | |
| Негативни во поглед на мотивацијата за самостојно заработување | | | | | |
| Нешто друго | | | | | |

25. Од каде потекнуваат негативните влијаниа врз ефектите од твоето претприемнишко однесување?

а) Причината е во мене
б) Причината е во членовите на моето семејство
в) Причината е во опкружувањето

26. Каде ја гледате својата иднина по завршување на средното образование?

а) Ќе продолжам со студии во државава
б) Ќе продолжам со студии надвор од државата
в) Ќе се запослам во земјава
г) Ќе барам работа во странство
д) Друго: ____________________________________________

27. Кога би останале во Македонија, каде би сакале да работите

а) работа на државна служба и јавни претпријатија
б) Работа во приватна фирма кај друг сопственик
в) Работа во работни единици на странски компании
г) Работа во меѓународни организации
д) Вклучување во семеен бизнис
ѓ) Отпочнување на сопствен бизнис
е) Друго: ____________________________________________

28. Во обележаниот простор образложи ја твојата желба од претходното прашање

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

29. Во случај да треба да отпочнете со свој бизнис, сметате ли дека имате доволно способности за тоа:

а) Способен сум за самостојно започнување со сопствен бизнис
б) Неопходна ми е помош од институциите за започнување со сопствен бизнис
в) Неопходна ми е помош од поединци за започнување со сопствен бизнис
г) Не сум способен за започнување со сопствен бизнис

30. Одреди го степенот на развиеност на способностите кои ги поседувате за започнување со сопствен бизнис:
*(искажи го степенот на развиеност на способностите со знакот *)*

| Способности | Степен на развиеност на способностите | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 min. | 2 | 3 | 4 | 5 max. |
| Професионално знаење | | | | | |
| Склоност кон ризик | | | | | |
| Храброст да почнам сам нешто свое | | | | | |
| Способност да ракувам со пари | | | | | |
| Одговорност и точност во исполнувањето на обврските | | | | | |
| Мотивација да направам нешто ново | | | | | |
| Друго: ____ | | | | | |
| Друго: ____ | | | | | |
| Друго: ____ | | | | | |

31. Одреди ги способностите и вештините кои треба да се поседуваат за да се започне со сопствен бизнис и определи ја неопходноста од нивна развиеност:
*(обележи со знакот *)*

| Способности | Степен на развиеност на способностите и вештините | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 min. | 2 | 3 | 4 | 5 max. |
| Комуникациски вештини | | | | | |
| Способност за брзо донесување на одлуки | | | | | |
| Способност за пронаоѓање на нови идеи | | | | | |
| Способност за пронаоѓање на капитал и луѓе за реализација на идеите | | | | | |
| Способност за брзо реагирање на промените во опкружувањето | | | | | |
| Вештини при совладување на стресот | | | | | |
| Склоност кон ризик | | | | | |
| Градење мрежа за соработка | | | | | |
| Друго: ____ | | | | | |
| Друго: ____ | | | | | |

32. Кога би започнал/а со сопствен бизнис, во која сфера/област истиот би го отпочнал/а?
*(наведете го видот на бизнисот)*

| | |
|---|---|
| Би започнал со ____ | |
| Не знам/не сум се одлучил | |

33. Сметаш ли дека на учениците од твоето училиште треба да им се понудат курсеви за претприемништво (започнување на бизнис)
*(заокружи еден од понудените одговори)*

*а) да* *б) не* *в) не можам да проценам*

34. Според тебе, кои се причините кои те одвраќаат од намерата да започнеш со сопствен бизнис?
*(рангирај ги само оние одговори кои се за тебе прифатливи и тоа со 1 максимално неповолните, со 2 помалку неповолните итн.)*

| Причини | ранг |
|---|---|
| Не можам да обезбедам почетни средства | |
| Премногу голем е ризикот од вложување во економски нестабилно општество | |
| Недоволна правна заштита на сопственоста и договорите | |
| Немам амбиции за таква работа | |
| Преферирам стручна работа со помалку ризик | |
| Друго: ______ | |
| Друго: ______ | |

35. Сметаш ли дека и тебе ти е потребна обука за претприемништво?
*(заокружи еден од понудените одговори)*

*а) да* *б) не* *в) не можам да проценам*

36. Дали си подготвен/а да учествуваш на таков курс за претприемништво?
*(заокружи еден од понудените одговори)*

*а) да* *б) не* *в) не можам да проценам*

37. Дали би прифатил/а работа која се разликува од твоето образование?

а) Со задоволство, под услов да е добро платена
б) Со задоволство, доколку нема што друго да работам
в) Секако би прифатил
г) Не би прифатил
д) Немам став по оваа прашање

38. Дали во иднина поради запослување или поголема плата би го сменил/а местото на живеење? *(заокружи еден од понудените одговори)*

***а) да*** ***б) не***

39. Како ја гледате сопствената иднина? *(дополнете или заокружите)*

а) Очекувам професионален напредок и добар материјален стандард
б) Очекувам запослување и скромен стандард
в) Очекувам да имам проблеми со запослувањето и екзистенцијата
г) Својата иднина ја гледам во странство
д) Нешто друго:______

40. Сметам дека учениците во моето училиште треба да се оспособат за претприемничко делување преку проучување на содржини од:
*(обележи со знакот *)*

| **Содржини од:** | **1 Најмалку потребно** | **2** | **3** | **4** | **5 Најмногу потребно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Менаџмент | | | | | |
| Претприемништво и бизнис | | | | | |
| Деловно комуницирање | | | | | |
| Маркетинг | | | | | |
| Финансиски менаџмент | | | | | |
| Менаџмент на време | | | | | |
| Друго: ____________________ | | | | | |

Ти благодариме за искреноста!

# Прилог Б: АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ

## АНКЕТЕН ЛИСТ

Упатство

Почитуван/а

Пред Вас е анкетен лист (инструмент) со кој сакаме да ги утврдиме претприемничките способности на учениците од средните училишта. Сознанијата од овој анкетен лист ќе ни помогнат да развиеме активности и обезбедиме подобра организациската поставеност и водствен стил на работа заради поттикнување на можностите на учениците од средните училишта за вклучување во претприемачките води.

Потребно е кон анкетниот лист да пристапите сериозно, отворено и конструктивно.

Прашањата во инструментот се групирани во две групи: факти и мислења и ставови.

За секое од прашањата имате упатство за начинот на одговарање. Обидете се да го почитувате тоа што од Вас се бара.

Анкетирањето е **анонимно.**

Ви благодариме за соработката!

Од проектниот тим

## Прашања

### I Факти

**<u>А. Факти за претприемачот</u>**

1. Година на раѓање: ______________________
2. Место на раѓање: ______________________
3. Место на живеење: ______________________
4. Национална припадност: ________________
5. Степен на стручна подготовка: *(заокружете еден од понудените одговори)*

| | |
|---|---|
| а) | Постдипломско образование (магистер и доктор) |
| б) | Високо образование |
| в) | Вишо образование |
| г) | Средно образование |
| д) | Основно образование |
| ѓ) | Без комплетирано основно образование |

Овој степен на образование го стекнав на:

______________________________________________

*(наведето го полниот назив на училиштето или факултетот)*

6. Вид на стручна подготовка: *(наведете го звањето, пример: земјоделски инженер, машински техничар, педагог, слаткар итн.)*

______________________________________________

7. Работно искуство: (во години)

| *Вкупно* | *Како претприемач* |
|---|---|
| | |

8. Просечна средна оцена од највисокиот степен на образование кој го имате или каков ученик односно студент бевте по успех?: ________________ *(заокружете на повисоката оцена)*

**Б. Факти за семејството на претприемачот**

9. Степен на стручна подготовка на родителите: *(обележи го со знак *)*

| | *татко* | *мајка* |
|---|---|---|
| Постдипломско образование (магистер и доктор) | | |
| Високо образование | | |
| Вишо образование | | |
| Средно образование | | |
| Основно образование | | |
| Без комплетирано основно образование | | |

10. Вид на стручна подготовка на родителите: *(наведете ја струката, пример: земјоделски инжењер, машински техничар, педагог, слаткар итн.)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| *мајка* | |

11. Занимање на родителите: *(доколку се занимава со повеќе дејности наведете ги истите)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| | |
| *мајка* | |
| | |

12. Позиција на родителите на работното место: *(на кои работни задачи е распореден родителот на работното место)*

| | |
|---|---|
| *татко* | |
| | |
| *мајка* | |
| | |

13. Наведете кој член од Вашето семејство се занимавал или се занимава со приватен бизнис: *(обележете со знак *)*

| | татко | мајка | брат | сестра | дедо | баба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Занимавал | | | | | | |
| Занимава | | | | | | |

14. Наведи ја областа на приватниот бизнис на членовите на твоето семејство: *(обележете со знак * или дополнете)*

| *област* | | *област* | |
|---|---|---|---|
| Трговија | | Земјоделство | |
| Угостителство | | Транспорт | |
| Индустриско производство | | Здравство | |
| Образование | | Друго: ______________ | |
| Интелектуални услуги | | Друго: ______________ | |

15. Која година отпочнале со приватниот бизнис: *(доколку има повеќе членови од семејството кои се занимаваат со различен приватен бизнис, наведете во табелата за секој одделно)*

| | *сродство* | *Година на започнување со бизнисот* |
|---|---|---|
| *Член 1* | | |
| *Член 2* | | |
| *Член 3* | | |

**Б. Факти за бизнисот на претприемачот**

16. Со бизнисот започнав пред ________________ години. *(Дополнете и обележете со знак *)*

| | *Во првиот бизнис* | *Во вториот бизнис (доколку постои)* |
|---|---|---|
| *Самостојно* | | |
| *Во финансиско партнерство на поединци* | | |
| *Со идејна поддршка од други* | | |
| *Со поддршка од државата* | | |
| *Со поддршка од банките* | | |
| *Со поддршка од странство* | | |
| *Друго:* ________________ | | |
| *Друго:* ________________ | | |

17. Со бизнисот започнав со капитал (пари) кој: (заокружете еден од понудените одговори)

а) Беше повеќе од доволен за да се пробијам и успеам на пазарот;
б) Беше доволен за пробивање и успех на пазарот;
в) Не беше доволен за пробивање и успех на пазарот.

**II. Мислења и ставови**

18. Како со еден збор би го опишале вашиот влез во претприемничките води и сегашното задоволство од Вашиот бизнис?

| | Влез во претприемничките води | Сегашното задоволство од Вашиот бизнис |
|---|---|---|
| Исказ/збор | | |

19. Определете го знаењето на Вашата стручна подготовка за Вашиот успех во претприемништвото:

| | | Никогаш | Понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поради струката се чувствувам сигурен во бизнис делувањето | | | |
| 2 | Мојата струка го определи и мојот бизнис | | | |
| 3 | Нема допирни точки со моето делување во бизнисот | | | |
| 4 | Друго________________ | | | |

20. Определето го значењето на степенот на Вашето образование за Вашиот успех во претприемништвото:

| | | Никогаш | Понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ми помага да најдам работа | | | |
| 2 | Имам предност пред другите кандидати | | | |
| 3 | Можам полесно да дојдам до кредити | | | |
| 4 | Полесно се пробивам со својот бизнис | | | |
| 5 | Ми помага во склучувањето договори | | | |
| 6 | Се чувствувам сигурен во бизнисот | | | |
| 7 | Друго___ | | | |
| 8 | Друго ___ | | | |

21. Како сте задоволни од подготвеноста на учениците од Вашата бизнис бранша кои го завршиле средното образование?

| | | Никогаш | Понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Задоволен сум од нивните теоретски знаења | | | |
| 2 | Задоволен сум од нивната практична оспособеност | | | |
| 3 | Задоволен сум од нивните ставови кон работата | | | |
| 4 | Друго ___ | | | |
| 5 | Друго ___ | | | |

22. Според мои сознанија, на практичната настава во средното образование:
*(заокружете еден од понудените одговори)*

| | |
|---|---|
| а) | И се посветува големо и соодветно внимание |
| б) | И се посветува преголемо внимание кое ги оптеретува учениците |
| в) | И се посветува внимание кое не е доволно |
| г) | Воопшто не и се посветува внимание |

23. На средно стручните и гимназиските училишта им препорачувам:
*(обележете со знак * кај секој исказ)*

| | Секогаш да | Понекогаш да | Понекогаш не | Секогаш не |
|---|---|---|---|---|
| Да го зголемат бројот на часови за практична работа на учениците | | | | |
| Да ја интензивираат соработката со бизнис секторот | | | | |
| Да вработат луѓе со искуство „од областа„ во бизнисот во реализација на практичната обука на учениците | | | | |
| Да истражуваат повеќе во практичната работа на учениците | | | | |
| Повеќе да вложуваат во развојот на партнерските институции за практична работа на учениците | | | | |
| Друго: | | | | |
| Друго: ___ | | | | |

24. Моето искуство и искуството на вработените во мојата фирма/компанија:
*(обележете со знак * кај секој исказ)*

| | Потполно точно | Потполно неточно |
|---|---|---|
| Секогаш ***би го споделил*** со учениците | | |
| Секогаш ***би го развивал*** со учениците | | |
| Секогаш ***би го криел*** од учениците | | |
| Секогаш ***би го споделил*** со професорите | | |
| Секогаш ***би го развивал*** со професорите | | |
| Секогаш ***би го криел*** од професорите | | |
| Друго: ____________________ | | |

25. За реализација на практичниот дел од обуката на учениците во мојата фирма/компанија:
*(обележете со знакот * кај секој исказ)*

| | Потполно точно | Потполно неточно |
|---|---|---|
| Би барал/барам паричен надомест од училиштето | | |
| Би барал/барам бесплатна работа од ученикот надвор од часовите предвидени со програмата | | |
| Би платил/плаќам на училиштето за работата на ученикот во мојата фирма | | |
| Би платил/плаќам на ученикот за неговата работа во мојата фирма | | |
| Би барал/барам други бизнис поволности каде може да влијае училиштето | | |
| Би барал услуги од училиштето надвор од бизнис релациите | | |
| Друго: ____________________ | | |

26. Сметам дека средните училишта кај учениците развиваат способност за:

*(искажете го степенот на развиеност на способностите со знакот *)*

| | Степен на развиеност на способностите | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Способности | 1 min. | 2 | 3 | 4 | 5 max. |
| Професионално знаење | | | | | |
| Склоност кон ризик | | | | | |
| Храброст да почнам сам нешто свое | | | | | |
| Способност да ракувам со пари | | | | | |
| Одговорност и точност во исполнувањето на обврските | | | | | |
| Мотивација да направам нешто ново | | | | | |
| Друго: ____________________ | | | | | |
| Друго: ____________________ | | | | | |
| Друго: ____________________ | | | | | |

27. Сметам дека учениците треба да се оспособат за претприемничко делување преку проучување на содржини од:

*(обележи со знакот *)*

| Содржини од: | 1 Најмалку потребно | 2 | 3 | 4 | 5 Најмногу потребно |
|---|---|---|---|---|---|
| Менаџмент | | | | | |
| Претприемништво и бизнис | | | | | |
| Деловно комуницирање | | | | | |
| Маркетинг | | | | | |
| Финансиски менаџмент | | | | | |
| Менаџмент на време | | | | | |
| Друго: ____________________ | | | | | |

Ви благодариме за искреноста!

## Прилог В: ПРОТОКОЛ ЗА НАСОЧЕНО ИНТЕРВЈУ ЗА НАСТАВНИЦИ

# ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ

**за професори**

*Објаснувања за интервјуираниот*

Сите информации и одговори што Вие ќе ги дадете ќе бидат од строго доверлив карактер и Вашето име нема да биде споменато. Затоа Ве молиме да одговорите колку што е можно поискрено.

Добиените одговори ќе се запишуваат на означената линија. Ве молиме да не одговарате со да или не, туку да се објасни поопширно.

**Назив на училиштето:** ______________________________________________

Вид на училиште: ______________________________

**Работен стаж (вкупно):** ____________ **на ова работно место:** __________________

1. Дали сметате дека поставеноста на содржините по Вашиот предмет поттикнуват и овозможуват развој на претприемачките опсобини и вештини кај учениците?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

2. Каков е интересот на учениците за Вашиот предмет?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

Врз база на што тоа го проценувате?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

Дали кај сите ученици, дали кај одредени категории?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

3. Дали во реализација на вашиот предмет користите креативни форми на работа со учениците (наведи неколку примери)?

4. Дали користите примери од пракса или студија на случај во реализација на содржини од Вашиот предмет?

5. Дали организациската поставеност и менаџирањето во Вашето училиште создава клима за примена на форми, методи за работа со учениците кои ќе ја поттикнуваат и развиваат претприемничката свест?

6. Дали во Вашата средина доминира авторитарен стил на водење, слободен стил на водење, партиципативен стил на водење, демократски стил на водење, или слично?

7. Какви се перцепциите на вашите ученици во поглед на потребата од развој на претприемачките способности?

8. Дали мислите дека учениците чии родители се занимаваат со некој бизнис имаат поинакви перцепции од другите ученици во однос на претприемништвото?

9. Дали сметате дека карактерот или нивóата на емоционална интелигенција придонесуваат за појава на разлики кај учениците во перцептирање на претприемништвото?

10. Дали во Вашето училиште функционира виртуелна компанија во која учениците имаат можност да се стекнат и да ги покажат своите претприемнички способности?

11. Дали во Вашето училиште сметате дека се реализира квалитетна практична настава или пак проектни задачи во кои учениците имаат можност да се стекнат со практични знаења и вештини?

12. Дали познавате ученици од Вашата средина кои покрај школувањето во средно училиште се дополнително работно ангажирани или помагаат во некој семеен бизнис, земјоделски работи, или пак кај некој друг занаетчија, работодавец, тин., пр. информатички услуги преку аутсорсинг?

13. Какви се Вашите искуства и мислења во однос на обуките на професорите, организирани од УСАИД и други организации, за претприемничко учење?

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

14. Колку се чувствувате подготвени за реализација на наставата за развивање на претприемничките вештини кај учениците?

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

15. Колку чувствувате потреба од стручна литература по однос на развој на претприемничките вештини кај наставниците и учениците?

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

Благодариме за искрените одговори